Да се администрира значи да се управува со јавните работи, што претставува акција на управување со одреден предмет, во овој случај со јавните работи.[1] Контролата се определува и како специфичен елемент на методот на работа со задача да утврди дали дејноста се извршува во согласност со планираните и очекуваните резултати и стандарди.[2] Со ова дејност се уценуват конкретните дејствиа во еден конкретен административен однос. Меѓутоа, во крајна линија поимот контрола и поимот надзор можат да се сфатат како синоними за означување на иста дејност која се состои во следење, проверка и оценка на дејност, акти и однесувања, дали актите се во согласност со општо усвоените правила и прописи за нивно извршување и за нивната законитост.[3] Овие претставуваат две клучни прашања кои влијаат на непосредно врз ефикасноста на активностите на администрацијата, во корист на граѓаните во зголемување на квалитетот на нивните услуги.

2. Видови на контрола на администрацијата

Постојат два вида на контрола: внатрешна и надворешна контрола. Политичката одговорност се јавува како индивидуална и колективна, односно како одговорноста на министрите и како одговорноста на владата во целина.

Внатрешната контрола, може да биде инстанционална и киераркиска; надворешна контрола претставува контрола од страна на собранието и народниот правобранител. Секој вид на контрола има свои

[1] Мишел Русе & Оливие Русе, *Управно Право I & Управна Постапка*, Скопје, 2006, стр. 7.

[2] Снежана Гушева, *Политичка Контрола над Владата на Република Македонија*, Скопје, 2008 година, стр. 21.

[3] Наум Гризо, Симеон Гелевски, Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева, *Административно право*, Правен Факултет „Јустинијан Први„ – Скопје, Скопје, 2008, стр. 353.

карактеристике и свои цели. Контрола со помош на правни норми, не се пријавува одеднаш. Во почетокот имавме инстанционална и киераркиска контрола, кои се јавуваат како резултат на развојот на администрација.

Објект на контрола зависи од видот и содржината на контролата, инструменти за контрола зависат од видот и содржината, односно објект на контрола.[4] Правен Факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, Скопје 2008

Значителна е и контролата од народниот правобранител, која претставува уставна категорија за заштита на правата на граѓаните, пред органите на државната администрација. Голема улога има и судската контрола на администрацијата, која претставува овластување на независна институција да ги решава судирите која се резултат од функционирање на администрација.

2.1. Внатрешна контрола (инстанционална и киераркиска контрола)

Со административна контрола се подразбира остварување на влијание која ја спроведува највисок административен орган врз зависните органи, поврзани со успешно извршување на нивните службени должности (ова е внатрешна контрола), или влијанието на специјализирани административни органи над другите органи на управата и извршители, со цел да се обезбеди имплементација на овие закони од страна на правните акти на повисоките органи (ова е надворешна контрола).[5]

Се разбира, фактот дека влијанието на повисоките тела до другите органите во спроведувањето на нивните надлежности, треба да биде во рамките на законите, а не со притисоци од страна на истото тело. На пример, за голем број прашања, посебни комисии во рамките на Владата (основани од неа) се јавуваат како второстепени органи надлежни да решаваат по жалби поднесени против првостепените административни акти (решенија) чии доносители се највисоките административни органи.[6]

[4] Esat Stavileci, *Hyrje në Shkencat Administrative*, Enti i Teksteve dhe i Mjeteve Mësimore i Kosovës, Prishtinë, 1997, стр 122.

[5] Fejzulla Berisha, *E Drejtë Administrative (pjesa materiale)*, Pejë, 2013, стр. 263

[6] Наум Гризо и др., цит. дел., стр. 354.

Инстанционалната контрола станува, како по правило, врз основа на незадоволство изразена од страната, односно според жалба.[7] Лицата кои не се задоволни со одлуката на административното тело и мислат дека им е повредено нивното право, имаат право на жалба како правен лек. Киераркиска контрола се спроведува во таков начин што највисоките органи ги контролират пониските органи.

2.2. Надворешна контрола (контрола од страна на собранието и Народниот правобранител)

Парламентарниот систем во основа го карактеризираат: флексибилната поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска, бицефална извршна власт, рамноправноста меѓу легислативата и егзекутивата и рамнотежата меѓу овие две власти што се обезбедува преку соработка, меѓусебно влијание, ограничување и контролирање на едната врз другата власт.[8] Ова значи дека секоја гранка на правниот систем мора да ги спроведува своите овластувања во согласност со принципот на поделба на државната власт, без да се меша со надлежностите на друг орган. Сепак, ефикасен правен систем бара спроведување на механизмите на контрола и рамнотежа.

Парламентарната контрола во развиените демократски земји и во оние земји кои имаат претставен парламентарниот систем претставува една од најважните форми на надворешна контрола.[9] Основните функции на парламентарната контрола се: да се открие или спречи злоупотреба, незаконско и противуставно однесување, на владата и јавните тела.[10] Додека парламентот претставува највисоко законодавна институција, храмот на демократијата, тој, исто така, треба да се грижи за спроведување на законите кои ги усвојува тој, инаку закони нема да произведуваат практичен ефект. Носителот на вршењето на надзорната функција, покрај можноста да врши проверка или оценка на туѓа дејност или акти, има и овластување да врши влијание од позиција на власт - над оној орган над кој се врши надзорот за да ги усогласи своите дејности, акти или однесувања во согласност со усвоените правила и прописи.[11]

[7] Fejzulla Berisha, цит. дел., стр. 263.

[8] Снежана Гушева, цит. дел., стр. 35-36.

[9] Esat Stavileci, цит. дел., стр 125.

[10] Ylli Bufi, *Tempulli i Demokracisë,* Tiranë 2010, стр. 497.

[11] Наум Гризо и др., цит. дел., стр. 353.

Се разбира дека, секое влијание треба да биде во рамките на законите и истите да не се земаат како притисок, туку како грижа за спроведување на начелото на уставноста и законитоста. Постојат неколку облици на контрола на владата од страна на собранието, и тоа: парламентарна интерпелација, парламентарни анкетни комисии, пратенички прашања, доверба на владата, разрешување на владата и донесување на буџет.[12] Член 37 на Деловникот на Собранието на Република Македонија (пречистен текст, 12 февруари 2013 година), предвидува:

"(1) Пратеникот има право на претседателот на Владата на Република Македонија (Влада), на член на Владата и на други носители на јавни функции кои се одговорни пред Собранието да им постави прашање што се однесува на нивната работа или на работи од нивната надлежност.
(2)Прашањето треба да е кратко и прецизно.
(3) Пратеникот е должен да означи на кого му го упатува прашањето.
(4) За пратеничките прашања се води евиденција."

Целта на пратеничко прашање е да се информира не само собранието туку и избирачите за најважните настани во соосдветни сегменти на правниот систем, односно со најакуелните теми или случувања во една земја. Интерпелација може да се постави за работата на секој носител на јавна функција, владата и секој нејзин член поединечно, како и за прашања од работата на државните органи.[13] Прашањето за доверба секако е најсилниот уставен инструмент со кој собранието врши политичка контрола над владата во целина.[14] На овој начин собранието извршува влијание врз работата на владата, со цел таа да ги имплементира соодветните закони кои ги усвоил собранието и на овој начин поефикасно се извршуват јавните служби.

Народниот правобранител ги штити уставните и законските права на граѓаните што им се повредени од органите на државната управа и од други и организации што имаат јавни овластувања. Народниот правобранител посетува оцобено внимание за заштита на начелата на недискриминација соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната власт, органите на единиците на

[12] Jusuf Zejneli, *Parlamentarizmi në Republikën e Maqedonisë*, Universiteti Shtetëror i Tetovës, Fakulteti Juridik, Tetovë, 2013, стр. 142.
[13] Устав на Република Македонија, член 72, став .
[14] Снежана Гушева, цит. дел., стр. 241.

локалната самоуправа и во јавните установи и служби.[15] Ова институција е независна во вршење на своите надлежности, таа реагира според претставката на граѓанинот за односот на администрацијата и според службената должност. Тој има обрска да ги заштити човековите права, да ги прегледа сите непочитувања на законите, и да бара од соодветните институции отстранување на истите.

Решавање на административните кофликти е надлежноста на судските органи. Создавање на управниот суд е иновациа на правниот систем на Република Македонија. Тој е надлежен за решавање за законитоста на актите на државната управа и својата власт ја извршува на целата територија на Република Македонија со седиште во Скопје. Има 19 члена, чиј број може да се зголеми со одлука на Судскиот Совет кој ги избира судиите. Овој суд е основан со Законот на Судовите *(Службен весник nr.58/06)*, а почна со работа од 05.12.2007 година. Тој се организира во неколку секции. Врз основа на принципот на уставноста и законитоста, владеењето на правото, во своето работење, управниот суд, како и другите судови во земјата, може да постигнат ефикасност во заштита на слободите и правата на граѓаните и еднаквост пред законот. Во 2010 година е основан Виш Врховен суд ,а започнува со работа во јуни 2011 година. Своите надлежности ги извршува во целата територија на Република Македонија, со седиште во Скопје. Своето работење овој суд ја извршува во три области: сопственост и правната сфера, во сферата на пензиското и инвалидското осигурување и за финансии, царината, оданочувањето и други прашања. Дејствува според жалбата за одлуката донесена од управниот суд.

3. Одговорност на административните службеници

Административните службеници ги вршат работите поврзани со функциите на државата во согласност со Уставот и со закон, професионално, политички неутрално и непристрасно. Секое друго однесување кое е во спротивност со овие начела привлекува по себе одговорност на административните службеници, одговорност која може да биде дисциплинска или материјална одговорност.

Видот и системот на одговорноста зависат од видот на правните норми, правните норми зависат од основните општествени-економски

[15] Устав на Република Македонија, член 77, став 2.

услови и од правниот систем.[16] Француското право главно се заснова на грешките во одговорноста на администрација.[17] Оттаму, секој правен систем има свои карактеристики, од овој аспект и организација и одговорноста на администрацијата има свој одлик, искуство и перспектива. Постојат два доминантни видови на правна одговорност на администрацијата, односно на нејзини службеници: дисциплинска и материјална одговорност.[18]

3.1. Дисциплинска одговорност

Како и во секоја друга организација и во управните организации постојат дисиплински санкции против кршењето на прописите што ги регулираат правата и должностите на вработените.[19] Административниот службеник лично е одговорен за вршењето на службените задачи. За повреда на службената должност административниот службеник (освен секретарот) одговара дисциплински.[20] Повредата на работната дисциплина подразбира, неизвршување, несовесно и ненавремено извршување на работите и работините задачи.[21] Секој административен службеник и друго лице има право да поднесе иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против административниот службеник која треба да биде образложена. Предлог за покренување на дисциплинска постапка против административниот службеник поднесува непосредно претпоставениот административен службеник, секретарот, односно раководното лице на институцијата.

Дисциплинската одговорност на административниот службеник може да се јави во две форми: дисциплинска неуредност или

[16] Esat Stavileci, цит. дел., стр. 132.

[17] Мајкл Фромонт, *Административното Право на Земјите од Европа*, Арс Ламина, Скопје, 2010, стр. 334.

[18] Сепак, има автори кои тврдат дека покрај овие форми, можно е да има и кривична и прекршочна-управна одговорност. Живко Кулиќ, *Службеничко право*, Београд: Мегатренд универзитет, 2009, стр.177.

[19] Наум Гризо и др., цит. дел., стр. 232.

[20] Член 70, став (1) и (2) од *Закон за административни службеници*, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.27, 2014; Член 64, став (1) од *Закон за државните службеници*, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.59/2000.

[21] Член 39, став (1) од *Закон за јавните службеници*, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.52/2010.

дисциплински престап. Дисциплинската неуредност претставува полесна, незначителна повреда, додека дисциплинскиот престап претставува потешка значителна повреда на работната дисциплина, работните задачи, угледот на институцијата или угледот на административниот службеник. При изрекување на дисциплинските мерки, се земаат предвид тежината на повредата, последиците од повредата, степенот на одговорноста на административниот службеник, околностите под кои е сторена повредата, неговото поранешно однесување и вршењето на работите, како и други олеснителни и отежителни околности кои се од значење за изрекување на дисциплинската мерка.[22]

а) Дисциплинска неуредност

Дисциплинската неуредност постои поради: (1) непочитување на работното време, распоредот и користењето на работното време; (2) неуредно чување на службените списи и податоци; (3) недоаѓање на работа два работни дена во текот на една календарска година без оправдување; (4) непочитување на обврската за носење на ознаките со личното име и звањето или називот; (5) неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи со полесни последици од повредата; (6) непристојно однесување на административниот службеник при вршење на работа и работна задачи со полесни последици од повредата; (7) недомаќинско користење и употреба на доверените финансиски средства и средствата за работа; (8) неоправдано неизвестување на непосредно претпоставениот административен службеник, секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар за спреченоста за недоаѓање на работа во рок од три часа; (9) одбивање на стручно оспособување и усовршување на кое административниот службеник се упатува.[23]

Со одлука за утврдена дисциплинска неуредност, на административниот службеник може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки: писмена опомена и парична казна во висина од 20% од висината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред дисциплинска неуредност, во траење од еден до три месеци.[24] Дисциплинските мерки против административниот

[22] Член 74, став (3) од *Закон за административни службеници*.

[23] Член 72 од *Закон за административни службеници*.

[24] Член 74, став (1) од *Закон за административни службеници*. За споредба, законот за државна служба

службеник за дисциплинска неуредност ги изрекува секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар.[25]

б) Дисциплински престап

Во споредба со случаевите на дисциплинска неуреденост, случаите на дисциплински престап се во поголем број и разновидност. Така, дисциплинскиот престап постои поради: (1) неизвршување, несовесно, ненавремено или небрежно вршење на работните задачи; (2) непристојно однесување на административниот службеник при вршење на работа и работни задачи; (3) искажување и застапување на политичко уверување во вршењето на работните задачи, учество во изборни активности или други јавни настапи од таков карактер во текот на работното време, доведување во прашање на својот статус на административен службеник со вршење на партиски активности, носење или истакнување на партиски симболи во работната просторија; (4) одбивање на давање или давање на неточни податоци на институциите, односно на граѓаните и правните лица, доколку давањето на податоци е утврдено со закон; (5) незаконито располагање со материјалните и финансиските средства; (6) одбивање на вршење на работни задачи поврзани со работното место на кои се распореден; (7) одбивање на писмена наредба за извршување на работни задачи поврзани со работата на институцијата издадени од непосредно претпоставениот административен службеник, секретарот, односно раководното лице на институцијата, во случај на неодложна потреба; (8) непреземање или нецелосно преземање на пропишаните мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети во работа; (9) предизвикување на материјална штета со намера или од крајно невнимание; (10) повторување на дисциплинска неуредност повеќе од два пати во тековната година; (11) примање на подароци или друг вид на корист; (12) злоупотреба на статусот на административен службеник; (13) злоупотреба на доверените овластувања во вршењето на работните задачи; (14) злоупотреба на боледување; (15) злоупотреба на лични податоци; (16) злоупотреба на доверливи податоци; (17) одавање на класифицирана информација со степен на тајност утврдена со закон; (18) внесување и употреба, како и работење под дејство на алкохол или наркотични средства; (19) непридржување кон прописите за заштита од болест, безбедност и здравје

на Република Косово, како дисциплинска мерка го предвидува и усната опомена (член 66, став 3 од

Ligji për administratën shtetërore të Republikës së Kosovës, бр.03/Л-149).

[25] Член 75, став (1) од *Закон за административни службеници*.

при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и на прописите за заштита на животната средина; (20) Поставување на личен финансиски интерес во судир со положбата и статусот на административен службеник; (21) навредливо или насилничко однесување на работното место; (22) однесување спротивно на одредбите на Кодексот; (23) неоправдано одбивање на учество во работата на органите во кои е избран за спроведување на изборна постапка, попис, како и во други постапки утврдени со закон; (24) неоправдано одбивање да го нагледува реализирањето на екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците во основните и средните училишта; (25) спречување на избори и гласање, повреда на избирачкото право и на слободата на определување на избирачите, поткуп при избори, повреда на тајност на гласањето, уништување на изборни исправи, или изборна измама кои како член на изборен орган, ги извршил административниот службеник; (26) неизвршување или несовесно извршување на должностите како набљудувач и непридржување кон упаствата добиени од страна на Државниот испитен центар при набљудувањето на реализацијата на екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците во основните и средните училишта; (27) непостапувањето по обврската за оценување на административен службеник.[26]

Со одлука за утврден дисциплински престап на административниот службеник може да му се изрече една од следниве дисциплински мерки: парична казна во висина од 30% од висината на едномесечниот износ на нето платата исплатена во последниот месец пред дисциплинскиот престап во траење од еден до шест месеци; распределување на работно место во непосредно пониско ниво; и престанок на работниот однос кога настапиле штетни последици за институцијата, а притоа не се утврдени олеснителни околности за административниот службеник кој го сторил престапот.[27] Дисциплинската постапка за дисциплински престап се води од страна на комисија која се формира со решение на секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар. Оваа комисија е составена од претседател, шест члена и нивни заменици.

[26] Член 73 од *Закон за административни службеници*.

[27] Член 74, став (2) од *Закон за административни службеници*. За споредба, законот за државни службеници на Република Србија за потешка повреда предвидува и дисциплинска казна забрана за напредување во следните четри години. Види член 110, став (3) од *Закон о државним службеницима*, „Службен гласник РС“, број 79/05, 81/05, 83/05, 64/07, 67/07, 116/08, 104/09.

3.2. Материјална одговорност

а) Надомест на причинета штета

Секој политички систем има свој систем на одговорноста, кој треба да обезбедии ефикасноста на тој систем.[28] Оттаму, одговорноста претставува еден од најважните начела на ефикасноста на администрацијата и на функсионирање на правната држава, додека таа ги спроведува законите донесени од највисокиот законодавен дом, односно собранието.

Административниот службеник кој е на работен однос или во врска со работата, во случаевите кога ќе предизвика штета на институцијата, било тоа намерно или од крајна небрежност, е одговорен за настанатата штета и е должен да ја надомести.[29] Постоење на материјална штета, нејзина висина, околностите под кои настанала, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести, утврдува комисија формирана од страна на секретарот, односно раководното лице на институцијата во која не се назначува секретар. Санкција за материјална одговорност е надоместок на штета а за дисиплинска одговорност е дисиплинска мерка.[30]

Предлог за покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност против административниот службеник поднесува непосредно претпоставениот административен службеник, односно секретарот на институцијата. При поведување на ваквата постапка треба да се запази нејзиниот рок на застарување, бидејќи таа не може да се поведе ако од денот кога е сторена материјалната штета поминала една година.[31] Оваа постапка исто така е од сумарна природа, односно таа не може да се води подолго од 60 дена, сметано од денот на

[28] Fejzulla Berisha, цит. дел., стр. 287.

[29] Член 81, став (1) од *Закон за административни службеници*. Надоместувањето на штета како институт на облигационото право зазема клучно место кога станува збор за материјалната одговорност на административните службеници. Законодавството за административните службеници кога станува збор за надоместувањето на штетата, се потпира на Законот за облигационите односи, како што го експлицитно го предвидел во член 83, став (1)

[30] Agur Sokoli, *Kontrolli i Punës së Administratës dhe Përgjegjësia e Saj Politike*, Universiteti i Prishtinës,

Fakulteti Juridik, Prishtinë, 2009, стр. 162.

[31] Член 81, став (3) од *Закон за административни службеници*.

донесување на решението за формирање на комисијата.[32] Комисијата за утврдената фактичка состојба поднесува извештај, врз основа на кој секретарот донесува одлука за надомест на штета. Секретарот може целосно или делумно да го ослободи административниот службеник од надоместување на штетата, доколку таа не е сторена со умисла или доколку со исплата на надоместокот на штетата се загрозува екзистенцијата на административниот службеник и неговото семејство.

б) Надомест на претпена штета

Ако административниот службеник претрпи штета на работа или во врска со работата, институцијата е должна да му ја надомести штетата согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.[33] Исто така, институцијата е должна да ја надомести материјалната штета што административниот службеник во вршењето на работите и работните задачи ја предизвикал кон трети лица.[34] Ова состојба претставува важен доказ за фактот дека службеникот треба да биде внимателен, професионален и одговорен во извршување на своите надлежности односно обврски.

Во овој случај, институцијата се здобива со право на регрес, што значи дека во мера во која му ја надоместил штетата на третите лица, институцијата ги стекнува сите права што ги имал третото лице кон административниот службеник одговорен за причинетата штета.[35]

4. Заклучок

Брзиот развој на општеството бара транспарентност, ефикасност, совршенство во административните услуги. Своите активности, администрацијата ги има проширено речиси во сите сфери на државната организација. Таа им дава душа на зконите кои ги усвојува собранието. Нивото на остварување на правата на граѓаните зависи од нивото на неговата организација, контрола и одговорност. Токму за ова прашање треба да биде контролирана и одговорна со соодветни поефикасни механизми. Овие фактори имаат огромно влијание врз неа, во насока на

[32] Член 81, став (4) од *Закон за административни службеници*.

[33] *Закон за облигационите односи*, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.18, 2001.

[34] Член 83, став (1) и (2) од Закон за административни службеници.

[35] Во оваа ситуација исто така се применуваат одредбите на Законот за облигационите односи, конкретно членовите 197, 666, 924 и 1057.

праведно применување на законите и на не вршење дискриминација во обезбедувањето на услугите кон граѓаните.

Се разбира, треба постојано да се зајакнат механизми на контрола и одговорност. Она што е важно е фактот дека, покрај правната рамка, и практично треба да се применуваат одредбите што се однесуваат на контрола и одговорност на неа, бидејќи практиката покажува дека прашањето на одговорност не е доволно промовиран.

Со донесување на *Закон за административни службеници*, се предвидува и нова форма на организација и контрола на администрација, која има многу дилеми во себе, дали ќе биде објективна и ефикасна. Во оваа насока, многу битно е и потребата за афирмација на прашањето на контрола и одговнорноста, бидејќи праксата покажува дека јавноста не е информирана точно за придонесот на овие прашања, кои го зајакнуваат работата на администрацијата.

Литература

Bajrami, Arsim. *Parlamentarizmi (Aspekte krahasuese)*, Kolegji FAMA, Prishtinë, 2010;

Berisha, Fejzulla. *E Drejtë Administrative (pjesa materiale)*, Pejë, 2013;

Bufi, Ylli. *Tempulli i Demokracisë*, Shtëpia e Librit OMBRA GVG, Tiranë, 2010;

Фромонт, Мајкл. *Административното Право на Земјите од Европа*, Арс Ламина, Скопје, 2010;

Гризо, Наум, Симеон Гелевски, Борче Давитковски, Ана Павловска-Данева, *Административно Право*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Правен Факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, Скопје, 2008;

Гушева, Снежана. *Политичка Контрола над Владата на Република Македонија*, Винсент Графика, Скопје, 2008;

Musliu, Ali. *Sistemi i të Drejtave të Njeriut*, Shkup 2012;

Pollozhani, Bajram, Esat Stavileci, Ermir Dobjani, Lazim Salihu, *E Drejta Administrative, (aspekte krahasuese), Administrative Law (comparative aspects)*, Shkup, 2010

Kadriu, Osman. *Rregullimi Kushtetues i Maqedonisë*, Focus Print, Shkup, 2006;

Кулић, Живко. *Службеничко право*, Београд: Мегатренд универзитет, 2009;

Sokoli, Agur. *Kontrolli i Punës së Administratës dhe Përgjegjësia e Saj Politike*, Universiteti i Prishtinës, Fakulteti Juridik, Prishtinë, 2009;

Stavileci, Esat. *Hyrje në Shkencat Administrative*, Enti i Teksteve dhe i Mjeteve Mësimore i Kosovës, Prishtinë, 1997;

Zejneli, Jusuf. *Parlamentarizmi në Republikën e Maqedonisë*, Universiteti Shtetëror i Tetovës, Fakulteti Juridik, Tetovë, 2013;

Русе, Мишел, Оливие Русе, *Управно Право и Управна Постапка*, Скопје, 2006;

Устав на Република Македонија, 1991;

Закон за административни службеници, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.27, 2014;

Закон за државните службеници, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.59/2000;

Закон за јавните службеници, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.52/2010;

Закон за облигационите односи, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.18, 2001

342.7:35.076

ПРИНЦИП НА СЕРВИСНА ОРИЕНТАЦИЈА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

Доц. Д-р Дејан Витански, Правен факултет-Кичево, Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола,

e-mail: dvitanski@yahoo.com

Апстракт

Со длабинска и екстензивна обработка на основните атрибути, што го сочинуваат битието на сервисната ориентација, во трудот се апострофира примордијалното значење на овој фундаментален принцип, кој е втемелен како супстанцијален елемент во современата европска административна архитектура. Во овој контекст, посебно се нагласува потребата во општественото милје на земјите со атрофирани и дисфункционални институции да се посее семето на сервисната ориентација и да се обезбеди благопријатна клима за негово успешно вирееење. Премисите на начелото на сервисната ориентација мора да се имплантираат во менталната матрица на администативците и да станат основен супстрат во нивното професионално портфолио, со цел во фокусот на нивната суштествена мисија на дејствување да биде „неговото височество“ – клиентот. Во трудот акцентот се става на одредени идејни решенија, мерки и препораки, кои како своевидна граѓа би требало да послужат како инспиративна парадигма за воспоставување на контурите на професионално и вредносно искристализирана администрација што ќе биде сервис на клиентите–даночните обврзници (граѓаните и правните субјекти). Ваквиот ресетиран и новокомпониран административен ентитет ќе претставува супституит на ретроградната и анахрона, безлична, ригидна, формалистичка, дехуманизирана, вазална и сервилно индоктринирана бирократија.

Клучни зборови: *сервисна ориентација, администрација, службеници, клиенти, услуги.*

Center for Legal and Political Research, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of Macedonia

Abstract

With deep and extensive work and processing on the basic attributes that are main elements of the service orientation, in the labor the apostrophe is put on the primordial meaning in this fundamental policy that is founded as a substantial element in modernistic European administrative architecture. In the context, we put accent on the need to plant the seed of service orientation of the social milieu in the countries with obsolescent and dysfunctional institutions and to achive good climate for its successful thrive. The premises of the principle of the service orientation must be implant in the mental matrix in the administratives and to become basic substrate in their professional portfolio, in order to put the client – "his majesty" in the focus of their action.In the labor we put the accent on certain solutions, measurement and recommendations, which are so-called building and should be served as brainwave paradigm in regenerating the contour of professional and valuable crystallized administration that would be the service of the clients (citizens and legal entities). This reset and new composed administrative entity will portray the substitute of retrograde and anachronistic, impersonal, rigid, formalistic, dehumanizing, vassal and servile indoctrinated bureaucracy.

Key words : *service orientation, administration, clerk, service.*

ВОВЕД

Администрацијата е инфилтрирана во сите пори на општественото ткиво, односно рефлексите на нејзините дејности пулсираат во сите сегменти на живеењето. Јавната администрација е вечен сопатник на човекот од „колепка до гроб", што значи таа е присутна во сите фази или етапи од неговиот живот.

Кога граѓаните имаат потреба да остварат одредени права, кои им ги гарантираат нормите на позитивното право (на пример, право на детски додаток, стипендија, право на пензија, право на основна

здравствена заштита, право на социјална заштита и сл.), во таквите случаи, согласно начелото на странечка или приватна максима, иницијалната каписла за стапување во односи со административните служби и реализација на загарантираните права треба да биде потегната од нивна страна. Но, во ситуации кога државните органи им наметнуваат исполнување на одредени обврски (на пример, плаќање данок, служење војска, мобилизација, задолжителна вакцинација и сл.), од нивната волја не зависи дали ќе засноваат однос.

Во овој контекст, граѓаните постојано воспоставуваат односи со администрацијата, но во таквите релации секогаш не провејуваат срдечноста и љубезноста. Не се ретки случаите кога меѓу нив се јавува некој јаз, кој ги одвојува и оддалечува граѓаните од администрацијата, кој ги нарушува и ги обременува тие односи и кој генерира анимозитет и конфронтации.

Администрацијата и граѓаните се меѓусебно зависни, па затоа нивните односи треба да почиваат на нова квалитативна подлога, која ќе овозможи развивање на партнерство и на взаемна респектабилност. Јавната администрација е основниот механизам кој го движи општеството. Нејзина примордијална мисија и одговорност е да ги осигура и оживотвори очекувањата на граѓаните. Задоволувањето на општествениот (јавниот) интерес, во кој, всушност, е инкорпориран и поединечниот интерес е главниот атрибут и суштествена детерминанта во дејствувањето на администрацијата.

Една од императивните цели на реформските процеси во административните системи, која треба практично да се ефектуира е суштински променетиот однос кон граѓаните. Тоа значи, администрацијата да не ги третира граѓаните како поданици и потчинети молители, туку како клиенти, како основна движечка сила во државата, па дури и како нејзини работодаватели. (Кндева, Е, Публична администрација, Сиела Софија, 2007, стр.494).

Неопходно е да се сузбие воспоставената практика на поклонување на граѓаните пред власта и администрацијата и да се демистифицира функционирањето на државата, да падне ,,Неговото Височество“ – шалтерот, синоним на моќна но неефикасна бирократија. Во современото општество граѓаните не се поданици на државата и на нејзините службеници, туку од нив извира мандатот и легитимитетот на власта. Административното дејствување треба се помалку да се

сведува само на правна манифестација на државната власт, а се повеќе да се промовира како активен двигател на општествените текови, односно неопходна е трансформација на управата од апарат и инструмент на власта во ефикасен сервис на граѓаните (Stjepanović, N, Lilić, S, Upravno pravo, opshti deo, Beograd, 1991, стр.145). Администрацијата секаде каде што постои можност треба да ги поттиснува репресивните и арбитрарните својства и се повеќе да стекнува кооперативни, партнерски и услужни карактеристики. Административната активност не треба повеќе да претставува посебен правен инструмент на управувањето и подреденоста на клиентите. Таа е се повеќе активност, која е резултат на комплексен организациски и вредносен систем, кој обезбедува јавни услуги и презема акции, кои имаат за цел обезбедување на благосостојба на граѓаните како и прогрес на општеството (Rosenbloom, David, Public administration and law, New York/Basel, 1982, стр.112).

ПОИМНО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СЕРВИСНАТА ОРИЕНТАЦИЈА НА ЈАВНАТА И НА ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Сервисната ориентација на администрацијата е релативно нов концепт, креиран и предложен од страна на кинеските научници во почетокот на 21-от век, чија цел е на клинтите, даночните обврзници да им се овозможи задоволување на сите легитимни права. (YUAN Gang, YAN Shu-tao, LIU Qiang, A study on the rising of service-oriented government ,www.managers.org.cn/mag/doc/ucman200907/ucman20090702.pdf,стр.9).

Суштински услов за изградба на сервисно ориентирана управа е при спроведувањето на секоја административна работа да се задоволуваат основните интереси и моменталната побарувачка на граѓанството, при што администрацијата со своето дејствување ќе ги исполнува „срцата на луѓето“ (Making efforts to construct service-oriented government-invest…www.fdi.gov.cn/pub/FDI…/t20071015_85779.htm).

Поимот сервис подразбира должност на службениците да овозможат беспрекорно исполнување на законски загарантираните права и интереси на граѓаните, при што граѓаните во службениците ќе гледаат партнер на кој ќе можат да му се обратат во кое било време, со цел да

остварат некоја своја потреба. Административците треба да бидат клучната алка во синџирот на непосредните односи помеѓу граѓаните и државата, која треба да овозможи нормативно зацементираните проекции за човековите права и интереси да станат реалност.

За да се закитат со атрибутот сервисно ориентирани, административците треба да ги поседуваат следниве перформанси:

- Да воспоставуваат и одржуваат голем кредибилитет кај јавноста, клиентите, партнерите и соработниците;
- Успешно да ги проценуваат потребите на клиентите, со цел да ги ефектуираат нивните барања и очекувања;
- Да имаат позитивна енергија при интеракцијата со клиентите;
- Да ги идентификуваат можностите и начините за подобрување на услугите на клиентите и за зголемување на нивното задоволство;
- При сервисирањето на услугите да воспоставуваат партнерски односи со клиентите;
- Да користат едноставен и разбирлив јазик, со што ќе обезбедат ефективна комуникација со корисниците на услугите;
- Да го балансираат интересот на клиентот со јавниот интерес;
- Да воспостават и одржуваат високи стандарди за квалитетна работа и одговорност во испораката на административните услуги (NIH/OHR-Competencies Dictionary – Service Orientation hr.od.nih.gov/workingatnih/…/core/service.htm).

Клиентот треба да биде новиот владин фокус. И владата на кое било ниво би била „глупава“ ако го заборави или игнорира тоа. Ориентацијата кон служење на клиентот би значела не само продуцирање добри услуги во сегашноста, туку и перманентно стремење кон подобри трајни услуги. Во САД, во 1993 година,

Државниот преглед за изведбата ги набројa следниве осум принципи за владеење на одредбите за услуга на клиентите:

- Често анкетирање на клиентите за да се открие кој вид и каков квалитет на услуги тие сакаат;
- Поставување стандарди и резултати кои се мерат;
- Почетни точки за реализација наспроти „најдоброто во бизнисот“;
- Овозможување системи за информирање, услуги и поплаки и средства за испорака;
- Создавање системи за информирање, услуги и поплаки кои се лесно достапни;
- Испорака на сервисите со љубезност;
- Овозможување пријатна околина за клиентите;
- Овозможување поправање на слабите услуги

(Шафриц,Ц.М, Расел, Е.В, Борик, К.П, Вовед во јавната администрација(превод), Академски печат Скопје, 2009, стр.440).

Услугата треба да биде најзначајниот производ на администрацијата. Услуга за кој? За граѓаните. Токму затоа, давателите на овие услуги, историски гледано, со право се нарекуваат јавни службеници. Единствената работа која тука е нова е што јавниот сектор избра збор кој по традиција се користеше во приватниот сектор, зборот клиент. Па така сега јавноста е клиент. И насочувањето кон услуга на клиентите едноставно значи дека сите активности се фокусираат кон задоволување на клиентот. Тоа е она што отсекогаш го знаеја најуспешните бизниси и она за што владите стануваат се посвесни (ibid, стр.442).

Согласно суштинската димензија на начелото на сервисна ориентација, администрацијата не смее да биде индиферентна и ригидна, туку активна, кооперативна и флексибилна, брзо и ефикасно да ги сервисира барањата на клиентите, да гради односи на партнерство и соработка со цивилниот и со приватниот сектор, да го штити општиот јавен интерес во кој е инкорпориран и интересот на секој поединец и

воопшто да го олеснува текот на правниот и на економскиот сообраќај во државата. Професионалните административци треба да бидат продолжена рака на граѓаните, кои издвојуваат од својот џеб за нивното функционирање, а не да бидат само слуга на политичките моќници. Впрочем, служењето на граѓаните претставува и правна основа за постоењето на администрацијата. Или, како што своевремено поентирал Махатма Ганди ,,Клиентот е најважниот посетител на нашите објекти. Тој не зависи од нас. Ние зависиме од него. Тој не е пречка за нашата работа. Тој е целта на работата. Ние не му вршиме нему услуга со тоа што го опслужуваме. Тој нам ни врши услуга со тоа што ни дава можност тоа да го сториме“ (Концепт за општински центри за услуги: мисија и улога www.zels.org.mk/Upload/Content/.../ 04CONCEPT%20FOR%20MSC.pdf, стр.8).

,,Клиентите се најважни“ и ,,клиентот е бог“ треба да се етаблираат како основни концепти и двигатели во работата на администрацијата. Притоа, како барометар за квалитетот и репутацијата на одредена државна служба, треба да се зема задоволството на консументите-даночните обврзници од производите и услугите што органите ги продуцираат (Jiang Xiaohong, Zang Hongyu, Improve the administrative efficiency on civil servant in China, www.seiofbluemountain.com/search/detail.php/id=383,стр.43).

Сервисната ориентација може да послужи и како индикатор за степенот на демократија во една држава. Таа, всушност, покажува колку државата води сметка за остварувањето на правата и интересите на клиентите пред административните органи. Во овој контекст, подемократска е онаа држава во која граѓаните и другите правни субјекти можат полесно да им пристапат на административните служби и ефикасно, ефективно и економично да ги остварат своите права, обврски и правни интереси загарантирани со Уставот, законите и другите прописи. Од сервисната ориентација зависи и легитимитетот и авторитетот на државната власт, па затоа во некои земји, како на пример Кина, административната култура на ,,услуги за граѓаните“ или ,,служење на народот“ е накалемена како идеологија. (YUAN Gang, YAN Shu-tao, LIU Qiang, A study on the rising of service-orientedgovernment,www.managers.org.cn/mag/doc/ucman200907/ucman20090702.pdf, стр.14).

Принципот на сервисна ориентација е инкорпориран во административните закони на сите современи и функционални европски држави. За одбележување е и фактот што ова начело нормативно е вградено и во Законот за општата управна постапка на Република Македонија од 2005 година. Преку ова начело се прокламира интенцијата, администрацијата да не претставува цел сама за себе, туку да претставува апарат ставен во функција исклучиво на потребите на граѓаните, кои во граѓанско и демократско општество треба да се респектираат во вистинска смисла на зборот како клиенти на нејзините услуги, што самите ги плаќаат во својство на даночни обврзници.

За да го добие атрибутот на сервисно ориентирана, управата треба да биде каталитичка, компетитивна, антиципативна, децентрализирана, да се раководи според концизно и конзистентно дефинирана мисија и да биде целосно насочена кон продуцирање успешни и квалитетни резултати во корист на нејзините клиенти.

Каталитичката управа треба да се фундира врз дистинкција на „кормиларењето“ од „веслањето“, што значи одлуките на јавната политика во одредена област да се одделат од извршувањето на услугите. Тоа подразбира, менаџментот да се фокусира на планирањето, одлучувањето и насочувањето, а службеничкиот кадар да се посвети на успешно извршување на зацртаната административна мисија (Osborne, D, Gaebler, T, Reinventing Government, Adison Wesley, 1992, стр. 35).

Претприемачки ориентираните јавни организации имаат тенденција да воведат систем (преку т.н процес на реорганизација) каде што процесот на донесување јавни политики би бил одвоен од процесот на испорака на услугите. Според Питер Дракер, успешните организации прават дистинкција меѓу врвниот и оперативниот менаџмент, при што врвниот менаџмент се концентрира на донесувањето одлуки и на насочувањето, додека, пак, оперативното работење им се препушта на поединечните сектори, и тоа „секој со својата сопствена мисија, цели и сопствени акции и автономија“ (Drucker, Peter, Tha Age of Discontinuity, Harper Torchbooks, New York, 1978, стр.233). Насочувањето бара кадри, кои ќе можат длабински да го скенираат целокупното организациско милје, да ги апсолвираат сите можности и решенија и да ги избалансираат конкурентските барања за ресурси. Оние јавни организации што се ориентирани кон насочувањето се во постојана

потрага по најдобрите методи за операционализирање на проектираните организациски цели, додека, пак, организациите во чија диоптрија се детектираат само тековните активности од оперативен карактер, главно се сконцентрирани на постојните методи, и тоа по секоја цена. Со други зборови, традиционалните односно конвенционалните активности на јавните лидери, што се состојат од прибирање приходи и испорака на услуги треба да се супституираат со активности на насочување или дефинирање траекторија на движење. Сублимирано, повлекувањето демаркациона линија меѓу насочувањето (како стожерна функција на врвниот менаџмент) и оперативното работење (што треба да биде мисија на административниот ентитет) претставува condition sine qua non за градење претприемнички ориентирана административна организација, што ќе може да одговори на предизвиците на глобалната економија, информациското општество и на технолошките промени.

Компетитивната управа значи секој административен орган да се натпреварува на полето на производството и испораката на услугите, односно да се бори да испорачува таков квалитет и квантитет на услуги со кој би го достигнал, па дури и би го надминал приватниот сектор. Во овој контекст, секој орган треба да утврди на кои клиенти треба да им служи, да ја долови нивната потреба за определени услуги кои им се неопходни, да го почувствува нивното задоволството од постојните услуги и сл. Управата наместо да манифестира ,,слаби срцеви отчукувања“ на конкурентската патека, треба да биде натпреварувачки потентна, зашто конкуренцијата ја стимулира иновативноста, додека монополот ја гуши. Според Савас, еден од најмаркантните претставници на неолибералното сфаќање, конкуренцијата во испораката на јавните услуги го фаворизира ,,опстанокот на оние што пријателски се насочени кон своите клиенти“ (Savas, E, S, Privatization: The key to better government, Chatman House, Chatman, New Jersey, 1987, стр.136). Конкуренцијата претставува еден вид природна селекција што им овозможува на организациите (слично како на биолошките организми во природата) да се развиваат, еволуираат, адаптираат и да преживеат во крајно променливите услови на средината. Со други зборови, поентата се состои во следново: оние јавни организации што недоволно испорачуваат јавни услуги според константно високи цени постепено ќе бидат елиминирани, додека оние што испорачуваат квалитетни и навремени услуги според прифатливи цени, постепено ќе растат и ќе се развиваат. Притоа, доколку се применува точна пресметка при мерењето

на квалитетот и на другите перформанси на работењето, тогаш „природната селекција“ ќе се случи по автоматизам.

Антиципативната администрација акцентот го става на превенцијата и на пресретнувањето на евентуалните штетни импликации од несоодветно извршените административни операции. Таа се фундира на стратегиско планирање во кое се инкорпорирани следниве елементи:

- детална опсервација на внатрешната и на надворешната ситуација;

- идентификација на клучните прашања, проблеми и приоритети, кои се предизвик на административниот орган;

- сублимирање и артикулација на есенцијалните организациони цели;

- креирање визија во поглед на успешното работење;

- создавање стратегија во која се јасно дефинирани ресурсите и методите за остварување на целите и визијата;

- мерење и евалуација на резултатите (Osborne, D, Gaebler, T, Reinventing Government, Adison Wesley, 1992, стр. 233).

Суштинската компонента која го сочинува битието на антиципативната управа е сумирана во геслото „подобро е да се спречи, отколку да се лечи“.

Децентрализираната администрација, исто така, содржи значајни премиси, кои го збогатуваат и надополнуваат мозаикот на сервисната ориентација:

-децентрализираните институции се многу пофлексибилни отколку централизираните институции, односно тие можат брзо да реагираат на промените во околностите и на растечките потреби на клиентите;

-децентрализираните институции се поефективни од централизираните. Имено, вработените, кои се во директен контакт со клиентите или оние кои ги опслужуваат, најдобро ги знаат проблемите и предизвиците со кои се соочува организацијата. Поради тоа, тие најдобро ја перцепираат реалноста и се во состојба да понудат најдобри

решенија, доколку ја имаат поддршката од повисоките организациски нивоа. Исто така, во споредба со високоцентрализираните јавни организации, партиципативните јавни организации имаат огромна предност во поглед на донесувањето правилни и навремени одлуки;

-децентрализираните институции се многу поиновативни отколку што е тоа случај со централизираните институции. Всушност, децентрализацијата е катализатор на креативноста на сите хиерархиски нивоа, што значи сите вработени рамноправно и активно партиципираат во процесот на предлагање иновативни и креативни идеи;

-децентрализираните институции создаваат повисок морал, поголема одговорност и поголема продуктивност. Во ситуација кога врвните менаџери им делегираат поголема одлучувачка моќ на оние вработени во организацијата, кои поседуваат знаење и вештини, тие едновремено им сигнализираат дека ги респектираат нивните способности и компетенции. Како резултат на тоа се зголемува продуктивноста и конкурентската способност на административната организација во однос на оние организации што се карактеризираат со елементи на централизам и на бирократија. (ibid, стр.252-253).

МЕРКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА СЕРВИСНАТА ОРИЕНТАЦИЈА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

За подобрување на сервисната ориентација на администрацијата потребно е преземање широк спектар на мерки и активности:

1.Поедноставување и забрзување на процедурите, што првенствено подразбира скратување на роковите во кои се одвиваат административните постапки, намалување на бројот на потребните документи, повисок степен на разбирливост на формуларите што ги пополнуваат граѓаните и сл.

2. Регулаторна гилотина, чија суштина лежи во кастрење на непотребните формалности и прописи.

Имено, шалтерите како симбол на социјалистичката бирократија, се уште претставуваат прозорец пред кој се кршат „рбетот“

и достоинството на граѓаните. Многубројните акти и денес ги принудуваат граѓаните и за ситници да доаѓаат на поклонение пред државните институции, а со тоа да „кинат нерви“ и непотребно да трошат време и пари. Регулаторната гилотина треба да ја одигра улогата на ефективен „скалпел“ со кој ќе се изврши длабински хируршки рез на административниот организам, со цел да се отсече главата на бирократската ламја и да се отстранат излишните прописи и небулозните процедури.

3. Симплифицирање и подобрување на суптилниот административен јазик, што ќе овозможи отстранување на заплетканите фрази и на извитоперените конструкции кои доминираат во бирократскиот израз, со цел да се олесни разбирливоста на стилот и јазикот на официјалните документи.

4. Давање административни услуги по електронски пат, односно воведување на е-услугите (e-services), со што на граѓаните ќе им се овозможи електронски да комуницираат со државните службеници, да симнуваат, пополнуваат и испраќаат формулари и сл. Основната интенција е да им се овозможи непречен електронски пристап на граѓаните до администрацијата 24 часа на ден и 365 дена во годината, без разлика каде се наоѓаат. Како резултат на т.н проект „24/7 служба„ граѓаните можат во секое време да бидат информирани, на пример, за состојбата на нивната постапка, за надлежниот орган за решавање на нивното барање, можат да прават онлајн трансакции, да плаќаат преку електронски потпис и сл.

5. Формирање и функционирање на централна база на податоци, што ќе овозможи целокупна евиденција на сите податоци за граѓаните и нивните имоти, ќе го олесни и забрза работењето на административните органи и ќе обезбеди поголема правна сигурност. На пример, одредено семејство кое се наоѓа во тешка материјална состојба, односно е изложено на социјален ризик, за да се стекне со правото на социјална парична помош, потребно е претходно да прибави документи, потврди и уверенија од разни институции и истите потоа да ги достави до Центарот за социјални работи. Тука спаѓаат: изводи од матичната книга на родените за сите членови на семејството, како и извод од матичната книга на умрените доколку некој член на семејството е починат, уверение за државјанство за полнолетните лица, потврда од Агенцијата

за вработување дека не се во работен однос, а доколку имаат засновано работен однос потврда од фирмата за висината на личните примања, уверение за материјална состојба од Управата за јавни приходи, имотен лист од Агенцијата за катастар на недвижности за поседување, односно непоседување недвижен имот, доколку брачните партнери се разведени се бара судско решение за развод на бракот, ако има ученици или студенти потребна е потврда за тоа дали се или не се корисници на кредит, стипендија итн. За граѓаните да не губат време, средства, енергија и нерви, доколку постои интегрирана информатичка поврзаност помеѓу сите овие органи и Центарот за социјални работи и централната база на податоци, ќе се овозможи брзо утврдување на фактичката состојба, односно дали лицето ги исполнува пропишаните критериуми за да може да биде корисник на правото на социјална заштита. Во овој контекст, од компаративното искуство, можеме да ја издвоиме Холандија, каде што секој граѓанин добива сервисен број (Burgerservicenummer-BSN), кој претставува единствен личен број за идентификација на секој граѓанин кој е евидентиран во регистарот на населението. Граѓанско сервисниот број можат да го користат сите државни институции, на начин што преку овој број ќе навлезат во „досието“ или во базите на податоци, од каде што можат да добијат релевантни и веродостојни информации и податоци, кои им се потребни при извршувањето на работите од својот делокруг на надлежност. На пример, со користење на овој број, Даночната управа со увид во базата на податоци, може да утврди кои и колкави приходи остварува лицето и врз основа на тоа да го оданочи. Или, лекарите, преку овој број, со навлегување во досието на пациентот можат да проверат, на пример, дали и од што претходно боледувал пациентот, дали имал воспоставена дијагноза, каква терапија примал, да ја анализираат генезата и траекторијата на одредена болест итн. Притоа, секоја институција е обврзана да води посебна грижа за заштита на личните податоци од неовластен пристап и да ги ползува само оние податоци од досието, кои се неопходни за извршување на нејзините работни задачи (http://www.burgerservicenummer.nl/veelgestelde_vragen/english_faq).

6. Воведување на т.н one-stop shops методи, односно решавање на административни работи на едно место. Во овој контекст, во европските земји, како ,на пример, во Португалија, Франција и други постојат т.н „Граѓански продавници“, како релативно нов концепт на јавниот сервис, со цел да се обединат на едно место главните јавни услуги, кои треба да

им бидат достапни на клиентите. Во овои one-stop shop центри, посебно обучени и специјализирани службеници на граѓаните им ги обезбедуваат потребните административни услуги“(Improve the relationship between the administration and citizens, www.oecd.org/datoecd/48/41/1910921.pdf, стр.8).

7. Воведување едношалтерски систем како централно место на кое сите барања за различните услуги ќе се примаат, процесуираат (проследуваат во склад со управната постапка во соодветната стручна служба) и откако ќе бидат финализирани ќе се враќаат на подносителот. Со имплеменација на ваков систем, клиентите се јавуваат само на еден шалтер или во една канцеларија во административната служба, каде можат да го поднесат барањето за услугата (една врата, една услуга). Клиентот е во контакт со само еден службеник и повеќе не е обврзан да посетува и други канцеларии за да ги добие сите различни печати или потребни документи. Напротив, вработените ги координираат своите чекори во процесуирањето на одредено барање за добивање конкретна административна услуга. Интенцијата е во иднина, концептот на едношалтерскиот систем да се надградува и усовршува, со цел да се овозможи различни трансакциски услуги со кои би се задоволиле потребите на различни категории граѓани да може да се лоцираат и обезбедат во единствена канцеларија. Тоа значи, граѓанинот на едно место да може да се сретне, на пример, со претставници на субјектите надлежни за пензии, здравство, издавање сертификати за граѓански статус, даночна администрација итн. Во рамките на овој идеален модел, претставниците на администрацијата која испорачува специфични услуги ќе бидат концентрирани на една локација создавајќи т.н „супермаркет на јавната администрација“.

8. Самопослужувачки техники, во кои спаѓаат, на пример, плаќањето на обврските што ги имаат граѓаните кон администрацијата преку телефон (мобилен или фиксен), преку интернет, доставување информации како до органите на администрацијата, така и до граѓаните и сл. Најчесто плаќањата, без оглед на тоа дали се вршат преку телефон или интернет, се реализираат со помош на кредитни или други вредносни картички, со што се овозможува заштеда на време и средства како за граѓаните, така и за органите на управата. Во насока на ова, со цел да се отстранат големите турканици и нервоза пред банкарските шалтери, во иднина на граѓаните треба да им се овозможи, на пример,

плаќање на сметките за телефон, интернет, телевизија, струја, вода, парно и сл, преку банкомат, со користење на нивните дебитни и кредитни картички, и тоа без провизија.

Самопослужувачките техники се користат и за плаќање на разни услуги кои ги нуди администрацијата, на пример, преку испраќање СМС пораки, при што се одзема одредена сума која е сразмерна на цената на услугата од кредитот на мобилниот телефон, доколку корисникот е во т.н припејд мрежа, или пак цената на услугата се вградува во месечната телефонска сметка, доколку корисникот е приклучен на постпејд системот.

9. Сузбивање на политичкиот spoils систем, кој е генератор на аматерски дилетантизам и на коруптивни девијации во администрацијата и бескомпромисно институционално вградување на вредносниот merit систем, што претставува condition sine qua non за создавање респонзивна и сервисно ориентирана администрација.

10. Економичност во административното работење, односно преземање дејства и донесување одлуки, со што помалку трошоци и губење на време за странките, но притоа да се прибави се што е потребно за правилно утврдување на фактичката состојба и за донесување на законито и правилно решение;

11. Квалитет, што подразбира административните производи или услуги да поседуваат такви својства и карактеристики, со кои ќе ги задоволат апетитите и преференциите на клиентите. Значи, синтагмата квалитет на услуги ќе биде задоволена, кога видот на административната услуга и процесот на нејзиното доставување ќе одговараат на потребите и вкусовите на корисниците;

12. Подобрата пристапност на административните органи до граѓаните, исто така, ќе овозможи подобра сервисна ориентација на административниот сектор. Во овој сегмент влегуваат следниве решенија: лесно наоѓање на потребната служба, создавање услови за полесен физички пристап на инвалидизираните лица, флексибилно и продолжено работно време, добра и рамномерна регионална дистрибуција на службите и сл.;

13. Поголемо доближување на администрацијата до граѓаните, преку разни книги, брошури, водачи, телевизиски спотови, подвижни информациони штандови и организирање отворени средби, каде

граѓаните ќе се информираат за новововедените или изменети закони, процедури, прописи или ќе добијат корисни и неопходни совети и потребна помош за успешно остварување на нивните права и обврски;

14. Интензивирање на процесите на децентрализација и деконцентрација, кои ќе овозможат понепосредни, побрзи и подобри одговори на проблемите и потребите на граѓаните. Имено, со забрзана динамика на имплементирање на процесот на децентрализација ќе се овозможи понуда на персонализирани услуги што соодветствуваат на комплексноста на поединечните барања, како и усогласеност на понудените резултати од јавните услуги со географската реалност;

15. Препуштање на извршувањето на одредени јавни служби на приватниот сектор, со што јавната управа би се свела само на оние дејности, кои поради важноста и приоритетноста на поширокиот општествен интерес треба да останат под нејзина капа. Според познатите зборови на Озборн и Геблер, владите треба „да кормиларат, а не да веслаат“. Нивниот аргумент е дека владата е подобра при одредување на општата насока на општеството, отколку што е добра во тековната реализација на тие идеи и според тоа приватизацијата на многуте функции треба да создаде поефективна влада, која ќе испорачува услуги до даночните обврзници по пониска цена (Osborne, D, Gaebler, T, Reinventing Government, Adison Wesley, 1992, стр. 35).

Значи, администрацијата треба да се повлече од областите во кои приватниот сектор нуди поисплатливи и квалитетни услуги. Во овој контекст, треба да се поттикне концептот на јавна администрација, која ќе гарантира понуда на есенцијални услуги за општеството и која ќе нуди социјален баланс, наместо концептот на администрација која само нуди и реализира услуги.

ЗАКЛУЧОК

„Клиентот е најважниот посетител на нашите објекти. Тој не зависи од нас. Ние зависиме од него. Тој не е пречка за нашата работа. Тој е целта на работата. Ние не му вршиме нему услуга со тоа што го опслужуваме. Тој нам ни врши услуга со тоа што ни дава можност тоа да го сториме“. Кога оваа проминентна мисла-водилка на маркантниот Махатма Ганди ќе се врежи во менталната матрица на

административците и ќе претставува патоказ, директива и зацементирана траекторија на движење во нивното работење, ќе можеме со право да констатираме дека се составени коцките на мозаикот на сервисната ориентација.

Служењето сесрдно на граѓаните не треба да биде само декларативна флоскула, постојана мисла и основна догма, туку и света должност на властите на секое ниво и основен критериум во работата на сите службеници. Сервисниот дух мора перманентно да циркулира низ крвотокот на административниот организам, со цел во активностите и одлуките на административците да се демонстрираат фундаменталните и универзалните доблести, како што се: еднаквост, правда, правичност, вистина, достоинство, чест, заедничко добро, одговорност и др.

Современиот и модерен сервисно-ориентиран службеник треба да биде:

- продуктивен и ефикасен;
- емпатичен;
- толерантен;
- сигурен;
- одговорен;
- лојален (што не значи и сервилен);
- позитивно настроен спрема клиентите и нивните потреби и проблеми;
- неутрален во однос на политичките партии;
- инвентивен и снаодлив;
- конструктивно критички настроен;
- куртоазен, и
- флексибилен

БИБЛИОГРАФИЈА

Drucker, Peter, Tha Age of Discontinuity, Harper Torchbooks, New York, 1978, стр.233;

Гризо, Н, Давитковски, Б, Гелевски, С, Павловска-Данева, А, Административно право, Скопје, 2008;

Гризо, Н, Неолибералната концепција на управната реформа, Зборник во чест на Александар Христов, Правен факултет, Скопје, 1996;

Кндева, Е, Публична администрација, Сиела Софија, 2007, стр.494;

Osborne, D, Gaebler, T, Reinventing Government, Adison Wesley, 1992, стр. 35, 113-114, 139, 233, 252-253;

Питерс, Гај, Б, Политика на бирократијата, Компаративен вовед во јавната администрација (превод), Академски печат, Скопје, 2009;

Rosenbloom, David, Public administration and law, New York/Basel, 1982, стр.112;

Savas, E, S, Privatization: The key to better government, Chatman House, Chatman, New Jersey, 1987, стр.136;

Stjepanović, N, Lilić, S, Upravno pravo, opshti deo, Beograd, 1991, стр.145;

Витански, Д, Јавна администрација – состојби, проблеми и предизвици,2012

Витански, Д, Јавна и државна администрација, Скопје, 2014

Шафриц,Ц.М, Расел, Е.В, Борик, К.П, Вовед во јавната администрација(превод), Академски печат Скопје, 2009, стр.440

Користени веб-страни:

Improve the relationship between the administration and citizens, www.oecd.org/datoecd/48/41/1910921.pdf, стр.8

Jiang Xiaohong, Zang Hongyu, Improve the administrative efficiency on civil servant in China, www.seiofbluemountain.com/search/detail.php/id=383,стр.43

Концепт за општински центри за услуги: мисија и улога www.zels.org.mk/Upload/Content/.../ 04CONCEPT%20FOR%20MSC.pdf, стр.8

Making efforts to construct service-oriented government-invest…www.fdi.gov.cn/pub/FDI…/t20071015_85779.htm

http://www.burgerservicenummer.nl/veelgestelde_vragen/english_faq

NIH/OHR-Competencies Dictionary –Service Orientation hr.od.nih.gov/workingatnih/…/core/service.htm

YUAN Gang, YAN Shu-tao, LIU Qiang, A study on the rising of service-oriented government ,www.managers.org.cn/mag/doc/ucman200907/ucman20090702.pdf,стр.9

Center for Legal and Political Research, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of Macedonia

351.74.072.6 (497.7)

MECHANISMS OF EXTERNAL CONTROL OF THE POLICE AND THE MOST EFFECTIVE MODEL FOR REPUBLIC OF MACEDONIA

Avziu Kebir, PHD, State University of Tetovo

e-mail: gebiravziu@gmail.com

Abstract

In all democratic countries, the police is placed in the center and it is the symbol of the country. Surely the police is one of the most important and most visible institution in society and it is responsible for several functions among which the most important is the protection of human rights and freedoms. But in this regard the police is the most controversial institution that according to all indicators it mostly violates human rights. Therefore in all European states it is required to establish mechanisms for controlling the justice, which means that in cases where police officers are investigated for various abuses and unprofessional conduct, the investigation should be conducted by external independent mechanisms that are not part of the government and police. Republc of Macedonia is one of the few European countries where the police is still controlled only by internal mechanisms, because there is not yet established the so-called external mechanisms or external civil control of police. Republc of Macedonia has repeatedly been criticized for inefficient and ineffective investigating because of the involvement of police officers and their police abuses. European institutions consider the idea that police are controlled by themself is absolutely unacceptable, because it allows police to act arbitrary and irresponsible towards citizens, while investigations in such cases are not objective and under various pressures. In this paper will list all external mechanisms that control the police and in particular outline of a story of a new model that would be suitable for Macedonia and other countries.

***Keywords**: Mechanism of External Control, Police, Mechanism of Internal Control, Independent Commision etc.*

Center for Legal and Political Research, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of Macedonia

МЕХАНИЗМИТЕ НА НАДВОРЕШНА КОНТРОЛА НА ПОЛИЦИЈАТА И НАЈЕФЕКТИВНИОТ МОДЕЛ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Вовед

Македонија е ретка демократска држава, каде полицијата се контролира само од внатрешни механзими кои се дел од полицијата и досега земјата не успеала да изгради надворешни независни механизми, како што постојат во другите европски држави. Ние живееме во време кога радикално се менуваат ставовите спрема полицијата, па и према правото воопшто. Како никогаш порано, се прават напори да се инкорпорираат основните механизми за контрола на полицијата, особено кога таа применува сила. Навистина, полицијата е сместена во самиот центар на државата и по природа на работите, таа претставува една од најважна и највидлива институци во општеството. Таа е симбол на државата, но во случаите кога се употребува сила, тогаш таа е најконтраверзниот орган, додека пак законитоста, оправданоста и професионалноста на употребената сила секога е дискутабилна. Затоа, секоја држава која претендира да биде демократска, таа мора во случаите кога полицијата употребува сила (особено огнено оружје), со смртни последици, тешки теелсни повреди, случаи на тортура и сл. покрај постојните внатрешни механизми, во контрола да се вклучат и надворешни независни механизми. Сведоци сме дека денеска повеќе од било когаш се зборува за владењето на правото или правна држава во која максимално ќе се заштитат и почитуваат човековите права и слободи, особено *во предистражна постапка*. И навистина е така, кога човекот се наоѓа пред полициските службеници, несомнено е дека постои потенциална опасност на истиот да му бидат загрозени правата и слободите. Но, и да не постои таква опасност, кога чевокот се наоѓа пред полициските службеници, се јавува на страв, негодување, возбуда и сл. По своја природа полициските постапки се најконтраверзни од целокупната кривична постапка, бидејќи практиката на многу јасен начин покажува дека овој е најкритичниот период, каде лесно може да се загрозат човековото достоинство. Ниеден разумен човек нема да помисли дека приведениот може да биде физички малтретиран од страна на судија, но секој ќе се посомнева во полицискиот службеник, во текот

на предистражна постапка, која се одвива далеку од очите на јавноста и каде полицаецот е доминатна фигура. Така да секое неодговорно однесување на полицијата, може да резултира со нанесување на големи страдања и штети кај граѓаните. Праксата на многу земји на многу очигледен начин, има потврдено дека полиција која не е под строга и ефективна контрола, може да постане опасно оружје во рацете на неодговорните функционери и катализатор на немирите во општеството. Затоа полициските постапки денеска претставуваат најголем *барометар*, во однос на тоа колку е висок степенот на демократија во една држава и колку функционираат демократските принципи, а прашањето за нејзина контрола се наоѓа во центарот на вниманието на сите демократски држави. Во тој поглед, се донесени збир на правила и прописи (закон, правилници, кодекси, декларации) кои во главно бараат службениците на полицијата да бидат чесни и да имат добар однос спрема граѓаните, особено од нив се бара, да не применуваат непотребно средства за присилба. Но се покажало дека само правните и моралните норми, не се доволна гаранција дека полицијата навистина нема да ги пречекори службените овластувања, да употреби повеќе сила од колку е тоа неопходно потребно, а со тоа тешко да ги крши човековите права. Денеска преовладува мислењето дека секоја државна служба која спроведува право, мора постојано да се контролира, дали нејзиното постапување е законито и правилно. Претпоставка за успешно функционирање и правилно постапување е таа да биде под постојан надзор односно да се контролира. Неопходната потреба за контрола на полицијата, за првпат е предвидено во кодексот за однесување на лицата одговорни за примена на законите од страна на ОН (1977).

1. Субјекти на надворешна контрола на полицијата

Денеска во сите демократски држави идејата полицијата да се контролира сама себи е апсолутно неприфатлива. Во сите држави, полицијата е овластена да ги контролира граѓаните и да превзема мерки кога тие не ги политуваат правните норми. Но насекаде се поставува прашањето, кој ќе ги контролира контролорите односно кој ќе ја контролира полицијата?. Затоа, преовладува мислењето дека покрај внатрешна контрола, мора да постојат и надворешни механзими за контрола на полицијата. Надворешна контрола на полицијата се јавува како последица на тоа што заедницата не и верува на полицијата, таа

самата да се грижи за редот во сопствената куќа. Од ова се гледа дека основна причина е *недовербата* спрема овој орган, бидејќи таа лесно може да се трансформира од граѓански сервис, во силен државен апарат. Причините зошто треба да постои надворешна контрола се многубројни, но во главно тие се две : *прво,* да се спроведе независен и објективен надзор над полицијата како би можело да се увери јавноста дека полицијата **не ги крие** неправилностите во својата работа односно полицијата нема што да крие од заедницата на која треба да и служи и *второ* монополот на силата не е доволно да се контролира само од внатрешни механизми, туку неминовно е потребно и надворешни механизми, како би можело да се убеди јавноста дека овој монопол на сила нема да претставува опасност за самата заедница. Надворешната контрола се мисли дека повеќе ја ограничува полицијата да ја злуопотреби својата функција од колку внатрешната контрола, како и тоа дека надворешните механизми влијаат полицијата да биде поодговорна спрема општеството. Надворешните субјекти кои вршат контрола над полицијата се многубројни и тие во главно се делат на формални и неформални механизми.[1] Во формалните механизми се вбројуваат следните органи: Парламентот, Владата, Јавен обвинител, Суд и Народниот правобранител. Додека како неформалните механизми се вбројуваат: медиумите, печатот, разни институти кои вршат анкетирање на граѓаните, невладини асоцијации и сл. За овие неформални надворешни механизми на контрола на полицијата ќе станува збор во некој друг труд.

а. Субјекти на формална надворешна контрола над полицијата

2.1.1 Парламент

Парламентот е највисок државен орган кој покрај многуте функции врши и политичка контрола врз полицијата. Овој орган е единствен кој е во ситуација да ги контролира потезите на владата во однос на полицијата и да реагира на непринципиелните однесувања кои очигледно се обоени со политички мотиви, а кои можат да значат

[1] Истата класификација ја користивме и кај субјектите кои вршат внатрешна контрола.

недозволено мешање на владата во работата на полицијата. Меѓутоа парламентот може да ја контролира полицијата и тоа : 1) со донесување на закон со кој се уредува организацијата, овластувањето и одговорноста на полицијата, закон за воспоставување на правните механизми за контрола на полицијата и сл., 2) преку утврдување на политиката на националната безбедност и водење на расправи за безбедносната состојба и работата на полицијата во заедницата. Обично, тука опозицијата настојува да ги обелодени пропустите на полицијата и евентуално кривичните дела сторени од страна на овој орган, како би можела да создаде една негативна слика за владата, дека ја користи полицијата како инструмент за остварување на политички цели. 3) преку одобрување на буџет за полицијата, 4) избор и разрешување на министер и заменик министер за внатрешни работи како членови на владата, 5) преку поставување на пратенички прашања и интерпелација, 6) формирање на посебни комисии, кои можат да спроведуваат истрага за поедини настани особено кога полицијата ги применува присилните средства (па и прислушкувањето) и кога постои сомневање околу нивната примена, 7) преку основање на постојани институции за контрола на државната администрација (народен правобранител и постојана анкетна комисија, ПАК)[2] и др. Сите овие средства посебно и заедно имаат големо значење кон остварување на контролата врз полицијата. Во однос на субјектите односно механизмите преку кои паралментот може директно да врши контрола над полицијата се : *Постојаната анкетна комисија, Посебни ad hoc комисии, пратеничките прашања и интерпелација.*

2.1.1.1 Постојана анкетна комисија (ПАК)

*С*амиот назив укажува дека оваа комисија е постојано тело на парламентот која е овластена да врши контрола над полицијата. Ова тело е составено од девет члена од собранието, кои имаат и свои заменици. Претседател на оваа комисија обично се избира од опозицијата, додека

[2] Повеќе за улогата на Праламентот во контрола на полицијата види прирачник за пратеници, бр.5. Интерпарламентарна унија и женевскиот центар за демократска контрола над вооружените сили, Скопје 2003 год. Истото може да се види и во www.google.com/женевски центар за контрола демократска контрола на силата/.

мнозинството (6 члена) е резервирано за владејачките партии (или коалицијата), додека 3 за опозицијата.[3] Комисијата има две основни функции : прво ги разгледува прашањата кои се однесуваат на заштита на човековите права и доколку утврдува незаконито постапување (нап. Во полицијата) поведува постапка за утврдување на одговорност на јавниот функционер. Но за да ги извршува овие функции, таа мора да биде снабдена со јасни законски овластувања. Инаку, оваа комисија не може да врши истражни и други судски функции, туку само расправа во врска со човековите права. На крај таа може да дава предлози и мислења. Претставка пред оваа комисија може да поднесе секој граѓанин кој смета дека му се загрозени човековите права. Во нашиот случај ПАК, писмено ќе се обрати до СВКПС и од неа ќе бара да спроведе постапка во врска со наводите содржани во претставката.[4] Сепак практиката досега

[3] Персоналниот состав на оваа комисија, е потврда политичкиот карактер на ПАК.

[4] СВКПС досега неколку пати има спроведено истрага по барање на парламентот, но најинтересен е случајот во 2006 год. кога граѓанин се обратил до ПАК со писмена претставка, во која наведувал дека бил приведен од страна на полицијата во Тетово, каде бил грубо малтретиран и удрен во раката поради што се здобил со тешки телесни повреди-скршеници. СВКПС во врска со овој случај, спроведува детална истрага и констатирал дека лицето кој ја поднел претставката бил приведен ви СВР-Тетово,поради тоа што во видна пијана состојба, дошол со ПМВ пред кругот на СВР-Тетово каде се паркирал, ги отварал вратите и пуштал гласна музика. На ова полицаецот неколку пати го замолил и го предупредил да ја намали музиката, бидејќи е многу гласна и пречи на нормалното работење на вработените (сите граѓани во кругот на СВР кои чекале кај патните исправи, личните карти, возачките дозволи гледале кон возилото). Но граѓанинот упорно ги одбил наредбите на полицаецот. Во меѓувреме дошол и командирот и други старешини, кои исто така долго време (15-20 мин) го замолиле граѓанинот да ја намали музиката. Поради пасивно однесување, е издадена наредба за негово приведување, кој веднаш од како е ставен во објектот барал медицинска помош, поради што истиот веднаш е однесен во болница. Лекарот констатирал дека лицето е во добра здравствена состојба, односно дека нема никакви повреди. Но поради висок крвен притисок истиот е задржан во болница. СВКПС исто така констатира дека над приведениот не е употребена никаква физичка сила освен захватот кој бил основан, оправдан и правилен. Понатаму СВКПС неколку пати го повикувал лицето кој поднел претставка до ПАК, со цел да се обави разговор со истиот и да ги достави лекарските уверенија, но истиот никогаш не дошол.

покажува дека оваа комисија е од чист козметички карактер и досега нема некаков резултат или ефикасност околу заштита на човековите права и контрола на полицијата. Но доколку утврдува незаконитост, може да бара од министерот политичка одговорност или да дава предлог против вработените да се превземат законски мерки на казнување.

2.1.1.2 Посебните ad hoc комисии

Овие комисии обично се формираат кога се работи за некаков настан поврзан со интервенцијата на полицијата, кои привлекуваат големо внимание кај медиумите односно предизвикуваат бурна реакција. Овие комисии се формираат само за поединечни случаеви, и се овластени да го истражуваат конкретниот случај дали се пречекорени службените овластувања, така тие се овластени и имаат право да вршат увид и да ги добиваат сите потребни информации во врска со настанот, да обавуваат разговор со полицајците, со еден збор ги истражуваат сите потребни и значајни околности. По завршување на истрагата, комисијата доставува извештај со што на парламентот му се презентира констатираната состојба. Меѓутоа оваа контрола во практиката се јавува повеќе како формална, од колку суштинска. Тоа е од причина што на членовите на комисијата им недостасува стручно знаење од таа област.

2.1.1.3 Пратенички прашања

Преку оваа институција, секој пратеник има можност да поставува директно прашање пред министерот или неговиот заменик, кој се наоѓа во парламентот, во врска со работата на полицијата, кој пак е должен да одговора на поставените прашања. Пратениците можат да поставуваат прашања и кога не е министерот присутен, во ваков случај министертвото е должно во рок од 30 дена да му достави писмен одговор. Овие прашања имаат за цел да укажуваат на грешките или злоупотребите во полицијата со цел да се привлече вниманието на јавноста. Откако ќе добие одговор, пратеникот на кратко може да го коментира добиениот одговор.

2.1.1.4 Интерпелација

Исто така означува поставување прашање на министерот, но во ваков случај во парламентот се отвара претрес. Поради тоа за поднесување на интерпелација се бара подршка на одреден број на пратеници, во Р.Македоија, интерпелацијата треба да биде поддржана од најмалку 5 пратеници.[5] На крај во парламентот се гласа и можно е министерот да добие недоверба, со што автоматски е разрешен.

2.1.2 Контрола на полицијата од страна на Владата

Од сите формални субјекти кои вршат контрола на работата на полицијата, владата објективно има највлијателна позиција, да ја контролира оваа институција. Ваквата позиција особено е нагласена во тие држави каде полицијата е организирана на национално ниво, каде локалното ниво има мало или воопшто нема ингеренции врз полицијата. Според уставот, владата е носител на извршната власт и како таква таа е овластена директно да извршува контрола на државната администрација, каде спаѓа и полицијата. Таквата контрола владата ја извршува преку следните средства : предлага министер и заменик министер, кои како членови на владата одговараат пред владата за спроведување на владината политика, како и врши надзор над нивната работа, поставува и ги разрешува високите функционери на МВР, како што е директорот на БЈБ и УБК, донесување на подзаконски акти заради извршување на законите, утврдување на начелата за внатрешна организација на полицијата и дава согласност во врска со систематизација на работните места, ги поништува и укинува незаконските управни акти на полицијата (второстепената комисија, определување на смерници за однесување на полицијата и многу други работи. Како што може да се види, владата има големи овластувања и навистина комплетно може да ја контролира работата на полицијата, преку избраните високи функционери**.** Потоа во законот за полиција[6] е

[5] Чл. 72 од Уставот на РМ.

[6] чл.3, таквиот извештај еднаш годишно се доставува и до собранието на РМ.

наведено дека Министерството за Внатрешни работи до Владата доставува писмен извештај за извршените полициски работи најмалку еднаш годишно. Ваквите широки овластувања со право отвараат дилеми дека владата може да ја злоупотребува полицијата.[7] Стравот од можната манипулација со полицијата од страна на владата, историски многу пати е потврден како оправдан.[8] Така владата може да побара од полицијата да постапи незаконито и да извршува одредена задача во нејзин интерес.[9] Во ваков случај се поставува прашањето, како ќе постапи сега министерот? Тој како член на владата, е должен повеќе од било кој да го почитува законот, а никако не, незаконитата наредба на владата, така да Министерот треба сериозно да го предупреди премиерот, дека не смее да извршува незаконити работи. Но доколку владата и понатаму инсистира на извршување на таа задача, тогаш на министерот не му останува ништо друго, освен да поднесе оставка или да превземе законски мерки против владата односно премиерот. Меѓутоа, проблемот се усложнува доколку Министерот не сака да ја изгуби својата позиција како член на владата односно не сака да даде оставка. Во ваков случај проблемот се решава од страна на парламентот (политичка одговорност) или судот до кој најчесто се доаѓа под притисок на јавноста. Политичката одговорност за прв пат се спомнува во Англија кога против министер е поведена постапка пред домот на лордовите, позната импичмент (impeachment).[10]

[7] Историски, постојат безброј примери каде владата ја користи и ја насочува полицијата против сопствените граѓани, барајќи од неа да биде колку е можно по брутална, да нанесува големи болки и страдања кај населението, на кое требало да им служи. Така било во Франција за време на владеење на Луј XIV, за време на Сталин во Советскиот Сојуз, во Албанија за време на владеење на Енвер Хоџа, Камбоџа и многу други држави.

[8] Ферид Мухиќ, Полицијата и Јавноста, научно списание, Безбедност, стр. 182, 1992, бр.2

[9] Интересот на владата не е секогаш и интерес на заедницата, тие можат да бидат сосема различни.

[10]Миодраг Јовичиќ, Демократија и Одговорност, Белград, 2006 год, стр. 216. Првиот импичмент е познат уште во 1376 година, кога постапка е поведена против Министерот Едвард III. Импичментот за последен пат е употребен во 1805 год. Практично овој институт и ден денеска не е укинат, но самиот факт дека повеќе од 150 год. не е применет во Англија, значи дека политичката одговорност пред парламентот ја заменува постапката пред домот на лордовите.

Со воведување на политичката одговорност, практично престанува потребата од импичмент. Инаку кога зборуваме за кривичната одговорност на Министерот, исто така се поставува прашањето за кои дела може да одговара кривично? Кривичните дела, за кои може да одговара министерот во главно се делат во три групи. Во првата група, спаѓаат сите оние дела со кои министерството може да трпи големи штети. Тука станува збор за незаконито постапување на Министерот (финансиски малверзации, склучување на штетен договор) со што министерството трпи големи загуби. Во втората група спаѓаат сите кривични дела, со кои се загрозуваат човековите права и трето сите кривични дела кои можат да се извршуваат независно од својата положба, станува збор за дела кои може да ги извршува и секој граѓанин.[11] Доколку се поставува прашањето, кој ќе спроведе постапка против Министерот кога има основи на сомневање дека ја злоупотребувал службената положба, тогаш одговорот сигурно не е СВКПС, бидејќи оваа служба не само што не е надлежна, туку таа директно е под команда на Министерот, што логично, не е во позиција да спроведува истрага. Во многу држави постојат независни служби кои заедно со јавниот обвинител се во позиција да поведат постапка против министерот. Во практиката повеќе се познати случаевите кога владата до полицијата врши т.н *притисок за ефикасност*[12]со која се бара брза интервенција и превземање на одлучна акција, кога и обично доаѓа до примена на смртоносна сила. Сепак контролата што ја врши владата врз полицијата не е иста во сите држави, така во земјите каде владее англосанксонскиот систем, полицијата е децентрализирана и контролата се врши на локално ниво, така на пример локалниот шериф е надлежен да ја контролира полицијата преку именување и разрешување на шефот на полицијата. Во САД, контролата над сојузните полициски сили (федералната полиција, ФБИ) е во рацете на председателот, кој таквата контрола ја спроведува преку назначување на директорот на оваа

[11] Ибид, стр.218

[12] Притисок за ефикасност, подразбира ситуација каде Владата врши притиоск врз полицијата да превземе одлучна акција и за кратко време да се добијат очекуваните резултати. Таквите барање можат во себе да содржат препораки според кои полицијата може да ги занемари одредени права и да биде послободна во текот на акцијата, односно да искористи поголема доза на сила од дозволеното.

служба.[13] Додека контролата на полицијата во секоја држава одделно ја врши гувернерот. Во Канада контролата на сојузната полиција е доверена на државниот обвинител, додека локалната полиција спаѓа под контролата на извршната власт на секоја провинција. Додека во Континенталниот систем контролата на полицијата обично ја врши Министерот. Но сепак во сите демократски држави и правилата на демократијата бараат независност на полицијата при извршување на својата оперативна функција.[14]

2.1.3 Контрола на полицијата од страна на Јавниот обвинител

Се разбира, каков и да е напредок остварен во СВКПС, сепак клучна улога за контрола над полицијата има Јавниот обвинител, особено со последните измени на законот за кривична постапка.[15] Со овие измени, буквално полицијата (правосудната полиција)[16] многу поблиску се контролира од страна на јавниот обвинител. Јавниот обвинител е носител на функцијата на кривичното гонење, поради што и тесно соработува со правосудната полицијата.[17] Всушност јавниот обвинител и полицијата имаат заедничка задача, а тоа е откривање на кривичното дело и сторителот. Со новиот закон на ЈО, му се дава јасна начелна одговорност, како институција која се грижи за законитоста и заштита на човековите права во предистражната постапка. Во таа смисла

[13] Директор на ФБИ повеќе од 4 децении бил Едгар Хувер (**Edgar Hoover)**

[14] Margaret E. Beare & Tonita Murray, Police and Government Relations, Toronto 2007, стр.187. Оваа книга

(480 стр.) може да се види во www. **Google.books.com** (Control mechanism of police).

[15] Службен весник на РМ, бр.150/2010.

[16] Како правосудна полиција се сметат, полицијата, царината и финансиската полиција кога се

ангажирани и работат под наредба на јавниот обвинител

[17] Стојанов Иванчо, „Јавниот Обвинител како субјект во кривичната постапка„ Годишник на факултетот за безбедност и општествена самозаштита, Скопје, 1988 год. стр.13

јавниот обвинител раководи и ја координира работата на правосдуната полиција, што значи дека ги контролира и другите државни органи кои имаат полицикси овластувања, а не само полицијата. Во извршување на овие задачи, јавното обвинителство има можност да врши контрола над работата на правосудната полицијата, во однос на тоа како овие служби ги спроведува службените овластувања. Така полицијата е должна секогаш да го запознава јавниот обвинител, за мерките и активностите кои треба да ги превземе, а воедно добива и согласнот и мислење. Во давање на наредби, совети, согласност и препораки, јавниот обвинител воедно е во ситуација да врши превентивно влијание врз полицијата, со тоа што со може да ја ограничува нејзината евентуална незаконита работа. Меѓутоа во практиката и покрај големите овластувања што ги има јавниот обвинител, околу давање на наредби, сепак тој само виртуално може да ја контролира полицијата бидејќи тој не учествува скоро никогаш во полициксите постапки, каде и се пречекоруваат овластувањата. Така да вистинската контрола, јавниот обвинител може да ја врши дури од како полицијата ќе ја достави кривична пријава и доказниот материјал. Тогаш е во позиција да врши контрола и тоа само на квалитетот на полициското работење, да ги оценува доказите и нивната сила за понатамошна постапка, а не и начинот како тие се собрани. Доколку констатира дека одредени докази се прибавени на незаконит начин, (присилно земање на изјава, употреба на тортура, понижувачко однесување и др) тој е должен да поведе кривична постапка против полицајците, што е мала веројатност и навистина ретко може да се случи. Тоа е од причина што во практиката јавниот обвинител, секогаш се става на страна на полицијата и ги штити нивните интереси наспроти интересите на заштита на човековите права.[18] И во случаите кога ЈО, констатира незаконито работење или неквалитетно работење, тој предметот го враќа повторно ја во МВР и бара тие да

[18] Внатрешната контрола на ЈО, се спроведува од страна на вишото Јавно Обвинителство, но и тука се поставува прашањето за објективноста на извршената контрола, со оглед на тоа што контролата се извршува од служба која се наоѓа во рамките на истата организација. Надворешната контрола од страна на Судот, ги ремети поделбата на функциите во правосудството, наведено според Момчило Грубач ; - Načelo legaliteta u krivično procesnom pravu SFRJ; - "Jugoslovenska revija za kriminologiju i krivično pravo", бр. 3, 1988, год. стр. 86.

вршат истрага во однос на овие наводи, наместо сам да спроведе детална истрага во случате каде има индиции за полициски злоупотреби. Оваа практика е спротивна со барањата на КПТ и ЕСЧП.[19]

Во почетокот кога зборувавме за полицијата, спомнавме дека таа е симбол на државната моќ, односно симбол на власта. Со закон полицијата има одредена автономија, но сепак таа е директно зависна од актуелната политичка власт, додека јавното обвинителство, ужива поголема независност и е по самостојна од владата, а исто така таа не е ни толку блиска со власта, како што е полицијата.[20] Затоа, јавнио обвинител е во директна можност да врши притисок врз полицијата да превземе мерки и активности, кои можат да бидат директно на штета на власта. Во ваков случај полицијата мора да постапи по наредбите и инструкциите добиени од обвинителството, а не од власта. Тоа се случаите кога се работи за лица кои имаат политичка моќ, кои за полицијата се недопирливи и беспрекорни, но не и за јавниот обвинител.[21] Законот за јавно обвинителство, предвидува автоматска контрола над полицијата и тоа секогаш кога ќе се употребува присилба или огнено оружје, кои завршиле со сериозни последици. Сепак, и во вакви случаи веројатноста за психистрасна истрага на јавниот обвинител е голема бидејќи тие (полицијата), се ангажирани по негова наредба и со негово знаење. Така да и во вакви случаи, кога од страна на полицијата е употребено сила со смртни последици или тешки телесни повреди, истиот наредил истрагата да ја врши СВКПС, кои на крај доставиле извештај за законитоста, оправданоста и професионалноста на употребаната сила.[22]

[19] Види CPT's 14th General Report, paragraphs 25-42, цит. според група на експерти од РМ, кои работат на трудот „предлог механизам за зајакнување на надворешната контрола на органите за спроведување на законот, стр.9, 2007 год. Скопје

[20] И тука не може да се зборува за некаква потполна независност, бидејќи Државниот ЈО, се избира по предлог на Владата.

[21] Јован Цириќ, Јавни Тужиоци и њихова улога у успостављању владавине права, Београд, 2006, стр. 58.

[22] Повеќе за Јавното Обвинителство кон контрола на полицијата (модели, овластувања, комеративен приказ) види книга на група македонски автори под

2.2.4 Контрола на полицијата од страна на Судот

Судството се вбројува во надворешните субјекти кои исто така секојдневно вршат контрола на полицијата. Таквата контрола судот ја врши преку судијата на претходната постапка кој е овластен да дава налог за лишување од слобода, налог за вршење на претрес, налог за употреба за употреба на посебните истражни мерки (ПИМ мерки)[23] и др. Потоа судот е должен да врши проверка дали се почитувани човековите права во полициската постапка, дали на приведениот му се дадени сите права, да проверува законитоста на времето поминато (задржан) во полицијата, да обавува разговор со приведениот и да добие информации за можна полициска тортура, бруталност, нехумано постапување, понижување и сл. Обично осомничените кога излегуваат пред суд, имаат навика да се жалат против полициските постапки. (на пример наведуваат дека биле принудени да дадат признание, дека биле малтретирани, дека не им е дадено правото на адвокат и сл). Судот исто така суди и по однос на кривичните дека (па и прекршоците) сторени од страна на работниците на полицијата. Многу е битно особено во земјите на транзиција да се прекине со практиката каде полицајците биле привилегирана група, односно спаѓале во т.н *круг на неказнуваните*[24] така да судот е орган, кој мора да ја прекине оваа практика и припадниците на полицијата да одговараат кривично во сите случаи на кршење на кривичниот закон.

Покрај кривичните и прекршочните постапки, пред суд се водат и сите управни спорови кои можат да настанат помеѓу граѓанинот и управните служби во полицијата. Така да граѓанинот доколку не е задоволен од решението добиено од управните служби, тој има право да поднесе жалба до второстепената комисја при влада на РМ, а потоа да

наслов „Предлог механизмите за надворешната контрола на лицата одговорни за спроведување на законот„ 2007 год, Скопје.

[23] Чл.256 од ЗКП на РМ.

[24] Neild, R., Themes and Debates IN Publik Security Reform : Amanual for civil society : External controls, Washington, DC:WOLA, 2000, P.6, наведено според Др- Б.Милосављевиќ, Граѓански надзор на полицијата, стр. 50.

поднесе и тужба пред управен суд на РМ. Овој вид на контрола има за цел да го штити граѓанинот од незаконити поединечни акти на државната управа. Покрај кривичен, прекршочен и управен суд, значајна улога кон контрола на полицијата, има и граѓански постапки против полицијата пред надлежен суд. Граѓанските постапки против полицијата, обично се водат со цел граѓанинот да може да се обесштетува поради неосновано или незаконито лишување од слобода од страна на полицијата.[25] Ова право е познато скоро во сите демократски држави, но тоа особено се почитува во земјите кои имаат долга традиција на демократијата. Така се изнесува податок дека во New York во периодот помеѓу 1987-1992 год, судот на граѓаните кои незаконито или неосновано биле лишувани од слобода, им исплатил сума од 50 милиони долари, што во просек значи 400 долари за секој вработен полицаец во оваа држава.[26] Истата пракса се применува и во Англија, каде судовите се склони кон обесштетување на големи суми на пари на граѓаните, кои биле жртви на полицијата. Така во март 1996 год. поради незаконито лишување од слобода, државата платила сума во износ од 220 илјади фунти, а во април истата година судот на еден граѓанин му доделил рекордни 302 илјади фунти, поради самоволно и недозволено однесување на полицијата. Во двата случаи делата ги сториле припадниците на метрополитот (Скотланд Јард).[27] Не треба да заборавиме дека покрај националните судови, контрола на полицијата во РМ (и во сите други Европски држави, кои се членки на советот на

[25] Во ЗКП, Глава XXXII, се регулира постапка за надомест на штета, рехабилитација и за остварување на други права на лица неоправдано осудени **и неосновано или незаконито лишувани од слобода.** Интересен е фактот што лицето кое е лишено од слобода од страна на полиција, веднаш после неговото ослободување има право на надомест на штета, се разбира ако тоа било незаконито или неоправдано**.** Но доколку подоцна против него се одредува притвор тогаш, приведениот го губи правото на надомест. (чл. 188 од ЗКП) Тоа со други зборови значи дека незаконитото или неоправданото лишување од слобода, може да стане законито ако се одреди притвор**.**

[26] Chevingy, P, The Edge of the Knife, p.101, наведено според Б.Милосавлјевиќ, Граѓа...., стр. 51

[27] Benke, M, and others, Developing civilian oversight of the Hungarian police: project report and Recommendations, mart 1997, Europian Commisions, Phare democracy, p.77. наведено според Б.Милосављевиќ, Граѓа....., стр.52

Европа) може да врши и Европскиот суд за човекови права.[28] Практиката на овој суд навистина е многу богата во оваа насока.[29] Досега пред овој суд, голем број на граѓани имаат поднесено претставки против сопствените национални држави.[30] Потоа улогата на судот особено во земјите каде владее англосанксонскиот систем, (САД) е многу значајна, бидејќи таму судската практика е извор на правото, па така со прецедентно право се создаваат нови правила кои се обврзувачки за полицијата. Така на пример Американскиот врховен суд 1966 (Miranda Case) утврдил дека изјавата дадена од осомничен пред полициските службеници, без претходно истиот да биде целосно запознат со сите права кои се загарантирани во предистражната постапка, нема никаква доказна вредност. Ова правило од тогаш станува задолжително при секое приведување или лишување од слобода. Досега неколку пати спомнавме дека една од најбитните постулати на правната држава е почитувањето на човековите права, а тоа е можно само доколку полициската власт постојано се контролира.

[28] За да може граѓанинот да се обрати пред Европскиот суд за човекови права, претходно мора да бидат исполнети неколку услови и тоа :

а) да се искористени сите внатрешни механизми во националната држава,

б) претставката да се поднесе во рок од 6 месеци, од денот на донесување на правосилно решение,

ц) претставката не смее да биде анонимна

д) да не е поднесена слична претставка, која не содри нови релевантни факти. За повеќе, прочитај го водичот „допуштеност на жалби пред Европски суд за човекови права, издадена од информативниот центар за граѓанско општество„ Скопје,1999 и Водич низ постапката пред Европскиот суд за човекови права, Скопје, 2000.

[29] За повеќе, прочитај ја книгата на Марек Антонио Новицки, KAMIENIE MILOWE, издаден од советот на Европа, 2001, год. Оваа книга е водич за практиката на европскиот суд за човекови права, е многу интересна и навистина содржи голем број на случаеи каде детално е прикажан начинот како судот ги решавал овие предмети.Инаку авторот бил судија на овој суд.

[30] Против РМ, досега неколку граѓани имаат поднесено жалба пред овој суд. Така се познати случајот Јашар против Македонија,

2.2.5 Народен правобранител

Народниот правобранител или Омбудсманот, е позната институција скоро во секоја демократска држава. Со тоа што во некои земји Омбудсманот може да биде од општа надлежност, со заменик одговорен за работата на полицијата (како што е кај нас), додека во некои земји е познато и функционирањето на посебен омбудсман т.н полицискиот Омбудсман (Р.Ирска). Омбудсманот за прв пат е основан во Шведска, (1809) [31] и во превод значи претставник на народот, чија основна функција е да ги штити граѓаните од државните институции. Со воведување на омбудсманот Македонија се приклучува на Европските држави каде веќе одамна функционира оваа институција.[32]Омбудсманот претставува јавна инстиутуција каде секој граѓанин може да дојде и слободно да поднесе претставки против сите вработени во државни и јавни институции. Поради тоа некои автори, сметаат дека оваа институција претставува четврта гранка на власта, која е надлежна за контрола и ограничување на другите гранки на државната власт.[33] Некои пак сметаат дека оваа институција е место каде секој граѓанин може слободно да се жали, против државните органи.[34] Според дефиницијата на меѓународниот институт за омбудсман, Народен правобранител претставува институција основана со устав или закон, на чие чело стои

[31] Во тоа време во шведска владеел кралот, кај кого биле сконцентрирани сите гранки на државната власт, поради што се барало да се формира една институција која би била независна од кралот, а нејзина задача би била таа институција би била да обезбеди и почитува законот. За повеќе види во http://.wikipedia.org/wiki/Parliamantary_Ombudsman („*general remarks*“).

[32] Во уставот на РМ, народниот правобранител е предвиден уште во првиот устав 1991 год., но својата функција почна да ја остварува со донесување на првиот закон за Народниот правобранител 1997 год. Со уставните измени во 2001 год, се предвидени широки и зголемени надлежности кои беа имплементирани во законот за народниот правобранител од 2003 год.

[33] Проф.Др. Walter Kälin, Омбудсман, упоредна искуства Србија, БИХ и Швајцарска, 2007 год, Београд.стр.7. Авторот е професор на правниот факултет во Берн, и раководел со експертниот тим од Босна и Србија, на проектот Локален омбудсман на Швајцарски-Српски. Истиоит е и експерт на обединетите наци.

[34] Warner Moser, омбудсман на градот Цирих, 2002, наведено според Walter Kälin, стр.7.

независен висок јавен функционер, кој е одговорен пред законодавното тело односно пред парламентот. Неговата надлежност е примање на претставки од оштетените лица и спроведување на истрага, тој дава препораки за корекција и изготвува извештај.[35] Според трети пак, омбудсман е јавен службеник, кој е именуван од страна на законодавната власт кој има овластување да прима жалби од граѓани и да спроведува истрага против актите на администрацијата.[36] Една развиена дефиниција за омбудсман, која прецизно ги изнесува сите битни својства е таа што ја дава канадскиот професор D.Rovetu,[37] според кого треба да се земат во предвид три значајни критериуми: прво, омбудсман е независен и непристрасен функционер на законодавниот дом, чие постоење е регулирано со устав или закон, а кој врши надзор над управата, второ, оваа институција е надлежна директно да прима претставки од граѓаните и да спроведува постапка против административните неправди или лошата администрација, и трето таа е овластена да ги критикува постапувањето на државните органи, но не и да ги поништи управните акти. Според гореизнесеното битно е тоа што Омбудсманот, како државен орган е независен од извршната власт. Владата нема никакви овластувања кон оваа институција, таа не може да дава упатства, наредби или да укажува како треба да работи омбудсманот. Навистина доколку омбудсман би бил владин орган, тогаш тој секогаш би ризикувал да изгуби работа, доколку би работел против интересите на владините институции. Од друга страна тоа би довело до губење и на кредибилитет во очите на граѓаните. Грубо речено овој критериум, омбудсманот го разликуваат од интерните управни инстанци кои исто така се надлежни за примање на претставки, како што е внатрешна контрола во полицијата. Тајната на успешноста на оваа институција не се состои само во нејзината независност, туку како што забележува професор С.Лилиќ, [38]омбудсманот е успешен поради тоа што

[35] ибид, стр.8.

[36] Др-Богољуб Милосављевиќ, Омбудсман, заштитник граѓана, Београд, 2001, стр. 15

[37] Ибид, стр, 16

[38] За повеќе види Стеван Лилиќ, Омбудсман упоредна искуства Србија, БИХ и Швајцарска, 2007 год, Београд, стр. 25

граѓанинот може бесплатно и едноставно да се жали против државната администрација. Основна карактеристика по што омбудсманот се разликува од суд е тоа што овој орган не е врзан за стриктни процесни правила што инаку е во склад со природата на оваа институција.[39] Според препораките на Советот на Европа, омбудсманот не смее да се организира само на национално ниво, туку и на регионално и локално ниво. Истите препораки[40] до земјите на советот на Европа ги упатува и конгресот на локалните и регионалните власти, (2003,CLRAE) затоа што искуството на некои земји покажа дека функционирањето на омбудсманот на локално ниво многу позитивно делува кон намалување на јазот помеѓу граѓанинот и државата. Во Европа денеска се познати два типа на омбудсмани, земјите каде омбудсманот се јавува како директен бранител на граѓанинот, воедно одигра улога на тужител на органите на власта (нпр. Македонија), додека во некои земји, омбудсманот е неутрален и се јавува во улога на судија, но без можност за донесување на одлука. Двата вида на омбудсмани, имаат задача да ги штитат граѓаните од прекршоците сторени од страна на државната управа (полицијата). Се поставуваа прашањето кој интензитет треба да го има прекршокот за да се активира омбудсманот? Дали омбудсманот е овластен да се бави со сите противречности кои можат да настанат помеѓу граѓанинот и полицијата, без оглед на интензитетот на прекршокот или пак таквата институција треба да се активира само кога се во прашање човековите права, а не и другите видови на злоупотреба. Во врска со ова прашање исто така постои разлика помеѓу државите, во западноевропските држави, обично омбудсманот е овластен за сите видови злоупотреби, додека во земјите на источна и југоисточна европа омбудсманот само за заштита на човековите права. Оваа концептуална разлика може да се објасни со фазата на транзиција во која се наоѓаат овие земји, како и поради нивната историја.[41] Омбудсманот не е овластен да ги менува одлуките на управните органи, тој евентуално

[39] Миодраг Јовичиќ, Демократија и Одговорност, Белград, 2006 год. стр.74

[40] Препораките на Советот на Европа во врска со Омбудсманот, достапни се на следната интернет адреса http://www.coe.int/t/e/legal_affairs/legal_cooperation/Rec_Res/Recommendation (85)13.asp.

[41] Dimitris Christopoulos, Институција омбудсмана во југоисточна европа, Атина, 2003, str. 7, наведено според ,Walter Kälin, Омбудсман, упоредна искуства Србија, БИХ, Швајцарска, 2007 год, Београд.стр 14.

може да побара да се одложи извршувањето на таа спорна одлука, инаку тој е овластен да врши инспекција, да му предложи на парламентот измена на некој закон и да се обраќа на парламантот или на граѓаните кога не се почитуваат неговите препораки од страна на управните органи. Во Р. Македонија, народниот правобранител е овластен да ги штити правата на граѓаните во случај на загрозување од страна на управните и судските органи. Како заштитник на граѓаните Омбудсманот е независна и самостојна институција. Овој заштитник на граѓаните, не може да биде повикуван на одговорност поради изнесените мислења, ставови, критики и предлозите кои ги поднел вршејќи ја својата функција, меѓутоа омбудсманот не може да дава изјави од политичка природа. Омбудсманот е должен да ги почитува и да постапува во рамките на уставот, законите и другите прописи, како и ратификуваните меѓународни договори и општоприфатени правила на меѓународното право. Вршејќи ја својата функција предвидени се големи овластувања, така, законот му дозволува на народниот правобранител да врши увид во сите органи, организации и установи во кои слободата на движење е ограничена. Овој орган може да врши посета на просториите каде се задржуваат (притворуват) лицата без претходна најава, со тие лица да обавува разговор, додека сите органи се должни на омбудсманот да му доставуваат докази, објаснувања и информации и тоа во рок од 8 дена. Во случаевите кога Народниот правобранител ќе констатира дека се повредени правата на подносителот на претставката, (чл.22 од законот за Народниот правобранител) може да поднесе барање до надлежните институции за дисциплинска постапка или до јавното обвнителство за да се гони кривично сторителот. Од гореспоменатите овластувања, може да се заклучи дека омбудсманот кај нас може да врши некаков вид на инспекција на полициските објекти и евентуално да разговара со приведените лица, но не може да врши истрага во однос на полициските злоупотреби. Според тоа произлегува дека омбудсманот од општа надлежност не е специјализирано тело за вршење на контрола на полицијата. Така во практиката омбудсманот според расположивата структура е принуден да бара истрагата да спроведе специјализирано тело на полицијата за вршење на контрола, како што е СВКПС. Погоре наведовме дека надворешната контролата може да биде успешна само ако таа се надополнува со внатрешната контрола. Но во Р. Македонија таквата соработка била на незадоволително ниво и тоа се до 2007 година. До овој период

Народниот Правобранител повеќе пати се обратил до МВР поточно до СВКПС и побарал писмено да му бидат доставени одредени информации во врска со одредени сомнителни случаеви за употреба на тортура, полициска бруталност и др, кое нешто било одбиено под образложение дека таквите информации претставуваат класифицирани и не можат да се дадат на друга институција. Според мислењето на Народниот правобранител, таквиот однос претставувал директен атак врз оваа институција а од друга страна влијаел оваа институција да не ги остварува своите законски функции, а сето тоа допринело кон забавување на развојот на демократијата. Таквиот негаторски однос спрема оваа институција продолжил се до 2007 година, кога радикално се менувало сфаќањето и однесувањето на СВКПС, спрема оваа институција. Така да денеска оваа соработка е многу добра и скоро во сите случаи на омбудсманот се одговара позитивно и навреме се доставуваат сите извештаи и други побарани документи.

1.3.2 Граѓански асоцијации (невладини организации)

Рековме дека граѓаните имаат право против полицијата да поднесуваат претставки. Ова право е познато скоро во сите демократски држави и е гарантирано не само со националното право, туку и со меѓународните стандарди. Граѓаните кои поднесуваат претставки или ја критикуваат полицијата, не смеат да бидат предмет на прогон или да трпат било какви последици или да бидат изложени на репресивни полициски мерки. Во поголем број на полициски системи, кога граѓанин ќе поднесе претставка, тие се решават интерно, но во испитувањето на наводите во претставките се вклучуваат и граѓански асоцијации. Овие тенденции се поддржани и од страна на Европскиот полициски кодекс 2001. Денеска во Македонија не постои независно граѓанско тело за надзор на работата на полицијата, туку постојат неколку невладини граѓански асоцијации, кои во главно се основани со цел да ги штитат и унапредуваат граѓанските права. Така во период од 2004-2005 година под покровителство на ОБСЕ, пет НВО започна проект за заштита на човековите права од страна на полицијата, познато како „Сите за правично судење“. Овие НВО имале задача да ги следат жалбите од граѓани против полицијата и да им дават правна помош особено жртвите

на полициската бруталност.[42] Во РМ, не постојат граѓански тела како формални механизми кои ќе примат претставки од граѓаните против полицијата, што сметаме дека е недостаток во развивање на демократијата во државата. Скоро во сите демократски земји, граѓанскиот сектор претставува значаен столб и константен набљудувач на заштита на човековите права т.н "watchdoog". Основна идеја на која почива граѓанската контрола, се состои во тоа што самите граѓани учествуваат и се вклучуваат во процесот на испитување на претставките против полицијата. Ова идеа се оправдува како и целокупната надворешна контрола со фактот дека полицијата е затворен систем која по природа на работите е склона кон прикривање на своите грешки. Демократичноста на граѓанската контрола се состои во тоа што граѓаните стануваат субјект на формална контрола и на тој начин на секој граѓанин му се дава шанса неговиот случај да се испитува на коректен начин. Во државите каде се формирани овие граѓански тела за контрола на полицијата, е дојдено до една крупна новина, бидејќи со тоа граѓаните директно се вклучуваат во дисциплината на својата полиција и стануваат сериозен субјект за контрола на полицијата. Од другата страна работата на полицијата, станува потранспарентна и поблиска до јавноста. Овие граѓански тела се познати во Англија, САД, Австралија, Канада и др.[43] Во Европските држави многу малку се забележуваат вакви тела, така овие држави контролата на полицијата и ја препуштат на самата полиција, со тоа што постојат независни тела (надворешни) за контрола на полицијата. Во државите каде се воведени вакви граѓански тела за контрола на полицијата, тие немаат ист модел и се познати под разни имиња, некаде се нарекуваат комитети а некаде одбори, комисии, совети, независни надзорници и сл. Според составот овие тела можат да

[42] Овие НВО низ проектот, заклучиле дека граѓаните не се задоволни и жалат на постапките по поднесување на претставка. Тие изнесувале според нив се многу сложени, заплашувачки, бавни, фрустрирачки, скапи и неуспешни. Исто така од нивна страна е прикажано бројка дека во нивните евиденци за период 2004-2005 година се регистрирани повеќе од 100 случаеви на употреба на физичка сила од страна на полицијата (види проект за подршка на човековите права 2004-2005 година). Навистина не е јасно од каде се земени овие бројки (100) кога во евиденците на СВКПС за овој период (2004-2005) вкупно се регистрирани 148 претставки за употреба на физичка сила.

[43] Police Complainst Authority, The 2002-2003 Annual Report, London, 2003, p.108.

бидат *мешовити* (полицајци и граѓани) или *чисто граѓански* (каде нема учество на полицијаци). Кога се избираат членовите на овие мешовити тела, тогаш припадниците на полицијата ги предлага полицијата, додека членовите од граѓанскиот дел се избира од страна на локалната власт. За избор на граѓани, за членови на овие тела влијание може да имаат и невладините организаци кои се основани заради заштита на човековите права.[44] Овие членови имат мандат и обично трае од 3-5 години. Тие се избират со хонорарен ангажман но услов е да имаат одредени познавања од областа на заштита на човековите права или полициското работење. Инаку според овластувањата кои можат да ги имат овие граѓански тела се разликуваат 4 модели и тоа **: а) во првиот тип** се групират сите граѓански тела, кои непосредно се овластени да обавуваат разговор со граѓаните, да примат претставки и самостојно да спроведуваат истрага, без учество на вработени од полицијата. Во овие тела се ангажират граѓани кои порано работеле во полицијата, јавните обвинителства, суд и сличнии инспекции, со оглед на потребната стручност и искуство за спроведување на истрага. Овие тела се овластени да ги собират сите материални докази, да обавуваат разговори со сите лица кои можат да се јавуваат во улога на сведок, вклучувајќи ги и полицајците, потоа овластени се да вршат увид во службената документација, службените простори и др. На крај резултатите од истрагата ги доставуваат до началникот на полицијата со предлог мерки, кои е должен да постапи по истите. Во спротивно може да биде обвинет за злоупотреба на службена положба. Според ова може да се види дека овие тела ги имат сите надлежности кои ги има и внатрешната контрола. **б) во вториот тип,** улогата на овие граѓанските тела, се сведува само на примање на претставки, додека истите немаат овластувања да спроведуваат истрага.

[44] На пример, Њујоршкиот одбор за надзор над решавање на жалбите на граѓаните основан 1987 *(*Civilian Complaint Review Board), имал 12 члена од кои пола полицајци а пола од редовите на граѓаните. Граѓаните ги именувал градоначалникот додкеа полицајците шефот на полицијата. Но од 1993 година е сменет составот на овој одбор и денеска е составен само од граѓани. Во САД функционират повеќе од 90 вакви одбори и тие се различно регулирани. Во Англија, со донесување на зконот за полиција и доказите во кривичната постапка (1984) воведена е управа за испитување на жалбите на работата на полицијата (Police Complaints Authority – PCA). 2004 год. изменета е со ново тело позната како **независна комисија за жалбите на граѓаните на работата на полицијата** (Independent Police Complaints Commission – IPCC).

Така да од како се примат претставките, тие се препраќат до полицијата, да таа спроведува истрага**.** По завршување на истрагата полицијата писмено го информира граѓанското тело за резултатите од истрагата. **ц) третиот тип**, се однесува на граѓанските тела кои не се вклучуваат од почеток во истрагата, туку накнадно, по потреба. До нивен ангажман доаѓа доколку граѓанинот кој поднел претставка до внатрешната контрола во полицијата, не е задоволен со резултатите од истрагата односно смета дека тие се необјективни. Во ваков случај граѓанинот може да се јави кај овие комисии, кои по анализирање на доказите и релевантине околности, можат самостојно да спроведуват истрага или да барат од полицијата таа повторно да спроведе истрага, давајќи инструикции во кои насоки треба да се ориентира истрагата и на кои прашања треба јасно да се даде одговор. Од ова може да се види дека овие граѓански тела имат *корективна улога* или се јавуваат како резервна заштита на граѓанинот, доколку не е задоволен со одговорот на внатрешната контрола во полицијата. Во случаите кога членовите на комисијата сметат дека е потребно да се води посебна истрага, тогаш ги имат сите овластувања. Инаку за тешките дела каде е употребена сила со смртонсони последици, овие тела обавезно учествуваат во истрагата, зашто полицијата по службена должност веднаш после настанот ги информира за да учествуваат во истрагата. **д) четвртиот тип,** е најмалку познат и неговата улога се сведува само на општ надзор на полицијата. Овие тела периодично вршат увид во полициската документација и да даде совет на полицијата како да се подобрат истрагите за заштита на човековите права.[45]

Заклучоци и препораки

Досега во РМ се предложени во главно три столба за надворешна контрола на полицијата. Една група на автори (Гордан, К., Неда, К., Воислав Г., и др) се залагат механизмите за контрола на полицијата да се инкорпорират во јавното обвинителство. Овие автори го земат во предвид, моделот на Р.Словенија, каде во рамките на јавното

[45] Ова типологија е земена од Американскиот автор, Семјул Вокер, Police Accountability: The Role of Citizen Oversight, достапна на **www. The Role of Citizen Oversight.com**

обвинителство, функционира специјализиран оддел за откривање на кривичните дела извршени од страна на полициските службеници. Овој специјализиран оддел е сочинет од двајца државни обвинители и еден помошник државен обвинител, на кои им помагат и одередн број полициски службеници (10) кои се обучени за брзо детектирање на полициските злоупотреби. Овие полициски службеници додека ја извршуваат ова задача (6 години), се под надлежност и одговорни пред државниот обвинител. Втора група на автори (Уранија, П., Николчо Л., и др.), се залагат механизмите за контрола на полицијата да се инкорпорират во Народниот Правобранител. така согласно со конценцијата против тортура на ОН и факултативниот протокол, во Р.Македонија (2011) е формиран национален превентивен механизам. Но со досегашното работење, овој механизам непокажал никаква ефикасност ниту ефективнсот во откривање на полициските злоупотреби. Овој механизам може да побара одредени информаци од полицијата во врска со некои истраги за полициски злоупотреби, но неможе да учествува во внатрешните истраги спроведени од страна на секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди. Тоа и објективно не е можно бидејќи овој механизам не само што не е оперативен орган, туку за цела територија на Р.Македонија има само двајца вработени.

Третиот столб односно третата група на автори (Јанкуловски, З., Авзиу Ќ., Зафировски В.,) се залагат за создавање на независна комисија.[46] Ова комисија е во согласност со препораките на Советот на Европа (CoE Rec (2001)10), со кои се бара јакнење на

[46] Сметаме дека формиање на Независна Комисија е во согласност со прирачникот на ОН (протоколот од Минесота) е најдобра варијанта. Надворешната контрола да се пропушти на Јавниот Обвинител според мое мислење не е прифатлива, бидејќи и покрај законски гаранции дека ова институција е независна сепак самиот начин на избор на Јавниот Обвинител на РМ, не дава многу гаранции дека ова институција нема да ги штити полициските службеници, кога истите ќе применуваат сила со смртни последици или тешки теелсни повреди. Покрај ова со новите измени на ЗКП, јавниот обвинител многу ќе се збилижи со полициските службеници и се разбира дека поради пријателски и колегијални врски, на работата на полицијата често пати ќе гледа кроз прсти. Има уште многу други причини кои укажуваат дека јавниот обвинител неможе да ја контролира работата на полицијата, кога таа ќе примени сила.

институционалниот систем за ефикасно спроведување на истраги. Ова комисија би била оставена од неколку члена (5-8) кои се експерти од областа на криминалистиката и кривичното право во опште, а кои имат огромно искуство од полициското работење. Членовите на комисијата би биле независни од Владата и МВР и нивниот мандат би било 5 години. Независната комисијата со закон треба да ги има следните овластувања:

- Да спроведува истрага заедно со советниците на СВКПС, во сите случаи на употреба на сила и огнено оружје од страна на полициксите службеници, при што настанувале смртни последици или телесни повреди. Истрагата треба да утврди точни околности околу законитоста, професионалноста и оправданоста на употребената сила.

- Да спроведува истрага во сите случаи на кои постои основи на сомневање за тортура или нечовечко постапување.

Во вакви случаи припадниците на МВР се должни да ги информират членовите на комисијата без чије учество неможе да се спроведува истрага. Со истрагата раковадат членовите на независнтата комисија, кои потреба, можат да ангажира и експерт од одредена област, (судска медицина, балистика, ДНК, и сл.). Независната комисијата, би ги имала сите овластувања што ги има и СВКПС. Доколу утврдуваат кривична одговорност, комисијата (или СВКПС) доставува кривична пријава до јавниот обвинител. Покрај тоа, комисијата на крај на истрагата секогаш ќе му се обрати на јавноста преку средствата за јавно информирање во всрка со резултатите од истрагата, како и доказите врз основа на кои јасно се гледа исходот на истрагата. Исто така мислам дека покрај независната комисија, во македонија треба да се создават и т.н Локални Комитети. Овие комитети ќе бидат создадени од секоја општина каде има полициски станици од прв степен. Локалните комитети би ги сочинувале граѓани од тоа подрачје, кои се занимат со заштита на човекови права или се пензионирани полициски службеници или лица кои воопште работеле во спроведување на законот. (судтсво, јавно обвинителство и сл.). Овие комитети можат да бидат и од мешовит карактер, (граѓани и полициски службеници) но секогаш би надвладувале граѓаните (60%). Локалните комитети би имале

овластување да примат претставки од страна на граѓаните, за лошото (неетичко) полициско постапување. По ова, комитетот претставката ја праќа до деташираниот советник на СВКПС од тоа подрачје, и се бара да спроведува истрага во врска со наводите изнесени во претставката. Советникот на СВКПС, по прием на претставката е должен да спроведува истрага (која не сме да биде подолга од 30 дена) и на крај е должен да доставува извештај до локалниот комитет. Доколку членовите на локалниот комитет не се согласат со резултатите од спроведена истрага, можат да до повикат советникот и да му ги предочат забелешките кој е должен да постапи по тие. На крај, советникот неможе да ја затвори истрагата се додека не зема писмена согласност од страна на локалниот комитет. Исто така предлагам, да во случаите кога од употребената полициска сила при што се предизвикуваат смртни последици или тешки телесни повреди, во истрагата спроведена од СВКПС и независната комисија, да земат учество и претседателот на локалниот комитет од тоа подрчаје како и еден член на семјетсвото на загинатиот или повредениот. Со овој во Р.Македонија, буквално ќе се воведе модел на граѓанска контрола над полицијата. Со тоа полицијата ќе биде по транспарентна и побилска до граѓаните. Таа сигурно дека во својата работа ќе биде по објективна и по отчетна према граѓаните. Тоа сигурно ќе придонесе за стекнување на доверба помеѓу полицијата и граѓаните. Со оглед на фактот што што независната комисија е независно и самостојно тело за надворешна контрола на полицијата, членовите на ова комисија треба да ги избира собранието со 2/3 мнозинство, при што треба да се почитува Бадинтеровиот принцип. Иако комисијата се избира од парламентот, сепак таа нема да биде собраниско тело ниту пак орган контролиран од владата или претседателот. Но сигурно дека комисијата треба да биде отчетна пред собранието и граѓаните. Со оглед на тоа дека Р.Македонија е мала земја и економски недоволно развиена, членовите на комисјата нема да имат професионален статус на вработени лица, туку тие се именувани лица, кои ќе се ангажират по потреба зависно од настаните за кои е овластена комсија. Но мора со закон да се обезбедуваат принципите за непристрасност, компетентност, независност, професионалност и др. Значи работата на комисија би се регулирало со закон, така да законот би го регулирал овластувањата на комисијата, финансирањето, критериумите за избор на членовите на комисијата, нивниот мандат и должина на истиот, разрешување на членовите, начинот на донесување

на одлучи, постапка за спроведување на истрага, односите со СВКПС и сл.

Литература

АРНАУДОВСКИ Љупчо, СТОЈАНОВСКИ Трпе, ТАФЧИЕВСКА Дијана, *Полициско работење во мултиетничка средина:*Прирачник (второ доплнето издание) Скопје, 2003;

BEVAN Vaughan, Lidistone Ken, : *The Investigation of Crime: A guide to Police Powers*, London, 1991;

BABOVIĆ Budimir, *Policija i ljudska prava*, Beograd, 2000;

DUNHAM Roger, ALPERT Geoffrey : *Critical Issues in policing, Contemporary Readings*, Ilinois, 1989;

ЗАФИРОВСКИ Воислав, *Задржување на лица во полициска постапка*, Македонска ревија за казнено право и криминологија, , бр.1-2, Скопје, 2002;

ЗАФИРОВСКИ Воислав, ЈАНКУЛОВСКИ Звонимир, *Полициските овластувања и човековите права во Р.Македонија*, Скопје, 2009.

КАЛАЏИЕВ Гордан, *Полицијата и човековите права*, Прирачник за полициска обука, Хелсиншки комитет за човекови права на Р.Македонија, Скопје, 2003.

СТОЈАНОВСКИ Трпе: Полициска етика и деонтологија, Скопје, 2006

СТОЈАНОВСКИ Трпе: Полицисјата во демократско општество, Скопје, 1997

СТОЈАНОВСКИ Трпе : Полицијата, стручноста и професионалноста, Македонска ревија за казнено право и криминологија, , бр.1-2, Скопје, 1996.

355.58 (497.7)

ПОТРЕБАТА ОД ЕДИНСТВЕН СИСТЕМ ЗА ЦИВИЛНА ЗАШТИТА ВО МАКЕДОНИЈА

Д-р Драган Веселинов, Регионален центар за управување со кризи-Штип, Македонија,

e-mail: dragan_veselinov@yahoo.com

Апстракт

Појавата на опасностите и загрозувањата независно дали се предизвикани од страна на човекот или пак се дело на природата влијаат врз опстанокот и просперитетот на целокупната цивилизација. Како одговор односно овозможување на соодветна заштита и спасување на луѓето, растенијата, животните и материјалните добра се создаваат разни механизми и апарати кои обединети го претставуваат системот за цивилна заштита. Во Македонија денес цивилна заштита е претставена преку два паралени система (заштита и спасување и управување со кризи) со преклопување на своите задачи и цели со што е доведено во прашање нејзиното функционирање. Поради тоа неопходно е нивно обединување и создавање на соодветен и единствен систем за цивилна заштита со цел за соочување со денешните опасности и загрозувања.

Клучни зборови: *цивилна заштита, заштита и спасување, управување со кризи, систем.*

Вовед

Се позачестената изложеност на населението и материјалните добра во Македонија од појавата на разни видови опасности и загрозувања, а посебно од елементарните непогоди ја наметнува неопходноста од цивилната заштита. Поради нејзината комплексност во извршувањето на своите цели и задачи како во секое општество така и во нашето претставува систем кој овозможува соодветна заштита и

спасување на населението и материјалните добра. Меѓутоа ситуацијата со денешната цивилна заштита во Македонија е поинаква во однос на тоа што била претходно и е доведено во прашање нејзината функционалност и способност за извршување на своите цели и задачи. Со појавата на системот за управување со кризи и системот за заштита и спасување а врз основа на нивна анализа во делот на функционирањето и поставеноста се согледува на едно преклопување на своите ингеренции со што доаѓа до проблем во делот на превенцијата и справувањето со ризиците и опасностите. Појавата на ваквите проблеми ја прави цивилната заштита немоќна во заштита и спасувањето на населението и материјалните добра во државата кои веќе ги чувствуваат и трпат последиците од се почестата појава на елементарните непогоди. Поради сето ова неопходно е решение со кое би се создал единствен систем за цивилна заштита а со тоа и соодветен и унифициран механизам за одговор при појава на разни видови опасности и загрозувања. Така со согледување на недостатоците и проблемите со кои денес се соочува цивилната заштита, како и нивно отстранување и решавање би се постигнало потребното и соодветно ниво на нејзината функционалност и ефикасност.

Цивилната заштита во Македонија од 1991 до 2005 година

Низ историјата човекот како индивидуа но и како колектив се бранел и заштитувал од секви видови на опасности (елементарни непогоди, воени и сл.). За таа цел создавал разни видови на одбранбени и заштитни механизми и системи. На тој начин успевал да се заштити и спаси но и да ја зачува средината во која живеел.

Република Македонија по нејзиното осамостојување во 1991 година за заштита и спасување на населението и материјалните добра од разни видови на опасности имаше систем за цивилна заштита. Всушност овој систем беше наследен од претходниот кој функционираше во рамките на федерацијата Југославија во чиј состав влегуваше и Македонија. Тој претходен систем на цивилна заштита се градеше и усовршуваше повеќе од четири децении. Пред распадот на федерацијата беше воспоставен и на некој начин функционираше во секој сегмент на општественото уредување. Со тоа беа задоволени потребите за заштита и спасување на населението и материјалните добра.

Таквиот систем наследен во Република Македонија на почетокот на деведесетите години почна да функционира. Покрај тоа имаше и обиди за него доусовршување, реформирање и стандардизирање се со цел како би ги следел современите ризици и опасности и би се прилагодил за соодветна одбрана и заштита на населението и материјалните добра од истите.

Цивилната заштита функционираше како дел од одбраната. Институционално беше во рамките на Министерствот за одбрана на ниво на сектор и покрај на централно се организираше и на локално ниво на отсеци и реферати во подрачни единици ширум земјата. Подоцна во 2001 година цивилната заштита од ниво на сектор се трансформирала во Одделение кое беше во рамките на Секторот за цивилна одбрана и кризен менаџмент за по две години подоцна односно во 2003 пак да се врати на ниво на Сектор.

Како дел од поимот цивилна заштита, во Центарот за набљудување известување и тревожење работите се одвиваа исто. И тој претставувал дел од одбраната и се наоѓал во рамките на Министерството за одбрана. Во вршењето на својата функција за набљудување и известување од сите видови на опасности во мир и војна тие соработувале со армијата, со Републичкиот хидрометеролошки завод, Македонија пат, и други служби како на централно така и на локално ниво.[1] Поради тоа вакви служби имало ширум земјата со цел како би се покрила целата територија на Македонија. Една од основните фукнции на оваа служба претставувало и тревожењето на населението во случај на непосредна опасност од било каков вид. За таа цел се користеле средства за тревожење односно сирени. И во оваа служба се превземале мерки и активност за негова доизградба и модернизација за што поефикасно и посоодветно извршување на своите задачи.

Овие елементи кои претставувале дел од одбраната и нивното функционирање и организирање во рамките на Министерството за одбрана го означувало и формирало поимно системот за цивилна заштита. Сето ова овозможувало непречена, навремена и рационална соработка што овозможувало компатибилност и компетентност на тој систем во справувањето со опасностите во услови на војна и мир. Покрај тоа формирањето на еден единствен систем на цивилна заштита со

[1] Кузев Стојан, Цивилна одбрана, НИП, Ѓурѓа, Скопје, 1996, стр.167 и 168.

негово функционирање и раководење под еден ресор т.е. Министерството за одбрана претставувало и соодветна оперативност во извршувањето на своите задачи и цели.

Меѓутоа како последица од негативните искуства во конфликтот од 2001 година во делот на координацијата на силите и средствата, но и појавата на современи видови на опасности како и честата појава на елементарни непогоди се случуваат одредени промени во делот на цивилната заштита.

Цивилната заштита од 2005 година до денес (заштитата и спасувањето и управувањето со кризи)

Во 2005 година се формираат Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи кои претставувале самостојни органи на државната управа. Всушност овие институции настануваат со трансформација и спојување од претходни кои биле во склоп на министерствата за одбрана и внатрешни работи. Некогашниот центар за набљудување, известување и тревожење станува Центар за управување со кризи. Дирекцијата за заштита и спасување пак настанува со спојување на цивилната заштита од Министерството за одбрана и инспекцијата за заштита од пожари од Министерството за внатрешни работи.[2] И покрај ова сепак во овие институции односно во нивните задачи и цели како и во функционирањето и организирањето имало одредени промени во однос на претходните од кои е настаната трансформацијата. Сите тие промени биле утврдени во законите за управување со кризи и за заштита и спасување.

Создавањето на овие институции кои го претставувале новиот поим на цивилна заштита создадена со цел да одговори на современите и зачестени појави на опасности претставува и создавање на свои системи на функционирање. Тие два система на функционирање биле Системот за управување со кризи и Системот за заштита и спасување.

Со Системот за управување со кризи се врши превенција, рано предупредување и справување со кризи кои претставуваат ризик за добрата и здравјето и животот на луѓето и животните кои се настанати од разни опасности во услови на војна и мир кои директно го

[2] http://dzs.gov.mk/node.aspx?id=1

загрозуваат уставниот поредок и безбедноста на Република Македонија или на дел од нејзината територија.[3] Овој систем врши прибирање на информации, нејзина анализа и процена како и ги утврдува целите и задачите во спроведувањето на превенцијата, раното предупредување и справувањето со кризите.

Покрај органите на државната власт и органите на државната управата Системот за управување со кризи го сочинуваат и вооружените сили, силите за заштита и спасување, органите на општините и градот Скопје.

Во рамките на овој систем може да учествуваат и јавните претпријатија, установи и служби, трговските друштва, невладините и хуманитарните организации, граѓански здруженија и сл.

Сите овие претходно наведени учесници во овој систем имаат утврдено надлежности и обврски за учество во превенцијата, раното предупредување и справувањето со кризите согласно законот за управување со кризи.

Меѓутоа главната организација и функција во системот ја имаат основните органи и тела како што се Управувачкиот комитет, Групата за проценка и Центарот за управување со кризи.

Управувачкиот комитет претставува тело на Владата кое ја врши координацијата и управувањето со ситемот во чиј состав спаѓаат министрите за внатрешни работи, здравство, транспорт и врски, одбрана, надворешни работи како и раководителот на Групата за проценка. Со ова тело раководи лице од неговиот состав во зависност од видот на кризната состојба. Така доколку има појава на епидемии тоа е министерот за здравство, појава на терористички напад тоа е министерот за внатрешни работи итн.

Како Управувачкиот комитет така и Групата за проценка претставува тело на Владата и врши постојана процена на ризиците и опасностите по безбедноста на Републиката.[4] Таа предлага мерки и активности се со цел за вршење превенција, рано предупредување и справување со кризи. Групата ја сочинуваат директорите на Бирото за јавна безбедност, Управата за безбедност и контраразузнавање, Агенцијата за разузнавање, директорите и замениците директори на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување,

[3] Член 1 од Законот за управување со кризи

[4] Митревска Марина, Кризен менаџмент, Скопје 2008, стр.148.

заменикот на началникот на Генералштабот на Армијата и раководителот на военото разузнавање.[5]

Центарот за управување со кризи како самостоен орган на државната управа претставува носител на вкупната поддршка (стручна, организациона, административна и друга) на Управувачкиот комитет и на Групата за процена. Тој покрај меѓуресорската и меѓународната соработка изработува единствена процена на ризици им опасности, предлага мерки и активности и други работи за потребите на системот за управување со кризи, прибира информации, врши тревожење на населението во случај на појава на одредена опасност и др. Во раководењето со активностите за превенција и справување со кризи при центарот се формира Главен штаб кој бил сочинет од претставици на Управувачкиот комитет и Групата за процена.

Како на централно така и на локално ниво се организирани центри за управување со кризи. Во општините низ Македонија се формирани регионални центри кои своите задачи и цели ги обавуваат на територијата на која функционираат.

Покрај овие органи и тела за потребите на Системот за управување со кризи во превенцијата, раното предупредување и справувањето со кризи учествуваат и други органи на државната управа, експерти и сл.

Откривањето и спречувањето на настанување како и отстранување на последиците од разни видови на опасности во услови на мир и војна кои ги загрозуваат животите и здравјето на луѓето како и загрозување на добрата било цел и задача на Системот за заштита и спасување.

Во организирањето и спроведувањето на заштитата и спасувањето односно во овој систем се вклучуваат и државните органи и органите на државната управа, општините, јавните претпријатија, установи и служби, трговски друштва, невладини организации, здруженија на граѓани и силите за заштита и спасување.[6]

Овој Систем за потребите на заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра врши набљудување, откривање и следење на разни видови опасности, вршење на обуки и едукација на населението, спроведување на мерки за заштита и спасување, спречување и во случај

[5] Член 18 од Законот за управување со кризи
[6] Член 4 од Законот за заштита и спасување.

на појава справување и отстранување на последиците од појавата на опасностите и сл. Исто така се изработувало и планови за заштита и спасување на населението и материјалните добра од разни видови на опасности.

Учеството во заштитата и спасувањето на државните органи, претпријатијата, установите, општините, граѓаните и сл. е утврдено со законот за заштита и спасување.

Меѓутоа во извршувањето на работите во заштитата и спасувањето главен удел има Дирекцијата за заштита и спасување која и раководи со истите. За раководење со заштитата и спасувањето во Дирекцијата се формира Главен штаб кој претставува оперативно-стручно тело на Владата. Овој штаб го сочинуваат лица именувани од Владата.

Како и кај Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување покрај на централно се организира на локално ниво. Така подрачни организациони единици за заштита и спасување го опфаќаат регионот за подрачјето за кое се формирани.

Во спроведувањето на спасувачките акции учествуваат силите за заштита и спасување. Овие сили се формираат како републички и просторни.

Републичките сили ги формира Републиката и тие дејствуваат во подрачјата на определен број на општини, кои според своите природни географски карактеристики претставуваат заокружена целина.[7] Просторните сили пак се формираат за дејствување на подрачјето на општината, а ги формираат единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.[8] Во составот на силите за заштита и спасување покрај вработените во Дирекцијата влегувале и тимовите и територијалните професионални противпожарни единици.

Покрај својот постојан состав има и резервен состав кој го сочинуваат воените обврзници во резерва доколку не се ангажирани во Армијата на Република Македонија и граѓаните кои имаат должност за учество во овие сили.

Во Системот за заштита и спасување Дирекцијата која претставува единствен оперативен владин орган располага со одредени специјализирани материјално-технички средства и опрема како и

[7] http://www.dzs.gov.mk/news.aspx?newid=88
[8] Ibid.

специјализирани човечки ресурси со кои во случај на појава на разни опасности би се справиле со истите односно би пружиле заштита и спасување на населението и материјалните добра.

Проблеми во цивилната заштита (појавата на два паралелни системи)

Од 2005 година системот на цивилната заштита се трансформира односно го заменија системите за управување со кризи и заштита и спасување. Со тоа се појавија два система кој од претходното нивно опишување и анализирање може да се увиде на преклопување во повеќе делови од нивното функционирање, организирање, цели и задачи. Така со мешањето на своите должности се добива конфузија во остварувањето на заштитата и спасувањето. Немањето на единствено раководно тело и ставањето на сопствен примат во него на секој од двата системи се усложнува и губи рационалноста во оперативноста и операбилноста во остварувањето на соодветна заштита и спасување на населението и материјалните добра во Републиката. Отсуството на комуникација и координација помеѓу двете институции и системи се одразуваше и во носењето на голем број законски и подзаконски акти кои се од интерес на заштитата и безбедноста од разни видови на опасности на национално ниво. На овој голем проблем се надоврзува и немањето на доволен и соодветен кадар посебно во силите за заштита и спасување, застарената и недоволна опрема и средства, немањето меѓуресорска соработка во прибирањето на информациите и податоците како и недоволната координација на силите и средствата посебно во случај на појава на одредена опасност. Таквите проблеми излегоа на површина во кризата со пожарите кој ја зафатија Република Македонија во 2007 година но и во наредните години потоа при појава на разни природни непогоди од кои беа зафатени одредени региони во Македонија. Така за време на кризната состојба летото 2007 година се појавуваа проблеми со функционалноста и оперативноста во управувањето со опасностите од пожарите а воедно и со заштитата и спасувањето од истите. Информациите помеѓу овие институции за време на кризата не беа доставувани навремено и уредно посебно оние каде имаше потреба од сили и средства за дејствување односно за справување

со пожарите.[9] Целата ситуација беше отежната поради недостаток на сили (посебен проблем претставуваше и старосната структура) и соодветна опрема за гаснење пожар (противпожарни возила, апарати за гаснење пожар, канадери, хелихоптери, чизми, соодветна облека и маски). Покрај тоа и повеќето од луѓето иако беа спремни да учествуваат во гаснењето на пожарите поради недостаток на соодветна обука и опрема не можеа да помогнат. Неопходна беше и потребата од странска помош која пристигна од Австрија, Словенија, Хрватска и Турција.[10] Вакви пробелми во справувањето со пожарите продолжија и до денес. Македонија во овој период претрпе големи штети посебно на шумскиот фонд. Покрај ова животите на многу луѓе беа загрозени. Имаше и случаеви со трагичен епилог како што беше оној во јули 2012 година во близина на Струмица каде животот го загубија луѓе при гаснење на пожарот.

Како со пожарите така и со поплавите кои ја погодија Македонија во изминатиот период со излевањето на надојдените води од речните текови како последица од поројните дождови и наглото топење на снегот предизвикаа штети и проблеми на населението. Одредени делови од земјата кои беа погодени со поплавите односно населението во нив тешко се справуваше со истите пред се поради немањето помош од надлежните органи пред се соодветни сили и средства за таа намена. Надоврзувајќи го на сето ова и недоволната соработка и координација помеѓу двата система и институции само ги потврдуваат проблемите во заштитата и спасувањето кои постојат.

Проблеми се појавуваа и во делот на превентивните мерки односно во трката помеѓу двата система за превземање на тие надлежности. Со тоа наместо единство помеѓу овие системи се појави ривалство на сметка на спроведувањето ефикасна заштита и спасување и менаџирање со кризите. Така во периодот од нивното формирање па се до 2011 година постоеше натпреварување во превземањето на акциите за чистење на речните корита. Со тоа требаше да се спречат појавите на полави при поројни дождови и наглото топење на снеговите. Меѓутоа и ова не беше спроведено целосно и сето тоа на штета на превентивата од тие појави.

[9] Државен завод за статистика-ревизорски наод од областа на заштитата од пожари во РМ за перод 2007-2009

[10] Центар за управување со кризи

Како дел од цивилната заштита моментален проблем претставува и јавното тревожењето на населението во случај на појава на одредена опасност. Овој дел моментално се наоѓа во рамките на Системот за управување со кризи. Целата состојба се отежнува со недоволното функционирањето на јавното тревожење односно на сирените кои претставуваат основни средства за таа намена. Така од вкупно 263 евидентирани сирени, 113 се нефункционални или 42,96%.[11]

Неучеството на населението во справувањето со последиците настанати као резултат на појавата на елементарните непогоди само повеќе ја отежнуваа заштита и спасувањето. Сето тоа се должи на паднатиот граѓански морал односно на ниското ниво на граѓанска етика во цивилната заштита. За ваквиот пристап на населението придонес имаат и институциите на цивилната заштита пред се со неовозможувањето на нивни соодветни обуки и вежби но и слабите законски одредби во тој дел.

Резиме

Практичните искуства во периодот од формирањето на овие два система и нивните институции па се до денес покажаа за проблемите во нивното функционирање. Така неминовна е потребата од нивна трансформација во единствен систем на цивилна заштита во кој менаџментот со кризи и заштитата и спасувањето во рамките на тој систем би функционирале под едно раководство. Дел од сето ова ќе претставува и опремувањето со софистицирани опрема и материјално технички средства како и континуираниот развој на човечките ресурси преку обука и вежбовни активности. Преку вршењето на обуки и вежби на работоспособното население а со претходно изработени планови на цивилната заштита ќе се зголеми ефикасноста и функционалноста на системот како во превенцијата така и во справувањето со опасностите и загрозувањата.

Со формирањето на единствен орган од двете институции и единствен систем од двата система во рамки на нов ресор или пак на веќе постоечки како што е одбраната би се решил воопшто проблемот со

[11] Ibid.

цивилната заштита а посебно во делот на координацијата со субјектите. Кооперативноста и координацијата со сите субјекти во тој единствен систем на цивилна заштита ќе овозможило навремена и рационална заштита и спасување. Така покрај остварувањето на позитивните оперативни ефекти би се одразило и позитивно врз финансиските ефекти. Сето ова не само што ги надминува двојните структури и непотребните издатоци туку и воспоставува единствена командно-штабна структура со која би се ефикасно менаџирало со разните видови на опасности како и би се овозможила соодветна заштита и спасување на населението и материјаните добра во Македонија.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Кузев Стојан, Цивилна одбрана, НИП, Ѓурѓа, Скопје, 1996

http://dzs.gov.mk

Законот за управување со кризи

Митревска Марина, Кризен менаџмент, Скопје 2008

Законот за заштита и спасување

Државен завод за статистика-ревизорски наод од областа на заштитата од пожари во РМ за перод 2007-2009

Центар за управување со кризи

Center for Legal and Political Research, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of Macedonia

005.953.2

КВАЛИТЕТНО РЕГРУТИРАЊЕ НА КАДРИ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА УСПЕШНО РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ

М-р Слаџана Стефанова, Економски факултет, Универзитет "Гоце Делчев" Штип, e-mail: slagana.stefanova@ugd.edu.mk

Проф. д-р Трајко Мицески, Економски факултет, Универзитет "Гоце Делчев" Штип, e-mail: trajko.miceski@ugd.edu.mk

Апстракт

Денес организациите работејќи под силен притисок од окружувањето и самите стеикхолдери се соочени со предизвикот за остварување на високи добивки со оптимални вложувања во ресурси. Притоа, може да се тргне во погрешна насока доколку човечките ресурси се третираат на ист начин како и останатите ресурси. Човечките ресурси не се само најзначаен ресурс на една организација, туку и најскап и најпроблематичен ресурс и затоа за нив треба да се покажува највисок степен на внимание и интерес.Во време на постојани промени, рецесии и висока конкурентност, секој организациски субјект мора да ги преземе сите активности со цел да го избере најсоодветниот работник за работното место кое го нуди. Во тој поглед правилното регрутирање како круцијален фактор на менаџментот на човечки ресурси има најголемо влијание врз перформансите на една организација. Всушност самото регрутирање влијае врз целокупните резултати на организацијата, бидејќи од квалитетот на вработените зависи квалитетот на работењето на организацијата. Во трудот, табеларно и графички, се прикажани резултатите од направеното истражување за процесот на регрутирање, спроведено во повеќе претпријатија, кои покажуваат дека не се користат адекватни критериуми при регрутирањето и не спроведува сеопфатна регрутација.

Клучни зборови: *човечки ресурси, менаџмент, кадри, стеикхолдери, регрутација, конкурентска способност, перформанси*

Вовед

Основна задача и функција на менаџментот на човечки ресурси претставува расположливоста со работна сила која е основа на секое претпријатието. Така, еден од најважните предизвици на менаџерот за човечки ресурси претставува пронаоѓање на способни работници со кои ќе се пополнат слободните работни места. Оваа функција претставува многу повеќе од обично вработување. Сите регрутери вршат објава на огласи за работни места со точно наведени услови во него, без отстапки, и бараат исполнување на наведните услови, а со тоа прават и сопствена база на податоци за потенцијалните кандидати. Регрутацијата на соодветен апликант за работа може да го детерминира успехот на бизнисот, затоа организациите се во постојана конкуренција за најважниот ресурс: *квалификуван и добро запознаен со работата, кадар*.

Во практиката се користат повеќе методи за вработување вклучувајќи повеќе стандардизирани чекори кои треба да бидат разбирливи не само за работодавецот и за менаџерот на човечки ресурси, туку за сите воопшто.

Некои луѓе го користат поимот регрутација наместо вработување.[1]Регрутацијата е само еден чекор во вкупниот процес на вработување, но во самиот центар на вниманието. Во време кога во фокусот на повеќето организации е ефикасно и ефективно водење на организацијата, регрутирањето на вистинската личност за таа работа е врвен приоритет ако организациите претендираат да бидат успешни. Една успешна организација треба да биде во можност да ги ангажира најквалификуваните кадри по конкурентна цена.

Процес на регрутација

Регрутацијата овде да ја дефинираме како процес на утврдување, барање и привлекување кандидати чии лични особини,

[1] Mahapatro, B.Bhusan (2010). *Human resource management*, New Age International(P) Ltd.Pubishers, New Delhi, 63

способности и вештини ги задоволуваат потребите на моментално испразнетите работни места или потребите за идните работни места. Накратко, тоа е процес на привлекување на вистинските луѓе во вистинско време на вистинското место. Процесот на регрутација претставува комплексна целина од активности и постапки со кои ќе се пронајдат потенцијалните кандидати за пополнување на слободните работни места. Овој процес се состои од две групи активности: подготвителни активности - со кои се создава основата за успешно регрутирање на кадри и активности поврзани со непосредно извршување на регрутирањето, а тоа се активности поврзани со примање на барањата за слободните работни места, анализа на барањата и дефиниција на работното место и, секако, изборот на извори на регрутација[2].

Не постои единствен став во врска со чекорите кои го сочинуваат процесот на регрутација. Сепак, како главни чекори во процесот на регрутацијата ги наведуваме следниве[3]:

- Идентификување на потребата од кадри за работното место;
- Започнување постапка за пополнување на работното место;
- Собирање биографски податоци;
- Прелиминарна селекција на кандидатите;
- Регрутациско интервју за работа;
- Понуда за конкурирање за работа.

Идентификување на потребата на кадри за работното место е најважен елемент во процесот на регрутирање бидејќи треба да се дизајнира работниот профил за што е потребно усогласување меѓу линиските менаџери и менаџерите од секторот на човечки ресурси. Исто така, се постигнува усогласеност во врска со профилот на идеалниот кандидат за работното место и вештините и компетенциите кои се од

[2] Бојаџиоски, д-р Димитар. (2009). *Менаџмент на човечки ресурси*, Економски факултет, Скопје,стр. 100

[3] Human Resources Management Advice. Main Recruitment Process Steps.(2008). Преземено на 13.01. 2011 г. http://hrmadvice.com/hrmadvice/hr-processes/recruitment-and-selection/recruitment-process-design-and-development/main-recruitment-process-steps.html

суштинско значење. Собраните информации се користат во останатите чекори од процесот на регрутација.

Започнување постапка за пополнување на работното место е генерално работа на регрутерите од секторот на човечки ресурси. Способниот и искусен регрутер одлучува за миксот на извори на регрутирање со цел наоѓање на најдобрите кандидати за слободните работни места. Ова е уште еден клучен чекор во процесот на регрутација.

Следен чекор е **собирање на биографските податоци и нивна прелиминарна селекција**. Овој чекор зазема важно место денес, бидејќи многу организации губат доста време токму на него.

Регрутациското интервју е главниот чекор во процесот на регрутација кој треба да биде добро дизајниран и да постои согласност меѓу линиските менаџери и секторот за човечки ресурси. Регрутациското интервју треба да го открие кандидатот кој ги исполнува условите и најдобро одговара на организационата култура и соодветната организациона единица[4].

Понудата за конкурирање за работа е последниот чекор кој е направен од страна на секторот за човечки ресурси со кој апликантот добива понуда да конкурира за работа во организацијата.

Доколку огранизацијата има намера да привлече *вработени на долг рок*, тогаш процесот на регрутација треба да минува низ следниве фази[5]:

- Да се разбере регрутацијата;
- Анализа на новоотвореното работно место;
- Барање на вистинската личност;
- Прибирање основни информации;
- Регрутационо интервју;
- Презентирање на профилите на менаџментот;
- Регрутерот како продавач.

[4] Compton, L. Robert, Nankervis, Alan & Morrissey, William. (2009).*Effective recruipment and selection practices*. 5 *th* Edition, CCH Australia Limited, pp. 95

[5]Darshan J Shah.(2011). 7 Steps For Right and Effective Recruitment Article. Преземено на 01.02.2011г. http://ezinearticles.com/?7-Steps-For-Right-and-Effective-Recruitment&id=2306546

Прво треба да се осигураме дека добро сме ја *разбрале регрутацијата*[6]. Не само што треба да ги разбереме техничките барања, туку и целокупната околина и ситуација околу слободните работни места. Се поставуваат прашања, како на пример, зошто слободното работно место е токму таму, дали станува збор за новокреирано работно место или замена. Ако е замена, тогаш се открива поради која причина претходниот вработен го напуштил работното место, се префрлил на друго место или е унапреден.

Откако добро ќе се разбере регрутирањето треба да се *анализира самото окружување на новото работно место*, односно тимот кој работи околу него. Треба да се испланира големината на самиот тим. На пример, ако големината на тимот во кој треба да биде вклучен новиот вработен е 10 луѓе, а тој претходно не работел во таков тим тогаш нема лесно да се прилагоди. Има луѓе кои добро работат само во мали тимови и такви кои се вистински професионалци и работат исклучиво во големи тимови. Таков е случајот со менаџерските и лидерски позиции. Ако се обидеме да ангажираме кандидат кој претходно водел тим од 100 вработени, а сегашната задача му е да биде лидер на 10 луѓе тој веројатно нема да биде задоволен и нема да се прилагоди на окружувањето. Исто така, треба да се утврди со какви личности треба да работи потенцијалниот кандидат, кој е неговиот одговорен, какво однесување има истиот и др. Во најголем број случаи, истражувањата покажале дека најлесно се напушта работата токму поради претпоставените.

После анализирањето на претходните два чекора време е да *се бара вистинската личност* за слободното работно место. Доколку кандидатот ги поседува потребните технички вештини и ги исполнува горенаведените два критериуми, тогаш можеме да го повикаме на интервју. Висината на платата е важен критериум, па затоа секогаш треба да знаеме што очекува кандидат и што ние можеме да понудиме.

На многу регрутери им е бесмислено да *собираат основни податоци* за кандидатите и токму тоа им е погрешен чекор. Основните информации како место на раѓање, моментално место на живеење, семејно потекло, брачен статус, хоби и слично, може да направи голема

[6] Mahapatro,B.Bhusan (2010). *Human resource management,* New Age International (P) Ltd.Pubishers, New Delhi, pp 63

разлика во изборот[7]. Тоа се детали што може да им помогнат на регрутерите да ја откријат моменталната ситуација на кандидатот, неговите ставови, неговите скриени таленти и вештини и многу повеќе. На пример, ако станува збор за кандидат од женски пол кој неодамна се омажил логично е да се очекува дека наскоро ќе бара породилно отсуство што не е добро за организацијата. Ако имаме кандидат кој, пак, бара работа далеку од родното место, треба да имаме предвид дека доколку му се укаже добра прилика таму, тој ќе замине од нашата огранизација. Или пак, ако знаеме кое хоби го има кандидатот можеме да откриеме нешто повеќе за неговото однесување. Ако станува збор за лице кое било фудбалер, значи станува збор за тимски играч; или ако кандидатот бил тенисер тој можеби ќе сака да работи независно итн.

За време на регрутационото интервју освен конкретните прашања кои се поставуваат, треба да се земат предвид и други фактори. Тоа не се прашања туку, на некој начин, навестувања до кои можеме да дојдеме за време на интервјуто[8]:

- говор на телото;
- израз на лицето;
- начин на зборување;
- поглед.

Мошне важно е како регрутерот ќе ги *презентира избраните профил*и на кандидатите на менаџментот и дали ќе настапи само со еден избран или со неколку предлози. Но, секогаш е подобро да се настапи со неколку предлози за кандидати на кои треба да им се даде понуда да конкурираат на конкретното работно место. За менаџерите е најдобро кога им се остава да изберат меѓу три до четири предлози за една конкретна позиција.

Регрутерот на некој начин е продавач на слободното работно место. Тој, всушност го продава слободното работно место на вистинскиот кандидат и вистинскиот кандидат на менаџерите кои ја носат конечната одлука. Потоа следува период на следење на

[7] Armstrong, Michael (1999). *A Handbook of human resource management practice. 7th* Edition, Kogan Page Limited, USA, pp 367

[8] Elearn training company (2005). Management Extra. *Recruitment and Selection*. Published by Elsevier Ltd, Oxford. pp 96

нововработените, но се препорачува следење и на оние кои се одбиени за да се оцени ефикасноста на самиот процес на регрутација[9].

Организирањето и водењето на процесот на регрутација воопшто не е лесна и едноставна работа и бара многу време и ресурси, а содржи и многу интерактивни односи меѓу сите учесници во овој процес. Создавањето на логичен и структуриран процес на регрутација бара исцрпно и сеопфатно ангажирање, посебно ако се земе предвид фактот дека живееме во информатичка ера каде секојдневно се менуваат методите и техниките на регрутација. Секој чекор, односно фаза, бара исцрпна анализа и посебно внимание и мошне важно е да напоменеме дека редоследот на фазите секогаш треба да биде почитуван. Не смееме да занемариме ниту една од нив доколку сакаме регрутациониот процес да ги даде очекуваните резултати. Секоја успешно спроведена претходна фаза е предуслов за успешност на наредната. Значи, успешноста на еден процес на регрутација зависи од успехот на сите поединечни фази. Доколку на само една од нив не посветиме доволно време и ресурси, ќе изостане вкупниот успех на процесот на регрутација.

Фактори и прашања кои влијаат на процесот на регрутација

Една организација мора да земе предвид многу фактори и прашања за да биде успешна во своите напори околу процесот на регрутација[10]. Природата на активностите во врска со регрутирањето треба да бидат усогласени со стратегијата и филозофијата на организацијата како и со други важни фактори, репутацијата и окружувањето кои влијаат на регрутирањето. Следуваат неколку фактори и прашања кои имаат влијание на успехот на регрутацијата.

Репутација на организацијата. Еден од најважните фактори кој влијае на успехот на регрутацијата е репутацијата на организцијата. Доколку постои негативна слика за организацијата тоа може да влијае така што на пример, во базата на квалификувани кандидати нема да се

[9] Мицески, д-р Трајче (2009). *Менаџмент на човечки ресурси* – интерен авторизиран материјал. Економски факултет,Штип, стр. 43

[10] Kleynhans, R. , Markham, L., Mayer, W. & S van Aswegen. (2006). *Human resource management,* Fresh Perspectives, Maskey Miller longman Ltd. Cape Town, pp 83

наоѓаат оние најдобрите кандидати и тие нема да сакаат да бидат дел од таа организација. Најчесто, добрата реклама и одржувањето добри односи со јавноста може да влијае врз мислењето на околината и да ја зголеми довербата во организацијата. Значи, имиџот на организацијата може да биде потенцијал за посакуваност или потенцијална бариера[11]. Ако тој е на ниско ниво, тогаш и способноста за привлекување на квалитетни кадри ќе биде на пониско ниво и обратно. На пример, доколку еден кандидат има негативно мислење за организацијата затоа што таа ја загадува животната средина или бидејќи нуди неквалитетни производи или услуги или затоа што не обезбедува добри услови за работа и не води сметка за потребите на своите вработени, тогаш тој ќе биде рамнодушен на отворените работни места во конкретната организација. Висината на понудената плата како и организационата култура и клима, можат да бидат фактори со значително влијание врз создавањето на негативна перцепција кај потенцијалните кандидати. Многу луѓе можат да слушнат за можностите кои ги нуди некое слободно работно место од роднини и пријатели кои веќе работат таму и на ваков неформален начин да се пренесуваат формираните ставови и мислења.

Значи, лошата репутација ја влошува способноста на организацијата да ги привлече оние расположливи кандидати кои имаат најдобри перформанси.

Атрактивност на работата. Социјалните ставови за одредени работни места исто така имаат влијание врз понудата на човечкиот капитал. Доколку станува збор за работа која не е привлечна или неподнослива нема да има заинтересирани кандидати. Голем број на организации потешко наоѓаат заинтересирани кандидати за оние работни места во секторите кои се трудоинтензивни[12]. За секоја работа која ќе биде квалификувана како досадна, вознемирувачка или со низок статус, апликантите ретко ќе аплицираат или целосно ќе ја игнорираат, освен ако не станува збор за атрактивна плата.

[11] DeCenzo, A. David, Robbins, P. Stephen. (2005). *Fundametals of Human Resource Management. 6th* Edition, John Wiley & Sons, Inc. USA, pp 147

[12] Sims, R. Ronald. (2002). *Organization success through effective human resources Management.* An imprint of Greenwood Publishing Group, Inc. USA,pp 109

Трошоци на регрутација. Трошоците се битен фактор при регрутацијата. Напорите на организацијата околу регрутацијата се скапи[13]. На пример, помала организација може да нема доволно ресурси за да си дозволи да направи интервјуа низ факултетите надвор од регионот и сл. Понекогаш долготрајно барање на соодветни кандидати не е можно токму поради буџетските ограничувања. Секогаш кога организацијата ќе земе предвид повеќе извори на регрутација тоа го прави со размислувања за ефективноста. Секоја организација треба да ги анализира трошоците за алтернативните методи на регрутација.

Цели на регрутацијата. Меѓу клучните прашања околу регрутирањето на човечките ресурси се целите на регрутационата програма. Успешна регрутациона програма мора да оствари многубројни и понекогаш контрадикторни цели. Основна и суштинска цел на регрутацијата е да се бараат и откријат поединци со кои ќе се пополнат постојните (тековни) и идните слободни работни места. Со други зборови, целта е да се оптимизира бројот на квалификувани апликанти. На пример, ако една организација има 30 слободни работни места, а притоа за нив аплицирале неколку илјади кандидати, тогаш организацијата самата си создала проблем. Во ваков случај базата на податоци ќе биде преголема, а тоа ќе повлече и повисоки трошоци. Огромни количини на ресурси и време ќе бидат потребни додека се процесира големиот број апликанти, па затоа е потребно тоа да се изврши и ефективно и ефикасно. Поради погоре наведените причини, секторот за човечки ресурси нема интерес да привлече огромен број кандидати. Со регрутацијата треба да се привлече што повисок процент на висококвалификувани кандидати кои се сериозно заинтересирани да ја прифатат понудената работа; така, колку е поголем нивниот број, толку се поголеми и можностите за откривање на потребните квалитети[14]. Преку процесот на регрутација треба да се добијат кандидати кои ќе ги поминат понатамошните оценувања при селекцијата и ќе останат во организацијата разумен временски период.

[13] Britt, J. (2002): *Alumni Neteorks Can Cut Recruiting Costs. Boost Employers Image*. HR Magazine, February, pp 25-26

[14] De Cenzo, A. David, Robbins, P. Stephen. (2005). *Fundametals of Human Resource Management.6th* Edition, John Wiley & Sons, Inc. USA, pp 146

Друга цел на регрутациониот процес на организацијата е таа да се претстави како чесен и искрен проценител на потенцијалните кандидати. Таа не треба да ветува повеќе од она што навистина го нуди (на пример, повисоки плати од тоа што навистина е во можност да понуди). Така, процесот на регрутација треба да понуди реална слика на тоа што потенцијалната работа обезбедува. Дополнителна цел се екстерналиите кои се појавуваат при регрутационите напори, т.е. апликантите кои се одбиени и покрај тој факт тие треба да имаат позитивен став за самата организација и нејзините производи или услуги. Поставените цели треба да се постигнат во што пократок рок и со што помали трошоци.

Филозофија на организацијата при регрутација. Друго клучно прашање е организационата филозофија при регрутацијата, односно дали да се ангажираат кандидати надвор од организацијата за слободните работни места или да се промовираат во рамките на организацијата[15]. Некои преферираат да ангажираат талентирани кадри од надвор. Други организации, пак, стават акцент на развојот и социјализацијата на менаџерите и другите вработени внатре во самата огранизација. Друг аспект на организационата филозофија при регрутацијата е на што да се стави акцент: дали на долгорочно вработување и градење кариера или едноставно пополнување на празните работни места. На краток рок, акцентот може да биде ставен на брзо пополнување на празните работни места, додека на долг рок може да има одложувања со цел да се пронајдат вистинските луѓе за долгорочна соработка. Дополнителниот аспект на организационата филозофија при регрутацијата се однесува на длабочината на посветеност со која се бараат и ангажираат потенцијалните кандидати. Можеби уште поважно е да постои интензивен тренинг и консултативни процеси кои ќе тежнеат да создадат таква клима со која ќе им се даде поддршка на сите кандидати. Четврт аспект е тоа дали на апликантите ќе се гледа како на артикли кои ќе бидат купени или како на потрошувачи кои треба да бидат привлечени. Организациите кои ќе прифатат маркетинг ориентација во однос на регрутацијата ќе поминат значајно време и пари во одредувањето што нивните потрошувачи

[15] Naukrihub. (2007). *External Sources Of Recruitment*. Преземено на 09.01.2011 г. http://recruitment.naukrihub.com/factors-affecting-recruitment.html

(потенцијалните апликанти) сакаат. Последниот аспект на организационата филозофија при регрутација се однесува на етичките елементи во смисла на фер и чесност во процесот на регрутација. На пример, еден од етичките предизвици кој може да се појави во регрутациониот процес е тоа што и двете страни инволвирани во регрутациониот процес можат да бидат мотивирани да ги претстават само своите најдобри одлики, додека своите слабости да ги прикријат, што може да води кон лажење и заблуда[16].

Услови на пазарот на труд. Состојбата на пазарот на труд значајно влијае на понудата на квалификувани апликанти. Доколку постои вишок на работна сила во време кога се врши регрутација, дури и неформални обиди на регрутација ќе привлечат кандидати повеќе од доволното. Но, кога во една област е постигнато речиси целосно вработување, ќе биде неопходно пролонгирано регрутирање за да се привлечат апликанти кои ќе ги исполнат очекувањата на организацијата. Ако организацијата не може да пронајде доволно квалификувани кандидати во непосредната околина, ќе има потреба од регионална или национална програма за потрага по квалификувани апликанти. Конкуренцијата од други организации може да ја намали базата на квалификуваните апликанти или да води кон покачување на платите повеќе од она што огранизацијата е во можност да понуди. Понудата на кандидати зависи и од тоа дали економијата е во пораст. Кога организациите не креираат нови работни места, најчесто има вишок на понуда на висококвалификувани кадри.

Економски трендови. Економските трендови влијаат на бројот и на оние кои бараат работа и на оние кои се од страната на побарувачката на нивните услуги. Додека компјутерските таленти се барани, вработените во челичната и текстилната индустрија се соочуваат со отпуштања од работа во последната деценија[17]. Во последниве години, брзото темпо на технолошки промени ги забрза овие трендови. Не само што производите стануваат застарени веќе наредната година после појавувањето, туку и трудоинтензивните процеси и вештините потребни за нивно извршување се исто така подложени на слични промени.

[16] Compton, L. Robert, Nankervis, Alan & Morrissey, William. (2009). *Effective recruitment and selection practices*, *5 th* Edition, CCH Australia Limited, pp 58

[17] Sims, R. Ronald. (2002).*Organization success through effective human resources Management.* An imprint of Greenwood Publishing Group, Inc. USA, pp 113

Бидејќи пазарот на труд не може да држи чекор со овие брзи промени, неопходни се програми за обука. Организациите можат да поттикнат стручни школи и колеџи да организираат курсеви за квалификации и преквалификации. Одвреме-навреме организациите треба да преструктуираат некои од работните места за да ги прилагодат на расположливата работна сила.

Влијание на владата. Влијанието на владата врз процесот на регрутација не треба да се занемарува. Државните прописи воспоставуваат рамка во која мора да функционира програмата за регрутација. Работодавците не смеат повеќе да вработуваат врз основа на физички изглед, полова или верска припадност[18]. На пример, ако еден авиопревозник преферира женски персонал и врз таа основа одбие квалификуван кандидат од спротивниот пол, тоа е прекршување на законот.

Одговорност за процесот на регрутацијата

Менаџментот на човечки ресурси во регрутациониот процес има видна улога[19]. Доколку апликантот се третира без интерес или грубо, кај него може да се развие трајно негативен впечаток. Од друга страна, доколку апликантот е пријатно пречекан и е обезбеден со сите релевантни информации во врска со работното место и се третира со достоинство и почит, тогаш тој апликант ќе развие трајно позитивен впечаток. Да се има вистински запознати и квалификувани работници со добро развиени интерпесонални односи е суштинско за процесот на регрутацијата. Менаџментот на човечки ресурси нема никогаш сам да ги постигне своите цели без соработка со менаџерите од останатите сектори кои најдобро можат да ги предвидат потребите на сопствените департмани. Тие се одговорни да одлучуваат како задачите ќе бидат извршени и какви луѓе се потребни за конкретните работни места. Тие често можат да ги предвидат пензионирањата, отказите и да одредат дали некој од веќе вработените е подготвен да биде унапреден. Најчесто,

[18] Bratton, J. & Gold, J. (1999). *Human resource management*. Theory and Practice, MacMillan Business, Great Britain, pp 191

[19] Compton, L. Robert, Nankervis, Alan & Morrissey, William. (2009). *Effective recruitment and selection practices*. 5th Edition, CCH Australia Limited. pp 22

кога ќе се појави слободно работно место, соодветниот претпоставен или менаџер прави лични спецификации кои треба да се поседуваат и тоа обично подлежи на одобрување од повисоко ниво на менаџментот. Од овде произлегува дека доколку вработените во секторот на човечки ресурси не се соодветно избрани за соодветното работно место, тогаш и целокупниот регрутационен процес нема да даде задоволителни резултати.

Вреднување на регрутационите напори

Евалуацијата на успехот на регрутационите напори е значајна. Тоа е примарен начин една организација да дознае дали регрутационите напори биле ефикасни во однос на времето и финансискиот аспект. Во суштина, ефективен регрутационен процес е оној кој обезбедува рационална база на кандидати кои ќе ѝ бидат на располагање на организацијата и од кои таа ќе биде во можност да ангажира кадри кои ќе ги избере да извршуваат одредена работна задача[20]. Процесот на регрутација треба да биде извршен со што е можно пониски трошоци. Ако организацијата има потешкотии во привлекувањето на кадри или ако привлече премногу кадри за празните работни места, тогаш регрутационите напори се далеку од идеални. Ако регрутационите трошоци се претерани и повисоки отколку што треба за конкретни видови на кандидати, тогаш организацијата треба внимателно да ги разгледа нејзините методи за да види дали ваквите трошења се оправдани или не. Ефективноста на регрутерите е еден начин на оцена на регрутациониот процес. На пример, да земеме дека цел на регрутерите е ангажирање на 100 квалификувани работници, 30 техничари и 10 раководители годишно. Организацијата може да одлучи кои се најдобрите регрутери. Тоа може да бидат оние кои ги исполниле квотите или оние кои регрутирале кадри што останале во организацијата и биле солидно оценети од надлежните органи. Покрај тоа, доста често се оценува и ефикасноста на различните методи на регрутација, а како критериум за оценување обично се зема бројот на регрутираните квалификувани кадри. Општи насоки кои се однесуваат на регрутацијата и кои треба да се земат предвид од страна на организацијата се следниве:

[20] Compton, L. Robert, Nankervis, Alan & Morrissey, William (2009). *Effective recruitment and selection practices*, 5th Edition, CCH Australia Limited, pp 201

1. Квантитет на апликантите: дали бројот е доволен за да се пополнат празните работни места?
2. Квалитет на апликантите: дали апликантите ги поседуваат бараните спецификации потребни за извршување на работните задачи?
3. Пресретнување на целите: дали регрутацијата обезбедува квалификувани кадри водејќи сметка за постоење соодветно учество и на оние кои се со посебни потреби?
4. Потребното време за пополнување на празните места: дали работните места се пополнети брзо со квалификувани кадри, така што во работата и продуктивноста нема застои поради празните работни места?
5. Трошоци по ангажиран вработен: дали трошоците за еден ангажиран вработен од некој конкретен извор се премногу високи?

Организациите го евалуираат процесот на регрутација заедно со останатите активности во секторот за човечки ресурси. Потпирајќи се на собраните евалуциони критериуми и мерки од порано, организацијата може да го предвиди времето и буџетот потребни за идните пополнувања на празни работни места, избирајќи ги оние методи кои придонеле за најголем број квалификувани кадри и квалитетни перформанси на истите.

Имајќи предвид дека регрутацијата претставува значајна активност за секоја организација, неможноста за генерирање на доволен број квалификувани кадри може да биде вистински проблем. Овде ќе напоменеме дека активностите поврзани со евалуацијата на регрутационите напори најдобро би било да ги вршат менаџери кои не учествувале во процесот на регрутирање. Ова е со цел да се добие што пореална оцена и што поголема објективност. Евалуацијата на регрутационите напори на некој начин претставува *cost benefit анализа*[21] при што се утврдува дали користите од спроведената регрутација ги надминуваат трошоците или обратно. Потоа, во согласност со добиените

[21]Cost benefit анализата претставува метода на економска анализа со која се споредуваат и проценуваат предностите и недостатоците на некои бизнис потфати или во конкретниов случај на регрутационите напори. Таа е битна за донесување правилни одлуки.

резултати се преземаат најразлични мерки за надминување на утврдените пропусти и недостатоци.

Емпириско истражување

Научната хипотеза се заснова на тврдењето дека примената на адекватни критериуми на регрутација како и сеопфатна регрутација на кадри ќе овозмопжи во понатамошниот процес на вработување да учествуваат и да бидат избрани само најдобрите потенцијални кандидати што ќе влијае позитивно врз успешноста на работењето на претпријатијата.

Спроведеното истражување беше реализирано со помош на анкетен прашалник и статистика која вклучува примена на x^2 тестот од табелата на контингеција и коефициентот на контингенција.

X^2 -тестот уште познат и како Pearson-ов x^2 –тест претставува практичен непараметарски тест. Добиените податоци се претвараат во фреквенции и се пресметува збирот на квадрираните разлики меѓу добиените т.е. испитуваните и очекуваните фреквенции ставено во однос на очекуваните фреквенции. Тоа значи дека се утврдува веројатноста на поврзаност меѓу две варијабли и се пресметува според следната формула:

$$\boldsymbol{x^2} = \sum \frac{(f_i - f_0)^2}{f_0}$$

каде:

f_i = е забележана фреквенција, добиена при истражувањето

f_0= е очекувана (теоретска) фреквенција при дадена хипотеза.

За потребите на истражувањето фреквенциите се распоредени во две колони и три реда со два степени на слобода. Табличната вредност на $\boldsymbol{x^2}$ за два степени на слобода и праг на значајност 0,05 изнесува ***5,991.***

Вредноста на коефициентот на контингенција C се движи меѓу нула и еден (0<C<1). Доколку е поблизу до нула тогаш меѓузависноста на испитуваните варијабли е посилна и обратно.

Откако накратко го елабориравме значењето и примената на x^2 - тестот преминуваме во пресметки.

Ќе го претставиме табеларно првиот пар прашања заедно со добиените одговори кои се изразени на квантитативен начин:

Табела 1. Критериуми на регрутација и задоволство од вработените

Table 1. Criteria of recruitment and employee satisfaction

	Дали сметате дека користите адекватни критериуми на регрутација?	**Дали сте задоволни од Вашите вработени кои претходно ги ангажиравте:**	**Вкупно**
Да:	66	38	104
Не:	7	43	50
Не знам:	25	17	42
Вкупно:	98	98	**196**

Добиените податоци ги прикажуваме и графички:





Слика 1. Критериуми на регрутација и задоволство од вработените

Picture 1. Criteria of recruitment and employee satisfaction

Врз основа на горе наведените резултати следува пресметка на вредноста за x^2 како и коефициентот на контингенција:

$$x^2 = 34{,}982 > x^2_{0{,}05} = 5{,}991$$

$$C = 0{,}389$$

Забележуваме дека пресметаната вредност за x^2 ($x^2 = 34{,}982$) е поголема од табличната вредност на x^2 ($x^2 = 5{,}991$) за 2 степена на слобода и праг на значајност 0,05. Од овој резултат произлегува дека испитуваните варијабли се меѓусебно зависни т.е. разликите се доста значајни. Добиените фреквенции прилично отстапуваат од очекуваните фреквенции, односно може да се каже дека постои изразена зависност помеѓу користените критериуми за регрутација и задоволството од примените вработени по пат на користените методи за регрутација.

Коефициентот на контингенција ни укажува дека интензитетот (јачината) на поврзаност меѓу испитуваните варијабли е слаб и изнесува 0,389 (C = 0,389).

Ваквите резултати јасно укажуваат дека при процесот на регрутација на потенцијалните кандидати не се применувани соодветни инструменти или критериуми. Воочуваме дека 7 од вкупниот број испитаници одговориле негативно во однос на примената на адекватните критериуми на регрутација. Можеме да кажеме дека тие наверојатно одговориле негативно затоа што веќе почувствувале дека применетите критериуми на регрутација не ги исполниле нивните очекувања и се стремат кон нивно подобрување. Не е занемарувачки и бројот на на испитаници кои одговориле последниот од трите понудени можни одговори (не знам). Најверојатно ваквиот одговор се должи на желбата да се остане неутрален, но сепак сметаме дека постојат претензии кон негативен одговор. Добиените резултати од применетите статистички методи ни даваат јасен сигнал дека анкетираните менаџери не дале реален одговор на првото прашање од соодветниот пар прашања, бидејќи покажуваат дека испитаниците иако се задоволни од практикуваните критериуми на регрутација, тие изразиле незадоволство од своите вработени кои ги регрутирале преку истите тие критерими.

Вториот пар прашања заедно со добиените одговори изразени квантитативно ќе го претставиме табеларно:

Табела 2. Процес на регрутација и успешноста на резултатите

Table 2. The process of recruitment and performance results

	Дали сметате дека вршите сеопфатна регрутација на потенцијални кандидати?	**Дали Вашите вработени постигнуваат успешни резултати?**	**Вкупно**
Да:	60	42	98
Не:	16	38	58
Не знам:	22	18	40
Вкупно:	98	98	**196**

Добиените податоци ги прикажуваме и графички:





Слика 2. Процес на регрутација и успешноста на резултатите

Picture 2. The process of recruitment and performance results

Врз основа на горе наведените резултати следува пресметка на вредноста за x^2 како и коефициентот на контингенција:

$$x^2 = 16{,}994 > x^2_{0,05} = 5{,}991$$

$$C = 0{,}274$$

Овде, како што воочуваме, пресметаната вредност за x^2 изнесува 16,994 што е поголемо од табличната вредност на x^2 за 2 степена на слобода и праг на значајност 0,05, што значи дека разликите се доста значајни, односно, испитуваните варијабли меѓусебно се зависни, односно постои поврзаност меѓу вршењето сеопфатна регрутација на кадрите и постигнувањето успешни резултати од страна на вработените. Исто така, утврдуваме коефициент на контингенција 0,274 што е многу блиску до нула, а тоа значи дека интензитетот на меѓусебна поврзаност меѓу вршењето сеопфатна на кадрите и постигнувањето успешни резултати од страна на вработените е слаб. Тоа се должи пред сè на несеопфатната регрутација која се применува во организациите. Добар дел од испитаниците одговориле и негативно и неутрално, но и овде претпоставуваме дека тоа е резултат на тоа што тие веќе ја согледале негативната последица од ваквата политика и се обидуваат да го променат тоа. Како последица на несеопфатноста на регрутацијата, преовладува тврдењето дека вработените не постигнуваат успешни резултати.

Заклучок

Успешни компании се оние кои што човечкиот капитал го користат како најважна алка за своето функционирање. Ефективното управување со човечките ресурси е од голем интерес на организациите кои на овој начин можат да обезбедат конкурентска предност. Затоа менаџерите треба сè повеќе да се истакнат со своите лидерски способности, а не само со авторитетот. Тие треба да ги инспираат вработените, а не да владеат со нив.

Ова значи заземање на проактивен став кој ќе води кон создавање стабилна организација. Регрутацијата не е, како што ја сметаат некои менаџери, еднократен процес кој се презема кога ќе се појави празно работно место. Процесот на регрутацијата не треба да постои само тогаш кога ќе се појават празни работни места; напротив,

тој треба да биде постојан процес со чија помош ќе се создаде солидна база на потенцијални кандидати за идните работни места. Менаџерите во секторот за човечки ресурси најчесто се во искушение да го одложуваат регрутирањето на кадри сè до моментот кога ќе се појави слободно работно место кое треба неодложно да се пополни. Ваквото кризно ориентирано вработување е непромислен чекор од страна на организациите. Една професионално управувана програма за регрутација мора да фунционира во текот на целата година и тоа во периодите кога не се потребни нови кадри и во периодите кога се очекува вработување.Секогаш кога ќе се пристапи кон регрутирање потребно е да се има комплетна слика за вкупното функционирање на организацијата како сегмент од нејзиното окружување.

Фактичките состојби во претпријатијата ни говорат дека недоволно се посветува внимание, односно време и други ресурси на овие два круцијални процеси при вработувањето на кадри, а воедно и на самиот менаџмент на човечки ресурси. Менаџерите најчесто постапуваат рутински и сè уште немаат прифатено еден сериозен и сеопфатен пристап при регрутирањето на кадри, а тоа води кон ангажирање на некомпетенти кадри, со што се наштетува на успешноста на организацијата.

Библиографија

Kleynhans, R. Markham, L., Mayer, W. & S van Aswegen (2006), *Human resource management*, Fresh Perspectives, Maskey Miller longman Ltd. Cape Town

Compton, L. Robert, Nankervis, Alan & Morrissey, William(2009), *Effective recruipment and selection practices*. *5th* Edition, CCH Australia Limited

Armstrong, Michael (1999), *A Handbook of human resource management practice*. *7th* Edition, Kogan Page Limited, USA

DeCenzo, A. David, Robbins, P. Stephen (2005), *Fundametals of Human Resource Management. 6th* Edition, John Wiley & Sons, Inc. USA

Britt, J. (2002). *Alumni Neteorks Can Cut Recruiting Costs. Boost Employers*

Bratton, J. & Gold, J. (1999), *Human resource management*. Theory and Practice, MacMillan Business, Great Britain

Mahapatro, B.Bhusan (2010), *Human resource management,* New Age International(P) Ltd.Pubishers, New Delhi

Sims, R. Ronald (2002), *Organization success through effective human resourcesManagement.* An imprint of Greenwood Publishing Group, Inc. USA

Мицески, д-р Трајче (2009), *Менаџмент на човечки ресурси* – интерен авторизиран материјал, Економски факултет, Штип

Стефанова С. (2011), *Влијанието на регрутирањето и селектирањето на вработените врз успешноста на работењето на организациите*, Магистерски труд, Економски факултет, Штип

Бојаџиоски, д-р Димитар (2009), *Менаџмент на човечки ресурси*, Економски факултет, Скопје

005.96:35 (497.7)

STRATEGIC MANAGEMENT AND ITS IMPLEMENTATION IN HUMAN RESOURCES IN THE PUBLIC SECTOR IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Ph.D Sejdi Xhemaili, Assistant at the Faculty of Business Administration – Kumanovo, Macedonia, e-mail: sejdi_xh@hotmail.com

Mr.sc Shkumbim Shabani, State University of Tetovo, Macedonia

Abstract

Today, more than ever, the need for strategic management in the public sector is emphasized. The efficient public administration in the era of results-oriented management requires public organizations to develop the capacities of strategic management, the process of central management that integrates all the activities and functions, and directs them towards advancement of the strategic agenda of the organization. As an essential and functional part of the public sector are the human resources. In this paper we will discuss several important moments that affect the efficiency of the public sector and the direct connection to the human resources which are fundamental part of the public sector. First of all will be considered what the implementation of the strategic management can contribute in human resources in the public sector in the Republic of Macedonia. Furthermore, we will review the structure of human resources in the public sector in the Republic of Macedonia and the application of the framework agreement as part of a strategy to bring the public sector to the multiethnic composition of end users in the Republic of Macedonia. Also, a review will be given of the role of the Government of the Republic of Macedonia in strengthening the capacity of state employees and innovation of the Government through the introduction of E-Systems and undertaken guidelines to improve the public administration. In continuation, an account will be given of the decision making process as part of the structuring of human resources in the public sector in the Republic of Macedonia and dependence in decision making on good distribution of human resources according to the guidelines of strategic management. As a conclusion guidelines for

improving the capacity of human resources in the application of strategic management are given and the latest findings from recent research conducted in public institutions about the need for additional training to improve the expertise of human resources in public institutions are provided.

Keywords: *strategic management, human resources, public sector, decision making, Republic of Macedonia.*

Strategic management and its implementation in human resources in the public sector in the Republic of Macedonia

The process of strategic management of human resources in developed countries and developing countries started since 1980. However, at first it was only located in the private sector and so that later that process moved to the public sector. Due to the fast economic development, much more present electronic communications, as well as timely and efficient satisfaction of the citizens had a huge impact on the future course of management of human resources.

Gradually the surrounding itself have influenced upon the Republic Macedonia, too. The conditions set by the EU for the accession of the Republic of Macedonia in the EU also cover the human resources. Since human resources are a fundamental part of the organization and the driving element in its progress it should be seriously understood when referring to this issue as per its nature this part of the organization is very sensitive.

There are several elements that must be taken into consideration when discussing the strategic management of human resources in the public sector:

1. Structure of human resources - bringing the public sector closer to the citizens;

2. The role of the Government of the Republic of Macedonia in the improvement of the public administration;

3. The decision making in the public sector.

Structure of human resources - bringing the public sector closer to the citizens

The very structure of the human resources in the initial division was not adequate in the relation to the full satisfaction of the end users - the citizens. It was contributed in large part by the lack of feedback and communication from the parties about the degree of satisfaction with the service provided. From the standpoint of strategic management and under the guidance of the Commission for admission to membership of the EU reforms were implemented in the public administration. Structural changes were made in the administrative part of the public sector. As an example the table of annual plan for equitable representation of minorities in the Civil Service Agency for 2011 can be taken.

	Number	Percentage of total number of employees	Gender		Managerial state employees	Professional state employees	Professional - administrative state employees	Other employees without status of a state employee
			Male	Female				
Macedonians	44	77,20%	15	29	15	17	11	1
Albanians	8	14,00%	5	3		5	3	
Turks	1	1,80%	1			1		
Roma	2	3,50%		2			2	
Vlachs								
Serbs	1	1,80%		1		1		
Bosniaks								
Other	1	1,80%	1				1	
Total	57	100%	22	25	15	24	17	1

From the table it is can be seen that although there is a certain percentage of presence of minorities it is still not as it is under the Framework Agreement which prescribes greater representation of minorities in the public sector.

We are interested in this data because of the fact that from the view of the strategic management particularly important part is the part that refers to good communication between applicants and service providers. Also we cannot discuss of good strategic management if in the part of the management

of the institution has none, not even a slightest percentage of representation of minorities.

Comparatively taken into account, after the period of two years, the annual report of employees in the public sector from 2012 gives a different picture:

Nationality	**Total**
Macedonians	10166
Albanians	3942
Turks	333
Roma	222
Vlachs	110
Serbs	224
Bosniaks	104
Others	90
Not stated nationality	56
Total	15247

From here can be seen growth of the people from minorities in terms of representation in the executive branch, independent state authorities and professional services in the independent state authorities and local governments.

Deeper analysis of the report is still not within the guidelines provided by the EU and also the guidelines strategic management are not fully satisfied.

The role of the Government of the Republic of Macedonia in the improvement of the public administration

The Government as an important segment also plays a major role in strengthening the capacity of state employees by introducing additional training to the needs of employees in different sectors. Also with strategic planning human resources are diverted where there is a need for that kind of staff. The Government through various tools is trying to balance the needs of human resources. An example of such a tool is shown below.

Assessment of the needs for professional staff							
Name of the institucin							
Need for new staff				Existing excess of staff			
Position	Type and level of education	Required work experience	Number of employees	Position	Type and level of education	Work experience in the institution	Total work experience

The table shows that attempts are being made to make a precise analysis of the assessment of need for professional staff and it is also required to show the excess of staff in those institutions. Here comes into play the strategic management and direction offered in connection with the management of human resources.

The government, in the spirit of time that surrounds us and accelerated economic processes as well, also gradually introduces the e-governance, e-information and so on. The improvements in the public sector go further by applying better technical systems to meet the needs of citizens. This is not surprising because the surrounding itself, the states around us, are using more and more electronic means of communication in response to the needs of contemporary socio-economic needs.

The decision making in the public sector

In addition to the balanced distribution of human resources in the very execution of current affairs there is also a need for balance in terms of decision making. The hierarchy of decision-making in the public sector in Macedonia consists of three levels: the level of organization, management level or sectorial level and functional area. In a public company at the organization level decides the management board. Managers endeavour to achieve financial results as well as to address some nonfinancial problems, such as increasing the image and social responsibility. In large public organizations, managers at the organization level will determine the activities in which the organization shall be involved. They also decide on the objectives and formulate a strategy to manage these activities.

When plan or organize, manage or operate, managers in public organizations find themselves in the process of communicating with the public directly or indirectly through others.

As a result of empirical studies of how current decisions are made in public organizations, it is now generally recognized that the introduction of political processes and behaviours is critical to the theory and practice of decision making.

Exactly those political influences lead in dis-balance of the human resources in the process of decision making in the public sector. The method of decision making in the Republic of Macedonia has not still accepted the guidelines provided by strategic management. In greater part of the public sector there is still no proper allocation of human resources in terms of decision making with equitable representation of all the profiles which are present at the organizational level. Still the most common way of decision making in the public sector is autocratic without prior strategic review of the decision that should be made by all segments that are affected by the adoption of that decision.

This thing is beautifully displayed in the performed research with which an analysis is made of the current situation in the organizations of the public administration and the attitudes of the interviewed public employees in the organizations regarding several essential elements associated with the public sector in the Republic of Macedonia. 610 subjects participated in the study. Two elements will be reviewed here: one of these elements is the structure of the interviewees, the second element is the decision making in the public sector.

In this study the highest percentage of 67.87% includes members of Macedonian ethnicity, Albanian follows with 18.52% then Roma ethnicity with 3.11%, 2.95% with Serbian, Turkish with 2.46%, the Bosniak ethnicity are included with 1.48%, Vlach 0.82%, of other ethnicity 2.13%, but there are also some who has not stated their ethnicity and they are represented by 0.66%. This is stated as a fact that the necessary balance of representation of minorities is still not present. Thus, here we can say that we still don't have a complete and successful management of the human resourced according to the guidelines of the strategic management and the EU.

In terms of decision making by managers, it can be said that we are still not liberated from autocratic way of decision making which is a negative phenomenon and should be work on complete exclusion of this way of decision making and introduction of the team-way and inclusion of human resources from all segments when making decisions.



The presence of autocratic way in some areas normally leads to lack of liberty at decision making which also leads to a slowdown in the execution of certain functions and services which should be provided by the public administration which results in dissatisfaction among end users i.e. citizens.

Consequently there is small percentage of organized meetings with the superiors on which further improvement the performance of individual sectors or departments with better strategic allocation of the human resources would be discussed.

As directions to further enhancement of the capacity of the human resources should be emphasized the need for further strengthening of equitable representation of communities to ensure a better strategic approach to managing the human resources and a better balance in their subsequent allocation in order to achieve efficiency and effectiveness in the public administration.

In terms of the level of training we see an indicator of 28.69% and 28.69% and total of 57.38% respondents who feel that they need additional training in their areas of work; this is necessary if we want to follow the persistent changes on the surrounding and to manage the human resources strategically.



Conclusions

All these elements are directly connected and interdependent of each other. As a starting point for all human resources appear which further fall under the influence of the sector in which they are located. The way of the decision making in the sector and the involvement of all elements of human resources is making decisions is the next ring in the chain and it is linked to the training or professionalism of the human resources and in the end there is the Government as a direct factor of strengthening the capacities of the human resources, their strategic reallocation and conducting further training of human resources in order to get a strong, efficient, effective and stable public sector as a whole.

Although the government is promoting e-governance and strengthens the footsteps by moving to a more efficient use of information systems; the research gave an indication that there is still an urgent need for further action in the training of human resources. Various additional training should be organized and experiences should be exchanged with other EU countries in terms of this issue. Furthermore it would be also recommendable to adjust the labor legislation; it should be equated with EU legislation. Because the decision itself is an important segment in the functioning of the institutions, decisions that are made should be more acceptable and more transparent for the citizens. The communication between the main actors in the country (unions, employers and NGOs) should be better if we want to achieve effective strategic management of human resources

Center for Legal and Political Research, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of Macedonia

342.82-027.236 (497.7)

ФУНКЦИОНАЛНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ ИЗБОРЕН МОДЕЛ КАКО ПРЕТПОСТАВКА ЗА ПОУСПЕШНО КОНСОЦИЈАТИВНО СПОДЕЛУВАЊЕ НА ВЛАСТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

М-р Никола Амбарков, докторанд на Школа за докторски студии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Македонија

e-mail: ambarkov_ve@yahoo.com

Апстракт

Темата на овој труд е да се разгледа функционалноста на македонскиот изборен модел, и какви претпоставки создава тој за подобра консоцијација во политичкиот систем на Република Македонија. Република Македонија е повеќе од погоден пример за ваква анализа, бидејќи таа во своето повеќе од дводеценискo демократско искуство, ги испроба сите три предоминантни изборни модели, кои науката за изборните системи ги посочува (мнозинскиот, паралелниот и пропорционалниот). Во периодот кога се применуваше мнозинскиот модел 1990, 1994, и паралелниот 1998, елементите на консоцијација во институциите на македонскиот политички систем повеќе се негуваа низ политичката прагма, отколку преку системски загарантирани решенија, кои се искристализираа со Охридскиот рамковен договор и уставните амандмани од 2001-та. Иако во Охридскиот рамковен договор не беше експлицитно спомената реформата на изборниот модел, сепак воведувањето на пропорционалниот модел, беше на линија на она што Блејз го посочуваше како „логично продолжение на поддршката за принципите на демократија“ во едно постконфликтно општество, какво што беше македонското по 2001-та. Функционалноста на македонските изборни модели во овој труд е евалуирана во согласност со петте критериуми кои треба да ги задоволи секој еден изборен модел за да се прогласи како таков, а се посочени од еден од бренд авторите во науката за изборните системи, Дитер Нолен, а тоа се начелата на репрезентација, партиципација, концентрација, едноставност и легитимност. Целта на овој текст е да покаже дека пропорционалниот изборен модел останува да има несомнена аналитичка предност над другите

изборни модели во консоцијалните демократии, вклучително и за македонскиот консоцијативен модел. Во трудот ќе се посочат и определени сугестии за унапредување на функционалност на актуелниот македонски изборен модел со цел да се подобрат вкупните консоцијативни процеси во земјата.

Клучни зборови: *изборни модели, консоцијација, функционалност, политички систем, Република Македонија.*

THE FUNCTIONALITY OF THE MACEDONIAN ELECTORAL MODEL AS PREREQUISITE FOR BETTER CONSOCIATIONAL POWER SHARING IN REPUBLIC OF MACEDONIA

M.Sc. Nikola Ambarkov, PhD Candidate at the Doctoral School of University of Ss. Cyril and Methodius Skopje, Macedonia

e-mail: ambarkov_ve@yahoo.com

Abstract

The theme of this paper is to consider the functionality of the Macedonian electoral system, and what assumptions it creates for better consociation in the political system of the Republic of Macedonia. Macedonia is a more suitable example for this analysis because it has more than two decades of democratic experience, and has tried all three predominant electoral models that electoral science indicates (majoritarian, proportional and parallel). In the period of implementing the majority model in 1990, 1994, and the parallel one in 1998, the elements of consociationalism in institutions of Macedonian political system were increasingly nurtured through political pragmatism rather than through systemic guaranteed solutions, which are crystallized in the Ohrid Framework Agreement and the constitutional amendments of 2001. Although the OFA was not

an explicitly mentioned reform of the electoral system, the introduction of proportional one, however, was in line with what Blais is trumpeting as "a logical continuation of support for the principles of democracy" in a post-conflict society, as was the case with Macedonia after 2001. The functionality of the Macedonian electoral systems in this paper is evaluated according to five criteria that should satisfy each and every electoral system that deems to be declared as such, and are indicated by one of the brand authors in the electoral science, Dieter Nohlen, and those are the principles of representation, participation, concentration, simplicity and legitimacy. The purpose of this paper is to show that a proportional system has an unquestionable analytical advantage over other electoral models in consociational democracies, including the Macedonian model of consociation. This paper will identify and certain suggestions for improving the functionality of the current Macedonian electoral system in order to improve overall consociational processes in the country.

Keywords: *electoral systems, consociation, functionality, political system, the Republic of Macedonia.*

ВОВЕД

Како универзален феномен, поради својата политичка, уставна и социолошка димензија, изборите одсекогаш предизвикувале посебно научно внимание. Ова во најголема мера се должи на фактот што „изборите се без сомнение еден од најзначајните делови на демократскиот политички процес. Не е мал бројот на истражувачите, кој во крајна истанца, ги идентификуваат изборите со демократијата“ (Vasović, 2006: 104); или ги „сметаат за дефинирачки момент на демократијата“ (Ванковска, 2007: 55).

Кога се говори за судбината на демократијата во едно општество, одредена група на автори, истата ја доведуваат во корелат со прашањето на изборниот систем кој несомнено е еден од првите поглавја на самиот политички систем, па дури и негов ʻнајесенцијален’ сегмент. Изборните системи, според Дитер Нолен (1997: 7), може да се концептуализираат во потесна и поширока смисла. Изборните системи во потесна смисла при нивното дефинирање се сведуваат на ʻтрансферирањето’ или преносот на резултатите од гласањето на изборите во пратенички мандати, а кога

се дефинираат во поширока смисла, тука акцентот е ставен на збирот на правила кои се однесуваат на целината на изборниот процес, почнувајќи од самиот почеток до неговиот крај (Климовски и Каракамишева, 2006: 240).

Одлуката за креирање, конципирање на одреден изборен систем, се смета за една од „најважните институционални одлуки за секоја демократија“ (Ibid., 239). Бидејќи изборните системи дејствуваат во еден комплексен општествен, политички и културен контекст, одлуката за неговото конципирање во голем степен потребно е да биде сообразен со таквите социјално-структурни и историско-политички искуства на односното општество.

Посебен предизвик, како што забележува Дитер Нолен (1997: 35), претставува моделирањето на изборниот систем, во хетерогените општества, кои се раслоени долж линиите на потенцијално конфликтните расцепи - *cleavages* (кои може да бидат од јазична, културна, етничка природа), каде изборните системи мора да задоволуваат други барања отколку во (релативно) хомогените општества.

Според истиот автор, вредносните критериуми, односно функционалните барања кои му се проследуваат на секој еден изборен систем, кои истиот треба да ги исполни за да биде карактеризиран како функционален, во суштина ги сведува на пет главни барања:

Репрезентативност – која подразбира претставеност на сите релевантни општествени групи (пред сѐ малцинствата и жените), но и фер репрезентација на општествените интереси и политичките ставови;

Концентрација и ефективност – која подразбира агрегација на општествените интереси на начин да ги редуцира бројот на партиите кои добиваат парламентарен мандат и да создадат стабилни партиски и коалициони мнозинства во парламентот;

Партиципација – која не подразбира партиципативност во општа смисла на зборот (бидејќи самите избори по себе се акт на политичка партиципација), туку се однесува на партиципација во потесна смисла, која се доведува во корелат со прашањето за тоа колку еден изборен систем може да овозможи персонално гласање;

Едноставност – е функционално барање кое има карактер на директива и треба да даде одговор на прашањето, што се случува со гласот на избирачот. Ако еден изборен систем е репрезентативен,

партиципативен и ефективен, тој несомнено е покомплексен од било кој друг систем;

Легитимност – овој критериум детерминира колку изборните резултати се општо прифатени, а особено е важен како специфичен параметар, во општествата кои се силно поларизирани и атомизирани, поради линиите на расцеп, *lines of cleavage* (Нолен, 1997: 26-28).

Република Македонија е повеќе од податлив пример за да се вреднуваат критериумите за функционалност на одредени типови на изборни модели, бидејќи во својот повеќе од две децении политички плурализам, имаше вонредно богато искуство и со мнозинскиот (1990, 1994) и со комбинираниот (1998), како и со пропорционалниот изборен модел (од 2002 до денес). Од друга страна, Република Македонија е и хетерогено општество *par excellence*, факт кој за време на изборниот процес секогаш, без исклучок, го продуцираше ефектот кои во политичката наука е познат како политизирање на етницитетот. Поради хетерогената структура на општеството, социеталните расцепи, политичката култура, комплексните општествено политички односи, анализата на функционалноста на македонскиот мнозински, комбиниран и пропорционален изборен модел, може да ни понуди одговор на дилемата кои од овие изборни модели, на најделотворен начин ги исполнија функционалните барања кои му се проследуваат кон секој еден изборен систем, кои се исклучително важни во длабоко поделените општества.

Во ваквиот тип на општества, исходот од изборниот процес, пред сè дистрибуцијата на мандатите и структурата на претставничкото тело, е вонредно важна и од аспкт на тоа какви предуслови создава изборниот модел за поуспешно споделување на власта, особено ако односното општество ги има 'посвоено' елементите на консоцијативниот *power sharing*, како добро етаблиран концепт за градење на одржлива демократија во длабоко поделени општества.

Република Македонија, и тука како и по однос на изборните модели, имаше солидно искуство, бидејќи до 2001, нашиот политички систем содржеше одредени елементи на консоцијација, повеќе низ политичката прагма, отколку низ системски загарантирани и конзистентни решенија. И тогаш постоеше влада на голема коалиција[1]

[1] Која според Аренд Липхарт (1977), како еден од *founding fathers* на концептот на консоцијацијата е воедно еден од двата негови примарни принципа (заедно со сегментната автономија) кон кои се надоврзуваат и два додатни или секуларни принципа (пропорционалноста и малцинското вето).

која без оглед на изборниот модел или резултатите од гласањето, подразбираше вклучување на една од албанските партии во власта. Владата, исто така, спроведуваше мерки за правична застапеност, преку т.н позитивна дискриминација (афирмативна акција). Ако на ова се додаде и постоењето на локалната самоуправа како темална вредност на уставниот поредок, се чини, дека отсуствуваше само елементот вето на заедниците (Ванковска, 2007: 225-226).

Целта на овој труд е да се покаже колку македонскиот мнозински, комбиниран и пропорционален модел беа функционални, и каква рефлексија, односно какви претпоставки создаваа за поуспешно споделување на власта во владата на големата коалиција, и во периодот кога таквите консоцијативни аранжмани беа резултат на политичката прагма, но и кога беа дел од системските загарантирани решенија со Охридскиот рамковен договор од 2001, независно од фактот што таму владата на големата коалиција никаде експлицитно не беше спомената.

1. Функционалноста на македонскиот мнозински модел 1990, 1994 и неговата рефлексија врз создавањето на владата на големата коалиција

Првите повеќепартиски избори во Република Македонија се одржаа во 1990. На истите им предходеа бурни расправи и полемики, во академските кругови, но и политичките партии за карактерот на изборниот модел. Нашиот законодавец, како што забележува Анета Јовевска (1999: 209), „сметаше дека токму мнозинскиот изборен модел во два круга, во најголем степен одговара на актуелната општествено економска и политичка состојба“. И други автори, како Етем Азири (2013: 11), сметаат дека „изборот на видот на изборниот модел, не беше само техничко прашање. Тоа беше извор на сериозни научни полемики помеѓу научниците и политичарите “.

Ако се направи една анализа, врз основа на петте Ноленови вредносни критериуми за утврдување на функционалноста на изборниот модел, примената на двокружниот мнозински модел во 1990 и 1994, беше карактеризиран од следниве трендови:

Репрезентативност – овој критериум, како што погоре беше наведено, пред сè, акцентот го става на претставеноста на малцинствата и жените. И покрај недостигот од посебни механизми, уште со првите

избори во 1990-та, во Собранието на Република Македонија, според Флориан Бибер (2008: 27), имаше голема застапеност во однос на националната структура на населението. Според него „ова може да се припише на два посебни фактора. Албанската заедница можеше да обезбеди собраниска застапеност заради географската сконцентрираност (…), Помалкубројните малцинства, од друга страна, влегоа во Собранието преку формирање коалиции со двете доминантни македонски партии“ (Ibid.,). Во периодот 1991-1994 Албанците беа претставени со 23 пратеника или 19,2% од целокупниот пратенички состав, додека во периодот 1994-1998, со 18 мандата или 15% од целокупната структура на претставничкото тело, Ромите имаа по еден, односно два пратеника во вториот состав на Собранието, додека Турците не беа претставени во првиот пратенички состав во независна Република Македонија, но имаа еден пратеник во периодот 1994-1998 (Ibid, 30).

Од аспект на претставеноста на жените, при примената на мнозинскиот изборен модел во Р.Македонија, може да се заклучи дека таа беше недоволна. Тоа делумно се должи на самиот мнозински систем, кои по дефиниција може да обесхрабри избор на жена за пратеник. Ова за Република Македонија беше повеќе од точно. Во првиот пратенички состав во плурализмот, имаше само пет жени, во вториот само две, а во двата ниту една од партиите на немнозинските заедници.[2]

Концентрација и ефективност – по однос на овој критериум, ставот на македонската академска заедница е единодушен. Овој систем и покрај тоа што се очекуваше дека ќе создаде предуслови за стабилен парламент и влада, сепка до такво нешто, по првите парламентарни избори организирани според овој модел (1990) не дојде (Aziri, 2013: 11). И за Анета Јовевска (1999: 213-217), системот ги релативизираше очекуваните предности на мнозинскиот изборен систем, бидејќи партискиот систем не беше едностарно детерминиран од изборниот модел, не создаде импликации за парламент со парламентарно мнозинство на една партија или сојуз од партии, со што се продуцираше ефектот на manufactured majority (изфабрикувано парламентарно мнозинство), а наместо моноцентричен имавме полицентричен парламент. Слични трендови, констатираат и Климовски и Каракамишева (2006: 114-117), за вторите парламентарни избори кои беа одржани според овој модел (1994), со таа разлика што суштинско одбележје на овие избори во споредба со предходните, беше

[2] За повеќе види http://www.sobranie.mk/posleden-sostav-1991-1994.nspx http://www.sobranie.mk/posleden-sostav-1994-1998.nspx

егзистирањето на вонпарламентарна опозиција, поради бојкотот на вториот круг од изборите на ВМРО-ДПМНЕ и ДП, но диспропорцијата меѓу освоените гласови и распределените мандата, како и екстремната партиска плурализација, беа уште поочигледни споредено со 1990.

Партиципација – ова функционално барање, мнозинскиот изборен модел многу успешно го исполни, бидејќи самиот систем поради можноста да се гласа за конкретни персонални решенија, по дефиниција охрабрува поголем одзив, за што посведочуваат бројни компаративни истражувања на изборните модели. На првите повеќепартиски избори, кога Република Македонија 'зачекори' кон демократијата и политичкиот плурализам, излезноста во првиот и вториот круг беше 84,8% односно 76,8%, на вторите парламентарни избори процентите беа слични 77,8% за првиот круг, но само 57,5 % за вториот круг (поради бојкотот од страна на опозицијата).

Едноставност **–** и ова функционална барање, мнозинскиот модел успешно го исполни, бидејќи системот беше лесен и едноставен за разбирање од страна на граѓаните. Тие беа должни само да го заокружат името на кандидатот кои го преферираат.

Легитимност – доведување под знак прашање на легитимноста на мнозинскиот изборен модел постоеја, во прв ред од страна на албанската етничка заедница во земјата. Највеќе се спореше големината на едномандатните изборни единици, повикувајќи се на тогашниот член 18 од Изборниот законик, според кои сите изборни единици треба да имаат еднаков број на регистрирани гласачи, во пракса, според некои албански аналитичари, изборните единици во западниот дел на земјата, претежно населен со Албанци, беа двапата поголеми, од изборните единици во источниот дел воглавно населени со Македонци. Повикувајќи се на објективни пресметки, на првите повеќепартиски избори, за албански пратеник да биде избран во парламентот во просек било потребно за него да гласаат околу 8.000 избирачи, додека за македонските парламентарци во просек им беше потребна поддршка од околу 4.000 гласачи (Aziri, 2013: 11-13).

Што се однасува до податокот за тоа какви претпоставки создаваше овој изборен модел за ***споделување на власта***, пред сè помеѓу македонската и албанската етничка заедница, треба да се нагласи дека уште веднаш по првите одржани повеќепартиски избори во земјата се појави и традиција на широки коалиции од 1992-та, во кои албанските партии беа постојано вклучувани во власта (Биебер, 2008: 10-11). Според истиот автор, и покрај вклучувањето на Албанците во власта, системот

на власт не можеше да се смета како форма на поделба на власта, туку повеќе како обид за вклучување на албанската елита (Ibid., 19-20). Други автори, констатираат дека вклученоста на албанската елита во власта датира, уште во рамките на првата „експертска“ Влада во 1991 година, кога Партијата за демократски просперитет (ПДП) го имаше местото на заменик претседател на Владата, министер без ресор и Министерството за труд. Во следните влади под водство на СДСМ (1992- 1998), имаше меѓу четири и шест албански министри, вклучувајќи ресори, како на пример: култура, економија, труд, развој, транспорт и финансии. Сепак, во овој период, албанските министри немаа контрола врз чувствителните ресори (безбедност, внатрешни работи) (Chiclet et Lory, 1998: 157-159).

2. Функционалноста на македонскиот комбиниран модел 1998 и неговата рефлексија врз создавањето на владата на големата коалиција

Бидејќи посакуваните (моделски) ефекти од примената на мнозинскиот систем изостанаа, во пресрет на парламентарните избори во 1998, се пристапи кон промена на изборниот модел. „Следејќи го трендот на трансформација на претежно мнозинските изборни модели кои беа белег на првите плуралистички избори во повеќето земји на Централна и Источна Европа кон мешовити или пропорционални изборни модели, и Република Македонија интервенираше со соодветни промени во овој правец“ (Јовевска, 1999: 243). Со Законот за избор на пратеници од 1998 беше утврден мешовит изборен модел, според кој 85 мандати се дистрибуираат според мнозински принцип, а останатите 35 според пропорцијата. За бренд авторите во науката за изборните системи, вака конципираниот изборен модел во Р. Македонија, за Рејнолдс и Рејли беше мешовит изборен систем во кој двокружниот мнозински систем превалира[3], за Масикот и Блејс беше суперпозициски систем, а за Шугарт и Ватенберг мешовит модел со предоминантна мнозинска компонента (види во Johnson & Herron, 2005: 15).

[3] Системот беше двокружен, бидејќи ако во I круг кандидатот не постигнеше мнозинство гласови и најмалку 33,3% (квалификувано мнозинство) се одеше на II круг, во кои учествуваа двата најдобропласирани кандидата од I круг, а за избран во II круг се сметаше оној кој освоил релативно мнозинство, за разлика од примената на чистиот двокружен мнозински модел од 1990 и 1994, кога во II круг, ако не беше постигнато квалификувано мнозинство од I круг, се пласираа сите кандидати кои имаа освоено над 7% од гласовите (види Јовевска, 1999: 245).

Од аспект на тоа колку успешно овој изборен модел ги исполни вредносните критериуми за функционалност, може да се констатираат следниве трендови:

Репрезентативност – во споредба со изборите 1994, бројот на албанските пратеници, од 18 се зголеми на 21, а со тоа нивниот удел во вкупниот собранискиот состав порасна од 15%, на 17,5%. Ова пред сè, се должи на инзвонредната тактичност на албанските политички партии, кои промовираа партиско здружување за настап според пропорционалниот модел (за да не се распрскаат, раситнат албанските гласови),

и самостоен, автономен настап, според мнозинскиот модел, каде во унинoминалните изборни единици не беше загрозена позицијата на нивните кандидати од кандидатите кои доаѓаа од македонскиот политички корпус. На овие избори за одбележување беше и *Движењето за културна толеранција* кое во себе обедини една македонска, две ромски и една турска и муслиманска партија, како позитивен пример за успешна коалиција која ги премостила линиите на етничкиот и верски расцеп во Р. Македонија (Биебер, 2008: 30; Јовевска 1999: 251-252).

Што се однесува до претставеност на жените во Собранието (1998-2002), таа остана незначителна, со само 8 жени пратенички. Причината и понатаму лежеше во фактот што мнозинскиот изборен модел продолжи да превалира и по дефиниција да обесхрабрува избор на жени за пратеник, и порај тоа што беше помешан со пропорционална компонента.[4]

Концентрација и ефективност – што се однесува до овој функционален критериум, комбинираниот изборен модел, несомнено имаше определена аналитичка предност во споредба со мнозиснкиот модел од 1990 и 1994, пред сè порди најмалото нарушување на пропорцијата гласови – мандат[5], како и поради окрупнувањето на политичката сцена кое настана како резултат на засиленото предизборно коалицирање, што на крај резултираше од 29 елективни, само 5 да

[4] За повеќе види http://www.sobranie.mk/posleden-sostav-ad8de3d5-d6b3-43b2-8ad9-9bf4a9ca95ec.nspx

[5] Факт кои се должи како резултат на тоашто мандатите доделени по D'Hondt делумно го амортизираа диспропорцискиот ефект на мнозинскиот модел (Јовевска, 1999: 256).

станата респектабилни легислативни политички партии (Климовски и Каракамишева 2006: 122-124).

Партиципација – при промената на моделот, од мнозински кон мешовит таа остана релативно висока со околу 70% (72,9 прв круг, 69,4 втор круг).

Едноставност – бидејќи во Република Македонија не беше утврден мешовит изборен модел од видовите кои се применуваат за избор на пратеници во германскиот *Bundestag* (на пример) или унгарскиот *Országház*, со трослојните изборни единици[6] кои ги збунуваа и мал дел од луѓето разбираат за што всушност се работи, туку беше утврден паралелен модел кој беше едноставен и лесен за разбирање од страна на избирачите. Неслучајно, Галагер и Мичел (2009: 572-73), ќе констатираат дека тоа што навистина е важно не само кај мешовитите изборни модели, тука кај било кој изборен модел е како „гласачите да знаат да гласаат валидно и да бидат свесни за можното влијание на нивните гласови, а не да го објаснат секој детаљ од системот ако бидат запрашани.“

Токму со комбинираниот изборен модел се подобри вредноста на индивидуалниот глас на македонскиот граѓанин – избирач, бидејќи на сите граѓани - избирачи им беше дадено право на два гласа, за кандидат и листа, (Климовски и Каракамишева, 2006: 123).

Легитимност – продолжија негодувањата на албанскиот политички корпус дека Албанците и по третите парламентарни избори се доведени во позиција да останат подпретставени во Собранието (Сулејмани, 2008: 196), со што повторно беше реактуелизирана потребата за промена на изборниот модел во правец на чист пропорционален модел.

Напоредно албанскиот политички корпус, продолжи да тврди дека неадекватната претставеност во Парламентот се рефлектира и врз недоволната застапеност во интеретничката коалициона Влада каде се ***споделуваше власта***, која за волја на вистината продолжи да се институционализира и по изборите 1998 кога ВМРО-ДПМНЕ и Демократската партија на Албанците (ДПА) постигнаа коалиционен договор со кој на ДПА и беа гарантирани пет министерски позиции (од вкупно 27). За време на Владата од 1998-2002 година, албанскиот

[6] Кои беше модифициран со изборната реформа од 2011 и сведен на мешовит изборен модел со двослојни изборни единици. За повеќе види Act CCIII of 2011 On the Elections of Members of Hungarian Parliament.

коалиционен партнер имаше помалку важни министерски места, отколку во рамките на предходните влади на СДСМ.[7] Ова делумно се должи на фактот што предизборната коалиција ВМРО – ДПМНЕ и ДА успеа да освои апсолутно мнозинство (63 мандата), со што формирањето на смата Влада во крајна линија не зависеше од гласовите на ДПА, но предходно востановената пракса на вклучување на една албанска партија во власта продолжи, неазвисно од фактот што ДПА (која настана со спојувањето на ПДП-А и НДП) имаше само еден пратеник помалку од ПДП со која заедно настапија во коалиција на овие избори, но подоцна се разидоа.

Сепак оваа коалициона влада не го истурка докрај својот мандат, поради Конфликтот од 2001-та, кога се појави ургентна потреба од формирање на концентрациона влада. „Во широката коалиција влегоа четирите најголеми политички партии во Парламентот, две албански и две македонски. Широката коалиција ја сочинуваа ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, од македонските политички партии, ПДП и ДПА, од албанските политички партии, како и некои други помали партии (Сулејмани, 2008: 203).

3. Функционалноста на македонскиот пропорционален модел и неговата рефлексија врз создавањето на владата на големата коалиција

Четвртите парламентарни избори во Република Македонија, кој се одржаа на 15-ти септември, беа првите избори за пратеници во Собранието на РМ во кои се применуваше пропорционалниот модел. Независно што по потпишувањето на Охридскиот рамковен договор, никаде експлицитно не беше спомената реформа на изборниот модел, сепак воведувањето на пропорцијата беше на линија на она што Дитер Нолен го сугерираше дека „пропорционалните системи без сомнение најдобро ги задоволуваат специфичните функционални барања во сегментираните општества“ (1997: 38). Ако истите функционални барања за кои говори Нолен, се разгледуваат во сите досега одржани избори за Собранието, според пропорционалниот модел, два редовни 2002, 2006 и три вонредни 2008, 2011, 2014, може да се посочат следниве тенденции:

[7] За повеќе види во International Crisis Group, Macedonia: No Room for Complacency, 23.10.2003, стр. 28

Репрезентативност – нема сомнени дека овој изборен модел ја подобри претставеноста на етничките заедници, пред сè, на албанската, но и другите немнозински заедници. Па така, ако албанската претставеност во периодот 1990-2001, беше лимитирана од 15 (1994) до 23 мандата (1990), сега таа значително се зголеми на 26 (2002), 28 (2006), 29 (2008), 25 (2011) и 27 мандата (2014)[8], токму поради воведување на пропорцијата. Што се однесува до помалите партии на етничките заедници во Македонија, тие ја сфатија логиката на актуелниот пропорционален изборен модел (организиран во шест изборни региона, во кои дваесет мандати се редистрибуираа според методата на D'Hondt, која патем речено ги фаворизира поголемите партии и коалиции), дека со самостоен изборен настап би биле збришани од политичката сцена и од нивното политичко претставување во Собранието. Затоа тие беа охрабрени да се приклонат кон политичките предизборни блокови на двете најголеми заедници во земјата (македонската и албанската). Но додека македонскиот коалиционен блок на партии беше хетероген во етнички, религиозна и јазична смисла, коалициите кои се формираа околу албанските партии (пред се ДУИ), во различни изборни циклуси беа повеќе врз конфесионалниот признак (со бошњачки партии, партии на македонските муслимани).

Претпоставка за поадекватна полова застапеност во изборниот систем на Република Македонија се овозможи со измените на изборното законодавство во 2006, кога се воведе 30% квота, односно се предвиде најмалку 30% застапеност на секој пол и во горниот и во долниот дел на листата со предложени кандидати. Воведувањето на таквата квота, пропратено со воведување на пропорционалниот модел со предходно структурирана листа ја потврди исправноста на констатацијата дека методот на затворена листа е поволен за женските кандидати.

Концентрација и ефективност – некој автори, како Етем Азири (2013: 17), сметаат дека, „од денешна преспектива се стекнува впечаток дека изборите од 2006, биле последните на кои релативно голем број на мали политички партии, успејаа да обезбедат мандати во парламентот“. Од 2008 кода започна една серија од три вонредни парламентарни изборни циклуса, изборниот модел се покажа како уште понеповолен за помалите политички партии, бидејќи парламентарната арена продолжи да биде доминирана од две големи македонски и албански партии, а само инцидентно помалите партии освојуваа мандат до два ПЕИ – 1 (2008), НДП – 2 (2011), ГРОМ и НДП – 1 (2014).

[8] според податоците на Државната изборна комисија на Република Македонија.

Причината за ова лежи во примената на методата на D'Hondt која се аплицира во големи повеќемандатни изборни единици, каде ја игра улогата на ефективен изборен праг. На овој начин се создава претпоставка за поконцентрирано претставничко тело, што од друга страна создавз претпоставка за побрзо доаѓање до формирање на коалиционата влада. Ова е од вонредна важност за стабилноста на целокупниот македонски консоцијативен модел, за што посведочува примерот од еден друг добро етаблиран консоцијален политички систем од поширокото соседство - Босна и Херцеговина. Во оваа земја кога беше заменета методата на D'Hondt, која по дефиниција ги фаворизира поголемите партии и коалиции, со методата Sainte-Laguë, која е понепристрасна кон помалите и поголемите партии, во БиХ дојде до „зголемување на бројот на претставени партии во парламнетот охрабрувајќи ја со тоа политичката фрагментација и нестабилноста на владата" (Belloni, 2004: 340-341).

Партиципација – со воведувањето на пропорцијата, се намали партиципативноста. Причината лежи во примената на затворените, предходно структурирани листи, кои по дефиниција обесхрабруваат поголема излезност, бидејќи гласачите гласат за партиска листа, а не за кандидат. Ова е повеќе од вистинито за Р. Македонија, бидеќи кога се применуваше мнозинскиот и комбинираниот модел (кога избирачите имаа право на два гласа) излезноста беше и поголема. Со примената на пропорцијата одзивот на гласачите во изборните циклуси организирани според овој модел беа: 73,4%[9] (2002), 56,0% (2006), 57 % (2008), 63, 48% (2011), 62,96% (2014).[10]

Едноставност – како и мнозинскиот 1990, 1994, така и пропорционалниот модел беше едноставен и лесен за разбирање. Ако во 1990 и 1994 се заокружуваше омилениот кандидат, од 2002 па наваму се гласа за преферираната политичка партија или коалиција.

Легитимност - Со воведувањето на пропорционалниот изборен модел во 2002 година, претставеноста на албанската заедница во

[9] Ова беа единствени избори организирани според пропорционалниот модел, на кој излезноста беше над 70%. Причината за високата излезност лежи во фактот, што тоа беа првите организирани избори по конфликните случувања од предходната година, а самите избори беа прогласени како суштински за опстанокот на државата и попримија карактер на референдумско изјаснување (Климовски и Каракамишева, 2006: 131).

[10] според податоците на Државната изборна комисија на Република Македонија.

Собранието се засили. Моделот беше прифатен за легитимен и покрај начелните разногласија за големината на изборните единици, кога тие инсистираа државата да биде една изборна единица, бидејќи со таквата поделеност на гласачите во шесте изборни региона сметаа дека ќе остануваат да бидат подпретставен во Собранието.

Што се однесува до прашањето како изборниот модел се рефлектираше врз формирањето на владта на големата коалиција може да се констатира следново:

Оние структури кои учествуваа во конфликтот ја искористија предноста на изборните правила. Тоа означуваше дека партијата ДУИ, произлезена од бившите бунтовници, која беше формирана и со определена логистика на меѓународната заедница (пример за еклатантен изборен и партиски инженеринг), требаше да зеде учество во аранжманите за ***споделувањето на власта***, како една од алатките за постконфликтно градење на мир.

Во Устав на РМ формално не се бара голема коалиција, но таа де факто според Брунбауер (2002) се институционализирана на практика. Токму поради нејасното дефинирање на составот на владата на големата коалиција во Македонија, ги предизвика недоразбирањата од 2006-та помеѓу победничката партија во "македонскиот блок" ВМРО - ДПМНЕ и победничката партија од "албанскиот блок" ДУИ, која сметаше дека со повикувањето на тогаш второпласираната албанска партија во власта, ДПА, е прекршен Рамковниот договор и правилото воспоставено од меѓународната заедница (Ванковска, 2007: 227-228).

Кога македонскиот блок политички партии, предводени од СДСМ и ВМРО ДПМНЕ, определени изборни циклуси ги прогласуваа за суштински за опстанокот на државата (како што тоа го направи СДСМ по Конфликтот 2001 на изборите во 2002) или суштински за опстанокот на македонскиот национален идентитет (како што тоа го направи ВМРО ДПМНЕ по ветото за членство во НАТО од Букурешт во 2008) или суштински за намалување на 'апетитите' на албанскиот политички фактор за утврдување на определени аранжмани, кои не се на линија на македонскиот национален интерес[11] (кампањата на ВМРО ДПМНЕ за вонредните избори 2014); кога овие изборни циклуса се воздигнуваа дури до ниво на референдумско изјаснување, тогаш и двете политички партии однесува големи изборни победи (СДСМ 2002, ВМРО ДПМНЕ

[11]Какви што во предизборието беа иницијативите на ДУИ за консензуален избор на претседател на државата, двојазичност на целата територија на РМ, социјални аранжмани за борците на ОНА итн.

2008 и 2014), а во Собранието комотно обезбедуваа апсолутно мнозинство или беа блиску до него, а консеквентно на тоа го намалуваа уценувачкиот потенцијал на албанскиот коалиционен партнер во владата. Кога победничката партија во македонскиот политички блок, освојуваше релативно мнозинство на гласови, како што беше случајот со изборните резултати на ВМРО ДПМНЕ во 2006-та, но и 2011-та, тогаш албанскиот политички блок имаше капацитет да 'испазари' определени законски решенија кои повеќе беа на линијата на нивниот национален интерес, отколку на македонскиот (Амнестијата на т.н Хашки случаии, како пример). Распоредот на 'силите' помеѓу македонскиот и албанскиот политички блок по различни изборни циклуси, пресудно влијаеше на атрактивноста на министерските ресори, кои ги добиваше албанскиот коалиционен партнер.

ЗАКЛУЧОК

Од погоре направениот осврт, за функционалноста на македонските изборни модели, македонскиот случај уште еднаш го репотврди ставот на компаративната наука за изборните системи, дека пропорционалниот изборен модел најделотворно ги задоволува специфичните барања кој треба да ги исполни секој еден изборен модел во длабоко фрагментираните општества. Пропорционалниот изборен модел, по конфликтот, од 2001-та ја засили претставеноста на немнозинските етничките заедници во земјата создавајќи, по изборите 2002, претпоставка за формирање на *консоцијациска влада на големата коалиција*, со што македонскиот политички модел ја напушти класичната идеја за Вестминистерска демократија. Со воведувањето на пропорцијата, се проценува дека учество (излезност), на изборите се намалила поради затворените листи. Сепак, несомнената аналитичка предности на затворената листа се виде по однос на поттикнување на предизборното интеретничко коалирање кое им овозможи на помалите етнички заедници загарантирана проодност во Парламентот, а поради предструктурирањето на листите се подобри родовата застапеност во него. Затворените листи се критикувани поради фактот што има даваат огромна моќ на партискиото раководство кое го имаат клучниот збор при нивното составување. Затоа, во оваа смисла остануваат препораките за унапредување на внатрепартиската демократија. Овој модел успешно го исполни ефектот на концентрација на политичките интереси во Собранието благодарение на фактот што законодавецот остана консеквентен во примената на донтовата секвенца на делители која при

редистрибуцијата на мандатите ги повластува поголемите партии и коалиции. Ова од друга страна продуцираше ефект на стабилни партиски и коалициони мнозинства.

Зато многумина автори, кои се бават со проучување на уставниот и консоцијативниот инжинеринг, кои беше извршен во поширокиот балкански регион, - 'дејтонска' БиХ, 'рамковна' Македонија, сметаат дека вака фундираниот политички систем, на слаба консоцијална поделба на власта, ветува далеку повеќе отколку во останатите земји во регионот, бидејќи и самото негово градење не започна од нула, туку се надгради на претходно постојните механизми и традиции, со што на целокупниот систем му даде една флексибилност, кој не е присутна во повеќето други пост-конфликтни уредувања.

РЕФЕРЕНЦИ

Aziri, E. (2013). "Izborni sistemi i izbori u Republici Makedoniji," *Političke prespektive*, broj 7.

Belloni, R. (2004). "Peacebuilding and Consociational Electoral Engineering in Bosnia and Herzegovina", *International Peacekeeping*, 11 (2): 334-353.

Brunnbauer, U. (2002) "The Implementation of the Ohrid Agreement: Ethnic Macedonian Resentments," *Journal on Ethnopolitics and Minority Issues in Europe*, no. 1.

Биебер, Ф. (2008). *Поделба на Власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор,* Скопје: Friedrich Ebert Stiftung.

Chiclet, Ch. et Lory, B. (1998). (eds), 'La République de Macédoine', Paris: L'Harmattan.

Галагер, М., и Мичел, П. (2009). *Политика на изборни системи,* Скопје: Академски печат.

Johnson, P. E. and Herron, E.S. (2005). 'Assessing Variation in Mixed Electoral Rules Using Agent-Based Models', Paper prepared for presentation at the *Midwest Political Science Association Conference,* Chicago Illinois, April, 2005.

Климовски, С. и Каракамишева, Т. (2006). *Политички партии и интересни групи,* Штип: 2-ри Август.

Lijphart, A. (1977). Democracy in Plural Societies: A Comparative Exploration. New Haven: Yale University Press.

Јовевска, А. (1999). *Изборните концепти во теориите на демократијата.* Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања.

Нолен, Д. и Касаповиќ, М. (1997). *Изборни системи во Источна Европа,* Скопје: Фондација „Фридрих Еберт".

Сулејмани, Р. (2008). 'Консоцијална демократија и поделба на моќта во Македонија', во Ф. Биебер (ед.) *Поделба на Власта и спроведување на Охридскиот рамковен договор,* Скопје: Friedrich Ebert Stiftung, 183-227 стр.

Vasović, V. (2006). *Savremene demokratije 1*- Tom 1, Beograd: JP „Službeni glasnik".

Ванковска, Б. (2007). *Политички систем,* Скопје: Бомат.

Act CCIII of 2011 On the Elections of Members of Hungarian Parliament.

International Crisis Group, Macedonia: No Room for Complacency, 23.10.2003.

341.123.045.9:341.231.19

СОВЕТ ПО ПРАВАМ ЧЕЛОВЕКА ОРГАНИЗАЦИИ ОБЪЕДИНЕННЫХ НАЦИЙ

Проф. д-р Юлия Владимировна Самович,

Юридический факультет Кемеровского государственного университета, (Российская Федерация), E-mail: sazhar1@pisem.net

Аннотация

Статья посвящена вопросам деятельности Совета по правам человека Организации Объединенных Наций. Демонстрируется краткий исторический экскурс в историю создания в рамках структуры Экономического и Социального совета ООН органов, чьи задачи и цели связаны с защитой прав личности - Комиссии по положению женщин (1946) и Комиссии по правам человека (1947). Более подробно автор останавливается на работе Комиссии по правам человека и деятельности ее структурных подразделений: предметноориентированных Рабочих и Специальных групп, Подкомиссии по предупреждению дискриминации и защите меньшинств (впоследствии была переименована в Подкомиссию по поощрению и защите прав человека). Анализируются основные полномочия Комиссии, основные этапы развития данного органа, эволюция процедуры рассмотрения индивидуальных жалоб «процедуры 1503», а также причины, послужившие поводом для замены Комиссии по правам человека в ныне действующий Совет по правам человека, как вспомогательный орган Генеральной Ассамблеи ООН. Автор характеризует основные полномочия, структуру, состав Совета по правам человека, уделяя особое внимание новеллам процедуры рассмотрения индивидуальных жалоб. Дается оценка основных достижений работы данных органов, как в период функционирования Комиссии, так и Совета. В заключении исследования, автор делает некоторые выводы относительно эффективности существующей системы универсальных международных органов по защите прав человека, в том числе с позиции их популяризации на внутригосударственном уровне, а также предлагает определенные пути совершенствования ситуации,

используя возможности как межгосударственной, так и международной процедуры.

Ключевые слова: *Совет по правам человека, защита.*

Основную роль в создании и функционировании органов по защите прав человека в международном сообществе играет Организация Объединенных Наций. Ее органы (главные и вспомогательные), специализированные учреждения и т. д. в том или ином объеме занимаются вопросами прав человека.

Экономический и Социальный Совет, является одним из таких органов, в его функции входит составление «рекомендаций в целях поощрения уважения и соблюдения прав и основных свобод для всех» (п.2 ст.62 Устава); подготовка для Генеральной Ассамблеи проектов конвенций (п.3 ст.62) и др.

Уставом Организации Объединенных Наций ЭКОСОС учреждён в качестве главного органа, отвечающего за координацию деятельности 14 специализированных учреждений ООН, девяти функциональных комиссий и пяти региональных комиссий в экономической и социальной сфере. Совет является также центральным форумом для обсуждения международных экономических и социальных проблем и выработки рекомендаций в отношении политики для государств-членов и системы Организации Объединенных Наций, получая доклады от 11 фондов и программ ООН.

В сферу деятельности Экономического и Социального Совета входят:

- содействие экономическому и социальному прогрессу, в том числе повышению уровня жизни и полной занятости населения;

- выработка способов разрешения международных проблем в экономической и социальной областях и в области здравоохранения;

- содействие международному сотрудничеству в сфере культуры и образования;

- создание условий для всеобщего уважения прав человека и его основных свобод.

Статья 68 Устава ООН регламентирует право Экономического и Социального Совета создавать «комиссии в экономической и социальной области и по поощрению прав человека, а также другие комиссии, которые могут потребоваться для выполнения его функций». В 1946г. Совет создал две комиссии – по положению женщин и по правам человека (Рез. (11(11)1946), а в 1947г. Комиссия по правам человека учредила Подкомиссию по предупреждению дискриминации и защите меньшинств, объединив две существовавшие ранее (по предупреждению дискриминации и по защите меньшинств) в одну[1].

Комиссия по правам человека создавалась для подготовки предложений и докладов Совету относительно трех основных документов в этой сфере – Всеобщей декларации прав человека, Международного пакта об экономических, социальных, и культурных правах, Международного пакта о гражданских и политических правах, включая Факультативный протокол к нему, а также международных деклараций и конвенций о гражданских свободах, положении женщин, свободе информации, защите меньшинств и т. д.; предотвращения дискриминации по признакам пола, расы, языка, религии; по любым иным вопросам, относящимся к правам человека.

На практике деятельность Комиссии не ограничивалась вышеуказанными полномочиями: ежегодно на своих сессиях Комиссия сама принимала многочисленные решения и резолюции по обсуждаемым вопросам, да и значительная часть работы Организации по правам человека вообще проводилась именно ею. Впоследствии в ее обязанности было включено рассмотрение индивидуальных жалоб, хотя подобное право в рамках такого авторитетного органа как Организация Объединенных Наций многими государствами воспринималось отрицательно. При создании Комиссии ни в одном положении не говорилось о механизме, обеспечивающем удовлетворение исков отдельных лиц или групп лиц, заявлявших о нарушениях их прав. Сама Комиссия неоднократно подчеркивала, что

Истражувањето на тема **„Дискриминацијата во Европската унија на мигрантите и на граѓаните од новите ЕУ земји-членки„** има за цел да направи споредба за (не)еднаквиот третман на луѓето од новите земји-членки на Унијата и на мигрантите со државјаните од постарите земји-членки на Унијата во смисла на остварувањето на нивните основни човекови права. Преку две перспективи, *првата,* Дискриминацијата и нееднаквиот третман на државјаните од „новите„ и „старите„ членки на Унијата преку анализа на правната рамка и фактичката состојба; и *втората,* Дискриминацијата и нееднаквиот третман на државјаните од трети земји (мигрантите) кои по различни основи се обидуваат или се стекнале со право на престој во државите-членки на Унијата; ќе се направи обид да се согледа фактичката состојба, наспроти гаранциите во законодавството на Европската Унија поврзано со правото на слободно движење на мигрантите и граѓаните на новите земји-членки на ЕУ. Имајќи ги предвид причините за миграција, поврзано со правата на слободно движење на мигрантите и на граѓаните од новите земји-членки, како на државјаните на Унијата, така и на државјаните од трети земји, конкретно, преку вработувањето и семејното обединување, ова истражување ќе направи обид да ги компарира процедурите за стекнување со право на престој во некои од државите –членки на Унијата. Имено, правото на слободно движење на државјаните на Унијата во рамките на Европската унија е детерминирано од неколку фактори, а и од самиот статус на државите од која тие доаѓаат, иако сите *de jure* се државјани на Унијата. Од тие причини, неопходно е да се дефинира правната рамка за државјанството на Унијата и основите за недискриминација, како и развојот на миграционите политики на Европската унија. Исто, важно е да се изгради сеопфатна европска миграциона политика и заедничка агенда за интеграција на мигрантите кои ги

исполниле условите за престој. Ова претставува и предуслов за еднаков третман и треба да го овозможи пристапот на мигрантите до сервисите во државата-домаќин. Затоа, клучни области на интервенција во насока на гаранција на еднаквоста и овозможување на целосно уживање на човековите права на мигрантите во Европската унија се вработувањето, како најчеста причина за миграција и семејното соединување. Доколку се интервенира во истите, ќе се постигне интеграција на мигрантите во државата-домаќин и воедно, ќе се оствари идеалот содржан во една од четирите слободи на Европската унија, слободното движење на луѓе.

Клучни зборови: *дискриминација, државјанство на Унијата, миграциони политики*

ВОВЕД

Генерално, слободата на движење им овозможува на граѓаните на Европската унија (ЕУ) да се преселат и да живеат и во друга земја, членка на Унијата. Слободата на движење е еден од основачките принципи на ЕУ. Таа е во функција од создавањето на Европската економска заедница и првенствено е дизајнирана за поддршка на економиите на земјите од ЕУ преку обезбедување на мобилна работна сила.

Кој има право на слобода на движење? Првично, ЕУ овозможува слобода и право на движење само на лица кои се преселиле во друга земја-членка со цел да најдат работа или се самовработени. Доколку лицето е во работен однос, ги има истите права како и државјаните на таа земја за да пристапи до бенефициите на системот, како што се здравството, образованието и сл. Работниците и самовработените граѓани на Унијата, исто така, може да ги донесат и членовите на нивните семејства, кои имаат пристап до истите бенефиции како и државјаните на земјата домаќин, но под одредени услови. Слободата и правото на движење се прошири и на другите категории граѓани на ЕУ кои не се работници или самовработени. Сепак, овие граѓани имаат помалку права, бидејќи тие не придонесуваат на ист начин за развој на економијата на земјата -домаќин. Слични правила се

креирани и за државјани од трети земји, кај кои најчеста основа за миграција е вработувањето во ЕУ. Но, и оваа категорија на граѓани се соочува со различни, пред се, административни бариери.

Правото на слободно движење, на некој начин, е условено од вработувањето. Државјанството на ЕУ ја гарантира слободата на движење, но за одреден временски период (3 месеци). По 3 месеци лицето што сака да остане во државата членка на ЕУ, на која тој не е државјанин, треба да докаже дека нема да биде на товар на социјалниот систем на државата. Дали тоа подразбира дека доколку не бара уживање на одредени (социјални) бенефиции и права, слободно ќе може да престојува во земјата? Дали тоа значи дека сепак, Европска унија нема социјална перспектива? Дали ова не е ограничување на движењето на немоќните и сиромашните?

Во април 2013 година, неколку држави ја повикаа Европската унија да ги промени своите правила за слободно движење со цел да се оневозможи на одредени, т.н. „туристи за бенефиции„ да се преселат во друга земја членка, наведувајќи дека овој проблем најверојатно ќе стане поголем и со симнување на ограничувањата за слободно движење на романските и бугарските државјани од јануари 2014 година. Иако се уште нема податоци дека овие тврдења би биле точни, може ли да се заклучи дека не сите државјани на ЕУ се еднакви според законодавството на Унијата и покрај забраната на дискриминација по основ на националност и гаранцијата за еднаков третман на државјаните на Унијата?

ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА УНИЈАТА И НА ДРЖАВЈАНИТЕ ОД ТРЕТИ ЗЕМЈИ (МИГРАНТИ)

Правна основа за заштита од дискриминација во Европската унија на граѓаните од новите земји-членки на Европската унија

Државјанството на Унијата својот зародиш го има уште со донесувањето на Договорот за формирање на Европската економска заедница (Рим, 1957 година), кој ја гарантира слободата на движење на луѓе. Понатаму, Единствениот европски акт (1986) предвидува одредби во Договорот од Рим да се воспостави област без граници и укинување

на проверки на лица во рамките на внатрешните граници, без разлика на националноста. Во 1990, Советот, постапувајќи по Единствениот акт, го продолжи правото на престој на лицата во државите во кои мигрирале, а кои имаат доволно финансиски ресурси за живот и социјално осигурување во истите. Завршна фаза во постигнувањето на општото право на движење и престој беше нејзино инкорпорирање во концептот на Државјанството на Унијата во Договорот за Европската унија (1992). Во 1997 година Договорот од Амстердам произведе политичко решение за понатамошен напредок за слободно движење, инкорпорирање на Шенгенскиот договор во Договорот на Унијата (иако некои земји-членки сакаа да имаат специјален статус и се изјасниј дека ќе ги задржат контролите на граница со новите земји-членки, како на пример, со Бугарија).

На почетокот на самитот во Париз во 1974 година, беа направени обиди да се дефинираат "посебните права" за да бидат пренесени на државјаните на Европската економска заедница, каква што беше тогаш. Во 1992 година Договорот за ЕУ, го запиша државјанството на Унијата во Договорот за основање на Европската заедница (член 17, поранешен член 8). По потпишувањето на Договорот, Декларацијата на Европскиот совет од Бирмингем во октомври 1992 година јасно стави до знаење дека "...[г]раѓанството на Унијата им носи на нашите граѓани дополнителни права и заштита без било какво преземање на местото на нивните национални државјанства". Декларација во прилог на Договорот за формирање на Европската заедница забележува дека "[п]рашањето дали поединецот поседува државјанство на земја-членка ќе се решаваат исклучиво со повикување на националното законодавство на засегнатата земја-членка".

Договорот за Европската унија, преку воспоставување на Европско државјанство, му дава на секој граѓанин на Унија основно и лично право да се движи и престојува слободно, без разлика на неговиот економски статус и активност. Директивите донесени во 1993 и 1994 година го утврдуваат и ефектуираат ова право. Исто, Договорот овозможува да се зајакнат и да се засилат овие права. Сепак, во практиката, кога европските граѓани сакаат да ги остварат своите права на слободно движење и престој во други земји на Унијата, се уште се соочуваат со реални пречки, како адиминстративни, така и правни.

Измените и дополнувањата на Договорот од Амстердам во членовите 17 и 21 од Договорот за ЕЗ, го дефинираат и европското

државјанство. Прво, Амстердамскиот договор ја појаснува врската помеѓу европското и националното државјанство. Во него се вели недвосмислено дека "*државјанство на Унијата ќе го надополнува, а не го заменува националното државјанство*".

Две практични заклучоци следат од ова:

• потребно е прво лицето да биде државјанин на земја-членка со цел да ужива државјанство на Унијата;

• Европското граѓанство ќе ги дополни правата дадени со државјанство на земјата.

Но, она што се наметнува како прашање е чие дравјанство ќе се надополни кога лице од една ЕУ земја се наоѓа во друга, а според чии национални законодавства би уживал и различна правна заштита?

Во Договорот за Европската заедница, Членот 12 (поранешен член 6) предвидува дека е забранета дискриминација врз основа на националност. **Во Консолидираната верзија на Договорот за европската унија (ДЕУ)** членот 6 ја обврзува Унијата за признавање на правата, слободите и начелата утврдени во Повелбата за фундаменталните права на Европската унија, која ја има истата правна сила како и Договорите. Одредбите на Повелбата не ги прошируваат на кој било начин надлежностите на Унијата дефинирани во Договорите. Истиот член го уредува и пристапувањето на Унијата кон Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи.

Во Член 45 од ДФЕУ се гарантира **Слободата на движење и живеење** за секој граѓанин на Унијата во рамките на територијата на земјите-членки, како и на државјани на трети земји, кои легално живеат на територијата на земја-членка.

Забраната од дискриминација врз основа на националност, треба да ја гледаме како алатка во прилог на интеграцијата на мигрантите.

Така, постојат разлики во статусот и третманот врз основа на националност:

а) помеѓу државјани на една земја-членка и странци;

б) помеѓу државјани на една земја-членка и државјани на друга земја –членка на ЕУ и државјани од трети земји и други;

в) помеѓу државјани од различни трети земји.

Според Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија (2010/C 83/02), поединецот е ставен во суштината на нејзините активности, преку утврдување на државјанство на Унијата и преку создавање област на слобода, безбедност и правда**.** Имајќи ги предвид надлежностите и задачите на Унијата и принципот на супсидијарност,

оваа Повелба ги потврдува правата како резултат на тоа, особено, од уставните традиции и меѓународните обврски што се заеднички за земјите-членки, Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаментални слободи, социјалните повелби донесени од Унијата и Советот на Европа и судската пракса на Судот на правдата на Европската унија и на Европскиот суд за човекови права.

Во делот 3 од Повелбата, кој се однесува на **Еднаквоста (**член 20, став 2), **се забранува секаква дискриминација врз основа на националност.**

Доколку Член 45 од ДФЕУ ја гарантира слободата на движење на работниците, истата подразбира елиминирање на секаква дискриминација врз основа на националност помеѓу работниците на земјите - членки во врска со вработување, наградување и други услови за работа и вработување.

Во однос на семејното обедување, донесена е Директивата 2004/38/ЕЗ од 29 април 2004 година за правото на граѓаните на Европската унија и на членовите на нивните семејства да се движат и да престојуваат слободно на територијата на земјите-членки.

Правна основа за заштита од дискриминација во Европската унија на државјаните од трети земји (мигранти)

Европската унија континуирано работи на изградба на балансирана, сеопфатна и заедничка имиграциона политика, базирана врз солидарност и одговорност, која ќе има дополнителна предност и ќе даде вреден придонес кон економскиот развој на ЕУ и резултати на долг рок. Подоброто организирање на легалната имиграција. треба да воспостави рамка, земајќи ја целосно во предвид важноста на интеграцијата во општествата-домаќини. Мерките на ЕУ за легалната имиграција ги покриваат условите за влез и престој за одредени категории на имигранти, како што се високо квалификувани работници, студенти и истражувачи, кои се подведени под **Директивата за Сина карта на ЕУ** (European Blue Card) од 2009. *Сината карта ЕУ не создава право на прием; туку се управува од побарувачката, односно врз основа на договор за работа*. Периодот на валидност е меѓу една и четири години, со можност за обновување.

Покрај тоа, **Директивата за долгорочен престој** (Long-Term Residence Directive)од 2003 создаде единствен статус за државјани кои не се од ЕУ, а кои законски престојувале во земја на ЕУ за најмалку пет години, и на тој начин е создадена правна основа за еднаков третман за нив во сите земји на ЕУ.

Забраната на дискриминација врз основа на националност според законодавството на ЕУ бара изедначување на статусот на државјани од трети земји кои подолго време се жители во ЕУ со онаа на државјаните на земјите-членки на ЕУ. Така, **Директивата на Советот 2003/109/ЕС од 25 ноември 2003 во врска со статусот на државјани на трети земји кои подолго време се жители**, вели дека државите – членки треба да им доделат статус на резиденти на државјани од трети земји кои престојувале легално и континуирано рамките на нивната територија **најмалку пет години,** ***под услов*** ако државјаните на трети земји кои бараат да се здобијат со тој статус, ***докажат дека имаат, за себе и за членовите на своето семејство кои се зависни од нив, стабилни и редовни извори кои се доволни за нивна егзистенција***, а со тоа се гарантира дека нема да побараат помош од системот на социјална заштита на односната земја-членка, како и здравствено осигурување во однос на сите ризици кои вообичаено ги уживаат државјаните на земјите-членки.

Во декември 2011 година, беше усвоена т.н**. Директива за единствена дозвола** (Single Permit Directive). Таа создава мноштво права за работниците кои не се државјани на ЕУ, а кои легално престојуваат во држава од ЕУ (имаат дозвола за престој или работа во ЕУ, независно од нивната првична причина за прием). Покрај што оваа директива обезбедува во една постапка единсвената дозвола за работа и за престој, обезбедува и збир на права во голем број на клучни области: услови за работа, образование и стручна обука, признавање на дипломи, социјална сигурност, даночни бенефиции, пристап до добра и услуги вклучувајќи и процедури за домување и услуги и совети вработување. Значи, оваа Директива го штити принципот на еднаков третман и вклучува процедурални гаранции и право на семеен живот.

Во февруари 2014 година, се усвои **Директивата за сезонско вработување** (Directive on seasonal employment). Истата овозможува сезонските работници да влезат во ЕУ побрзо кога има побарувачка за нивната работа (тоа треба да биде овозможено преку брза и единствена

постапка за престој/дозвола за работа и поедноставување на правилата кои во моментот се применуваат во членките на ЕУ). Таа поставува фер и транспарентни правила за влез и престој додека, во исто време, тоа обезбедува стимулација и заштитни мерки за да се спречи привремениот престој од стане постојан. Конечно, кружното движење на сезонски работници меѓу ЕУ и нивните матични земји ќе биде охрабрено преку воведување на мулти-сезонски дозвола или олеснет повторен влез/постапката за следната сезона.

Исто така, во мај 2014 година се усвои и **Директивата за интра -корпорациски трансфер на работници кои не се државјани на ЕУ** (Directive of the European Parliament and the Council on conditions of entry and residence of third-country nationals in the framework of an intra-corporate transfer). Директивата е дизајнирана да компаниите од ЕУ имаат подобар и побрз пристап до глобалните таленти со цел да се исполнат кадровски потреби. Директивата исто так вклучува повеќе атрактивни услови за престој на семејствата и подобрување на мобилноста во рамките на ЕУ. ИКТ, исто така, ќе ги имаат бенефициите од истите работни услови како работниците - државјани на ЕУ. Олеснување на интра -корпорациски трансфери е исто така цел од трговската политика на ЕУ. Овој предлог е во согласност со основните права, особено членовите 15, 21 и 31 (фер и еднаков третман), 12 (слобода на здружување и припадност), 34 (социјално осигурување) и 7 (почитување на приватниот и семејниот живот) од Повелбата за фундаментални права, која што пак е дел од Лисабонскиот договор.

Директивата за правото на семејно обединување (Directive on the right to family reunification) од 2003 ги одредува условите под кои се се овозможува правото на семејно обединување, како и правата на членовите на семејството. Врз основа на овој законски инструмент, сите државјани кои не се од земја-членка на ЕУ, а кои легално престојуваат може да го донесат нивниот брачен другар и малолетни деца. Членките на ЕУ, исто така, треба да дозволат повторно обединување со немажен партнер, зависни деца и возрасни, или зависни постари роднини. Еднаш кога се во ЕУ, овие членови на семејството добиваат дозвола за престој и пристап до образованието, вработувањето и обука исто како и другите лица кои не се државјани на ЕУ. По најмногу пет години престој, тие може да аплицираат за автономен статус доколку овие семејни врски се уште постојат.

ПРИЧИНИ ЗА МИГРАЦИЈА, ПОЛИТИКИ И ПРАКТИКИ

Вработување и семејно обединување како најчести причини за миграција на државјаните од трети и граѓаните на новите земји-членки на Европската унија

Трудовата имиграција има клучна улога во економскиот развој на долг рок, како и во решавањето на сегашните и идните демографски предизвици во ЕУ. Затоа, Унијата работи на голем број на меѓусебно поврзани мерки кои заедно, имаат за цел да креираат флексибилни приемни системи, кои пак одговораат на приоритетите на секоја членка на ЕУ, а истовремено им овозможуваат на работниците - мигранти целосно да ги употребат своите вештини. Овие мерки, како што беше претходно наведено, ги покриваат условите за влез и престој за одредени категории на имигранти како што се високо квалификувани работници, сезонски работници и интра -корпорациски трасфери, како и воспоставување на единствена дозвола за работа и дозвола за престој.

Според проценките, над 100 000 сезонски работници кои не се државјани на ЕУ доаѓаат во ЕУ секоја година (ова ги вклучува и илегалните мигранти). Економиите на ЕУ се соочуваат со структурна потреба од работна сила за сезонска работа која во рамките на ЕУ е многу тешко да се најде. Исто така, постои значителен доказ дека одредени сезонски работници кои не се државјни на ЕУ се соочуваат со експлоатација и суб-стандардни услови за работа кои можат да го загрозат нивното здравје и безбедност. И конечно, секторите на економијата во кои се бара силно присуство на сезонски работници - особено земјоделството, хортикултурата и туризмот - постојано се идентификувани како сектори каде работат државјани кои не се од ЕУ и кои престојуваат во ЕУ без дозвола за работа.

Овие елементи ја водеа Европската Комисија да ја предложи и Директивата за сезонско вработување, врз основа на која, сезонските работници ќе можат да влезат во ЕУ побрзо кога има побарувачка за нивната работа (тоа ќе биде овозможено преку брза и единствена постапка за престој/дозвола за работа и поедноставување на правилата кои во моментот се применуваат во членките на ЕУ). Оваа Директива

исто, има за цел да придонесе кон спроведувањето на Стратегијата 2020 на ЕУ и ефикасно да управува со миграционите текови на сезонската/привремената миграција. Таа поставува фер и транспарентни правила за влез и престој додека, во исто време, тоа обезбедува стимулација и заштитни мерки за да се спречи привремениот престој од стане постојан.

Појасните и поедноставени правила за прием треба да резултираат со помалку луѓе кои работат неовластено на сезонските работни места и/или кои престојуваат на подолго во ЕУ отколку што имаат право. Исто така, новите правила со кои се регулираат работните услови ќе помогне да се спречи експлоатацијата и заштитата на здравјето и безбедноста на сезонски работници кои не се од ЕУ. Од работодавците ќе се бара да докажат дека сезонски работници имаат соодветно сместување за време на нивниот престој, а ќе биде достапен и механизам за жалби за сезонските работници и трети лица кои не се членки на ЕУ.

Конечно, кружното движење на сезонски работници меѓу ЕУ и нивните матични земји ќе биде охрабрено преку воведување на мулти-сезонски дозвола или олеснет повторен влез/постапката за следната сезона. Ова ќе им донесе на оние земји кои обезбедуваат сезонски работници сигурен влез на приходи, вештини и инвестиции, што пак ќе придонесе кон нивниот развој.

Паралелно, глобализација на бизнисот и придружните вештини бараат можности за мултинационални корпорации да ги пренесуваат вработените привремено кон друга гранка или подружница. Интра –корпорацискиот трансфер (ИКТ) потенцијално може да донесе значителни придобивки во ЕУ: иновации, зголемена конкурентност, зголемени инвестиции текови, итн. Сепак, голем број на фактори во моментот ги ограничуваат можностите за пренос на вработени кои не се државјани на ЕУ: недостатокот на јасни и специфични шеми, комплексноста и разновидноста на виза или дозвола за работа, трошоците и одложувањата во пренесување за странски ИКТ од една европско корпоративното седиште во друго и потешкотии во обезбедувањето на семејното обединување.

Во изминатите 20-тина години, **семејното обединување** е една од главните причини за имиграција во ЕУ. Без него, семејниот живот е невозможен за некои имигранти. Обединувањето, исто така, помага да се создаде социо-културна стабилност и ја олеснува интеграцијата на

државјаните кои не се од ЕУ во рамките на земјите-членки на ЕУ, со што се промовира и економската и социјалната кохезија како основна цел на ЕУ.

Со цел пак, семејството и семејниот живот да биде заштитени, мора да се утврдат условите за остварување на правото на семејно обединување во ЕУ, а тие мора да бидат заеднички за сите членки на ЕУ. Првиот извештај за спроведувањето на Директивата за семејно обединување, кој излезе во октомври 2008 година, покажа мало влијание од истата, а тоа делумно се должи на степенот на дискреција даден на членките на ЕУ при утврдувањето на одредени барања. И Европскиот пакт за имиграција и азил и Програмата од Стокхолм го идентификуваа семејното обединување како прашање каде уште треба да се развиваат политиките на ЕУ, со посебен фокус на мерките за интеграција.

Постоечки ограничувања. Правото на семејно обединување е исто така предмет на почитување на јавниот ред и јавната безбедност. Членките на ЕУ можат да изберат да наметнат и други услови: тие можат да бараат лицето кое не е државјанин на ЕУ да има соодветно сместување, доволно ресурси (финансиски) и здравствено осигурување, а може да се наметне и период за квалификација, но не подолг од две години. Семејното обединување може да се одбие за брачните другари кои се под 21 -годишна возраст. Исто, полигамијата не е призната - само еден брачен другар може да има корист од правото на семејно обединување. Воедно, предвидени се казни во случај на измама или бракови по договор. Меѓутоа, како што појасни Европскиот суд на правдата (Case C-540/03), членките на ЕУ мора да ги применуваат правилата од Директивата на начин и во согласност со заштитата на фундаменталните права, особено во однос на семејниот живот и принципот на најдобар интерес на детето.

Почетокот на април 2014 година, според резултатите од јавните консултации за семејно обединување на членовите на семејствата на државјани од трети земји, беше побарано од Комисијата да преземе акција за да се подобри системот на семејно обединување во ЕУ. Она што е клучно во истото е ***да се изградат јасни и кохерентни правни правила за членовите на семејството и мигрантите во ЕУ***. Воедно, Комисијата го презентира Водичот за правилна и соодветна примена на Директивата за семејно обединување низ земјите-членки на ЕУ, како и избегнубање на можни злоупотреби.

Правото на семејно обединување треба искрено да се применува во согласност со правилата од оваа Директива. Но, во исто време, правото на семејно обединување не е неограничено и можните измами и злоупотреби од страна на кандидатите треба да бидат решени ефективно.

Директивата го обезбедува транспарентното и јасно разбирање на правилата за семејно обединување и заедничките стандарди на ниво на ЕУ, вклучително и на целта на Директивата, поднесување и испитување на пријавата (пр. бараните докази, должината на постапките), условите за остварување на правото на семејно обединување (на пример, сместување, шема за здравствено осигурување, доволно ресурси, мерки за интеграција); влез и престој на членовите на семејството (на пр. дозволи за престој, пристап до вработување), генерални принципи поврзани на пример со достапноста на информациите, најдобар интерес на детето, злоупотреба и измама и сл.

Правото на семеен живот е фундаментално право загарантирано со Повелбата на ЕУ за основните права и Европската конвенција за човекови права, и заштитени од страна на највисоките судови во ЕУ.

За илустрација, во 2012 година, 364 929 членови на семејството се приклучија на своите партнери во земји-членки на ЕУ на кои се однесува Директивата за семејно обединување (во сите земји на ЕУ, освен Данска, Ирска и Обединетото Кралство).

Случаи на дискриминација и докажување на дискриминација

Иако се чини дека формално, државјаните на Унијата имаат еднаков пристап до сите услуги што ги обезбедува системот на било која држава, практиката покажува дека постојат бројни проблеми со кои се соочуваат и самите државјани на една земја-членка во друга земја, и

секако, членовите на нивното семејство. Ова е посебно изразено за државјаните од поновите земји, членки на Унијата, што се потврдува и преку различни иницијативи на одредени држави за ограничување на правото на движење и престој за овие граѓани. Практиката го покажува тоа, како преку судските случаи, така и во секојдневието.

Во однос на пристапот до услугите, многу слична е состојбата и за семејствата на мигрантите (т.е. државјаните од трети земји), со таа разлика што позицијата на истите е многу појасна и базирана на правни ограничувања, за разлика од позицијата на државјаните од поновите земји-членки на Унијата, кои се често жртви на скриена или индиректна дискриминација по основ на националноста. Но, она што е заедничко за двете категории е фактот дека сите се соочуваат со серија на правни, административни и технички бариери.

Условувањето со одредена социјална сигурност за преселба од едно во друга земја за самите државјани на Унијата, но и за мигрантите, ги става во нерамноправна положба со државјаните на земјата-домаќин, иако истите го имаат правото на слободно движење (како државјани на ЕУ) или пак правата што произлегуваат од вработувањето или семејното обединување. Се дури постои екслузивност над одредени права за државјаните на земјата - домаќин, прашање е колку можеме да зборуваме за целосно исполнување на материјалниот опсег на директивите. Се додека земјата- домаќин не ги усогласи своите внатрешни правила со усвоените директиви, ќе постојат и случаи на дискриминацијата по основ на националност. Иако миграцијата е потреба која произлегува од состојбите во самите земји – домаќини, сепак, мигрантите, било да се државјани на Унијата или доаѓаат од други земји, во одредени поразвиени земји од Европската Унија се гледаат како непожелна категорија на граѓани и наместо мерки за интеграција, се размислува за мерки за контролирање на миграцијата во рамките на истите. Иако тоа би било прекршување на веќе усвоените директиви, некои држави предлагаат рестрикции на пазарот на трудот и по истекот на рокот во кој тоа беше дозволено според Уставот на ЕУ. Со цел подобро илустрирање на правата и толкувањето на законите на Унијата, а со цел да не се навлезе во дебата од денешна перспектива, ќе презентираме еден од неколкуте постари случаи, а кој има судска разврска, а преку кој ќе се постават и темелите на она што треба да преставува еднаков третман на државјани на Унијата.

Случај 1: C-85/96, María Martínez Sala v Freistaat Bayern, [1998] ECR I-02691.

Г-ѓа Сала била шпанска државјанка која живеела и работела во Германија (Баварија) и имала дозвола за престој. При прекинот на едното вработување се стекнала и со право на социјални бенефиции. Во меѓувреме, добила дете и побарала поддршка за издршка на детето.[1] Но, во тој период дозволата за престој и била истечена, а немала официјално побарано продолжување, поради што била одбиена со објаснување дека ниту е германска државјанка, ниту има престојувалиште и дозвола за престој. Веднаш потоа таа ја обновила дозволата за престој. Г-га Сала поднела и тужба до Социјалниот суд на Нинберг.

Тука се поставуваат неколку прашања што се испитуваат во текот на постапката. Дали поддршката што се доделува за издршка на детето според германскиот закон преставува фамилијарна бенефиција во смисла на ЕУ регулативата бр. 1408/71 според која шпански државјанин, којшто живее во Германија ги им истите права како германски државјанин? Дали оваа поддршка е социјална мерка?

Одговорот би бил дека за бенефиции како што е поддршката за издршка на дете обезбедена од германските институции, којашто автоматски им се доделува на лица кои исполнуваат одредени критериуми без индивидуални или дискрециони проценки за личните потреби, а чија цел е да помогнат со фамилијарните трошоци, е во рамките на материјалниот опсег на Правото на Унијата како фамилијарно право и социјална мерка.

Друго прашање е поставено од националниот суд. Дали државјанин на една земја-членка, кој престојува во друга земја-членка, каде е вработен и последователно му следува социјална поддршка, има статус на работник според регулативите на ЕУ? Ова прашање се поставува бидејќи паричната помош за издршка на дете е предмет, inter alia, на условите кои примателот мора да ги задоволил од занимањето, без разлика дали бил ангажиран со полно работно време или на друг начин. Судот исто така се обидува да утврди дали законот на Заедницата исклучува државјаните на другите земји-членки од некоја земја-членка да бараат дозвола за формален престој со цел да се добие надоместок за

[1] Целиот случај на англиски јазик може да го прочитате на следниот линк: http://curia.europa.eu/juris/celex.jsf?celex=61996CJ0085&lang1=en&lang2=BG&type=NOT&ancre=

дете. Ова прашање се поставува врз основа на претпоставката дека подносителот на жалбата во главната постапка е овластен да престојува во земјата-членка.

Судот посочува и дека „одложувања во издавањето на дозволи за престој за чисто техничко-административни причини материјално можат да влијаат на содржината на правата кои ги уживаат граѓаните на Европската унија„. За целите на признавањето на правото на престој, дозволата за престој може да има само декларативна и доказна сила.

Бидејќи нееднаквиот третман на тој начин доаѓа во прашање во рамките на опсегот на Договорот на Заедницата, тој не може да биде земен во предвид како оправдан: тоа е дискриминација директно базирана врз основа на националноста на подносителот и во секој случај , ништо не го оправдува нееднаквиот третман.

Одговорот на ова прашање мора да биде дека правото на Заедницата исклучува некоја земја-членка да бара државјаните на другите земји-членки кои легално живеат на нејзината територија да имаат дозвола за формален престој издадена од националните власти со цел да се добијат надоместок за дете, додека за сопствените државјани таа земја-членка само бара да бидат со постојан престој во таа земја-членка.

Во случајот Мартинез Сала, беше докажано дека членот 17 има правно дејство,бидејќи случајот не се однесува на слободата на движење. Значи, ако граѓаните на Унијата потпаѓаат во персоналниот опсег на Договорот според чл. 20 од ДФЕУ (поранаешен член 17), тогаш секој граѓанин, и не само мигрантите, спаѓа во истиот опсег на Договорот и затоа можат да сметаат на ова секогаш кога ситуацијата потпаѓа под материјалниот опфат. На овој начин, за прв пат граѓаните кои престојуваат некаде во друга земја, се здобија со општи права. Ова исто така е потврдено и во неколку други случаи како на пример, во Morgan и D'Hoop.

Интересна алатка со која се докажува дискриминацијата е **тестирање на дискриминацијата.** Со цел да се приближиме до Балканот, ќе презентираме еден случај на тестирање на дискриминацијата, како дел од истражувањето на Меѓународната организација на трудот.

Во Грција беа испратени биографии на огласи за работа во канцеларија, фабрика, кафе и ресторани и продавници. Тестирањето покажа дека мигрантите- мажи од Албанска етничка припадност што

престојуваат во Грција имаат помали можности за вработување од мажите –родени Грци. Албанците најмногу се соочени со дискриминација при вработување во канцеларија (65.7%), потоа во продавници (50.6%), во фабика (39.77%), а најмалку за ресторани и кафеа (24.19%). Сепак, статискички, дискриминација на Албанците во Грција при барање на работа е 43.5 %, што воопшто не е за занемарување.

Тест за компарација на дискриминацијата со земја надвор од ЕУ беше спроведен и во Шведска, каде беа исто испратени биографии на лица со имиња што звучат шведски и биографии со имиња што звучат источноевропски. Дискриманација постои, но истата е само 23% и претпоставка за истата е различниот образовен систем на Шведска.

ЗАКЛУЧОК

Од периодот на формирање на Европската унија и донесувањето на клучните документи, принципот на недискриминација и концептот на европско граѓанство има постигнато значаен напредок во развојот. Посебен придонес кој развојот има судската практика на Европскиот суд на правдата, но и специјализираните Комитети формирани за преземање дејствија при прекршување на одредени права од меѓународните конвенции и телата за еднаков третман формирани согласно Директивите на Европската Унија.

Сепак, Европското државјанство е „дополнително„ на националното државјанство, заменуваќи го поранешниот термин, кој ЕУ државјанството го дефинираше како „комплементарно„. (Чл. 20 ДФЕУ) . Европското државјанство го следат придружни права, како што се социјални, право на образование и сл. (Чл. 20 ДФЕУ), но дефиницијата во член 18 имлицира дека овие права ги имаат само државјаните на ЕУ а не и други лица (на пример мигрантите од трети земји**).**

Затоа пак, државјаните на трети земји индиректно може да имаат корист од отстранувања на условите кои се дискриминаторски против граѓаните на ЕУ (на пр: Ирскиот Акт за еднаквост при вработување 1998-2004 (Случај C379/87, Groener [1989] ECR 3967), или прописите кои се однесуваат на правото на избор на презиме во Белгија (Случај C-148/02 , Carlos Garsia Avello [2003] ECR I- 11.613))

Исто, партнерот на државјанин на ЕУ, кој е законски вработен во една земја- членка на ЕУ мора да се третира без дискриминација врз основа на националност, подеднакво со државјаните на било земја-членка на ЕУ, без разлика дека истиот доаѓа од друга земја-членка на Унијата или од трета земја. (види пр: Случајот C-162/00 , *Land Nordrhein-Westfalen v.Pokrzeptowicz-Meyer* [2002] ECR I-1049)

Државите-членки на ЕУ, при креирањето на нивните национални законодавства и имлементацијата на ЕУ законите, треба да водат сметка за опсегот на Европските директиви (во персонална и материјална смисла) со цел да не креираат неоправдани разлики во третманот врз основа на националност во своите национални законодавства.

Таквите разлики во третманот може да биде оправдани во ограничен опсег на случаи кои се однесуваат на политичките права (да гласаат и да бидат избрани, учество во јавниот живот и пристап до вработувањата во јавниот сектор), но не и за пристапот до вработување во приватната сфера, кој не е поврзан со суверенитетот, ниту пак со пристапот до здравството, до образование, социјална заштита и сл.

Условувањето со одредена социјална сигурност за преселба од едно во друга земја за самите државјани на Унијата, но и за мигрантите, ги става во нерамноправна положба со државјаните на земјата-домаќин, иако истите го имаат правото на слободно движење (како државјани на ЕУ) или пак правата што произлегуваат од вработувањето или семејното обединување. Се дури постои ексклузивност над одредени права за државјаните на земјата - домаќин, прашање е колку можеме да зборуваме за целосно исполнување на материјалниот опсег на директивите. Се додека земјата- домаќин не ги усогласи своите внатрешни правила со усвоените директиви, ќе постојат и случаи на дискриминацијата по основ на националност.

Транспонирањето на директивите во националните законодавства е само еден чекор во обезбедување на правната заштита на државјаните од новите земји-членки на Унијата и мигрантите кои ги исполниле условите за престој. Улогата на државата-домаќин треба да се зајакне во насока на креирање на сеопфатна европска миграциона политика и заедничка агенда за интеграција. Ова претставува и предуслов за еднаков третман и треба да го овозможи пристапот на овие категории граѓани до сервисите во државата-домаќин.

БИБЛИОГРАФИЈА

Case C-85/96, María Martínez Sala v Freistaat Bayern, [1998] ECR I-02691. Преземено на 05 април 2014:http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:61996CJ0085&from=EN

Case C-184/99, Rudy Grzelczyk v Centre public d'aide sociale d'Ottignies-Louvain-la-Neuve, [2001] ECR I-06193, para. 31. Преземено на 05 април 2014: http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?isOldUri=true&uri=CELEX:61999CJ0184

Case C-34/09, Gerardo Ruiz Zambrano v Office national de l'emploi (ONEm), [2011] ECR I-01177. Преземено на 05 април 2014:http://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?language=en&num=C-34/09

Case C-434/09, Shirley McCarthy v Secretary of State for the Home Department, [2011] ECR I-03375. Преземено на 05 април 2014: http://curia.europa.eu/juris/liste.jsf?language=en&num=C-434/09

Case C-256/11, Murat Dereci and Others v Bundesministerium für Inneres, [2011] ECR I-00000. Преземено на 05 април 2014: http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX:62011CJ0256

Commission of the European Communities (2009). Comunication from the Commission to the European Parliament and the Council on guidance for better transposition and application of Directive 2004/38/EC on the right of citizens of the Union and their family members to move and reside freely within the territory of the Member States, Brussels, 313.Преземено на 06 април 2014http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52009DC0313&from=EN

Council of the European Commission (2008). European Pact on Immigration and Asylum Преземено на 10 април 2014. http://register.consilium.europa.eu/doc/srv?l=EN&f=ST%2013440%202008%20INIT

Council of European Union (2003) Council Directive 2003/86/EC on the right to family reunification. Преземено на 10 април 2014.http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2003:251:0012:0018:EN:PDF

De Schutter, O. (2010). Migration and Nationality-based Discrimination, ERA

European Commission (2005). Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the Economic and Social Committee

and the Committee of the Regions: Communication on migration [COM(2011) 248 – Not published in the Official Journal]. Преземено на 10 април 2014.http://eur-lex.europa.eu/legalcontent/EN/ALL/;jsessionid=sG9TTH5Nn9QfSKp7LPNypxn0yQJDfzJhzjrp1dczYBf14BtJ8DQx!1884259303?uri=CELEX:52011DC0248

European Commission (2005). Communication from the Commission on a policy plan on legal migration [COM (2005) 669 final - not published in the Official Journal]. Преземено на 10 април 2014. http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52005DC0669&from=EN

European Commission (2008). Commission Staff Working Document– Strengthening actions and tools to meet integration challenges – Report to the 2008 Ministerial Conference on Integration [SEC(2008) 2626 – Not published in the Official Journal].

European Commission (2008). Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions of 17 June 2008 – A Common Immigration Policy for Europe: Principles, actions and tools [COM(2008) 359 final – Not published in the Official Journal]. Преземено на 8 април 2014.http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX:52008DC0359

European Commission (2005). Communication from the Commission to the Council, the European Parliament, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions of 1 September 2005 – A Common Agenda for Integration – Framework for the Integration of Third-Country Nationals in the European Union [COM(2005) 389 final – Not published in the Official Journal]. Преземено на 10 април 2014. http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX:52005DC0389

European Parliament and the Council (2004) DIRECTIVE 2004/38/EC on the right of citizens of the Union and their family members to move and reside freely within the territory of the Member States amending Regulation (EEC) No 1612/68 and repealing Directives 64/221/EEC, 68/360/EEC, 72/194/EEC, 73/148/EEC, 75/34/EEC, 75/35/EEC, 90/364/EEC, 90/365/EEC and 93/96/EEC. Преземено на 10 април 2014. http://eur-

lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2004:158:0077:0123:EN:PDF

European Commission (2011). Директива за единствена дозвола Single Permit Directive Преземено на 10 април 2014. http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/ALL/?uri=CELEX:32011L0098

European Commission (2014). Предлог-директива на Европскиот парламент и на Советот за условите за влез и престој на државјани на трети земји заради вработување како сезонски работници. http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32014L0036&from=EN Преземено на 10 април 2014.

European Commission (2014). Директива на Европскиот парламент и на Советот за условите за влез и престој на државјани на трети земји во рамките на интра-корпорацискиот трансфер http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32014L0066&from=EN

European Commission (2008). Report from the Commission to the European Parliament and the Council on the application of Directive 2003/86/EC on the right to family reunification Преземено на 8 април 2014. http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2008:0610:FIN:EN:PDF

European Council (2010). Notices from European Union Institutions, bodies, offices and agencies. The Stockholm Programme – an open and secure Europe serving and protecting(2010/C115/01). Преземено на 10 април 2014. http://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/ALL/?uri=OJ:C:2010:115:TOC

European Commission (2011). Green paper, Public consultation on the the right to family reunification of third-country nationals living in the EU Consultation on the the right to family reunification of third-country nationals living in the EU (Directive 2003/86/EC) Преземено на 10 април 2014. http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/what-is-new/public-consultation/2012/consulting_0023_en.htm

European Commission (2014) Press release: A clear legal regime for family members of non EU citizens, Brussels Преземено на 10 април 2014. http://europa.eu/rapid/press-release_IP-14-372_en.htm

European Commission (2014) Communication from the European Parliament and the Council on guidance for application of Directive 2003/86/EC on the right to family reunification COM(2014) 210 final. Преземено на 10 април 2014. http://ec.europa.eu/dgs/home-affairs/elibrary/documents/policies/immigration/family-reunification/docs/guidance_for_application_of_directive_on_the_right_to_family_reunification_en.pdf

European Commission – Directorate-General for Justice 2014. Evaluation of the impact of the free movement of EU citizens at local level, Final Report. Преземено на 06 април 2014. http://ec.europa.eu/justice/citizen/files/dg_just_eva_free_mov_final_report_27.01.14.pdf

European Commission – Directorate-General for Justice (2013). EU Citizenship Report 2013: EU citizens: your rights, your future, 58. Преземено на 05 април 2014.

European Commission, Third Report on Citizenship of the Union, (2001) COM (2001) 506 final, p. 7. Brussels Преземено на 05 април 2014.

Fehrenkamp, N. (2013). European Citizenship – A new bond between the EU and the citizens of the member – states?, Faculty of Management and Governance, University of Twente, Netherlands. Преземено на 05 април 2014: http://essay.utwente.nl/63294/

Фондација "Конрад Аденауер" (2011). Договорот од Лисабон: консолидирани верзии на Договорот за Европската унија, Договорот за функционирање на Европската унија, Повелба за фундаменталните права на Европската унија, Протоколи, Декларации / [превод од англиски јазик Влатко Георгиевски...и др.]. - Скопје : 462.

Publications Office of the European Union (2011). FMW Online Journal on free movement of workers within the European Union Vol.3 Luxembourg. Преземено на 05 април 2014:http://ec.europa.eu/social/BlobServlet?docId=7281&langId=en

Универзитет "Гоце Делчев"– Штип , Правен факултет, 2011, Право на ЕУ, правда и внатрешни работи, Доц. д-р Љупчо Сотироски, Штип, стр.148

Center for Legal and Political Research, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of Macedonia

342.841:32.019.5

КОНЦЕПТИ И ТЕХНИКИ НА УБЕДУВАЊЕ И МАНИПУЛАЦИЈА ВО ТЕКОТ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА

Јован Ананиев, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Македонија, e-mail: jovan.ananiev@ugd.edu.mk

Апстракт

Во овој труд се објаснети концептите на убедувањето и манипулацијата како и техниките кои преку кои се остваруваат овие концепти. Исто така, се прави спој меѓу овие техники и изборната кампања, затоа што изборната кампања претставува најинтензивен политички процес во кој тие доаѓаат до израз.

Изборната кампања е најважниот период во еден предизборен период , без разлика дали станува збор за национални или локални избори. Тогаш, главната цел е политичките актери (политичките партии или кандидатите) да придобијат поголем на гласачи кои ќе гласаат за нив. Во тој процес на придобивање на гласачи се употребуваат различни техники на убедување и манипулирање, кои меѓусебно навидум се слични но имаат голема разлика. Во трудот се дава објаснување на разликите меѓу нив и се објаснува кога најчесто се користат.

Манипулацијата многу почесто се користи кога се прави напад на противникот или, пак, одбрана или кога се сака да се минимализира одреден успех на некоја програма која била реализирана или, пак, да се максимализира неуспехот од истата. Убедувањето е секогаш насочено кон гласачката јавност, но и кога целта е да се пренесе порака кон неа манипулацијата е неизбежниот декор кога се затскриваат одредени факти или, пак, се предимензионираат.

Во трудот се прави споредба меѓу употребата на овие концепти во предизборната кампања и другите политички процеси како на пример кампањите за промоција на одредени владини мерки, јавната дипломатија, постојаните активности на политичките партии во меѓуизборниот период.

1. Убедувањето како карактеристика на политичката пропаганда

Уметноста за "владеење со човековиот ум со зборови" било преокупација на филозофите кои твореле уште пред Платон и Аристотел. Но,за оваа појава, се до почетокот на минатиот век, немало напори емпириски да се истражи за да се утврди зошто убедувањето успева и како тоа се рефлектира врз луѓето.

Во првата половина на 20- тиот век, забележителни се четворица автори, секој во својата област, кои дале значаен придонес во проучувањето на персуазијата како процес. Првиот од нив е политикологот Ласвел кој изработил дескриптивна студија за главните пропагандни кампањи, фокусирани на главните комуникациски проблеми кои ги имаат поставено националните елити во текот на Првата светска војна, како и од страна на тоталитарните режими кои влијаеле врз масите во текот на големите дегресии. Тој има формулирано сет на теоретски категории за анализа на ефектите, од кој сет, еден од елементите е и персуазивноста и иницира систематски техники за анализа на содржина.

Втората значајна фигура е социологот Лазарсфелд кој изработил нови методи за истражување на влијанието на мас медиумите врз однесувањето на гласачите, како и врз структурализацијата и вредностите кај масовната публика. Користејќи ги резултатите од анкетните истражувања спроведени во изборните кампањи во САД, но и од панел истражувањата за јавните реакции на радио програмите, тој со своите колеги има развиено модели на комуникациски мрежи и модели на вкрстени притисоци.

Третиот истражувач е психологот Левин чии студии се насочени кон проучувањето на силните бариери за промени кои ги имаат креирано примарните и секундарните групи со кои индивидуите се врзани. Еден од неговите експликативни концепти за вреднување на резистентноста од новите форми на општествен притисок е создавањето на контрапритисок преку групни норми. Кога би се поставило прашањето зошто индивидуата ја прифаќа или одбива персуазивната порака, тој, врз основа на своите истражувања, утврдил дека таа порака е во склад со групната норма, како што се неговото семејство, неговата работна група и општествената група со која се идентификува (пријатели, членови на одреден клуб или здружение, навивачи и сл.).

Психологот Хоувланд е четвртиот автор кој има дадено придонес во развојот на проучувањето на убедувачките процеси. Тој има иницирано широка програма на експериментални истражувања дизајнирани за тестирање на генералните хипотези кои се однесуваат на утврдување на факторите кои влијаат пораката да биде влијателна или не врз реципиентот[1]

Медиумите веќе не ни се обраќаат да ни пренесат објективни информации, туку за да го освојат нашиот ум. Како што потенцирал Гебелс " Веќе не зборуваме за да кажеме нешто туку да постигнеме одреден ефект". Колонизаторите знаеле дека односот на доминација не се заснова единствено на надмоќта. Времето на освојувања помина, дојде времето на контрола на умот. Доминацијата е дотолку поуспешна доколку доминираниот е несвесен за тоа, Оттука произлегува важноста на неприметното убедување и на тивката пропаганда. За секоја империја која сака долготрајно да трае , од најголемо значење е да ги скроти душите за да станат послушни а потоа да ги покори.

Уште во 40-те години, Олдоус Хаксли насетувал дека " една тоталитарна држава, вистински е делотворна доколку во неа најмоќната извршна власт на политичките водачи и нивната армија од директори би имале контрола на население од робови, кое би било непотребно да се принудува, бидејќи самото население би го сакало робството. Да се натера населението да го засака робството – тоа е задача на министрите на пропагандата, на главните редактори на весниците и на учителите во денешните тоталитарни држави". Да се максиминизира моќта, директно потчинувајќи ги групите и индивидуите, тоа е целта на секоја пропаганда. " Пропагандата " – изјавил американскиот политиколг Ласвел –" Е изразување на ставови или акции, извршени намерно од некои поединци или групи за да се влијае врз мислењето или дејствувањето на други поединци или групи за предодредени цели и со посредство на психолошка манипулација[2]" .

Во структурата на пропагандната порака персуазивниот слој носи матица на влијанија и е основа на која почиваат пропагандните ефекти. Фактицитетот на пораките само е нужна претпоставка дека персуазивната содржина, и во неа, интенциите на пропагандистите ќе се пренесат до публиката. Поради тоа, кредибилитетот на пропагандата само го отвора

[1] David L. Sills *International Encyclopedia of the Social Sciences* The Macmillan Company andThe Free Press, USA. 53- 54

[2] Ремоне Игнасио, *Тивки пропаганди,* Калеф, Скопје стр. 24 и 25

просторот за вредносното становиште и за на него заснованата проекција на очекуваното однесување.

Убедувањето секако се постигнува со различни методи и техники, но секогаш пораките имаат за цел да ги зацврстат воспоставените врски меѓу *реторичкиот и идеолошкиот регистер*. Пример за оваа врска е изборната пропаганда, каде со афирмација на посакуваното однесување ("гласајте за нас") воедно се афирмира контекстот кој ја подразбира исправноста или неопходноста од бирањето. Дури и во случаите кога со пропагандата се сугерира промена на однесуивањето, како во примерите на револуционерните политички пропаганди, почетен импулс дава доведувањето на овие елементи во контрадикции за да се укаже на нужно ускладување.

Персуазивноста е базата на пропагандното делување : во неа е сместена интенцијата на пропагандистите преку влијание на ставовите, во различен степен, да го насочат однесувањето на публиката во склад со проектираните цели. А влијанието на однесувањето, секако е главна цел на пропагандата. Модификацијата, било зацврстување или промена на ставовите, само е посредна операција, затоа што, кога е тоа можно, со стимулирање на однесувањето се остварува с# помалку интервенции во ставовите на публиката. Со пропагандата распонот меѓу социјалната реалност и идеологијата се стеснува, а симболичката интеракција се сведува на полигон за пласирање на интенциите на творците на пораките. Меѓутоа, секој вака дизајниран поединечен пропаганден акт се мултиплицира во дејство кога се сместува во социјален контекст. Поради ова, современите сфаќања на пропагандата секогаш инсистираат на континурианост, трајност и целовитост како одлика на пропагандата. Се додека процесот не се разглсдува со целосно настојување преку него да се иницираат мислењата и однесувањата на изолирани акции, без разлика дали се во прашање рекламни стратегии, промотивни или предизборни кампањи, не се укажува на значењето кое пропагандата го има во современите општества[3].

О‟ Донелс ги разликува пропагандата и убедувањето, така што уверувањето е комплексен, континуиран и интерактивен процес во кој испраќачот и примачот се поврзани со симболи, вербални и невербални

[3] Mihailovic. S. (1992) *Prilog analizi odrednica izbornog ponasanja*- Gledista 1-

6,, Beograd

,со кои испраќачот се обидува примачот да прилагоди или промени некој став или однесување. Во тој процес, според овој автор, своите потреби ги задоволуваат и оној кој уверува и оној кој се уверува, така што, уверувањето е значително понеутрален поим од пропагандата. Пропагандата, според него, е облик на комуницирање различно од уверувањето, затоа што пропагандистот сака само да постигне одговор на својата, претходно поставена цел. Уверувањето е интерактивно и се обидува да ги прилагоди потребите и на уверувачорт и на увeруваниот. Уверувањето е значително индивидуален процес, насочен пред с# на поединецот, додека пропагандата е насочена кон групата, масата или, пак, јавноста. Кај уверувањето се можни три видови на одговори.

1. обликување на одговорот- тоа е процес сличен на учењето, со тоа што уверувачот е учител, а публиката ученик;
2. засилување на одговоорт- ако веќе постојат позитивни ставови, тие уште се засилуваат и поврзуваат со однесувањето;
3. менување на одговорот- тоа е најтежок облик, затоа што бара промена. Мора да се пронајде некое “сидро”, односно да се поврзе новото со веќе позитвното вреднување.

Во теоријата се разликуваат различни техники на убедување[4]

Јазични: Истовремено со владеењето на јазикот и познавањето на неговото користење од различни социјални групи и во пропагандата треба да се владее со зборовите и да се создаваат нови зборови а с# со цел промена на реалноста. Како особена предност на овој метод се истакнува дека со негова помош одредено општество може да се контролира подобро, отколку со видливите средства на силата. Во овој метод се вклучува цел арсенал специфични методи и техники, меѓу себе се толку испреплетени што тешко се разграничуваат и формулираат како што е специфичното користење на глаголите и нивните времиња; користењето епитети, метафори, баладични елементи итн.

[4] Канев Добрин *Политички менаџмент* Фондација “Фридрих Еберт” Скопје 2002, 172-173 стр

Комплетно нудење на второстепена информација: Оваа техника служи за зголемување на уверувањето на гледачите и слушателите,сп што да го оттргне вниманието од суштинските и битни општествени процеси и настани.

Манипулација со бројки: Служи за сугерирање на вистинитост, точност и конкретност на пораката. Манипулацијата се состои во тоа, што кога се цитираат бројки, тие изгледаат непобитни, иако сите податоци извадени од нивниот контекс или коментирани, се вистинска форма на манипулација.

Намерно избегнување на користење на одредени поими: Се прави обид за постепено намалување на знаењата на аудиториумот . Преку таа техника соодветниот поим не само што се исклучува од употрба, тулу се цели, пред с#, да се забораваат содржини поврзани со тој поим.

Нервози предизвикани од возбудивање заради страв: Се користат различни техники и најмногу со сугестии за предрасуди, шокирање и предочување. Смислата на техниката е да се извади човек од неговата конкретна социјална положба во него да се предизвика чувство за дестабилизирана состојба, за да може тој да биде подложен на примена на наредната техника.

Будење на групни инстинкти: Суштината се сведува на : Сите прават така. Бидејќи пропагандата сака да н# натера целосно да ја следиме толпата, се распалува вистинска битка за заострување на стравот, антипатијата, пристрасноста, заедничките идеали за групата и сл. На тој начин, чувствата се користат за да ја натераат групата да дејствува како стадо. Принципот на дејствување како стадо има свои позитивни, а не само негативни црти. Позитивни се потребата и желбата за комуникација во реалноста и, бидејќи е потрбна храброст да си различен од толпата, унифицирањето овде се изведува до крајност. За да се дејствува ефективно најважната сугестија е дека, во општеството треба да е присутно прифаќање на одреден вид психолошко однесување.

Градација на ефектите: Во случајот спротивно на низа од пропагандните техники, влијанието се темели врз хипотезата за рационалниот корисник, кој реагира како последица на логично и прогресивно решение. Идејата е човек од незнаење да се доведе кон знаење за дејствување, при што се настојува да се совладаат разни етапи: информација, знаење, разбирање, убедување. За таа цел треба да се привлече вниманието на луѓето, да се разбуди нивниот интерес, да се предизвика желба и најпосле да се провоцира акција.

Кога се зборува за пропагандата и убедувањето, значајно е да се нагласи дека пропагандистот мора добро да знае кои средства се најефикасни за одреден контекст:

1. Мислењата усвоени после дискусијата се многу потрајни и цврсто се почитуваат за разлика од одлуките кои се едноставно донесуваат.

2. Убедувањето има сила во рамки на групата која сама ги изработува матриците на однесување и која сама ги контролира во меѓусебната конфронтација.

3. Уверувањето ќе има поголем ефект ако се базира на некој авторитет. Доколку при пропагандното дејствување се наведуваат мислења на стручњаци, познати луѓе и слично, тоа ќе има поголемо влијание.

4. Понекогаш сугестибилноста на слушателите расте ако им се наметнуваат поими кои не им се сосема јасни и за кои не можеле да формираат одреден став.

5. Ако во однос на одредени прашања постои колебливост на масата, а истовремено и извесна инерција да се прифати некој став или донесе некоја одлука, тогаш треба да се избегнува слушателот да се стави пред алтернатива. Многу е подобро да се нијансираат мислењата.

6. Пропагандната порака мора да биде што поедноставна, појадна и кратка. Ако добро се обликува, таа може да ја симболизира идеологијата, системот и акцијата.

7. Одредена пропагандна акција мора да се лимитира на што помал број на идеи. Но, таа бара координирање на акциите на што поголем број на средства за информирање. Секако, за различни слоеви на населението потребни се и различни нијанси на пораките.

8. Понекогаш е корисно пред самата пропагандната акција да се лансираат ,,пробни балони,, за да се утврди евентуална реакција.

9. Во текот на пропагандната акција добро е да се инсистира и да се истакнува еднодушноста на популацијата во однос на превземената акција.

10. Пропагандната акција мора да биде што повеќе во согласност со прифатениот начин на мислење (идеологијата, ставовите, уверувањето) на оние до кои е испратена.

11. Доколку оној кој врши пропаганда ги ангажира сите средства за да ја увери публиката во своите погледи и ги прикаже презентираните планови како сигурно остварливи, а потоа не успее да ги реализира, неговото понатамаошно пропагандно влијание е сериозно разнишано и тешко може да се поврати.Секако, најдобра поткрепа за пропагандистот се претходно признатите успеси од оние кај кои се врши пропагандата.

За да може во потполност да се сфати сферата на политичката пропаганда во онтолошка смисла, нужно е, за момент, да се "ослободиме" од етичкото вреднување, затоа што во таа сфера нема категорија на зло и добро. **Постои за сите само крајна цел- остварувањето на интересите,** преку манипулирањето, дезинформирањето, убедувањето, па, дури и корисењето на "аргументот на стапот" (argumentum ad baculum).

За разлика од исклучиво логичкото докажување, во политичката експресија се користи **најширок спектар на докажувачки и побивачки модалитети.** Политичката пропаганда се базира на аргументи, кои мораат да се одбранат преку процесот на докажување или преку процесот на побивање[5] на аргументите кои доаѓаат од противникот. **Директен или непосреден доказ** е акт со кој се нудат дополнителни аргументи за даденото тврдење. Логички зборувајќи, доказот имплицира наведување на вистински судови кои ја поткрепуваат тезата. Тие се нејзини кредибилизатори и засилувачи а с# заради наведување на публиката (јавноста, граѓанството) за до крај да ја прифати тезата на говорникот. Тие докази се изведуваат на две нивоа: **перцептивно и вербално**. Со перцептивно докажување (argumentum ad oculum) знаеле да се послужат дури и гатачите во своите говори[6]. Подоцна, тој начин на докажување обемно го користеле војсководачите и политичарите. Многу е различно перцептивното невербално докажување, кое содржи манипулативни елементи Овој начин на лажно докажување во литературата е познато како Потемкинови села[7].Кога се анализира структурата и функцијата на овој

[5] за докажувањето и побивањето пошироко видете во Slavujic Zoran *Politicki marketing,* Radnicka stampa Beograd 1989 23- 67 str

[6] Имено, кога гатачот настојувал со своите говорни формули да ги увери жедните соплеменици дека ќе дојде до дожд, тој тие искази ги пропратувал со посипување на пердуви, со што визуелно сугерирал капки на дожд и кои доаѓаат. Со тоа им ја подигнувал верата и овозможувал подолго да ја издржат жедта

[7] Потемкин, руски царски министер, за да ја увери царицата и останатите дворјани, ангажирал два театарски ансамбли кои постојано оделе пред царицата (патувањето се одвивало со брод на Волга) и изведувале народни танци и веселби.

вид на перцептивно докажување, се гледа дека успешноста зависи од степенот на интуитивното сфаќање на желбата, потребата и состојбата на свеста на реципиентот. Политичкиот субјект кој тоа добро ќе го разбере полесно пронаоѓа примери, слики па и тродимензионални докажувачи. Кога ќе изостане потврдата во реалноста тогаш брзо доаѓа до ладење, сомневање и потполно разочарување. Во врска со тоа, Маркс смета дека никаква свест in ultima linea не го менува вкупното општествено битие, туку обратно: севкупноста на реалитетите ги менува и предизвикува сите форми на свеста.

На вербален план, демагошкиот аргумент се проширува со ветување и ласкање. Политичкиот субјект за време на изборните кампањи го зборува исклучиво она што смета дека кај народот ќе побуди интерес. Врвот во доказната постапка се логички изводи и заклучоци. Но, ниту тие облици не се пресудни бидејќи индоктринираните маси често не се воопшто приемливи на суптилен начин на докажување. Освен тоа, потребно е да се истакне дека и при формалните логичјки процедури се провлекуваат и бројни грешки. Имено, најчесто грешката е во формалното логичко докажување petitio principii како замена на заклучокот и премисата, така што уште не докажана и неуверлива теза се докажува со друг суд кој не е вистинит и би требало претходно да се докаже. Оваа грешка може да се појави во несвесен облик (наречен паралогизам) и со свесност (софизам) кога политичкиот лидер сака да ги излаже слушателите.

Кога и на тој начин не може да се увери публиката, политичките субјекти тогаш обилно користат аргумент на авторитетот. Имено, за своите тези тврдат дека се мисли на авторитет во кој народот верува и кој, с# уште, во аудиториумот има легитимитет. Порано говорникот се повикувал на Библијата, потоа со цитирање на класици од било која област, а во нашето блиско минато ,секој се колнел во Маркс, Ленин, Тито и сл. Доволно било да се назначи дека неговата теза е претходно истакната како позитивна од "класиците на марксизмот" и таа да помине[8]

Целта на тоа инсценирање била царицата да се увери како нејзините поданици идилично живеат и како се среќни , а целта, како скриена конечна цел, било да се увери царицата како Потемкин одлично управува со царството и царицата да го остави понатаму на тоа место. Кога сето тоа се одвива вербално , тогаш таквито начин докажување, тогаш е демоагогија.

[8] Класичен примерн за употреба на аргументот на авторитетот е забележан на одбрана на дисертацијата на еден клерик во доцбиот среден век на Сорбона. Претседателот на комисијата бил уверен схоластичар. Младиот клерик, со помош

Индиректниот доказ е обратен процес од директното докажување .Имено, со него сопствената теза се докажува индиректно односно со побивање на контрадикторниот суд . Контрадикцијата е логика "или-или"- tertium nona datur.

Во политичкото општење секогаш е пофрекфентно **побивањето** од докажувањето. Имено, соочувајќи се со противникот и неговите тези, политичкиот субјецт во арената мора секогаш да се докажува со побивање на спротивните ставови и мислења и така да се избори за доминантна позиција во групата или народот. Уште во Стара Грција, системот на полемизирање бил до таа мера развиен што дури постоела и посебна дисциплина еристика (eristike techne) како вештина на препирање, полемика. Еристиката е, всушност, втората страна на логиката затоа што се бави со привидот на вистината како и со начините како успешно на јавната сцена да се тргне ривалот. Познати се неколку модели на побивање:

Проширување или разводнување на противничката теза е најчест и многу ефективен облик во политичката реторика. Тој се состои во постепено проширување на тврдењето на противникот кое во почетокот и тој самиот го признава како легитимно, но на крајот, по логиката на преоѓање на квантитетот во нов квалитет, со оваа постапка се анулираат основните тези на говорникот. На ваков начин се врши дефокусирање од темата и наметнување на сопствена тема.

Посебно лукавство во побивањето е **прифаќање на тезата** на противникот, но во директните изведувања и апликации во праксата се побива, малку по малку с# до целосно уништување. И **аргументот на авторитетот** е многу фрекфентен во побивањето. Имено, кога ќе се каже " сите тоа го знаат" , "Ленин говореше", "во нашиот програм е зацртано" итн, а противникот тоа не го знае, тогаш тој е компромитиран.

на штотуку откриените телскоопи, открил една нова ѕвезда и дисертацијата била нејзино докажување. Кога докторантот ја изложил совјата теза, претседателот на комисијата му се обратил побивајќи го вака: " сине, јас повеќе пати го прочитав Аристотел, но таа твоја ѕвезда ја нема никад е во неговите дела. Јас сум ја прочитал Библијата од напред и од назад, но и во неа ја нема таа твоја ѕвезда. Е па сине, или справата не чини или твојата памет е пореметена".

2. Манипулацијата како карактеристика на политичката пропаганда

Едни од основните сознанија на кои се заснова манипулацијата се:

1. човекот е производ на надворешните услови;
2. мислењето и однесувањето се учат;
3. две мерила за вреднување на идеите: тие не секогаш мора да биде вистинити, туку во склад со личните и групните интереси и во склад со дотогашното искуство на поединецот;
4. настојување да се создаде целовито јавно мислење преку освојување на што поголем број на медиуми;
5. треба да се знае кои се ставоввите кои се премногу цврсти и на кои не вреди да се троши време за да се менуваат;
6. треба да се знае структурата на јазикот, односно да се знае кои изрази се неутрални, кои можат негативно да ја сензибилизираат јавноста а кои можат позитивно да ги стимулираат[9].

Обидот однесувањето на масата да се контролира со помош на вешта манипулација со симболите, означува пресврт во методите на владеењето, во таа смисла што групните методи на принуда се заменуваат со фини техники на убедување. Владеењето со масите со помош на симболите не се практикува со тоа што е можеби почовечно од примената на груба сила, туку заради тоа што е поефикасно.

Односот меѓу пропагандата и вистината е дискутабилен и повеќекратен. Умесно би било да се испитува на повеќе рамништа: на ниво на поединечна порака, на ниво на одделна пропагандна акција или кампања и се разбира, на глобално ниво. Импликациите се различни, па затоа и генерализациите се различни- независно дали се поволни или неповолни за пропагандата. Но, компликациите се дотолку поголеми што самата политичка пропаганда намерно маневрира меѓу апстрактното и конкретното, општото, посебното и поединечното, апсолутното и релативното, главното и споредното.

[9] Повеќе во Dzuro Susnjic *Ribari ljudske duse* Cigoja 1999, 35-54 str.

Кога гледањата се дел на некој идеолошки проект, кога се однесуваат на некоја далечна антиципација на некоја (неб) иднина, непроверлива во животниот век и со животното искуство на обичниот "смртник", тогаш вистината на таквата пропаганда изгледа неприкосновена, барем додека не се компромитираат официјалните пророци или визионери или не се појават нови[10].

Ефективноста (успешноста) на пропагандата означена како технологија, ја одредуваме со постигнување на пропагандните цели, а вредноста пред с#, од вредноста на самите цели кон кои е насочена. "

,Токму во пропагандата доаѓа до израз старата Макијавелистичка премиса "целта ги оправдува средствата", отворајќи истовремено и некои етички прашања. Дали целта вредна сама по себе, ја оправдува примената на нечесните постапки? Може ли лагата, ако е насочена кон постигнување на вредната цел, да биде прифатено средство?

Кога некој општествен поредок ќе западне во длабока криза ,неговата политичка пропаганда по правило се преобразува во политичка манипулација и безобзирно и го врти грбот на вистината. Веќе е познат и разработен богат репертоар на манипулирање со информациите, од ускратување, преправање, селектирање, одложување, оладување итн., со цел да се прекрие или прекрои неповолната вистина, но фактите се обично скромни и привремени. Но во еден момент до јавноста ќе допре вистинската информација која за момент може да предизвика недоверба или рушење на одредена владеачка структура. Со фактот дека човекот го приема светот како претстава, се крие латентна можност за остварување на политиката како манипулација. Тој кој влијае на видот и содржината на јавните информации, влијае на претставата за светот која е втемелена на сфаќањето за индивидуална и групна егзистенција. Во сложените современи општества не е можно директно учество во одлучувањето, туку тој се заменува со посреден, на информациите заснован надзор.

Манипулацијата е во тесна врска со **дезинформацијата,** а неа можеме да ја разбереме како:

- неточно и (или) парцијално формирани пораки за некои процеси, случувања, луѓе и поими;

[10] повеќе во Bruce I. Newman *Handbook of Political Marketing* Sage Publication USA 2001 725- 741 p

- отсуство на известување од настани важни за заедницата
- пораките со кои се (без критички осврт) истакнуваат страните на непријателските и идеолошките вредности;
- задржувањето на истите вредносни судови, пораките пренесени од други тоталитети.

Дезинформациите се можни во било која точка или дел од информацискиот процес: на местото на случувањето, кај изворите на информациите, во самите средства за информирање (редакции, во текот на процесот на кодирање) и секако, и во било кој облик на трансмисија. Добар дел на дезинформациите настануваат и како последица на дијалктичката суштина на случувањата. Имено, понекогаш е тешко да се одреди кои елементи од некое случување имаат суштинска а кои секундарна вредност, па затоа, се случува во прв план да се истакне она за што подоцна се востановува дека имало многу мало или никакво влијание на понатамошниот тек на случувањата.

Овде, посебно се истакнуваат следните аспекти на дезинформацијата:

форумско информирање- Форумите како клучни пунктови на хиерархиското устројство на меѓучовечките односи нужно влијаат на обемот и квалитетот на дифузираните информации. Се смета дека форумското известување оди преку два канала: административно-стручниот и преку средствата на масовното информирање *фразирање*- Многу секојдневни пораки пласирани преку средствата за информирање патат од недостаток од конкретност. Тие се оптеретени од парафразирање, пароли и одамна изречени тези. Најчесто неоправдан страв за сопствената позиција доведува до непринципиелност и бегање од суштината на нештата. Рутинската и безсодржајната реченица како што е: “При тоа е констатирано дека позитивните и негативните искуства, на кои извештајот укажува, можат корисно да послужат во конципирањето на идните акции”, ја чини срѓжта на многу написи во дневно- политчката пракса. Причините за фразирање се: непознавање на фактите од страна на информаторот, делумно и нивна лична неспособност за професијата со која се бават, притисоци “одозгора” или самоцензура.

“Фризирање” Овој често употребуван термин го означува напорот на некои информатори да изгледа с# добро, она што во праксата може да личи на губиток, слабост, судир на мислења, конфликтни ситуации и

процеси. За таа цел, се употребуваат полувистини врз основа на кои се извлекуваат логички заклучоци, а, всушност, лошото се претвора во добро, едноставно не се пишува за нешто или изјавите или постапките од кои треба да се оградат се остават без коментар.

Критизерството како вид на дезинформација- Критиката во вид на полемика, коментар, рецензија и сатира, е неразделен вид на информативната дејност. Денес луѓето станаа пречувствителни на било кој вид на критика на нивните (не)намерни грешки и пропусти. Сите се држат на она "човечки е да се има слабост, но не е човечки да се покаже". Причина за тоа се типично политиканските односи кои се засновани на конкуренцијата како општоприфатен начин на живот. Така многумина чекаат на грешките на своите колеги, кои потоа ги предимензионираат ширејќи ја сопствената недоверба, што често доведува до конфликтни ситуации.

Неразбирливо изразување- Покрај претераноит број на информации кои секојдневно се сервираат, дезинформирањето се појавува и како последица на публикуваните пораки на неразбирливите текстови. За тоа е одговоран, покрај другото, експлозивниот развој на човековото сознание за фасцинантниот број на новите зборови во употреба. Многу стручњаци тврдат дека јазикот на науката не е возможно да се преведе на секојдневниот говор.

О*станати форми на дезинформација* –

> неточните податоци кои настануваат поради незнаењето или невниманието на информаторот;

> однапред опишани настани кои с# уште не се случиле;

> обезвреднување, кое особено се јавува во текот на полемиките;

> информации врз основа на исклучиво лични ставови на информаторот;

> сензинзациналистички информации, претерано давање на значење на нешто што е секундарно во однос на основните општествени појави

> ширење на гласини, кои означуваат намерно протурање на неформални невистинити или полувистинити информации. Посебна форма на гласини е "вметнување во циркулацијата" на политички анегдоти.

Пропагандата како ширење на невистини е сместена во редот на заблудите кои се социјално прескапо платени. Еден од основните постулати на Гебелсовата пропагандна стратегија било инсистирањето на точноста на изнесените податоци, но тоа ни малку не ја направи безопасна. И Ленин, исто така, ога го сковал слоганот "во пропагандата вистината се исплаќа", мислел на фактографска матрица на пораката "вистината која се исплаќа е во доменот на фактите. Нужна заблуда, која исто така се исплаќа, е во доменот на интенцијата и инитерпретацијата".

Ако на пропагандата не и се верува, тогаш таа нема за што да постои. Затоа, често се истакнува принципот на вистинитост на пропагандата како нејзин влог во политичката акција и залог на нејзината делотворност. Меѓутоа, колку што има различни сфаќања за пропагандата толку има разлики во пропагандната тактика и практика па затоа и одделни вистини за пропагандата ја негираат вистината во неа. Досегашната историја, од многу причини, може да се гледа како историја (навидум) на различни идеологии инкарнирани во харизматски личности, црковни организации и авангарди. Мнозинството во конкретните општества, за жал, секогаш било разбиено на изолирани поединци и групи впрегнати во организационите шеми на репресивните институции. Обезглавена и понижувана, масата , како крпа ги впивала сите идеи кои & ветувале човечко достоинство. Во акциона смисла тие идеи, зависно, од посебните услови и епохата, резултирале со насилство, претерано прибирање на богатства, еуфорични манифестации или со револуција. Подоцна се покажало дека, масите во најголем број на случаи биле изманипулирани, така што и многу автори и денес **ги изедначуваат пропагандата и манипулацијата.**

Веројатно не постои пропаганда која на претендира и не тврди дека зборува вистина и само вистина. Од каде тогаш толку вистини со оглед на противречните пропагандни верзии, на исти теми и на исти настани.. Ова умножување или пропагандно размножување на вистината може да се сфати во светлината на општо прифатената пропагандна девиза: секогаш да се соопштува само вистина па макар да е тоа навистина вистина[11].Тоа што е посебно карактеристично за пропагандното и за дезинформативното делување, е што и двете појави се парцијално изнесување на проблемите. Пропагандата во секојдневната комуникација има позитивно и негативно значење, додека дезинформирањето се сфаќа

[11] Неделковски Живко (1992), *Политика како комуникација* Студентски збор-Скопје , стр. 115

исклучиво пежоративно. Пропагандата, како свесна активност е важен дел на долгорочна и комплексна индоктринација, додека дезинформирањето повеќе има природен, краткотраен, па, и случаен карактер. Суштински гледано, ако кај двете појави се работи за свесно делување, тогаш тие, често се и комплементарни и нераздвојни[38].

Плашејќи се од вистината (за себе) владеачкиот општествен поредок развива цел сплет "одбранбени" манипулативни механизми со кои се амортизираат и се асимилираат неповолните вистини на системот, а истовремено се симулира слободно струење на информациите на домашниот комуникациски простор. На тој начин, информациите формално & стануваат достапни на јавноста, но вистината, всушност останува недостапна или барем недостатна. Имено, поединечните критички информации се толерираат до извесна мера, но строго се внимава да останат изолирани, без содејство и субверзивна моќ.

Посебно се издвојуваат т.н. дискурсивни стратегии на манипулација:

> **дискретни етикети**. Тоа се лингвистички елементи, кои сигнализираат дека во еден текст авторот му се спротивставува (во или преку својот сопствен дискурс) на друг дискурс, оној на противникот. Овие етикети се од различен вид:

-лексички :

а) на пример станува збор за напаѓање, обезвреднување, негативен дискурс. Тоа се зборови коишто истакнуваат несогласување ,опозиција, отфрлување и тие се сигнал дека авторот се обидува да манипулира;

б) декларативни глаголи, кои соопштуваат за дискурсот на другиот (претендира, изјавува, декларира, дури и кажува) и нивното евентуално наредно отфрлање;

в) проценувачки глаголи (погрешно е да се тврди, апсурдно е да се изјавува дека и друго);

г) разни начини на негирање –тие се најочигледен знак за отфрлање

(не е точно дека; никогаш не сум рекол дека и други);

д) збир од формални етикети (од глаголски придавки; глаголи и нивните времиња), коишто покажуваат дека авторот на дискурсот не презема одговорност за некои делови на својот сопствен дискурс, всушност

формално се изолира од најавувањето на дискурсот (на пример : таканаречената; тоа што претендира; видливото; обратно на; презентирано како и други): ,, велат дека ќе ја намалат невработеноста ,,, ,,демократијата ќе постои во оваа земја,,;

ѓ) јазични конструкции-навистина; но; очигледно итн.

е) интонацијата (дури ако изговорот се имитира), различните стилови итн. графички етикети:

/наводници, цртички, загради, извичници, прашалници, повеќе точки, запирки, употреба на големи букви и други. Сами по себе тие не се лингвистички индикатори за конфликтниот дискурс. Но нивната честа употреба и нивната паралелна појава заедно со јазичните етикети се показатели за присутноста на можноста за конфликтен дискурс.

> **директно презентирање на дискурсот**. (Автентично цитирање со наводници): со овој начин на цитирање се докажува автентичноста и се покажува дека можеме да имаме доверба во реченото. Смислата на оваа стратегија е дека не секогаш фронталниот напад е најефективен –сакаме да покажеме дека формално не го порекнуваме дискурсот на противникот. Обично цитирањето е надвор од манипулираниот дискурс (тоа го мисли секојдневната свест), но всушност , ако се цитира некој, тоа е или затоа што неговото мислење има значење (оттаму доаѓа и изразот,,цитирање на авторитетот,,) или затоа што пропагандистот сака да се претстави со “широки сваќања”. Постојат два вида цитирање:

-цитирање на авторитет, којшто ја зголемува легитимноста на изразувањето на субјектот-манипулатор и со тоа го делегитимира противникот.

-цитирање на авторитет, којшто не е признат ниту од авторот , ниту од противникот, но со кој ние се обидуваме да го асоцираме нашиот противник (на пример, даваме цитат на Хитлер, со којшто го асоцираме јазикот на нашиот противник).

> **индиректно претставување на дискурсот** (Цитирајќи го без наводници и менувајќи го): Интегрираме друг дискурс во нашиот без точно да го цитираме. Смислата на оваа стратегија е да го презентираме она што противникот изгледа го рекол, а не како го рекол. Тоа претсавување е манипулација, земена од самиот дискурс на противникот. Обратно на претходниот тип цитирање, оваа процедура скоро целосно се користи за отфрлање и манипулација на дискурсот на противникот. Основен показател за оваа стратегија е типот глаголи: неутрални (вели,

декларира, мисли); конфликтни (претендира, таканареченото и други) или преку лексички форми на отфрлање.

>**различни форми на негирање и отфрлање** Тоа, очигледно , се најобичните трансакции на конфликтен дискурс. Најефективни се разните форми на "привлекување " (тие најтешко се квалификуваат од слушателот како конфликтни). Привлекувањето значи да се допаднеме , да предизвикаме симпатија преку лага. Негирањето ретко е доволно за да се неутрализира или да се дискредитира противникот. неопходно е да се вклучат и други стратегии, всушност , таа стратегија се користи во комбинација.

>демаскирање: Оваа стратегија сака да го покаже "некажаното" од противникот. Тенденцијата е публиката да биде убедена дека противникот сака да скрие нешто од неа, дека постои контекст или прикриена смисла во неговите зборови.

>вообразено претставување: Целосно се користи за да се изгради негативен имиџ на противникот и се потенцира внесувањето на специфичниаракте ристики во личноста на противникот.

БИБЛИОГРАФИЈА

David L. Sills *International Encyclopedia of the Social Sciences* The Macmillan Company andThe Free Press,

Ремоне Игнасио, *Тивки пропиsааганди,* Калеф, Скопје

Канев Добрин *Политички менаџмент* Фондацијдрих Еберт" Скопје 2002, 172-173 стр

Slavujic Zoran *Politicki marketing,* Radnicka stampa Bed 1989

Dzuro Susnjic *Ribari ljudske duse* Cigoja 1999,

Bruce I. Newman *Handbook of Political Marketing* Sage Publication USA 2001

Неделковски Живко (1992), *Политика како комуникација* Студентски збор- Скопје

Mihailovic. S. (1992) *Prilog analizi odrednica izbornog ponasanja*- Gledista 1-6,, Beograd

341.71.092.3

LEGISLATIVE VIEW OF THE CONDITIONS AND THE PROCEDURES FOR APPOINTMENTING AN AMBASSADOR

Dejan Marolov PhD, Goce Delchev University, Faculty of Law, Stip, Republic of Macedonia, e-mail: dejan.marolov@ugd.edu.mk

Abstract:
The legal framework of the conditions and the procedures for appointing an Ambassador of the Republic of Macedonia has been given by the Law on Foreign Affairs. There is a relatively good legal framework for the appointment of new ambassadors, which is largely similar to the legal framework of the countries in the region. However, the Macedonian legal framework has its own specifics. This paper will mostly rely on qualitative research methods.

Keywords: *Ambassador, conditions, procedures, Law on Foreign Affairs*

Introduction

This paper analyses and comments the legal framework which regards the conditions and the procedures for appointment of an Ambassador of the Republic of Macedonia, which has been given within the Law on Foreign Affairs from 2006. Although it has passed considerable time since the adoption of the Law on Foreign Affairs, through which some changes were made, there were not sufficient serious analysis of the anticipated legal solutions about the conditions and the procedure for the appointment of an ambassador. Therefore, this paper deals with this issue in two parts. The first one analyses and comments the conditions and the second one analyses and comments the procedures for appointing an ambassador.

Conditions provided by the Law on Foreign Affairs

All the necessary conditions for a person to become an Ambassador of the Republic of Macedonia are listed in Article 36 of the Law on Foreign Affairs[1].
As first condition is mentioned the existence of citizenship of the Republic of

[1] Article 36 from the Foreign Affairs Law, Official Gazette of the Republic of Macedonia no.46 from 11.04.2006

Macedonia, which means that exclusively a citizen of RM (Republic of Macedonia) [2] can be an Ambassador. This requirement sounds completely reasonable, because, as a person with such function and authorizations, he/she must possess only the citizenship of the country he/she represents abroad.

The second pointed condition is having high education. To possess high education, in order to be able to represent the own country as ambassador[3] is quite logical, too. However this is not detailed explained, i.e. it is not clear what kind of high education is required. This theoretically gives people who have never met social sciences possibility to fulfil this condition. We propose making some further changes of this point, i.e. concretizing in direction of reducing the high education condition only in the area of diplomacy or political-legal sciences or at least in social sciences as more general field.

The third condition is to have active (very good) knowledge of two foreign languages[4]. There is also a sub – condition, which is, at least one of these languages must be an official language in the UN[5] (United Nations). In addition, if an ambassador has been sent to a country with official language, which is different from those of the official usage in the UN, it is also required basic knowledge of the host language. The third condition arises from purely practical reasons. In order to represent the own country abroad, the ambassador must carry out certain official and unofficial communications with the authorities and the local population during the performance of this function. The request for at least elementary knowledge of the host language is a kind of recognition of the reality that the Republic of Macedonia as a pretty small country features limited opportunities in the diplomatic sector, i.e. cannot provide candidates with good host language knowledge in each country the Republic of Macedonia has an embassy. It would be ideal, if every Macedonian embassy had diplomatic staff with proficient knowledge of the host language. However this solution still remains valid.

[2] Ibid.

3 Ibid.

[4] Ibid.

[5] Arabic, Chinese, English, French, Russian and Spanish

In that direction is also Article 43, which says: *"in accordance with the receiving State, the Ambassador can be accredited at the same time for one or more states or international organizations"* [6].

Similar to the previous article, here also is revealed a real situation of the Republic of Macedonia, which is that it can hardly provide an individual embassy in every country. There is indeed no real need for an individual embassy in every country, so it leaves an opportunity open that one ambassador can be appointed as ambassador to several countries simultaneously.

If we go back to the third so-called language condition we must mention the changes made in 2013, according to which one of the foreign languages must be English and the second one must be one of the official languages in UN or EU[7]. There are also another changes regarding the provisions which determinates what tests are exactly relevant and which marks are sufficient as proof for foreign language knowledge[8].

The fourth prescribed condition is that the candidate for ambassador must have gained high diplomatic title or be already acknowledged in the field of foreign policy and international relations[9]. This requirement leads to appointing a person with experience for ambassador, i.e. avoiding situations of appointing persons without sufficient knowledge as ambassadors.

The fifth condition requires psychophysical and health capability[10]. It was made a change later, saying that the candidate must not have had any prohibition to perform a profession, activity or duty[11].

The final condition is to own an adequate safety certificate.

With the sixth condition has been complied the legal prescribed list of conditions for practising this type of function.

[6] Article 43 from the Foreign Affairs Law, Official Gazette of the Republic of Macedonia no.46 from 11.04.2006

[7] Aricle 10 from Changes And Additions Law of the Foreign Affairs Law, Official Gazette of the Republic of Macedonia No.26 from 20.02.2013

[8] Ibid

[9] Article 36 from the Foreign Affairs Law, Official Gazette of the Republic of Macedonia no.46 from 11.04.2006

[10] Ibid.

[11] Aricle 8 from Changes And Additions Law of the Foreign Affairs Law, Official Gazette of the Republic of Macedonia no.107 from 29.08.2008

Interesting is to note that until the decision by the Constitutional Court of 07.11.2007, the Law on Foreign Affairs had an additional requirement for appointing an ambassador[12]. It was about the former article 36 paragraph 1, line 6, which is: "*must not be convicted with imprisonment-punishments of at least six months of crimes in connection with official duties, or other criminal act which makes him unsuitable for an Ambassador."*[13] *(Translation in English by Dejan Marolov)* But this was abolished with the before mentioned Decision by the Constitutional Court. What is this issue about? Although this condition itself seems fairly logical, it could still be considered as controversial, if a person who has served prison for longer time for committing a crime connected with official duties could be appointed to be ambassador. This means that a person who has already had serious problems with the law could not take a post that provides him immunity from criminal prosecution. It contains itself the assumption that the person who has once committed a crime, will probably again be in conflict with the law. At the same time this assumption contains the possibility for lifelong stigmatization of people who have broken the law once before and have already paid their debt to society.

Therefore, taking in consideration Article 23 of the Constitution[14] i.e. every citizen has the right to perform a public function, the fact that in this way one right of the citizen who had committed a crime is limited and the fact that in a way he/she gets additional sanction outside of the already adopted verdict (where this limitation is not predicted), the Constitutional Court abolished the line six[15]. Accordingly, satisfying of this requirement is no longer obstacle to the appointment of ambassadors. Accordingly, satisfying this requirement is no longer condition on the way of appointment of ambassadors.

[12] Decision of the Constitutional Court of the Republic of Macedonia U no. 80 / 2006-0-0 from 07.11.2007

[13] Article 36 from the Foreign Affairs Law, Official Gazette of the Republic of Macedonia no.46 from 11.04.2006

[14] Constitution of the Republic of Macedonia

[15] For more see: Decision of the Constitutional Court of the Republic of Macedonia no. 80 / 2006-
0-0 from 07.11.2007

The Law on Foreign Affairs stipulates also that at least two thirds of the total number of ambassadors is appointed by diplomatic officials with high diplomatic titles from the Ministry of Foreign Affairs[16]. Later it was reduced to ¼ . [17] This ensures that at least ¼ of the appointed ambassadors are professionals. This provision is quite debatable because there are occasional requirements that this post should be run by 100% professionals. But for the time the same provision remains as it is.

The procedure prescribed by the Law on Foreign Affairs

The procedure for appointment of Ambassador is prescribed with Articles 37-43 of the Law on Foreign Affairs. According to these Articles the procedure is initiated by the Minister on Foreign Affairs[18] who submits a proposal for a new Ambassador to the Government of RM. If the proposal is accepted on the Governmental session, the Government informs the President of the Republic of Macedonia in written. After this the President will give his opinion about the proposal for appointment of the ambassador within 30 days and informs the Prime Minister in written. The relatively short period of 30 days given is because the ambassadorial post should not be left empty for longer time and it should be avoided the so called "pocket veto" (which would mean bringing the proposal in the pocket and not giving any answer for a longer time). After obtaining a positive opinion by the President, the Ministry of Foreign Affairs asks for an agrément by the receiving state[19] about the new ambassador. After receiving the acceptance, the new Ambassador meets the Minister on Foreign Affairs and the parliamentary working body on Foreign Affairs, where he/she explains his/her views and opinions about the relations with the state or the international organization he is appointed in. After receiving the agrément, the President of the Republic signs a decree about appointing the Ambassador. The decree is published in the Official Gazette of

[16] Article 36 from the Foreign Affairs Law, Official Gazette of the Republic of Macedonia no.46 from 11.04.2006

[17] Aricle 8 from Changes And Additions Law of the Foreign Affairs Law, Official Gazette of the Republic of Macedonia no.107 from 29.08.2008

[18] After a preliminary alignment between him and the President of the Republic

[19] For the appointment of ambassador in an international organization an agrément is not required but the rules for the appointment of a permanent representative with a rank of Ambassador apply.

RM, after which the Minister on Foreign Affairs initials and the President signs the credentials. Finally, after this there is one month period for the new Ambassador to take the duty. According to the Law on Foreign Affairs the mandate of the ambassadors lasts four years starting from the day of taking the duty.

Setting up such a framework does not allow any element of the executive itself to build a monopoly on the appointment of ambassadors, because the procedure for appointment requires involvement of the Minister on Foreign Affairs, the Prime Minister and the whole Government as well as the President of the Republic. Although fairly limited, the legislature is also included through the compulsory introduction of the new Ambassador in front of the working body of the Assembly. Although this model often generates misunderstanding between the President and the Government in practice, especially in situations where the President and the Prime Minister come from different political parties[20], it is proved to be relatively functional. In general the procedure for appointment of ambassadors is quite similar to other solutions in the Laws on Foreign Affairs and other laws in the former Yugoslav republics and neighbouring countries. However, it is normal to exist some specifics in the legislation of RM. The provision of the Law on Foreign Affairs[21] according to which, "*in naming ambassadors it is respected the principle of appropriate and equitable representation of citizens belonging to all communities and the principle of equal opportunities between the sexes*" is unique. Exactly the first part of this provision, which says that the appointment of Ambassadors is based on the principle of appropriate and equitable representation, in practice means that during the appointment of ambassadors there must be represented candidates from all communities, different from the Macedonians. That, on the other hand means that it is compulsory that some of the appointed ambassadors belong to the minority communities.

[20] Notable for the time during the mandate of President Branko Crvenkovski from SDSM when the Prime Minister was Nikola Gruevski from VMRO-DPMNE

[21] Article 36 Paragraph 3 from the Foreign Affairs Law, Official Gazette of the Republic of Macedonia no.46 from 11.04.2006

Conclusion

The legislation of the Republic of Macedonia regarding the terms of the procedure for the appointment of ambassadors is mainly based on the actual needs and capacities of the state. There is a relatively good legal framework for appointment of new ambassadors, which is largely similar to the legal frameworks of the countries in the region. However, the Macedonian legal framework keeps its own specifics. But the good legal framework does not always guarantee the good work. In this sense, the existing of legislation should not be understood as one made forever. On the contrary, much deeper analyses should be made and foreign experiences should be followed in order to provide better legal solutions regarding the requirements and the procedure of the appointment of ambassadors. This will allow better selection of qualitative staff who will be able to represent the country abroad.

References

Mircev, D. (2006) *Macedonian foreign policy*. Skopje, Az-buki

Габер, В. (2002) *За македонската дипломатија*. Скопје, Магор

Бериџ, Г.Р. (2009) *Дипломатија, теорија и пракса.* трето издание. Прилеп. 11 Октомври

Закон за надворешни работи на Република Македонија 2006

Одлука на Уставен Суд У.бр. 80/2006-0-0 на РМ од 2007

Одлука на Уставен Суд У.бр.225/2007 на РМ од 2008

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
Службен весник на РМ, бр. 107 од 29.08.2008 година

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
Сл. Весник на Р. Македонија, бр.39 од 25.02.2014 година

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
Сл. Весник на Р. Македонија, бр.26 од 20.02.2013 година

Zakon o vanjskim poslovima на Република Хрватска 1996

Zakon o spoljnim poslova na Srbija 2009

Закон за дипломатическата служба Bugarija 2011

SOCIETY

325:316.32

МИГРАЦИЈАТА ФЕНОМЕН НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Росе Смилески,Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје - придружна членка, e-mail: smile@va.edu.mk
Љупчо Шошоловски, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ Скопје - придружна членка, e-mail: ljupco_sosolovski@hotmail.com.mk

Апстракт

Општите услови и причини кои придонесуваат за појава на миграцијата се глобализацијата и интернационализацијата на пазарот на трудот и разликите во животниот стандард помеѓу државите. Оттука, зголемувањето на миграцијата е еден од највидливите и најзначајни аспекти на глобализацијата односно зголемувањето на бројот на луѓе кои се преселуваат (мигрираат) во рамките на државите и преку нивните граници, барајќи подобри можности за вработување и животен стандард. Во зависност од обемот и динамиката, како и видовите на миграционите движења, меѓународните миграции може да имаат значајно влијание како врз развојот на населението, така и врз социјалниот и економскиот развој на земјата. Оттаму, нивното континуирано проучување е мошне важно за националното планирање на демографскиот и социо-економскиот развој. Дејството на внатрешните миграции врз демографските состојби е двојно. Тоа, од една страна директно влијае на бројната состојба, територијалниот распоред и структурите на населението, а од друга страна, ги детерминира и наталитетот и морталитетот заради последиците од половата и старосната структура на населението. Последиците во деловите од кои се иселуваат се недостаток на работноспособно население и неискористен физички капитал (земја и слично), а во деловите во кои се доселуваат е вишок на работна сила, невработеност, сиромаштија, зголемена густина на население и намалување на квалитетот на животот. Еден од позначајните чинители кои ги предизвикуваат миграциони движења и има силно влијание врз нив е и глобалната реорганизација (моменталната состојба) на пазарот на трудот и високиот процент на учество на младите во вкупната стапка на невработени лица. Вработувањето на младите, вклучувајќи ги и оние со повисоко ниво на образование, останува сериозен проблем

со цел намалување на младата емиграција или во светот позната како одлив на мозоци. Превенцијата од идно мигрирање на младите луѓе наложува заеднички напори на многу институции и приод насочен кон подобрување на животниот квалитет на младите од сите аспекти (образование и квалификација, работа и професионално оспособување, семејство и деца, домашни услови за живот, личен развој, учество во граѓанското општество и др.) Националните и интернационалните политики треба да се рефлектираат врз миграцијата кон нејзин одржлив развој, и јасна заштита на правата на мигрантите кои многу често се игнорирани во обид да се контролира нивното движење.

Клучни зборови: *пазар на трудот, глобална реорганизација, одлив на мозоци, превенција, животен стандард*

MIGRATION AS A PHENOMEN OF GLOBALIZATION

Rose Smileski, University „Goce Delchev“ Stip, Military academy „General Mihailo Apostolski“ Skopje- associate member,

e-mail: smile@va.edu.mk

Ljupco Shosholovsi, University „Goce Delchev“ Stip, Military academy „General Mihailo Apostolski“ Skopje- associate member,

e-mail: ljupco_sosolovski@hotmail.com

Abstract

The common conditions and reasons that contradict for the migration are: globalization and internationalization of the labor market and differences in the life standards between countries. From here the increase of migration is one of the most important aspects of globalization or the increase of the number of people that are moving (migrating) in the frames of the countries and

over their borders, looking for better possibilities of employment and life standard. Depending on the size and dynamics, as well as the kind of migrating movements, international migrations can have a meaningful inflow for the population as well as for the social and economic development of the land. From there, their continuative research is from the upmost importance for the national planning of the demographic and socio-economic development. The acting of the interior migrations on the demographic conditions is doubled. From one side it directly effects on the number, territorial schedule and structures of the population, and on the other side it determines the fertility and mortality because of the consequences of the gender and age structure of the population. Consequences in the parts which they are migrating from are lack of capable working population and unused physical capital (land and likewise), and in the parts that they are migrating to is excess of labor, unemployment, poverty, increased population and decrease of life quality. One of the more notional factors that procure migrating movements and also have a powerful inflow on them, is also the global reorganization (the present condition) of the effort market and the high percentage of participation of the youth in the total step of unemployed people. The employment of the youth, including the ones with higher level of education, remains serious problem with a goal of decreasing of the young emigration or as is also known as brain drain. The prevention from future migration of the young people enjoin common efforts of many institutions and an approach focused on reclamation of the life quality of the young from all aspects (education and qualification, work and professional development, family and children, home conditions for life, personal development, participation in the civil community etc. National and international policy should reflect on the migration toward its tenable development, and a clear protection of migrant rights that are often ignored in attempt to control their movement.

Keywords: *labor market, global reorganization, brain drain, prevention, life standard*

ВОВЕД

„Денес, бројот на луѓе кои живеат надвор од нивните татковини е поголем отколку во кое било друго време во историјата. Интернационалните мигранти може да ја конституираат петтата најбројна држава во светот, ако сите тие би живееле на исто место“[1].

Транснационалниот проток на стоки и капитал ја забрзале глобализацијата во текот на изминатите години. Овој проток бил овозможен со постепеното намалување на трговските бариери и инвестирање преку националните граници, со што се овозможила експанзија на глобалната економија. Меѓутоа, државите многу често, цврсто ја попречувале примената на слични либерални политики на интернационалното движење на луѓето.

Меѓународната миграцијата е глобален, динамички и комплексен феномен кој е во пораст по обем, сложеност и влијание. Таа е причина и ефект од проширениот процес на развој и внатрешна карактеристика на глобализираниот свет. Таа не е замена за развој, но може да биде позитивна сила за развој кога е подржана од правилен сет на политики. Порастот на глобалната мобилност, растечката сложеност на преселните модели и нејзиното влијание врз земјите, мигрантите, семејствата и заедниците придонесле меѓународната миграција стане приоритет на меѓународната заедница.

На миграцијата, преку границите и во рамките на иста земја, обично гледаат како непожелна појава. Внатрешните миграции ги сметаат одговорни за неверојатниот раст на мегаградовите во глобалниот Југ[1], а интернационалните миграции ја зголемуваат невработеноста во индустријализираните земји со цени многу пониски од локалните плати и да имаат корист од социјалниот систем за кој тие ретко придонесуваат.

Миграцијата одамна е стратегија за намалување на ризикот од диверзификација на изворите на приход, и во многу земји не е

[1] Терминот „Север“ се однесува на оние земјите и регионите кои поради статистички цели се класифицирани како „развиени“, додека терминот „Југ“ се однесува на оние земји и региони кои се класифицирани како „земјите во развој“. Развиените региони ги вклучуваат Европа, Северна Америка, Австралија, Нов Зеланд и Јапонија. Овие термини се користат за статистички погодности и не изразуваат суд за нивото кое е постигнато од страна на одредена земја или регион во процесот на развој .

невообичаено за семејството и роднините да одржуваат силни врски на големи оддалечености. Луѓето се движат во различни насоки: помеѓу различни рурални средини, од село во град, од град во село, од еден град во друг, од една држава во друга, итн.

Од политиките за спречување на меѓународната миграција само корист обично имаат нелегалните шверцери и работодавачите кои вработуваат мигранти без документи за да ги избегнат прописите кои што се однесуваат на постојните плати и работните услови.

Три аспекти на миграцијата се од особена важност: прво, факторите поврзани со климатските промени во производство и трговија, кои влијаат на миграцијата; второ, можностите и ограничувањата специфични за различни групи (на пример: жените и мажите, помладите и постарите, итн.); и трето, придонесот на мигрантите за нивните домови и заедници кои се нивни домќини. Подоброто разбирање на овие аспекти може да доведе до создавање на поефикасни политики за одржлив развој.

Не евидентираните мигранти не се причина за постоењето на неформални пазари на трудот на Север, а поголема корист од нелегалната миграција имаат работодавачите отколку мигрантите.

Неопходно е зголемување на флексибилноста на пазарите на трудот, одржувањето и зајакнувањето на работничките права, како и подобрување на работните услови. Ова е повеќе комплексен предизвик, за оној којшто треба да се соочи со миграцијата особено во Западна Европа. Таа може да придонесе да се ублажи негативното влијание на населението кое старее, каде стапката на наталитет резултира со многу мал однос на работоспособното население и пензионерите. Евидентираните мигранти чии работодавачи плаќаат придонеси се предност во поддршката на пензиските и здравствените системи, а креаторите на политиките треба ова да го земат во предвид.

ТРЕНДОВИ ВО МЕЃУНАРОДНАТА МИГРАЦИЈА

Илјадници години луѓето мигрирале во потрага по подобар живот. Миграцијата на луѓе се наоѓа во срцето на тековниот процес на глобализација. Таа е резултат на бројни фактори, меѓу кои се: потрага по поголеми можности-да заработат за подобар живот, да живеат во повеќе сигурна животна околина, повторно да се обединат со членовите на нивните семејства или пријателите, или да избегнат прогонување во

нивните татковини. Овие причини мотивираат приближно околу 3,2% од светското население или 232 милиони луѓе да живеат надвор од нивните родни земји во 2013 година[2], во споредба со 175 милиони во 2000 година и 154 милиони во 1990 година. Во периодот од 1990 до 2000 година, растот на бројот на интернационални миграни бил со просечната стапка на годишно ниво од 1,2%. Во периодот од 2000 до 2010 година, годишниот раст се забрзал достигнувајќи 2,3%. Од тогаш стапката се намалува на 1,6% за периодот од 2010 до 2013 година, Слика 1 [2,3,4].



Слика 1: Меѓународни мигранти, 1990-2013 година (милиони) [2]

Глобално, во 2013 година има 232 милиони на интернационални мигранти. Од нив, приближно 59% живеат во развиените региони, додека регионите во развој се домаќини на 41% од вкупниот број. Во 2013 година, 136 милиони од интернационалните мигранти живеат во глобалниот Север, а 82 милиони или 60% од нив потекнуваат од земјите во развој, додека 54 милиони или 40% се родени во глобалниот Север.

[2] Во 2013, половина од сите интернационални мигранти или 119 милиони живееле во 10 земји. Соединетите Американски Држави се домаќини на најголем број од нив (45,8 милиони), следени од Русија (11 милиони), Германија (9,8 милиони), Саудиска Арабија (9,1 милион), Обединети Арабски Емирати (7,8 милиони), Велика Британија (7,8 милиони) Франција (7,4 милиони), Канада (7,3 милиони), Австралија (6,5 милиони) и Шпанија (6,5 милиони) [2,4].

Освен тоа, 82 милиони или 86% од 96 милиони интернационални мигранти кои живеат во земјите во развој во 2013 година потекнуваат од глобалниот Југ, додека 14 милиони или 14% се родени во глобалниот Север [2].

Помеѓу 1990 и 2013 година, бројот на интернационални мигранти ширум светот се зголемил за преку 77 милиони или за 50%. Голем дел од ова зголемување се случил во периодот помеѓу 2000 и 2010 година. За време на овој период, на годишно ниво бројот на мигранти се зголемувал за околу 4,6 милиони, во споредба со просекот од 2 милиони во периодот од 1990-2000 година и 3,6 милиони за период 2010-2013 година, Табела 1. Во светски рамки, развиените региони добиле 53 милиони или 69% од 77 милиони интернационални мигранти за период од 1990 до 2013 година, додека регионите во развој добиле 24 милиони или 31%. Од 2010 година, годишната стапката се намалува и на Северот и на Југот: на 1,5% во развиените региони и 1,8% во регионите во развој, Табела 1.

Табела 1: Број на меѓународни мигранти според нивото на развиеност и континенти [5].

	International migrant stock (millions)				*Average annual change in migrant stock (millions)*			*Average annual growth rate in migrant stock (percentage)*		
	1990	*2000*	*2010*	*2013*	*1990-2000*	*2000-2010*	*2010-2013*	*1990-2000*	*2000-2010*	*2010-2013*
World	154.2	174.5	220.7	231.5	2.0	4.6	3.6	1.2	2.3	1.6
Developed regions	82.3	103.4	129.7	135.6	2.1	2.6	1.9	2.3	2.3	1.5
Developing regions	71.9	71.1	91.0	95.9	-0.1	2.0	1.6	-0.1	2.5	1.8
Africa	15.6	15.6	17.1	18.6	0.0	0.2	0.5	0.0	0.9	2.8
Asia	49.9	50.4	67.8	70.8	0.1	1.7	1.0	0.1	3.0	1.5
Europe	49.0	56.2	69.2	72.4	0.7	1.3	1.1	1.4	2.1	1.5
LAC	7.1	6.5	8.1	8.5	-0.1	0.2	0.2	-0.9	2.2	1.8
NA	27.8	40.4	51.2	53.1	1.3	1.1	0.6	3.7	2.4	1.2
Oceania	4.7	5.4	7.3	7.9	0.1	0.2	0.2	1.5	3.1	2.6

Забелешка: LAC С Latin однесува на Латинска Америка и на Карибите, додека NA се однесува на Северна Америка.

Анкетата спроведена од Галуп (Gallup Polls) во 2009 година, низ 135 земји покажала дека 16% од работоспособното население во светот би сакала да се пресели во друга земја за постојано доколку би имале шанса. Ова би значело дека околу 700 милиони ширум светот или повеќе од целото возрасно население во Северна и Јужна Америка заедно сака да се пресели на друго место. Сепак се чини дека овие бројки варираат

по региони. Според анкетата спроведена во период од 2007-2009 година, 38% од Африканците кои живеат во суб-Сахара сакаат да мигрираат, додека само 10% од Азијатите би сакале за постојано да ја напуштат својата татковина. Според истата, Соединетите Американски Држави се најпосакуваната дестинација [6].

ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА МИГРАЦИЈАТА

Различни причини стојат во позадина на миграцијата. Луѓето може да мигрираат со цел да ја подобрат нивната финансиска ситуација, или да избегнат граѓанска војна, или прогонување, како и еколошки катастрофи. Причините кои ги охрабруваат индивидуалците да мигрираат се категоризираат како „push“ или „pull“ фактори. Глобализацијата донесе и трета група на мотивациони фактори наречени „мрежни“ фактори, кои вклучуваат слободен проток на информации, ја подобруваат глобалната комуникација, побрза и поефтина цена на транспортот. Мрежните фактори не се во директна врска со миграцијата, но истата ја олеснуваат.

Социолозите долго ја анализирале миграцијата во смисла на „принудувачки-привлекувачки“[3] модел. Овој модел прави разлика помеѓу принудувачките фактори кои ги принудуваат луѓето да ги напуштат домовите од привлекувачки фактори кои ги привлекуваат мигрантите на нова локација. Принудувачките фактори се јавуваат во државите од кои потекнуваат мигрантите додека привлекувачките фактори се однесуваат на државите кои ги примаат. Принудувачките фактори се негативен аспект за државата од која потекнуваат, а привлекувачки фактори се позитивни аспекти за државите кои ги примаат. Во суштина, овие фактори се разликуваат како две страни на монета. Со преселувањето мигрантите не само што мора да ги најдат недостатоците од дома (принудувачки фактори), но и очекуваат дополнителни бенефити во странство (привлекувачки фактори), инаку движењето би им било неисплатливо.

Постојат и двосмислени фактори наречени мрежни фактори кои може на луѓето да им го олеснат движењето или одвратат од миграција. Мрежните фактори ги вклучуваат: трошоците за патување, полесна кумуникација и интернационалните меѓународни трендови. Овие

[3] Push-Pull модел

фактори не се поврзани со одредена земја, но имаат големо влијание врз меѓународната миграција.

Принудувачките фактори некогаш ги оставаат луѓето без друг избор освен да ја напуштат државата во која се родиле. Меѓу најважните фактори кои спаѓаат во оваа група и го забрзуваат мигрирањето на луѓето се: недостаток на работни места (сиромаштија, беда), граѓанска војна (војна, политички и религиозни прогонства), еколошки проблеми, примитивни услови во кои живеат и работат, природни катастрофи, бедна медицинска грижа, ропството и политичкиот страв.

Економските фактори се главна мотивација за миграција. Според Интернационалната организација на трудот, приближно половина од вкупниот број на интернационални мигранти или 100 милиони мигранти ги напуштиле домовите да најдат подобра работа и обезбедат подобри можности за живот на нивните фамили во странство [7]. Во некои земји, работни места едноставно не постојат за голем дел од населението. Во други случаи, приходниот јаз е многу голем помеѓу земјите кои испраќаат и примаат е толку голем за да се оправда движењето. Индија[4], на пример, неодамна доживеала бран на иселување поради комбинација од тие фактори [8].

Некои од мигрантите се приморани да ги поминат националните граници од војна или прогонства во нивните татковини. Овие мигранти може да се сметаат за бегалци или барателите на азил во државите кои ги примиле.

Во 2011 година, вкупниот број на население кое загрижува во светот, а кое ги вклучува бегалците, барателите на азил, внатрешно раселените лица и лицата без државјанство се проценетнува на 35,4 милиони, а од нив 10,4 милиони се бегалци. 80% од бегалците се згрижени во земјите во развој, а останатите во развиените земји [10].

Еколошките проблеми и природните катастрофи често предизвикуваат загуба на пари, домовите и работни места. Во средината

[4] Поради растечкото население, Индија се соочува со голема невработеност од околу 121 милион луѓе. Бројот на квалификувани работници кои завршуваат на Индиските универитети постојано се зголемувал со што се создала нерамнотежа на пазарот на труд. Многу дипломирани студенти мигрираат во Соединетите Американски Држави каде нивните вештини и помали надоместоци се барани од високо технолошките компани. Околу 40% од мигрантите биле прифатени од технолошките компании што ја покажува заинтересираноста на Американските корпорации за Иниските квалификувани работници [9].

на деветнаесетиот век, Ирска доживеала глад невиден во нејзината историја. Како резултат на изумирањето на нејзината главна суровина во исхраната-компирот, од глад умреле стотици илјади луѓе, а милиони биле принудени да ги напуштат нивните домови. Во периодот од 1841 до 1851 година, Ирската популација се намалила за 1,6 милиони, или за 17% од вкупната нејзина популација, како резултат на глад и емиграција [11].

Привлекувачките фактори се тие кои диктираат каде луѓето ќе завршат. Позитивните аспекти на некои држави им служат да привлечат повеќе мигранти отколку другите држави, а мегу нив спаѓаат: повисок стандард на живеење (повисока плата), побарувачка на работна сила, политички и верски слободи, подобра медицинска грижа, или образование, јазик, временски услови или други влијателни фактори.

Економската стимулација го обезбедува најголемиот притиснувачки и повлекувачки фактор за потенцијалните мигранти. Луѓето кои се преселуваат во поразвиените земји често наоѓаат иста работа како и во својата татковина, но таму се наградени со повисока плата. Исто така, таму наоѓаат поголема социјална сигурност и бенифиции со кои тие треба да бидат во состојба да работат. Мигрантите се привлечени од оние држави каде што можат максимално да искористат[5].

Скоро сите развиени држави бараат ниско квалификувана работна сила за поддршка на нивната растечка економија. Овие економии креираат милиони работни места кои домашните работници може да одбијат да ги пополнат поради ниските плати и минимални можности за професионален развој[6] [12].

[5] Мексиканските мигранти се преселуваат во Соединетите Американски Држави поради повисоките плати и социјални бенефити, а не да ја избегнат невработеноста во Мексико. Последните години, стапката на невработеност во Мексико е помала отколку во Соединетите Американски Држави. Пример: За 2011 година, невработеноста во Мексико била 5,2%, додека во Соединетите Американски Држави била 9% [8].

[6] Канада е пример за овој тренд. Миграционата популација е приближно дуплирана во период од 2006 до 2010 година, од 255440 на 432682 привремени работници кои живеат во Канада [12].

ЕКОЛОШКИ БЕГАЛЦИ

Во последните години концептот на „Еколошки бегалци“ добива ново значење, како што глобалните климатски промени и опустинувањето се закануваат по животот на милиони луѓе, предизвикувајќи многу од нив да ги напуштат нивните домови во потрага по нови можности. „Еколошки бегалци е термин скован од Essam El-Hinnawi, кој ги опишува како „луѓе кои биле принудени да ги напуштат своите традиционални живеалишта, привремено или постојано поради значително нарушување на животната средина (природно или преизвикано од луѓето) што ја загрозува нивната егзистенција или сериозно влијае на квалитетот на нивниот живот [13].

Во текот на 2012 година, приближно 32,4 милиони луѓе биле раселени поради еколошки катастрофи, вклучувајќи ги и оние кои биле принудени да се преселат во рамките на нивните држави и оние кои излез нашле во интренационалната миграција. 98% од раселувањето е причинето од катастрофи поврзани со климата и времето, особено поплавите [14].

Од суша во моментот се зафатени помеѓу 100 и 200 милиони луѓе ширум светот. Во Северна Африка, најзафатениот регион со оваа еколошка појава сушата им се заканува на дополнителни 50 милиони жители на земјиште кое станува неповолно за живеење како резултат на климатските промени и бедните техники на обработување на земјиштето. Овој тренд води до бранови од емигранти од Северна Африка кон Западна Европа со цел да се избегнат пропаднатите жетви и недостатокот на вода. Поголемиот дел од еколошките бегалци мигрираат во соседните земји кои тежнеат да станат едни од најсиромашните во светот. Во многу од овие земји, бегалците се недобредојдени гости, ставајќи акцент на стравот од снабдување со вода. Оваа социјална недоверба и натпревар може во иднина да ескалираат во конфликт и насилство [15].

Изложеноста на негативните ефекти од глобалните климатски промени во иднина може да доведе до големи бранови на миграција. Очигледен пример за ова е малиот остров Кирибати, чии 94000 жители ризикуваат да бидат целосно потопени во вода до 2070 година, ако нивото на морињата продолжи да расте. Во рамките на подготовките за овој исход, претседателот на Кирибати, Аноте Тонг, предложил програма за постепено преселување на населението во соседните острови како што е Нов Зеланд [16].

ЗАКЛУЧОК

Широкиот обем на движење на луѓето, стоки, услуги и капитал се повеќе е карактеристика на глобализацијата. Државите, многу често не се подготвени да ги отворат своите граници за луѓето, како за стоките, услугите и капиталот, плашејќи се дека нивната култура и работни места ќе бидат подложни и елиминирани од неконтролираната емиграција. Во исто време пак, слично на слободната трговија и инвестиции, на економиите и општествата им треба миграција, со цел да се одржи економскиот раст.

Според светската организација за миграција може да издвоиме три клучни предизвици кои треба да ги земат во предвид државите со цел да се искористат придобивките од миграцијата и тоа:

– Контролата и ограничувањето на мигрантите без документи не се одговор за нивното зголемување во „неформалните“ пазари на трудот на Север. Политиките треба да обратат внимание како да ја зголемат флексибилноста на пазарите на трудот, како и на одржување и зајакнување на правата на работниците и подобрување на работните услови;

– Испратените пари од мигрантите се важни за домаќинствата и заедницата, но многу често се игнорирани во развојните политики. Подобрата поддршка во форма на услуги, обука, тренинг и инфраструктура го подобрува, капацитетот на мигрантите и нивните домаќинства за да се направат продуктивни инвестиции во областите од кои тие потекнуваат;

– Образованите мигранти имаат подобри работни места и заработуваат повеќе. Еднаквиот пристап до средствата, како што е земјиштето го прави полесно инвестирањето и нивното враќање во своите домови каде што би придонесувале со нови вештини кои претходно ги стекнале.

На крај, може да се заклучи дека миграцијата ќе продолжи да биде голем, незапирлив фактор на глобалниот живот се додека различни потикнувачки и привлекувачки фактори поврзани со миграцијата, вклучувајќи ги и економските разлики помеѓу државите не исчезнат во целост.

Ограничувањето на прекуграничниот проток на стоки, услуги, капитал и миграција, доведува до криумчарење на мигранти и нивно

зголемување во развиените и земјите во развој со што станува загрижувачки проблем за многу држави.

Загриженоста околу недокументираната миграција и губењето на контрола на потребите за работна сила, особено во развиените земји, како и постоењето на растечка популација на бегалци дополнително го усложнува создавањето на ефикасна миграциона политика. Справувањето со легалната и илегалната миграција се најитните прашања со кои се соочуваат владите и општествата ширум светот.

ЛИТЕРАТУРА

[1] UNFPA State of the World: 2008. Достапно на: http://www.unfpa.org/swp/2008/presskit/docs/en-swop08-report.pdf. Преземено на ден 18.06.2014 година.

[2] United Nations, Departments of Economic and Social Affairs, Population Division-International Migration. Достапно на: http://esa.un.org/unmigration/wallchart2013.htm. Преземено на ден 19.06.2014 година.

[3] World migration report 2011. International Organization for Migration. Достапно на: http://publications.iom.int/bookstore/free/WMR2011_English.pdf. Преземено на ден 23.06.2014 година.

[4] World migration report 2013. International Organization for Migration. Достапно на: http://publications.iom.int/bookstore/free/WMR2013_EN.pdf. Преземено на ден 24.06.2014 година.

[5] United Nations, Department of Economic and Social Affairs (2013). Trends in International Migrant Stock: The 2013 Revision-Migrants by Age and Sex (United Nations database, POP/DB/MIG/Stock/Rev.2013/Age).

[6] Espisova, N, Ray, J. (2009, November 2). 700 Million Worldwide Desire to Migrate Permanently. Gallup World. Достапно на: http://www.gallup.com/poll/124028/700-Million-Worldwide-Desire-Migrate-Permanently.aspx. Преземено на ден 26.06.2014 година.

[7] International Labour Office of the Director-General (2008, September 18). Statement 2008. Достапно на:

http://www.ilo.org/public/english/bureau/dgo/speeches/somavia/2008/migrants.pdf.

[8] Index Mundi (2012, July 26.). India's Unemployment Rate. Достапно на:

http://www.indexmundi.com/india/unemployment_rate.html. Преземено на ден 29.06.2014 година.

[9] Alarkon, R. (2007.). The free circulation of skilled migrants in North America. A. Pekoud, P.F. Guchteneire (Eds.) In *Migration Without Borders: Essays on Free Movement of People*. (249). New York: Berghan Books. Достапно на:

http://books.google.com/books?id=mDGlNxffxvUC&pg=PA249&lpg=PA249&dq=india+migration+america&source=bl&ots=E7lqa9rFBh&sig=zNSylN0E_DiQXcQz5L10jRgn9lY&hl=en&ei=o8UeSsnnBtG9tweOm9TsAw&sa=X&oi=book_result&ct=result&resnum=4#v=onepage&q=india%20migration%20america&f=false. Преземено на ден 23.06.2014 година.

[10] UNHCR Statistical Yearbook 2011 (2011). Достапно на: http://www.unhcr.org/516285b89.html. Преземено на ден 25.06.2014 година.

[11] Daniels, R. (2002). *Coming to America: A History of Immigration and Ethnicity in American Life, 2nd Edition.* Princeton, NJ: HarperCollins Publishers

[12] Geddes, J. (2012, February 21). Canada's foreign worker boom. MacLeans. Достапно на: http://www2.macleans.ca/2012/02/21/a-disposable-workforce/. Преземено на ден 21.06.2014 година.

[13] El-Hinnawi, Essam (1985). EnvironmentalRefugees. UNEP: Nairobi. Достапно на: http://www.liser.eu/en/documentation-and-reference-center/facts-and-figures/definitions. Преземено на ден 24.06.2014 година.

[14] Global Estimates Report 2012: Highlights. (n.d.) *Internal Displacement Monitoring Centre.* Достапно на: http://www.internal-displacement.org/assets/publications/2013/2012-global-estimates-corporate-en.pdf. Преземено на ден 22.06.2014 година.

[15] Overcoming One of the Greatest Environmental Challenges of Our Times: Re-thinking Policies to Cope with Desertification. A Policy Brief based on The Joint International Conference: "Desertification and the International Policy Imperative" Algiers, Algeria, 17-19 December, 2006. Достапно на: http://inweh.unu.edu/archive/documents/Re-thinkingPolicietoCopewithDesertification.pdf. Преземено на ден 21.06.2014 година.

[16] Bedford, R. (2009, March 19). International migration in Kiribati and Tuvalu: A context for evaluating the impact of global warming on population movement in atoll territories in territories. Motu Public Policy Seminar Series. Достапно на: http://www.motu.org.nz/files/docs/Motu_presentation_bedford.pdf. Преземено на ден 24.06.2014 година.

316.613:159.922.8 (497.7)

ОДНОСОТ ПОМЕЃУ ИНДИВИДУАЛНИОТ И КОЛЕКТИВНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Доц. д-р Елеонора Серафимовска, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје

e-mail: eleonora@isppi.ukim.edu.mk ; elejana@yahoo.com

Доц. д-р Маријана Марковиќ, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје

e-mail: marijana@isppi.ukim.edu.mk ; vaogma@yahoo.com

Апстракт

Истражувањето што го спроведе истражуавачки тим од ИСППИ на студенти на трите државни универзитети (Универзитетот "Св.Кирил и Методиј", Универзитетот "Гоце Делчев" и Тетовскиот државен универзитет) во РМ имаше цел да одговори на прашањата: како младите се дефинираат себеси, како го определуваат својот личен идентитет, како го дефинираат нивниот колективен идентитет, кои се социјалните детерминанти на индивидуалниот и колективниот идентитет и колку е важна ориентацијата на единката при процесот на себедефинирање во процесот на перцепција на нејзината припадност кон одредена социјална група. Добиените сознанија укажуваат на тоа дека: Најголемиот број студенти се оние кои што даваат големо значење и на персоналниот, приватен и на социјалниот, јавен аспект при себедефинирањето (што би значело дека во процесот на себедефинирање голема важност ќе даваат превенствено на сопствените мисли, потреби, ставови, желби, но и на нивното однесување кон средината, изгледот, популарноста во новното социјално опкружување...); Во структурирањето на својот колективен идентитет вклучуваат многу компоненти /припадности (полови, културни, територијални, етнички, религиски...) па би се рекло дека имаат еден високо диференциран колективен идентиет; Полот и етницитетот се важни социјални детерминати на себедефинирањето (жените во поголем процент од мажите

ги имаат развиено и двата аспекти на индивидуалниот идентитет: приватениот и јавниот аспект, а Македонците во поголем степен, споредено со Албанците, го истакнуваат приватниот аспект пред јавниот); Начинот на кој студенетите го дефинираат сопствениот личен идентитет ќе влијае на нивниот колективен идентитет во таа смисла што: оние што имаат постигнат идентитет (се прифаќаат себеси но, и воспоставуваат здрави социјални релации- т.н. *Интегрирани поединци*) во најголем степен ќе бидат врзани за речиси социјалните улоги што ги играат во општеството и од нив би можело да се очекува да бидат најмногу вклучени во социјалните/политички акции.

Клучни зборови: *Индивидуален Идентитет, Приватен Аспект на Идентитетот, Јавен Аспект на Идентиететот, Колективен Идентитет, Социјални улоги*

Вовед

Истражувачки тим на Универзитето „Св Кирил и Методиј“, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања - Скопје (проф. д-р Лидија Христова, доц. д-р Елеонора Серафимовска, доц. д-р Маријана Марковиќ и доц. д-р Анета Цекиќ), спроведе ообемно истражување насловено како „Перцепциите на идентитетите на студентската популација во Република Македонија“. Истражувањето беше инспирирано од истражувањата на хиерархијата на идентитетите во неколку мултикултурни општества (Канада, Белгија, Швајцарија) од страна на двајцата канадски политиколози, Жан Лапонс (J. Laponce) и Пјер Гинграс (P. Gingras).

Истражувачкиот тим на проектот не се задржа само на хирархијата на идентитети во мултиетничко општество, туку го прошири уште во две димензии: прво, внесувајќи ја варијаблата дискриминација во контекст на перцепцијата на идентитетите во македонското мултикултурно општество, и второ, внесувајќи сегмент во истражувањето што се однесуваше на перцепцијата на личниот идентитет и влијанието што таа самоперцепција го има врз колективниот идентитет.

Текстот што следи се однесува на вториот сегмент и настојува да ја објасни поврзаноста помеѓу индивидуалниот и колективниот идентитет на младите во Македонија, односно кај студентската популација од македонска и албанска националност.

Дефинирање и значењето на поимот идентитет во психологијата

Поимот *идентитет* доаѓа од францускиот поим *identité,* кој пак има свој јазичен корен во латинскиот поим *identitas*, -tatis, кој е именка и произлегува од придавката *idem* што значи *исто* (www.merriam-webster.com/dictionary/identity).

Во психологијата поимот *идентитет* се поврзува со *сликата за себе* (менталниот модел што личноста го има создадено за себе), *себевреднувањето* и поимот *индивидуалност* (Weinreich, 1986). Психолозите вообичаено го користат терминот *идентитет*, мислејќи на *персоналниот идентитет*, односно на оние аспекти што личноста ја прават единствена (Krstić, 1991).

Во рамките на психологијата Ериксон е еден од првите автори кој експлицитно се занимавал со проучување и објаснување на концептот на *идентитетот*. Неговиот концепт е базиран на психолошкото чувство на континуитет, познато како *его-идентитет* (или именувано како селф); личносните карактеристики и особености што една личност ја одвојуваат од друга, познато како *персонален идентитет*, и збирот на социјални улоги што личноста има потенцијал да ги игра, определен како *социјален идентитет* или *културален идентитет*.

Персоналниот идентитет се однесува на сето она што ја диференцира конкретната личност од останатите како уникатна констелација на црти и карактеристики што се трајни низ времето. Персоналниот идентитет, исто така условно, има два аспекта: *персонален, приватен аспект* и *социјален, јавен аспект*. *Приватниот аспект* на *личниот идентитет* е оној аспект што е „видлив“ само за индивидуата и се однесува на нејзините сопствени потреби, мисли, ставови, чувства, нејзините вредности и морални стандарди, сопствените цели и очекувања, сопствените стравови, чувства на единственост и континуираност и сопствената самопроцена на единката, индивидуата. *Јавниот аспект* на *персоналниот идентитет* е она што е

„надворешната страна“ од личносниот дел, односно манифестацијата на личноста, а тоа се: физичката појавност на личноста, нејзината популарност, реакциите на другите кон единката, нејзината привлечност, импресиите што ги остава кај другите и, би се рекло, нејзиното целокупно социјалното однесување.

Социјалниот идентитет се однесува на перципираната припадност кон одредени поголеми или помали групи во општеството (Tajfel, Turner, 1986). И овој идентитет може да се разгледува низ два аспекта: *релациски аспект* и *колективен аспект* на *социјалниот идентитет*. *Релацискиот аспект* е базиран на персонализираните врски и релации со одреден други лица, членови на одредено семејство, круг на пријатели и роднини, партнер/ка и тој аспект е специфичен за секој поединец. *Колективниот аспект* на *социјалниот идентитет* се однесува на припадноста кон одредена/и група/и во општеството: жени/мажи, Македонци/Албанци/Турци/Роми..., психолози/социолози/правници..., скопјани/охриѓани и е заеднички за одредена помала или поголема група луѓе.

Во духот на психодинамската традиција, Ериксон го истражувал процесот на формирање на идентитетот во текот на животните циклуси. Тој ги истакнува временскиот континуитет и чувството за различност. Чувството на единство, според него, се базира на временскиот континуитет и чувството на различност од другите (Erikson, 1963). Имено, според Ериксон, формирањето на идентитетот, наречен и процес на индивидуализација, е развојот на поединецот како посебна личност во одредена фаза од животот, во која индивидуалните карактеристики се постигнати и според кои лицето се препознава или се познава себеси како такво. Овој процес ги дефинира поединците и во однос на другите и во однос на себеси. Деловите од вистинскиот идентитет на лицето вклучуваат чувство на континуитет, чувство на посебност од другите и чувство на припадност. Формирањето на идентитетот води до голем број случувања на личниот идентитет, како и идентитетот каде што поединецот има некој вид разбирање на себеси како дискретен и посебен ентитет. Сето ова е можно преку процесот на индивидуализација, при што неиздиференцираниот поединец има тенденција да стане посебен и единствен, како и да поминува низ фазите низ кои диференцираните аспекти на животот на една личност се стремат да станат една неделива целина.

Марсија (Marcia) го прочистува и го проширува делото на Ериксон (Шкариќ, 2004) и доаѓа до концепт за постоење на четири статуси на идентитетот што се случуваат во текот на психолошкиот развој на идентитетот. Главната идеја на Марсија е дека чувството за идентитет е определено главно од два процеса: процес на истражување и процес на обврзување (посветување) направени во однос на одредени лични и социјални карактеристики. Следува дека во јадрото на оваа парадигма се испитувањата, истражувањата до кои едно лице успеало да стигне, како и степенот до кој тој/таа ја покажува посветеноста (се обврзува) на тие истражувања. Согласно степенот до кој овие два процеса се постигнати, постојат четири статуси на идентитетот (Marcia, 1966):

- Постигнат идентитет (завршени истражувања и постигната посветеност). Овие лица имаат развиено добро дефинирани лични вредности и селф-концепт. Нивните идентитети можат да се прошируваат и понатаму да се дефинираат, но основите веќе се поставени. Овие лица се прифаќаат себеси и се способни за воспоставување на интимни врски.

- Психосоцијален мораториум (завршени истражувања, но не е постигната посветеност). Овие лица имаат стекнато нејасни или лошо формирани идеолошки и професионални заложби. Тие сè уште се во потрага на идентитетот. Тие почнуваат да се посветуваат на идентитетот, но сè уште го развиваат.- Предодреден идентитет (незавршени истражувања, но постигната посветеност). Овие адолесценти слепо ги прифаќаат идентитетот и вредностите што им биле пренесени од семејството и значајните други. Тие се посветени на идентитетот, но не како резултат на сопственото себеистражување или на кризата. Всушност, тие не поминале низ криза на идентитет, бидејќи избегнувале да се спротивстават и да ризикуваат.

- Дифузен идентитет (незавршени истражувања, како и непостигната посветеност кон нив). Адолесцентите кои не се способни да се соочат со потребата за развој на идентитетот избегнуваат да истражуваат или да се посветуваат на нешто и остануваат во аморфна состојба на дифузија на идентитетот, што понекогаш може да продуцира социјална изолација. Овој тип идентитет е најмалку комплексен и најмалку зрел во споредба со останатите три.

Методологија на истражувањето

Проблем на истражувањето

Како младите се дефинираат себеси, како го определуваат својот личен идентитет и дали тој начин на кој го дефинираат личниот идентитет ќе влијае врз нивниот колективен идентитет, беше главниот истражувачки проблем во овој сегмент на истражувањето. Се постави прашањето: Дали одредена ориентација при себедефинирањето ќе има влијание врз перцепцијата на врзаноста со одредени социјални улоги?

Овој сегмент на истражувањето пред себе има цел да ја анализира природата на поврзаноста помеѓу *ориентациите* (персонална и социјална), врз перцепцијата на сопствениот колективен идентитет. Тргнувајќи од концептите за повеќеслоен (различен) аспект на идентитетот, конкретните цели на ова истражување беа:

а) Утврдување на двете основни ориентации на себедефинирањето (персоналниот, приватен и социјалниот, јавен аспект) или поедноставно: утврдување кој дел од личноста го истакнуваат младите во процесот на себедефинирање и себепоимање. Прашањето тука е: кога младите се дефинираат себеси, дали повеќе го истакнуваат она какви се тие „персонално“, „внатрешно“, приватно: нивните ставови, вредности, мисли, чувства или какви се тие „социјално“, „надворешно“, јавно – како изгледаат, како се однесуваат, каков впечаток оставаат кај другите, колку се популарни.

б) Одредување на релациите на двата аспекта на личниот идентитет со видот и интензитетот на колективниот идентитет. Тука истражувачкиот интерес е насочен на испитување дали младите кои се повеќе ориентирани кон приватниот аспект или младите кои се повеќе насочени (ориентирани) кон својот јавен аспект на личниот идентитет ќе покажуваат поголем интензитет на врзаност кон различни социјални групи, улоги (различни аспекти на нивниот колективен идентитет).

Хипотези

Истражувачките хипотези во ова подистражување беа дефинирани и разработувани во посебни сегменти и гласеа:

Хипотеза 1: Во процесот на себедефинирање студентите истакнуваат различни аспекти од својот личен идентитет, односно им припишуваат различно значење на различните аспекти на личниот (индивидуалниот) идентитет.

Хипотеза 2: Припишувањето на значајноста на различните социјани групи е поврзано со важноста која се припишува на персоналниот и социјалниот аспект на личноста.

Инструменти

1. Скала за мерење на ориентацијата кон различни аспекти на идентитетот (СОАИ од оригиналното AIQ Aspect of identity Questionnaire).

За целите на истражувањето беше употребена Скалата за мерење на аспектите на ориентацијата на идентитетот (АОИ), конструирана од Џонатан Чик и Линда Троп (Jonathan M. Cheek, Linda R. Tropp). Првото издание е објавено во април 1994 година, а второто онлајн, во јуни 2002 година.

Развојот на скалата што ги мери аспектите на идентитетот почнува со селекција на ставките од листата на карактеристики на идентитетот што ги дава Самсон (1978), што, било проценето, ги претставуваат домените на персоналниот и социјалниот идентитет (Cheek & Briggs, 1982). Последната форма на оваа скала ја сочинуваат пет скали, односно 45 ставки (ПИ – ориентација на *персонален идентитет*/10 ставки, РИ – ориентација на *релациски идентитет*/10 ставки, СИ – ориентација на *социјален идентитет*/7 ставки и КИ – ориентација на *колективен идентитет*/8 ставки и СП – специфични ставки што не се бодуваат/10 ставки)[1]. Резултатот на секоја скала е збир на резултатот на секоја ставка дадена на скала од 1 до 5 (каде што 1

[1] Авторите на овие скали ги употребуваат кратенките ПИ за потскалата на персонален идентитет, СИ за потскалата на социјален идентитет, РИ за потскалата на релациски идентитет и КИ за потскалата на колективен идентитет. Сепак, да се наспомене дека согласно усвоениот теориски концепт, под ПИ се подразбира персоналниот аспект на личниот идентитет, а под СИ се подразбира социјалниот аспект на личниот идентитет. Другите две потскали не се земени во ова истражување.

значи „не е важно за чувството кој сум“, а 5 значи „многу е важно за чувството кој сум јас“).[2]

За целите на ова истражување беа употребени следниве две, од постоечките четири скали:

СОПА – Скала за ориентација кон приватниот, персоналниот аспект на личниот идентитет (скратено ПА). Скалата се однесува на: сопствените потреби, мисли, ставови, чувства, лични вредности и морални стандарди, сопствените цели и очекувања, сопствените стравови, чувства на единственост и континуираност и сопствената самопроцена.

СОСА – Скала за ориентација кон социјалниот, јавен аспект на личниот идентитет (скратено СА), а ги опфаќа следниве аспекти**:** физичката појавност, популарноста, реакциите на другите кон единката, нејзината привлечност, импресиите што ги остава кај другите и социјалното однесување.

Изборот на двете скали е направен со цел да се изолира „јадрото“ на идентитетот. Имено, ориентација кон персоналниот, приватен, односно социјалниот, јавен аспект на идентитетот се всушност „внатрешната“ и „надворешната“ страна од јадрото на идентитетот. Останатите два аспекта: релацискиот и колективниот аспект или ориентациите кон релацискиот и колективниот идентитет (како што ги нарекуваат авторите на инструментот) беа исклучени, бидејќи тие два аспекта се однесуваат на колекцијата (збирот) на членствата во различните групи, односно на „периферниот“ сегмент на идентитетот.

2. Другиот инструмент што беше применет во ова истражување беше прашалникот конструиран од страна на Лапонс (Laponce, 2004), чијашто цел е утврдување на *малцинскиот ефект*.

[2] Во конкретното истражување беше применета седмостепена скала од Ликертов тип, главно поради две причини: психолошкиот момент што испитаниците редоследно го пополнуваат прво инструментот на Лапонс, што е на седмостепена скала, па веќе направиле одредено приспособување на начинот на размислување, и од причина што на овој начин се обезбедува поголема сличност на мерките на независната и зависната варијабла.

Лапонс (Laponce, 2004) конструирал прашалник што се однесува на 14 различни улоги што секој поединец ги „игра“ во текот на својот живот (пол, возраст, националност, етницитет, професија, религија, преферирана политичка партија, државјанство, место на живеење, универзитет, етничка група, јазик, семејство, блиски пријатели)[3]. Секоја улога истовремено значи и припадност на определена социјална група и се разгледува од следните аспекти: заеднички интереси со припадниците на споменатите групи, солидарност со нив, колку лесно може да се направи промената на некоја од улогите, општо задоволство на припадниците на определена група со актуелните околности и колку припадноста на групата е значајна за поединецот. Секоја улога треба да биде лоцирана помеѓу поларитетите (многу ми е важно и воопшто не ми е важно) на седумстепената Ликертова скала.

Овој прашалник се базира на објаснувањето за *малцинскиот ефект*[4] извлечен од теоријата на личност на Ариети[5] и моделот за перцепција на селфот од Рокич[6].

2002	1566954	1359203	824824	742129	100.9	-10124	101.6	-37680	102.7	50213
2003	1579500	1388600	861000	718500	103.1	29397	106.1	36176	99.4	-23629
2004	1594557	1404606	832281	762276	104.3	16006	102.6	-28719	105.5	43776
2005	1607997	1416744	869187	738810	105.2	12138	107.1	36906	102.2	-23466
2006	1618482	1421180	891679	726803	105.5	4436	109.9	22492	100.6	-12007
2007	1628635	1432852	907139	721496	106.4	11672	111.8	15460	99.8	-5307
2008	1633341	1434801	919424	713917	106.5	1949	113.3	12285	98.8	-7579
2009	1638869	1439483	928775	710094	106.9	4682	114.4	9351	98.3	-3823
2010	1648522	1447957	938294	710228	107.5	8474	115.6	9519	98.3	134
2011	1656215	1454732	940048	716166	108.0	6775	115.8	1754	99.1	5938
2012	1669965	1464036	943055	726910	108.7	9304	116.2	3007	100.6	10744

Извор: Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, Статистички прегледи: Бр. 2.4.1.03 (2000), Бр. 2.4.2.08/410 (2001), Бр. 2.4.2.21/429 (2002), Бр. 2.4.3.13/453 (2003), Бр. 2.4.5.02/494(2004), Бр. 2.4.6.07/531 (2005), Бр. 2.4.8.06 (2007), Бр. 2.4.9.12/632 (2008), Бр. 2.4.10.04/651 (2009), Бр. 2.4.11.09/692 (2010), Бр. 2.4.12.11/727 (2011), Бр. 2.4.13.06/745 (2012)

Ваквите промени ги потврдуваат и стапките на активност на работоспособниот контингент кои укажуваат на зголемување на апсолутниот обем и релативното учество на економски неактивното население на работоспособна возраст. Тоа значи дека според податоците од Анкетата за работна сила, во последните години дошло до значително зголемување на демографските резерви на работната сила во Република

[5] Eurostat, The EU in the world – labour market, [Accessed on 01.10.2014] http://epp.eurostat.ec.europa.eu/statistics_explained/index.php/The_EU_in_the_world_-_labour_market#Further_Eurostat_information

Македонија, кои во 2012 година достигнуваат околу 529000 лица. Тоа значи дека во Македонија е мошне нагласен т.н. хистереза ефект кој имплицира повлекување на дел од работоспособното население од економска активност.

Податоците од Анкетата за работна сила, исто како и оние од Проценките на населението, го потврдуваат намаленото влијание на демографските трендови врз приливот на работоспособното население и формирањето на работната сила. Овие промени во последната деценија кореспондираат со процесот на стареење на населението во Република Македонија. Независно од манифестираниот пораст на општата стапка на активност на работоспособниот контингент, таа сè уште е значително пониска од онаа во другите земји, што значи дека сигнификантен дел од работоспособното население останува неактивен, односно е вон работна сила. Една попродлабочена анализа на особеностите на неактивниот дел на работната сила ќе покаже колкава е загубата на човечкиот капитал во земјата.

2. Особености на активното и неактивното население

Особеностите на активното и неактивното население се согледуваат преку податоците на Анкетата за работна сила за нивната структура според полот, возраста и школската подготовка.

Во однос на структурата на активното население, општата стапка на активност на младите од 15 до 19 години, во анализираниот период се намалува од 17,5% (2000 година) на 14,4% (2004), во следните две години се зголемува, а од 2007 година повторно има тенденција на намалување и тоа од 17,9% на 11,4% во 2012 година (Табела 4). Ваквите промени се условени од зголемувањето на бројот на млади кои одат во средно училиште, особено по воведувањето на задолжително средно образование, што претпоставува пораст на уделот на издржуваните млади луѓе.

Кај населението, пак, на возраст од 20 до 24 години, со определени исклучоци во некои години, забележливо е намалување на стапката на активност од 58,5% во 2000 на 53,5% во 2012 година. Оваа промена е детерминирана од континуираниот пораст на бројот на лицата кои го продолжуваат своето образование на додипломски и последипломски студии. Тоа го потврдуваат и податоците за порастот на бројот на

запишани студенти во Република Македонија. Имено, стапката на запишување на факултет бележеше континуиран пораст од 24,3% во учебната 2005/2006 на 32,5% (2008/2009), односно на 29,8% (2009/2010 година).[6]

Во периодот 2000-2012 година учеството на економски активното население во вкупното работоспособно население од старосните групи 25-29 и 30-34 години има различно движење, но и кај двете, во 2012 година во однос на 2000, тоа е значително зголемено (од 72,9% на 78,1% кај првата, односно од 76,9% на 83,6% кај втората старосна група).

Анализата покажува дека и кај останатите старосни групи е забележително зголемување на општата стапка на активност на населението. Тоа е најизразено кај лицата на возраст од 55 до 59 години, чија стапка на активност се зголемила од 43% (во 2000) на 61,1% (2012 година). Манифестираните движења се детерминирани од стареењето на економски активното население, кое беше ангажирано со акциите за вработување во осумдесеттите години на минатиот век.

[6] Janeska Verica, *Higher education reforms and graduate unemployment in the Republic of Macedonia,* Economic Development – Journal of the Institute of Economics – Skopje, Year 14, No. 1/2012, p. 45

Табела 4

Општа стапка на активност на населението и стапка на економска неискористеност на работоспособниот контингент, според старост, во Република Македонија, за периодот 2000, 2006 и 2012 година

Возраст	2000		2006		2012	
	Општа стапка на активност на населението	Стапка на економска неискористеност на работоспособниот контингент	Општа стапка на активност на населението	Стапка на економска неискористеност на работоспособниот контингент	Општа стапка на активност на населението	Стапка на економска неискористеност на работоспособниот контингент
Вкупно	52.9	47.1	55.1	44.9	56.5	43.5
15-19	17.5	82.5	17.5	82.5	11.4	88.6
20-24	58.5	41.5	53.7	46.3	53.5	46.5
25-29	72.9	27.1	74.8	25.2	78.1	21.9
30-34	76.9	23.1	78.5	21.5	83.6	16.4
35-39	79.3	20.7	79.5	20.5	80.3	19.3
40-44	80.1	19.9	80.9	19.1	75.5	21.5
45-49	74.1	25.9	80.7	19.3	76.7	23.3
50-54	61.2	38.8	68.6	31.4	73.2	26.8
55-59	43.0	57.0	50.8	49.2	61.1	38.9
60-64	19.0	81.0	23.2	76.8	31.1	68.9
65 и повеќе	4.0	96.0	3.9	96.1	3.8	96.2

Извор: Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, Статистички прегледи: Бр. 2.4.1.03 (2000), (2006), Бр. 2.4.13.06/745 (2012)

Промените, пак, кај неактивното население се движат во спротивен правец. Имено, во периодот 2000-2012 година, се зголемува стапката на економска неискористеност на работоспособниот контингент[7] на лицата стари од 15 до 19 години (од 82,5% на 88,6%) и на лицата на возраст 20-24 години (од 41,5% на 46,5%). Оваа промена секако е позитивна, бидејќи во најголем дел е условена од пролонгираното школување на младите лица.

Особено загрижувачки е фактот на пораст на неактивното население на возраст од 25 до 40 години, чие учество во вкупното неактивно население во 2012 година изнесува 12,7%. Станува збор за околу 92000 лица на млада и помлада средовечна возраст, кои се во зенитот на својата работна способност, а не се ниту вработени, ниту бараат работа. Нивната повлеченост од активното барање работа е условена од бројни демотивирачки фактори (немање слободни работни

[7] Сооднос на бројот на неактивните лица на работоспособна возраст (15-64) и вкупното работоспособно население (15-64 години).

места, ниски плати, лоши услови за работа, немање на соодветно образование итн.).

Зголемување на стапката на економска неискористеност на работоспособниот контингент, се забележува и кај лицата стари 40-44 години (за 1,6), како и кај оние на возраст од 65 и повеќе години (0,2 процентни поени). Иако порастот е незначителен, сепак треба да се преземат мерки лицата на возраст од 40 до 44 години повторно да се активираат, особено затоа што тие се уште би требало да бидат активен дел од пазарот на работна сила.

Што се однесува до општата стапка на активност на населението и стапката на економска неискористеност на работоспособниот контингент според школска подготовка, во периодот 2000-2012 година, се забележува дека во вкупното работоспособно население активните лица без образование и со основно образование имаат помало учество отколку неактивните, додека кај повисоките степени на образование нивниот удел е значително поголем (Табела 5). Стапките на активност на лицата без образование остануваат речиси на исто ниво 23,6% (2000), односно 23,3% (2012 година), а на оние со завршено основно образование се намалуваат од 42,8% на 37,8%, респективно. Вредноста на стапката на активност на лицата со основно образование од околу 40%, укажува дека релативната застапеност на работната сила (вработените и невработените) само со основно образование воопшто не е за занемарување. Ако најголемиот дел од нив припаѓаат на втората категорија, тогаш тоа значи продлабочување на проблемот на невработеноста.

Табела 5

Општа стапка на активност на населението и стапка на економска неискористеност на работоспособниот контингент, според образование, во Република Македонија, за периодот 2000, 2006 и 2012 година

Образование	2000		2006		2012	
	Општа стапка на активност на населението	Стапка на економска неискористеност на работоспособниот контингент	Општа стапка на активност на населението	Стапка на економска неискористеност на работоспособниот контингент	Општа стапка на активност на населението	Стапка на економска неискористеност на работоспособниот контингент
Вкупно	52.9	47.1	55.1	44.9	56.5	43.5
Без образование	23.6	76.4	24.2	75.8	23.3	76.7
Основно образование	42.8	57.2	42.2	57.8	37.8	62.2
Средно образование	69.5	30.5	69.4	30.6	68.7	31.3
Високо образование	78.4	21.6	82.3	17.7	79.5	20.5

Извор: Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, Статистички прегледи: Бр. 2.4.1.03 (2000), (2006), Бр. 2.4.13.06/745 (2012)

Состојбата кај стапката на активност на населението со средно и високо ниво на образование е поповолна, бидејќи таа е поголема во однос на онаа на неактивното население. Така, кај уделот на работната сила со средно образование во вкупното работоспособно население со овој степен на школска подготовка се забележува намалување од 69,5% (2000 година) на 68,7% (2012), додека кај оние со високо образование се зголемува од 78,4% (2000 година) на 82,3% (2006), а потоа се намалува на 79,5% (2012 година). Поголемата застапеност на активното население во однос на неактивното со високо образование, покажува дека земјата располага со значителен образовен потенцијал кој се наоѓа на пазарот на работна сила, но дека истиот позитивно ќе се одрази на социо – економскиот развој само ако учеството на вработените е поголемо од она на невработените.

Што се однесува до застапеноста на неактивното население во работоспособниот контингент според школска подготовка, значајно е да се истакне дека во целиот период најголемо е учеството на неактивните лица без образование и со основно образование, кое во 2012 година изнесува 76,7%, односно 62,2%, респективно. Ова претставува мошне голем и дополнителен проблем во државата, бидејќи тие од една страна го оптоваруваат буџетот, а од друга, немаат доволно образование да се активираат на пазарот на работна сила.

Истовремено, доаѓа до пораст на уделот на неактивни со средно образование од 30,5% (2000) на 31,3% (2012 година), но до намалување на оние со високо образование од 21,6% на 20,5%, респективно. Меѓутоа, и покрај ваквите промени, сè уште е мошне големо учеството на неактивните лица кои имаат завршено повисок степен на образование. Така, во 2012 година бројот на неактивните лица со високо образование изнесува 52184 лица. Нивното повлекување од пазарот на работна сила, значи дека значителен дел од човечкиот капитал нема можност да биде искористен, односно овие лица не можат да дадат свој придонес за поттикнување на социо – економскиот развој на земјата. Во таа насока, треба да се укаже дека е неопходно да се преземат мерки со кои ќе се мотивираат овие лица економски да се активираат, односно активно да бараат работа.

Кога станува збор за промените кај неактивното население, значајно е да се идентификува и неговата структура според пол (Прилог 1). Така, во периодот 2000-2012 година поголема е застапеноста на неактивните жени, која од 62,6% (2000) се зголемила на 64,0% (2012 година). Ваквата огромна разлика во споредба со машкото неактивно население, покажува колку жените се маргинализирани во поглед на нивното економско активирање на пазарот на работна сила. Оваа состојба во голема мера е резултат на традиционалната улога на жената во македонското општество, заради која тие повеќе беа домаќинки и одлучуваа да не работат.

Ако се анализира уделот на неактивните мажи и жени според возраста, може да се увиди дека кај сите возрасни групи тој е поголем кај женското население. Притоа, треба да се потенцира дека кај жените од сите возрасни групи, со исклучок на оние стари 20-29 години, учеството во периодот 2000-2012 година се зголемило. Ова зголемување е најизразено кај неактивните жени на возраст од 35 до 39 години (11,3 процентни поени). Овие промени можат да се оценат како мошне неповолни, бидејќи: прво, во 2012 година мошне големо е учеството на неактивни жени во вкупното неактивно работоспособно население, кое достигнува 87,4% (35-39), односно 85,2% (40-44 години), второ, нивната застапеност се зголемува, што значи дека положбата на женското население се влошува, наместо да се подобрува.

Претходно споменатите движења и состојби ја нагласуваат неповолната состојба на пазарот на работна сила во Република Македонија, особено во делот на зголемување на неактивното работоспособно население. Повлекувањето од економска активност значи

дека и покрај напорите за зголемување на нивото на образование на населението, повеќе од очигледно е дека постојните економски состојби се битен фактор за зголемување на неактивноста, која е особено изразена кај лицата кои се способни и да работат и да даваат свој придонес за унапредување на економијата.

3. Делување на Хистереза концептот на пазарот на труд во Република Македонија

Во економска смисла хистереза настанува кога определено нарушување влијае на движењата на економијата. Таков пример се одложените ефекти на невработеноста. Како што се зголемува невработеноста, луѓето се прилагодуваат на понизок животен стандард и не се обидуваат да го достигнат претходно посакуваното ниво. Истовремено, како што се зголемува бројот на невработените, станува општествено прифатливо да се биде и да се остане невработен. Откако пазарот на работна сила ќе се врати во нормала, дел од невработените лица не се заинтересирани да се вратат во рамки на работната сила, туку остануваат неактивни.[8]

Во рамките на овој дел анализата се однесува на функционирањето на Хистереза концептот во Република Македонија. Според теоретските поставки тој функционира преку четири канали: аутсајдери и инсајдери; демотивирани работници; барање и несоодветност и сток на капитал. Притоа, треба да се има предвид дека делувањето на каналите и ефектите на Хистереза не може да се идентификуваат поединечно, туку само комбинирано, бидејќи истите меѓу себе се испреплетуваат и преклопуваат.

Што се однесува до првиот канал на инсајдери и аутсајдери, најголемата промена во овие категории настана со започнување на транзицијата на земјата и со општествено-сопственичката трансформација на економијата. Во тој период голем број на работници останаа без работа како резултат на приватизацијата на претпријатијата, која доведе до тоа вишокот на работници да биде отпуштен. На тој начин тие станаа аутсајдери, а работниците кои останаат да работат во

[8] http://www.investopedia.com/terms/h/hysteresis.asp

приватизираните претпријатија и во државните фирми, ја сочинуваат групата на инсајдери.

Според, расположливите податоци од Агенцијата за вработување, бројот на невработените почнувајќи од 1990 година (156323 лица) бележи континуиран пораст со определени исклучоци сè до 2004 година (391072 лица), а потоа почнува да се намалува. И според податоците од Анкетата за работна сила, забележителен е континуитет, со определени исклучоци, во порастот на невработените (од 251489 во 1996 до 323934 во 2005 година). Ваквите движења значеа дека перманентно се зголемуваше бројот на аутсајдерите.

Иако, од 1995 година македонската економија почна да остварува позитивни стапки на економски раст и дојде до извесно зголемување на побарувачката на труд, тоа не предизвика намалување на бројот на аутсајдерите.[9] Економскиот раст изразен преку позитивни стапки на раст на БДП, беше континуиран до 2010 година, со исклучок на 2001 година (заради воениот конфликт во земјата) и на 2009 година (како резултат на глобалната финансиска криза). Меѓутоа, тоа не предизвика континуирано намалување на невработеноста и на бројот на аутсајдерите, што се потврдува со податоците за движењето на бројот на невработени лица.[10]

Во однос на вториот канал, односно демотивираните работници, за Република Македонија е карактеристична состојбата на сè поголем број на демотивирани лица кои не бараат работа. Тоа се согледува во бројот на неактивни лица кои се на возраст кога се очекува да имаат завршено образование, или веќе да имаат определено искуство стекнато со годините, што треба да резултира со барање на работа. Меѓутоа, вистинската ситуација е поразлична. Само за илустрација, бројот на неактивни лица на возраст од 20 до 24 години во 2012 во однос на 2000 година се зголемил за 13%, додека бројот на неактивното население старо 40-44 години за 9,4%. Кај првата категорија претпоставуваме дека повлекувањето од пазарот на работна сила се должи на продолженото школување, иако тоа не е случај за сите лица. За втората категорија, пак,

[9] Трпески Предраг, *Пазарот на труд во Република Македонија - новокејнзијански пристап*, Македонско научно друштво, Скопје, 2011, стр. 264

[10] Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2009, 2011 година, Статистички преглед: Национална економија и финансии 3.4.11.01 677

единственото објаснување е дека се целосно демотивирани да бараат прва или нова работа.

Особено загрижувачки е фактот на пораст на неактивното население на возраст од 25 до 40 години, чие учество во вкупното неактивно население во 2012 година изнесува 12,7%. Имено, речиси 92000 лица на млада и помлада средовечна возраст, кои се во зенитот на својата работна способност, а не се ниту вработени, ниту бараат работа. Нивната повлеченост од активното барање работа, како што беше споменато е условена од бројни демотивирачки фактори.

Во таа насока, не е за потценување и бројот на лицата кои се пријавени како невработени само за користење на правото на здравствена заштита. Нивниот број во 2012 година изнесува 21214, а во 2013 година 17159 лица. Претпоставка е дека станува збор за лица кои или се економски ангажирани во неформалниот сектор, или кои активно не бараат работа, односно кои се демотивирани да бараат работа. Во однос на неактивните лица на помлада возраст се поставуваат прашањата: На што се должи повлекувањето од пазарот на работна сила на овие лица? Дали постоечките услови во македонската економија делуваат толку демотивирачки за овие сегменти од населението да не бараат работа?

Третиот канал на Хистереза е барање и несоодветност. Како резултат на големата невработеност и речиси безизлезната ситуација за брзо наоѓање на соодветна работа, голем дел од невработените се навикнати да не бараат работа. Тие долг период се соочуваат со различни пречки при вработувањето. Така, на пример, честопати ги немаат потребните знаења и способности кои се бараат на пазарот на работна сила и не можат да се пријават на определен оглас и да се вработат. Во последниве години ваквите проблеми се ублажуваат со бројните обуки и тренинзи кои ги организира АВРМ, со кои невработените се доквалификуваат или се преквалификуваат, односно со кои ги добиваат потребните вештини и компетенции за да можат полесно да се вработат.

Ефектите од Хистереза концептот во земјава се чувствуваат и преку четвртиот канал, односно преку стокот на капитал. Во периодот на осамостојувањето на македонската економија, инвестициите во основни средства драстично опаднаа. Нивното ниско учество во БДП го услови феноменот на дезинвестирање, состојба кога амортизацијата на постојаните средства е поголема од инвестициите кои би овозможиле нивна проста замена. Ваквото намалување на инвестициите ја намали побарувачката на труд. Кога во 1995 година економијата се стабилизира

и започнаа да се остваруваат позитивни стапки на економски раст, фирмите веќе имаа трајно низок капитал. При пониско ниво на капитал, побарувачката за трудот, која зависи од маргиналниот приход на трудот, никогаш не се врати на претходното ниво.[11]

Согласно расположливите податоци, инвестициите во основни средства, почнувајќи од 2000 година, со исклучок на 2009 година, се во постојан пораст. Истовремено, и амортизацијата на фиксниот капитал се одликува со континуирано зголемување, поради што порастот на стокот на капитал не е особено изразен. Ваквите движења, кои оневозможуваат остварување на повисоко ниво на капитал, не условија позначително зголемување на побарувачката на труд. Оттаму, и поместувањата во позитивна насока на вработеноста и невработеноста неможат да бидат поголеми.

Заклучок

Проучувањето на работоспособното, активното и неактивното население покажа дека во последните две децении настанале сигнификантни промени во нивниот обем и динамика, но и во нивната меѓусебна обусловеност, што имаше влијание и врз делувањето на Хистереза концептот во земјата. Резултатите од истражувањето упатуваат на повеќе релевантни заклучоци.

Во последните две децении дојде до постепено намалување на влијанието на развојот на населението (природното и механичкото движење на населението) врз приливот на новите генерации на работоспособна возраст. Оттаму, демографските трендови во Република Македонија не можат да се идентификуваат како значаен фактор за постојните состојби на пазарот на трудот во земјата во целина.

Отстапувањата помеѓу порастот на работоспособниот контингент и на активниот контингент во последните две децении, би можеле да се објаснат со зголемениот одлив на работната сила - со редовното и предвременото пензионирање по разни основи во процесот на транзиција, потоа зголемувањето на неформалната економија, декларирањето на

[11] Трпески П., *Пазарот на труд во Република Македонија*.....оп.цит., стр. 265

економски активното население во земјоделството, загубите на дел од работната сила условени од интензивните емиграциони движења во странство, како и неспорниот факт дека дел од работоспособното население кое е активно не се регистрира, ниту како вработено, ниту како невработено.

Имајќи ги предвид промените во обемот на активното и работоспособното население според Пописите на населението и Анкетата за работна сила, се забележува значителна разлика. Таа е резултат на тоа што во податоците од АРС се опфаќаат и вработените во неформалниот сектор, како и економски активното население во земјоделството. Истовремено, АРС дава определени информации и за демографските и социо – економските карактеристики на активното и работоспособното население.

Промените во стапките на активност на работоспособниот контингент имплицираат на зголемување на апсолутниот обем и релативното учество на економски неактивното население на работоспособна возраст. Според податоците од Анкетата за работна сила, во последните години дошло до значително зголемување на демографските резерви на работната сила во Република Македонија и во 2012 година тие достигнуваат околу 529000 лица. Тоа значи дека во Македонија е мошне нагласен т.н. хистереза ефект кој имплицира повлекување на дел од работоспособното население од економска активност.

Намалувањето на општата стапка на активност на младите од 15 до 19 години, во анализираниот период, е условено од зголемувањето на бројот на млади кои одат во средно училиште, особено по воведувањето на задолжително средно образование, што претпоставува пораст на уделот на издржуваните млади луѓе. И кај населението старо од 20 до 24 години, со определени исклучоци во некои години, забележливо е намалување на стапката на активност, кое е детерминирано од континуираниот пораст на бројот на лицата кои го продолжуваат своето образование на додипломски и последипломски студии.

Особено загрижувачки е фактот дека во 2012 година бројот на неактивното население на возраст од 25 до 40 години, изнесува повеќе од 92000 лица. Станува збор за лица на млада и помлада средовечна возраст, кои имаат висок работоспособен потенцијал, а не се ниту вработени, ниту бараат работа. Мошне голем е и бројот на неактивните лица со високо образование, кој во 2012 година изнесува 52184. Повлечеността на сите

овие лица од активното барање работа е условена од бројни демотивирачки фактори (немање слободни работни места, ниски плати, лоши услови за работа, немање на соодветно образование итн.).

Имајќи ги предвид претходно споменатите констатации може да се заклучи дека состојбата на пазарот на работна сила во Република Македонија е мошне неповолна. Повлекувањето од пазарот на работна сила на помладото население, кое истовремено има и повисок степен на образование, значи дека значителен дел од човечкиот капитал нема можност да биде искористен, односно овие лица не можат да дадат свој придонес за поттикнување на социо – економскиот развој на земјата. Ваквите движења во голема мера ја отежнуваат квантификацијата како на невработеноста, така и на вработеноста во земјата. Оттаму, како неопходна се наметнува потребата од преземање на мерки со кои ќе се мотивираат овие лица економски да се активираат, односно активно да бараат работа.

Прилози

Прилог 1

Бројната состојба и структурата на неактивното население, по пол и старост, во Република Македонија, 2000, 2005 и 2012 година

	2000			2005			2012		
	Бројна состојба								
	вкупно	мажи	жени	вкупно	мажи	жени	вкупно	мажи	жени
Вкупно	**722699**	**270378**	**452321**	**738810**	**283346**	**455464**	**726910**	**261789**	**465121**
15-19	136062	67271	68791	138211	69112	69099	127430	62816	64614
20-24	65781	25523	40258	80987	34672	46315	74341	30176	44165
25-29	40592	10049	30543	42736	13693	29043	35947	10276	25671
30-34	33719	7738	25981	33038	7620	25418	26151	5122	21029
35-39	30216	7236	22980	31742	6653	25089	29914	3783	26131
40-44	28812	6659	22153	30089	6897	23192	31519	4676	26843
45-49	35642	8434	27208	31132	7215	23917	34267	5156	29111
50-54	44386	11520	32866	42786	11267	31519	38035	7384	30651
55-59	54289	15561	38728	57668	17992	39676	52186	13697	38489
60-64	73372	30704	42668	68331	26971	41360	78986	30341	48645
65 и повеќе	179826	79683	100143	182090	81254	100836	198133	88361	109772
	Структура во % (Вкупно=100)								
Вкупно	**722699**	**37.4**	**62.6**	**738810**	**38.4**	**61.6**	**726910**	**36.0**	**64.0**
15-19	136062	49.4	50.6	138211	50.0	50.0	127430	49.3	50.7
20-24	65781	38.8	61.2	80987	42.8	57.2	74341	40.6	59.4
25-29	40592	24.8	75.2	42736	32.0	68.0	35947	28.6	71.4
30-34	33719	22.9	77.1	33038	23.1	76.9	26151	19.6	80.4
35-39	30216	23.9	76.1	31742	21.0	79.0	29914	12.6	87.4
40-44	28812	23.1	76.9	30089	22.9	77.1	31519	14.8	85.2
45-49	35642	23.7	76.3	31132	23.2	76.8	34267	15.0	85.0
50-54	44386	26.0	74.0	42786	26.3	73.7	38035	19.4	80.6
55-59	54289	28.7	71.3	57668	31.2	68.8	52186	26.2	73.8
60-64	73372	41.8	58.2	68331	39.5	60.5	78986	38.4	61.6
65 и повеќе	179826	44.3	55.7	182090	44.6	55.4	198133	44.6	55.4

Извор: Државен завод за статистика, Анкета за работна сила, Статистички прегледи: Бр. 2.4.1.03 (2000), Бр. 2.4.6.07/531 (2005), Бр. 2.4.13.06/745 (2012)

Користена литература

Andersen G. Jorgensen, Clasen Jochen, Oorschot van Wim and Halvorsen Knut, *Europe's New State of Welfare – Unemployment, Employment policies and Citizenship*, University of Bristol, The Policy Press, Bristol, 2002

Baletić W. A., *Stanovništvo i razvoj*, MATE, Zagreb, 1999

Ball L., *Hysteresis in Unemployment: Old and New Evidence*, *NBER Working Paper 14818*, 2009

Ball Laurence and Mankiw N. Gregory, *The NAIRU in theory and Practice*, Journal of Economic Perspectives 16, 2002

Cashell W. Brian, *Economic Growth, Inflation and Unemployment: Limits to Economic Policy*, CRS Report for Congress, Congressional Research Service, November 20, 2006

Димитриева Елка и Ивановска Александра, *Регионалните демографски промени во Република Македонија на примерот на две подрачја*, реферат на IV Меѓународна конференција за Демографијата на Балканот: Просторна демографија на Балканот: трендови и предизвици, Будва, Црна Гора, 2010 година

Државен завод за статистика, *Попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Република Македонија*, *1994 и 2002 година*

Државен завод за статистика, Статистички преглед: Население и социјални статистики, *Анкета за работната сила 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2006, 2007, 2008, 2009, 2010, 2011 и 2012*, Скопје

Државен завод за статистика, Статистички годишник 2000, 2001, 2002, 2003, 2004, 2005, 2009, 2011 година, Статистички преглед: Национална економија и финансии 3.4.11.01 677

European Union, Twinning Project "Support to the National Employment Policy" MK2007/IB/SO/02, *Report: Labour market analysis and long – term forecast*, April 2013

Фонд за здравствено осигурување на Македонија, *Годишен извештај за работењето на фондот за здравствено осигурување на Македонија 2011*, Скопје, април, 2012 година

Janeska Verica, *Higher education reforms and graduate unemployment in the Republic of Macedonia*, Economic Development – Journal of the Institute of Economics – Skopje, Year 14, No. 1/2012

Трпески Предраг, *Пазарот на труд во Република Македонија - новокејнзијански пристап*, Македонско научно друштво, Скопје, 2011

Ќурчиев А., Димитриева Е., Јовановиќ А., Јанеска В., и Лозаноска А., *Демографски терминолошки речник*, Економски институт, Скопје, 2011

Агенција за вработување на Република Македонија, http://www.avrm.gov.mk

Државен завод за статистика, http://www.stat.gov.mk

Eurostat, The EU in the world – labour market, [Accessed on 01.10.2014] http://epp.eurostat.ec.europa.eu/statistics_explained/index.php/The_EU_in_the_world_-_labour_market#Further_Eurostat_information

http://www.investopedia.com/terms/h/hysteresis.asp

316.356.2-055.52].063.2 (73)

РЕДЕФИНИРАЊЕ НА СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО САД: ПРОГРЕСИВЕН ИДЕАЛИЗАМ СО РЕГРЕСИВНА ЕРОЗИЈА

Доцент Д-р Марија Емилија Кукубајска, УГД, Филолошки факултет, Англиски јазик и литература

e-mail: marija. kukubajska@ugd.edu.mk

Апстракт

Овој труд е анализа на истражувања на Херитиџ фондацијата, за значењето на семејството, неговата традиционална брачната врска меѓу двополови родители (мајка и татко) и нејзиниот импакт врз здравјето на детето, индивидуата, културата и општеството. Ставовите се поткрепени со статистички факти од општествено-политички, медицинско-психолошки, културолошко-етички и религиозни наоди: деца одраснати во традиционални семејства покажуваат најдобар успех во образованието, во фамилијарната и општа социјализација, во балансиран емотивен и сексуален развој; тие деца бележат и најмал број на деликвентност и затворски казни за разлика од децата во алтернативни семејства со ревидирани или игнорирани морални вредности. До слични статистики доаѓаат и некои либерално-прогресивните, секуларни истражувачки центри како и конзервативни трустови на мозоци кои сепак ги бранат традиционалните морални норми. Објективните податоци сепак не успеваат да го ублажат непомирливитот антагонизам помеѓу овие идеолошки непријатели: за и против традиционална содржина и структура на семејството и бракот. Анализата издвојува состојби и трендови за промени на традиционалните семејни вредности кои се мета на ревизија и редефинирање, бескомпромисно наметнувано од атеистичкото, утилитарно, полигамно (poliamorous) и хедонистичко малцинство во американското општество. Тој тренд има легален потенцијал и дискриминаторска агенда да го анатемизира и укине традиционалното семејство и неговите милениумски поливалентни културолошки и религиозни слободи и права, во земјата на денес *неподносливата тешкотија на толеранцијата.*

Клучни зборови: *секуларна-прогресивност, нетолерантност, традиционални семејни морални вредности*

Abstract

This is an analysis of the Heritage foundation research on the importance of family, its traditional marital connection between two parents (mother and father) and its impact upon the health of children, individuals, culture and society. Statements are supported by statistic facts from social-political, medical, psychological, cultural, ethical and religious findings, ex.: children brought up in traditional families show best results in education, family and overall socialization, as well as balanced emotional and sexual development and show lowest numbers in delinquency and prison sentences compared to children from alternative families with revised or ignored moral values. Similar statistics are found by liberal-progressive, secular research centers, besides conservative think-tanks, when both defend traditional moral values. Objective data remains nevertheless incapable of lowering the irreconcilable antagonism between these ideological enemies in their pro and contra traditional content and structure of family and marriage. The analysis selects states and trends of change in traditional family values that have become target of revision and redefinition forced by non-compromising atheist, utilitarian, polygamous (poliamorous) and hedonistic minority in American society. This trend has legal potentials and discriminatory agendas aimed at throwing anathemas and terminating traditional family and its millennial multivalent cultural and religious freedoms and rights, in the land of today's unbearable austerity of tolerance.

Key words: *Secular, progressive, non-tolerance, traditional family moral values*

Ако бракот нема норма и не им служи на општествените цели, тогаш како едно општество да ги штити потребите на децата – таа прва жрта на нашата (Американска) не-брачна сексуална култура, а државниот апарат притоа да не постанува се поскап и се понаметлив? - се прашува истражувачот во десничарската Херитиџ Фондација во Вашингтон, САД, *Helen DeVos* Центар за граѓанско општество, Рајан Андерсон. Тој дава статистички проверени одговори спрема кои се зголемува бројот на американските либерални граѓани определени за *несемејна* заедница која непомирливо се бори против суштинските обележја на семејството и бракот како милениумски здрава и општествено и морално нормирана формација. Тој изнесува податоци дека *алтернативите* на традиционалниот брак се засновани на емотивно интензивна, анти-рационална, привремена или повремена, фиктивна врска со 2 или со 10 партнери едновремено, најчесто сексуално отворена. Ваквата трансформација за традиционалната етика значи деформација и дегенерација, а за секуларните, ревизионистички и релативистички *прогресивни агенти на промени* значи револуционерни слободи и права.

Кога се распаѓаат вредностите кај возрасните, детето е првиот медиум врз кој се рефлектираат долгорочните последици. Процесот на секуларна либерализација на човековите права во западната култура, општество, морал и фамилија кои трае повеќе од сто години, има донесено противречни и антагонизирани промени за „прогрес“ кои се почесто се манифестираат како регрес. Детето не е кодирано да разликува либерални или конзервативни, леви или десни идеологии, меѓутоа тие се одразуваат на детскиот ментален, емотивен, морален и социјален развој, во семејството и училиштето, особено кога му се наметнати како задолжително учење или прифатливо искуство од средината - за она што е прифатливо и дозволено, а што не. Академските истражувања следат статистики спрема кои структурата на семејството со традиционални морални вредности (што вклучува двајца биолошки, двополови родители) има пресудно позитивен импакт врз поведението и перформансите на детето. Се поголемиот број на вонбрачно родени деца во САД, деца со еден родител, растени од роднини, или присвоени од сурогат фамилии на кохабитација, постануваат жртви на ризично негативни промени во личноста, и општеството. За објективно проценување на овие *прогресивно-секуларни промени* во семејната деконструкција во САД и за нивниот дестабилизирачки импакт врз

моралното воспитание на детето, оваа анализа ќе користи и либерални и конзервативни наоди.

Левичарската организација *Детски трендови (Child Trends)* признава дека: *„Детскиот развој не зависи пред се од присуството на два родителa... туку од присуството на два биолошки (различни) родителa“.* И левичарските 1. Brookings Institution и 2. Woodrow Wilson институтот (School of Public and International Affairs at Princeton University Center for Law and Social Policy), основан исто така врз левичарско-фашистички идеологии од почетокот на 20-от век, како и лево ориентираниот 3. Institute for American Values, сепак делат ставови, иако едностранi, дека *првенствената предност на бракот се чини дека се состои во постоење на детето како наследник на двајца биолошки различни родители.* Дури и радикално либералниот претседател на САД Барак Хусеин Обама, кој легално има дозволено истополови бракови, не може да ја одбегне негативната реалност, признавајќи дека: *„Ја знаеме статистиката, децата кои растат без татко-родител, имаат 5 пати поголеми шанси и самите (да продолжат) да живеат во сиромаштија и да извршат злочин; 9 пати поголеми шански да го напуштат задолжителното образование и 20 пати поголеми шански да завршат во затвор. Кај нив е поголема веројатноста да имаат проблеми со поведението, да бегаат од дома или да постанат родители-тинејџери. Поради тоа и основите на нашата заедница стануваат послаби.“*

Ревизионизмот и релативизирањето на моралните, а во тоа и на брачните вредности не го става во критична состојба само исправното воспитување и формирање на детето, туку фундаментално ја разградува севкупната културолошка, етичка и правна матрица за она што е одржливо и здраво во односите меѓу маж и жена и што треба да се задржи од традиционалната етика на моногамијата (верност, почит, дигнитет и интегритет на личноста). Значењето на семејните права и слободи за левичарската либерална идеологија сепак е суштински спротивно од десничарската, традиционална идеологија, и покрај заеднички потврдените реални статистики за процесите и последиците, вклучувајќи го и економскиот бенефит од етичките вредности во семејството на едно општество, што е предмет на истражување на „Националниот проект за брак“ воден на Универзитетот на Вирџинија од проф. Вилкокс (W. Bradford Wilcox). Во него се заклучува: *Суштинска*

порака... е дека богатството и на самите нации во многу зависи од здравјето на фамилијата. Истата студија истакнува дека бракот и плодноста кај репродуктивната популација „*игра потценета а значајна улога во одржување на долгорочниот економски развој, одржливоста на социјалата во државата, обемот и квалитетот на работната сила, и здравата состојба на огромниот сектор на современата економија"*.

Брукингс Институт изнесува факти од научните истражувања спроведени уште во 1970 и 1996 година, кога по хаотичната Хипи (општествената и сексуална) револуција, додатни 229 милијарди долари се потрошени на владина социјална помош предизвикана од распадот на традиционалното семејството и неговата замена со улогата на државата како социјална мрежа-чувар и арбитер на патогени идентитети во дисфункционалното семејство во САД. Зголемениот процент на распаднати или разведени фамилии носи опаѓање на образовно-воспитниот стимул и резултати, пораст на ментални заболувања кај децата и возрасните - манифестирани низ пораст на социо-патски и психо-патски проблеми, убиства и самоубиства, масовно посегнување по илузорниот *лек* - адиктивни дроги, како и анархистички „активности" инспирирани од субверзивни влијанија во медиумите, образовниот и забавниот систем (филмски, музички или сликарски рефлексии за бунтовни и насилни пораки). Семејната и социјална ерозија се манифестира и низ пролонгирана и проширена сиромаштија, криминал, инвалидитет, тинејџерска бременост, промискуитет и пролиферување на ментални и сексуални болести.

Само во 2008 година, разводите и одгледувањето на вонбрачни деца го чинат американското општество 112 милјарди долари одземени од даночниот обврзник, појава што бележи парадоксален пораст за време на мандатот на Обама, кој ја доби власта со ветувања за подобар живот, а доби и *предвремена* Нобелова награда за мир. Опасноста од ревидирање на семејството во Америка не е само во слободата на хомосексуланите брачни заедници да се антагонизираат со нехомосексуланите – до степен на социо-културна војна, туку и во нетолерантност на хомосексуалните заедници кон другата, традиционална култура на бракот, при што се наметнува стилот на хомосексуалната заедница како супериорна алтернатива, агресивно и бескомпромисно пропагирана во образовниот, кулурно-забавен и медиумски свет.

Суштинска е потребата континуирано да се споредуваат минатите, но не и надминати, како и историските но не и анахронични услови кои придонеле за радикално либерални трансформации, или деформации во семејството и семејните вредности во 20 и 21 век во САД. Незастарена е аксиомата, дури и во пост-постмодерното, транс-хумано, и за атеистите, пост-религиозно општество денес, дека *она што е квалитетно го минува тестот на одржливост* и покрај масовниот притисок од девалвации и девијации во глобално загадената и немилосрдно комерцијализирана, компетитивна *екологија на утилитаризам, индивидуализам и хедонизам во културата на живеење.* Евидентно во таква средина е распаѓањето на фамилијата како традиционална формација и фортификација на моралниот, и материјален хабитат. Гледиштата на Херитиџ Фондацијата се сведуваат на ставот дека фамилијата и семејството се таа *матична општествена клетка* во која до денес (и кај монотеистички и кај политеистички религии) се чува милениумскиот имунитет против аномалии, имунитет создаван врз кохезивниот квалитет на човекови системи засновани на цивилизирано организиран и здрав напредок.

Одбраната на семејната заедница низ вековите, од страна на државата и на религиозните институции *„Не е поради тоа што власта се занимава со романсата во живото на луѓето“,*потенцира Андерсон, туку и поради објективниот факт што *„за високата зависност на новороденчињата не постои друг пат за физичка, морална и културна зрелост – не постои пат кон лична одговорност – без оној долг и сложен процес на постојана нега и надзор во што и мајките и татковците подеднакво придонесуваат со своите уникатни способности. Без вакво созревање децата никогаш нема да постанат здрави, одговорни, продуктивни членови на општеството“.* Овие ставови ги потврдува и студијата *New Family Structures Study*, објавена во високо рангираното списание *Demography*, чиј автор е професорот од Универзитетот во Тексас – Остин, Mark Regnerus.

Пост-постмодерните идеи за менаџирање на либералниот општествен конструкт или за моделирање на алтернативни стилови на живеење, уште по првата светска војна отпочнуваат да наметнуваат на главни врати во САД: модерен атеистички, анархистички, нихилистички, апсурден и хаотично бунтовен бојкот на традиционалната етика и јудео-христијанските морални вредности. Со тоа се поставува и

контрадикторната платформа за *промени* кои морфирааат и ја продолжуваат субверзијата на семејството со *закони против општо прифатените семејни принципи и со нова етика против библиската етика.*

Движењата, школите и правците за „промени во структурата на семејството и општеството“ кулминираат во своевидна *културолошка војна* која систематски врши морална контаминација на традиционалните духовни вредности дестилирани низ човековото цивилизирање и инсталирани во институција семејство и брак. Овие масовно дегенеративните анти-морални влијанија дифузирани низ културолошки производи и односи во т.н. *Западна култура* кај младите генерации денес веќе имаат постигнато неповратно деструктивен импакт. Тоа е евидентно од негативните индекси за народно здравје на семејството, индивидуата и општеството.

Контролираната зависност од социјалните мрежи е исто така показател за манипулација и stealth stimulus, прикриен стимул за дегенеративност и декаденција на семејните морални вредности. Таквото распаѓање на *етичката екологија на душата* се смета за позагрозувачка и од распаѓањето на озонскиот слој во физичката екологија, бидејќи духовната средина полесно се расипува од материјалната, а по настанатата пермисивност и пропустливост во компромитираната ќелија на семејството, и општеството, таа скоро воопшто, или никогаш не се регенерира во состојба на објективна реалност. Оттаму во отсуство на некогашните основачки вредности на универзитетот Харвард (осн. 1636 година како конзервативна образовно-научна институција), денешните радикално либерални трансформации во неговиот систем на духовни вредности продуцираат и анти-традиционални и анти-американски *агенси за промени* против општествено-културното наследство и христијанската традиција во САД. За тоа сведочат и фактите од 42 случаи проучени во книгата: *Finding God at Harvard, Во потрага по Господ на Харвард*. (Kullberg, 1996)

Иднината на оваа земја зависи од иднината на бракот... продолжува Рајан Андерсон во своето Херитиџ истражување за бракот како ослободувачка а не ограничувачка средина: *Бракот е заснован на вистината дека мажот и жената се комплементарни... Редефинирање на бракот не само што го растегнува досегашното сфаќања за брак, туку ја побива оваа вистина. Бракот во општествени рамки е најмалку*

рестриктивно средство кое обезбедува добросостојба на децата. Подржувајќи ги нормите на бракот – моногамија, сексуална ексклузивност и постојаност – државата го зајакнува граѓанското општество и ја редуцира сопствената улога.

Рајан Андерсон го споделува традиционалниот, етичко-културолошки, идеолошки конзервативен (но не и конзервиран), религиозен став дека фамилијата и нејзината морална и функционална структура (родители и деца, претци и наследници) е постара и од владеењето на државата и дека семејството и крвната врска се основната градба на сите човекови цивилизации. Конструктивната и *реално идеална* улога на семејството е поголема и од личните и од јавните цели поради кои 41 од 50 држави во САД сеуште гласале афирмативно за потребата од конвенционален брак кој вклучува и мајка и татко како жена и маж.

На ова се противат радикално либералните ревизионисти во етиката кои во замена на семејството со улогата на државата гледаат и едно од клучните средства за манипулирање во редефинирање на вредносните системите во човековите заедници. Американскиот народ уставно ги има регулирани правилата кои беспрекорно им служеле на правата на граѓаните на слобода во избор на животниот стил, но и право да не им се наметнува на другите редефинирана семејната и брачна структура. Со ревизионистичка „етика“ во американското општество, се одземаат и уставните права и потреби на детето од биолошки и психолошки *здраво, нормално семејство*, а се зголемуваат легално-правните, утилитарни привилегии и задоволувања на возрасните, со што детето се сведува на маргинализирана, а наводно збринета, жртва на квази семејните заедници на истополови партнери, замена за *родители*.

Традиционалните морални и семејни вредности, спрема прогресивните секуларисти, атесити и радикално либерални ревизионисти – наводно носат рестрикции кои треба да се заменат со нови верзии на слободи смислени од конструкторите на *новиот човек, во новиот светски поредок.* Кулминација на овој етичко-социјален пролонгиран деконструктивизам значи и една форма на протекционизам во продукцијата на деца надвор од брачно-семејна заедница на маж и жена, со порачка на такви *генерички деца* пред се од страна на хомосексуалните заедници. Таа продукција постанува расадник на

атипична популација која ќе и служи на државата за инвестирање во *армија на индоктринирани агенси за промени* чиј светоглед го контролира централизираното општество или глобализираната федерација, со своја превоспитувачка, советодавна улога на арбитер на децата кои им служат на неродилните поседници на тие деца, поседници чија дефиниција за родителска љубов постанува парентална пародија, фарса, колективизиран феномен на укинување на концептот *семејна љубов во свестна на човекот.*

И љубовта (во семејството и бракот), спрема радикалните ревизионисти како социјалистичкиот утопист, Џереми Бентам, Jeremy Bentham (Bentham, година), не постои како морална категорија зашто таа спрема неговата филозофија се смета за *неприроден производ* на христијанските Девет Плодови на Духот (основите на етичките доблести: љубов, радост, мир, трпеливост, добрина, љубезност, милосрдие, верност и самоконтрола, како и на Десетте Божји заповеди, кои наводно се тие максимално рестриктивни „команди“ против слободите и правата, команди како што се НЕ убивај, НЕ кради, НЕ лажи, НЕ посакувај што е туѓо, немај омраза итн. Бентам не трпи заповед, но одобрува дикатура на централизираните влијанија и моќ, како што пишува и Марк Левин во својот брилијантен бестселер *Америтопија: распаѓањето на Америка* (Левин, 2012). Спрема Бентам и неговите прогресивно секуларни и либертаријански следбеници во Америка и Европа, *љубовта* (во семејството, меѓу поединците и во општеството) не постои туку одсекогаш била *користољубив* поим и пракса. Спрема неговата сурово материјалистичка, марксистичка филозофија на атеистички евреин, самоубиец, филозофијата на *производство на деца* се оправдува со утилитарен хедонизам, телесна употреба и емотивна корист и задоволство на две индивидуи во одреден момент. Тој *филозофира* дека децата не се раѓаат од љубов туку од 1. самозадоволување и за 2. користење како работна рака низ вековите.

Спрема сите споредбени анализи на традиционалната етика и фамилијарните вредности, семејството и бракот не се сведуваат на утилитарна заедница која акумулира човечки и материјални ресурси за калкулирана употреба, туку е во суштина психолошка, духовна заедница, *органски здрав круг* посветен на одговорна креација и прокреација на човековиот род, за општествено-културна и правно оправдана, долгорочна, морално-човекољубива, разумна и емотивна комплементарност на човековата генерациска сукцесивност. Ваквиот

став го потврдува и социологот од Ратгерс универзитетот (Rutgers University), Дејвид Поупни (David Popenoe) дека мајката и таткото во семејството, биолошки и психолошки се различни поради генетски и културолошки различната суштина на своите психо-соматски битија, разлика која е неопходна за балансиран, оптимален развој на човековото битие во сите возрасти. За разлика од тоа, легализирањето на исто-полови „семејства", веќе води до легализирање на полигамија и на педофилија во Американското општество.

Сфаќањето за фамилијата како задница на родители и деца, претци и наследници на фамилијарната лоза е во етичката суштина и на Еврејската и на Мислиманската како и на Христијанската традиција, но и на грчко-римските општи и граѓански закони (иако хедонизмот и полигамијата кај нив имале доминантна улога). Дури ни *паганската* и варварска фамилија вообичаено не подржувала заедница на исто-полови „родители". Новодобскиот нео-паганизам на 20 век, меѓутоа, ја индуцира семејната заедница со доминантната природа на хомо-еротикус, со неограничени сексуални слободи, отвореност и *инклузивност* на хемосексуалните врски а *отфрлање на традиционалните консеквенци од гревот: казна, каење, срам или страв од корумпираност и криминалност (грев).*

Истражувањата за девалвација и декаденција на моралните вредности во фамилија на САД дававаат конфликтни резултати чија спротивставеност меѓутоа, сепак има докажана зависност од идеолошките убедувања на оние кои во своите кабинети измислуваат нови конструкти за општеството, институциите и индивидуата. Во културната војна во САД денес, антагонизмот е поделен на 1. на оние кои ја бранат агендата за ревизија на традиционалниот светоглед за семејството и културата и религијата во него и 2. на оние кои аргументирано апелираат за спас на *душата на семејството*, тој центар за применета и перманентна хуманизација.

Заклучок

Без нормирање на вредностите, ниту математиката ни моралот, ниту физичките ни духовни закони не би му служеле на доброто на човештвото, од камено до нано технолошко време. Сепак, во САД се

омасовува озаконета агресија против традиционалниот концепт за семејство. Херитиџ Фондацијата смета дека не може да се порекне манифестирањето на кризата на духот во западното семејство и општество, дегенеративните морални процеси и девалвацијата на човековите вредности во него. Херитиџ останува да е една од последните превентивни и промотивни трустови на мозоци доследни на традиционалните и трајни вредности на културата, етиката и семејството. Традиционалните, конзервативни бранители на семејниот морал имаат право на само-одбрана среде спротивставените ентитети во мултикултурната колизија. Овој судир се изведува во име на мултикултурната ново-егалитарна и ново-утопистичка централизација на граѓански и етички права на поништување на наследениот модел на семејството и на бракот како заедница на маж и жена. Судирот има преминато и во нова противречност со која се отфрла факторот генетска родителско-детска предиспозиција, што се одвива во време кога генетскиот код е во фокусот на манипулација со концептот човек/човечност. Можеби и токму таа наследна предусловеност постанува неприфатлива за парадигмите над-историски, над-генетски, генеричен ИДентитет на човек/животно/машина.

Литература

Gill Jagger, Caroline Wright, *Changing family values*, Routledge, 1999

FamilyFacts.org

Kullberg, Kelly Monroe, *Finding God at Harvard, InterVarsity Press, 1996*

Кукубајска, Марија Емилија, (Kukubajska, Marija Emilija). *Биоетика во поезијата/Bioethics in Poetry*. ЕМАРИ Институт, Штип, 2013

Levin, Mark, *Ameritopia: The Unmaking of America*, Threshold editions, 2012

Levin, Mark, *Liberty and Tyranny*, Threshold editions, 2010

National Education Association, statistical data

Schweizer, *Peter, Makers and Takers*, Tantor Audio edition, 2008

Center for Legal and Political Research, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of Macedonia

2-027.511

ОДНОСОТ НА РЕЛИГИЈАТА И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ

Даниела Коцева, асс. м-р, Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, Факултет за образовни науки,

e-mail: daniela.jakimova@ugd.edu.mk

Владо Петровски, проф. д-р, Универзитет "Гоце Делчев"- Штип, Факултет за образовни науки,

e-mail: vlado.petrovski@ugd.edu.mk

Апстракт

Сведоци сме на време кое преставува еден главен историски преод. Време развиено под лупата на науката, технологијата и рационалната мисла. Време на глобална доба која заживеа зад експанзијата на демократијата, каде иако се изгледа дека е под контрола, се чини дека се е надвор од контрола. Глобализацијата навлезе многу длабоко, во сите сфери на општественото живеење: медиумите, комуникацијата, политиката, правото, културата, екологијата, етиката, религијата и црквите и ги преструктурира начините на кои денес живееме. Последица на глобализацијата се новите искуства на општествена, политичка основа на поврзување и умрежување преку процесите на интернационализација и транснационализација.Во последните години прашањето за глобализацијата и религијата претставуваат едно од централните прашања на современата социологија. Бројни социолози укажаа на мултидимензионата и комплексна природа на овие процеси. Самата тема, религија и глобализација, наметнува бројни прашања, на кои социолозите и теолозите се трудат да дадат веродостојни и исцрпни одговори. Меѓу главните полемики кои постојат по однос на религијата и нејзината улога во современиот свет, во времето на глобализацијата е: Дали и како опстанува?, Како делува?,Дали религијата може да биде носител на светскиот глобален морал?, Дали религиите со процесот на глобализација го губат својот извор?,Дали глобализацијата води кон слабеење на верскиот идентитет?, итн. Овие и уште многу други прашања кои прозлегуваат од овој специфичен однос ќе преставуваат основен предмет на анализа во самиот

труд, чија главна цел е да покаже како религијата била и се уште е главен аспект на глобализацијата.Но, гледано пошироко религиската активноост е причина и последица на глобализацијата. Уште многу оддамна, мисионерските движења и религиската експанзија ги поттикнувале раните форми на глобализацијата.Сепакстанува збор за два противречни, но и тесно поврзани процеси кои подетално ќе се анализираат во самиот труд. Истовремено на некој начин глобализацијата и ги нагризува и ги промовира религиите во современиот свет.

Клучни зборови: *религија, глобализација, плурализам, идентитет, дијалог, вредности.*

Кога религијата се анализира од аспект на денешниот современ свет, она што може да се потенцира е секуларноста.Религијата често се смета за застарена и несоодветна за анализа, посебно кога модернизацијата предизвикува секуларизам. Но сепак секуларизацијата не доведе до исчезнување на религијата, таа продолжува да игра значајна јавна улога во инвазивната доминација на световната држава. Иако религијата се одвојува од државата и станува приватна работа тоа не значи целосно исклучување на религијата од јавниот живот.Процесите на секуларизација не само што последните две децении не се запрени, туку се случува процес на „де-секуларизација“: библиските митови и приказни, христијанските празници, музичкото и друго наследство, како и етичкиот код кој е широко заснован на христијанскиот код, продолжиле да живеат и да се репродуцираат. Репродуцирањето оди дотаму што некои европски земји бараат воведување на елементи на христијанството во Уставот на Европа, со кои ќе се укажува на христијанските корени на Европа. Самата тема, религијата и глобализацијата, наметнува бројни прашања, на кои социолозите и теолозите се трудат да дадат веродостојни и исцрпни одговори.

Напредокот на техниката и науката остава многу малку простор, во така „набиениот“ современ начин на живот, за традиционална

религиозност. Особено загрижува и фактот на одлив на верници како и затварање на црковните институции во развиените земји. Таков случај имаме во Германија (германската покраина Долна Саксонија) каде во последните години се затворени 40 цркви, а се помалку има и верници и свештеници. Бискупијата наведува дека се спојуваат парохиите за во нив да работи еден свештеник. Дали овој феномен е последица на процесот на глобализација или на нешто друго, ќе покажат бројни анализи.Луѓето своето духовно исполнување најчесто го пронаоѓаат на друго место, надвор од традиционалната религија и религиски институции. Некои чувствуваат потреба за припадност кон одредени институции, други се привлечени од источните филозофски, етичко-морални движења и учења, па својот духовен мир и спокој го пронаоѓаат со практикување на овие филозофски учења и техники. Она што е особено важно да се потенцира, е дека денешниот современ свет го карактеризира плурализам во однос на религиите и културите, па најчесто овој плурализам позитивно се одразува во изборот на верниците, иако голем дел од нив најчесто „избираат и мешаат“ елементи од различни традиции, верувања и филозофии.

Во денешниот свет, луѓето со различни култури доаѓаат во контакт како никогаш порано. Дали тоа создава хармонија или раздор зависи од нашиот начин на мислење – отворено или затворено. Може ли силна религиска вера да коегзистира со таков плурализам?

За жал, светот во кој денес живееме е се повеќе дефиниран со верски мотивирано политичко насилство. Повеќе од половина од денешните конфликти во светот имаат претежно религиска димензија.Во нашиот свет денес, верата има две лица. Едното се гледа не само во чиновите на религискиот екстремизам, туку, исто така, во желбата на религискиот народ да ја носи својата вера како бедж на идентитетот наспроти оние што се различни. Другото лице е дефинирано од вонредни чинови на жртвување и сожалување – на пример, во грижата за болните, неспособните или сиромашните. Едното лице е за служење на другите.

Тргнувајќи од односот на религијата и глобализацијата, јакнењето на религијата се наметнува како нужна последица на глобалните процеси. Зошто?

*Затоа што процесот на глобализација го доведува во прашање стариот систем на вредности и улогата на институциите како што се: семејството, религијата, државата, нацијата.

*Предизвикува криза на идентитетот, чувство на дезорентираност и загрозеност, губење на самосвојноста и корените, а тоа од друга страна се манифестира со јакнење на интересот за религијата(како носител на колективниот идентитет).

Од особен интерес се прашањата: Каква е улогата на Бог во глобалниот свет?, Може ли религијата да биде носител на составот на глобалниот светски морал?, Дали религијата со глобализацијата ги губи своите изворни поаѓалишта?, Дали глобализацијата води кон слабеење на верскиот идентитет?, а особено важно се смета прашањето Дали религијата концептуално е Библијски антиципатор на глобализацијата?. Овие и бројни други прашања укажуваат на анализите и полемиките кои постојат по однос на религијата и нејзината улога во современиот свет, во времето на глобализацијата. Дали и како опстанува?, Како делува?

Религијата е значаен аспект на глобализацијата иако е релативно занемарена тема и дискутабилна поради начинот на кои тие се поврзани. Имено станува збор за спротивставени поими – кои укажуваат на деструкција на едниот во однос на другиот.

Овој однос е, и уште долго ќе остане актуелен за анализа. Она што е доста симптоматично е дека проучувањето на ваквиот однос преставува релативно занемарена тема, поради самото тоа што религијата се спротивставува на современиот развој и како таква се темели на традицијата, локалната и регионална култура, како и поради долготрајното влијание на теоријата за секуларизација, каде религијата се согледа како небитна во современиот свет.

А од друга страна, глобализацијата асоцира или се поврзува со развиени стопанства, комуникација воспоставена преку глобалните мрежи и телефони. Што автоматски укажува на деструктивност на едното во однос на другото.

Но, гледано пошироко религиската активноост е причина и последица на глобализацијата. Уште многу оддамна, мисионерските движења и религиската експанзија ги поттикнувале раните форми на

глобализацијата. Истовремено глобализацијата и ги нагризува и ги промовира религиите.

Историски гледано самиот термин глобализација е од сегашно време, а самиот термин религија е многу стар збор во многу јазици во светот, но збор кој од скоро доби ново значење.

Глобализација е феномен чии историски корени се доста стари. Нејзиниот развој има долга и фасцинантна еволуција која се движела од појавата на првите цивилизации во медитеранскиот базен, на Блискиот и Далечниот Исток па сè до денешното модерно општество (Friedman, 1994). Освојувачките стремежи на големите религии и цивилизации, војните и големите царства, се облици на поврзување светови за создавање единствен свет и универзално стремење кон човештвото.

Меѓутоа, еволуционата линија на глобализацијата не се движела рамномерно, бидејќи во нејзиниот тек имало моменти кои директно влијаеле на нејзиниот правец на развој и нејзиниот интензитет. Прв таков момент е појавата на индустриската револуција како и процесите на колонијализмот кои довеле до Присуството на процесите на глобализацијата експанзија на глобализацијата која траела од средината на XIX век па сè до Првата светска војна.

Некои автори, интензивната глобализација ја лоцираат во доцниот XIX век, кога милиони луѓе мигрираат, кога трговијата е сè повеќе отворена кон сите делови од светот и кога се јавуваат организации кои воспоставуваат нови норми во светската политика. Значи, глобализацијата е нешто што се случува подолг временски период и затоа контурите на светското општество треба да се бараат во поранешните периоди од човечката историја.

Кога станува збор за глобализацијата како социолошки феномен помеѓу социолозите постојат повеќе контраверзии отколку консензус по однос на ова прашање.Помеѓу социолозите постои консензус декаглобализацијата е обликувана од технолошките промени и истата се одвива нерамномерно. Додека контраверзии во однос на глобализацијата се однесуваат на: Дали глобализацијата е економски или мултидимензионален феномен? Постојат различни дефиниции за глобализацијата?Дали глобализацијата е моментален или долгорочен процес?Дали таа навистина постои или е мит или претерана реторика?Дали со процесот на глобализација може да се управува? итн.

Процесот на глобализацијата ги зафаќа: 1. Медиумите и комуникацијата – брзиот проток на информации; 2. Економијата – производството и пазарот; 3. Политиката и правото – политичкиот и правен поредок; 4.општествените и животни односи – општествени и меѓусебни односи; 5. Култура – дијалогот помеѓу културите; 6. Екологија – заштита на околината; 7. Етиката – тражењето на универзални етички начела, 8. Религијата – интерконфесионалниот дијалог, 9. Црква – екуменскиот дијалог.

Тоа се, всушност, промените коишто се случуваат на глобален план и кои навлегуваат во посебните социо-културни контексти коишто не секогаш се подготвени за нив. Тие промени ги зафаќаат сите сегменти на одделните општества и култури. Најчести последици кои истата ги предизвикува кај овие општества се:

1. Нови искуства, но и кршење на општествено-политичкио, економско, културено, етичко и религиозно ниво – драматични процеси и промени;

2. Забрзано интересно поврзување и умрежување на различните општествени субјекта – интеграциски процеси;

3. Појава и пораст на влијанието на транснационалните фактори на политичко, економско, финансиско и културно ниво – транснационализација;

4. Губење или намалување на политичката важност на границите на националните држави – интернационализација;

5. Појава на нови начини на промислување/размислување за различни проблеми но и новата еколошка свест посебно за расправата за климатските промени и неисчистената околина,

6. Протестите – протоглобализациски потести и процеси – антиглобализација

Заклучно согледување

Од следнава анализа евидентно е дека мал дел од литературата за глобализацијата содржи расправа за тоа каква е улогата на религијата. Доминантно до сега е политичкото и економско сфаќање на самиот термин глобализација.

Анализирајќи ја глобализацијата од аспект на религијата, глобализацијата всушност предизвика заборав на разноликоста на локалните култури и религии - постои давење во глобално популаризираната култура, која за последица може да има сраснување на цивилизацијата и појава на фундаментализам, како религиозен така и политички, економски, индивидуалистички.

Она што треба да се отфрли е евроцентричното тежнеење за културно единство на човековите заедници втемелени на западни вредности иако е отворен простор за дијалог , тој дијалог треба да оди во насока на создавање на сигурни заедници.

Одржувањето на мирот, стабилноста и соживотот е нужна цел која се поставува пред религијата, во тој случај дијалогот се покажал како темелен етички и религиозен императив. Теоретски гледано религиите немаат причина да се плашат од процесот на глобализација, тие ги надминуваат културните, лингвистичките и др. препреки кои ги раздвојуваат народите, низ историјата тоа го прават христијанството, исламот, будизмот итн. Глобализацијата ги става пред предизвик, религиитеда постанат бедем на одбраните заеднички спомени и сопствен идентитет, кај луѓето кои се чувствуваат загрозени со доаѓањето на нови култури и религии, сфатени како туѓи и неускладливи со демократските правила или пак, настојуваат да спречат избувнување спорови меѓу културите или нови верски војни. Како и да ги зголемат напорите околу вистинскиот дијалог со намера постигнување на минимален консензус измеѓу различните култури и религии.

Зборејќи за религијата во процесот на глобализацијата, пред неа се поставуваат три важни задачи: Чувство на заедничка одговорност; Тражење на единство преку дијалог формулирање на заедничкиот етички состав преку меѓусебно поврзување, договарање делување.

Фактот дека луѓето се повеќе го делат животниот простор со други, се повеќе ја наметнува и потребата од неизбежен дијалог помеѓу религиите, кој нема да ги поттикнува религиите на нивните сопствени

идентитети и задачи да се дефинираат една против друга, туку напротив тоа настојување да ги усмери една кон друга.Од религијата се очекува да постане симбол на процесот дијалог – единство.

Користена литература

Albrow, Martin (1990), Globalization, Knowledge and Society, London: Sage

Brah, A., (1999), Global Futures: Migration, Environment and Globalization, Houndmills: Macmillan

Bainbridge, W.S., (1997), The Sociology of Religious Movements, New York, London: Routledge

Gabriel, M., Yochi, F., (2008) Religion and democracy in contemporary Europe, London: Allianic Publishing Trust

Giddens, A.,(1991), The Consequences of modernity, N.Y: Stanford University Press

Greeley, A. (2003) Religion in Europe at the End of the Second Millennium. New Brunswick, NJ: Transaction Publishers

Eatherstone, M., (1990), Global Culture, London: Sage

Research, (2011), Pluralism and religious diversity, social cohesion and integration in Europe insights from European, Luxemburg: Publication office of EU

316.647.5:2]-027.511 (497.7:497)

2-673.5]-027.511 (497.7:497)

RELIGIOUS DIALOGE AND "GLOBALIZATION OF UNDERSTANDING" IN R. MACEDONIA AND BALKAN REGION

Zoran Matevski, Director of the Institute of Sociology, Faculty of Philosophy in Skopje,

e-mail: zmatevski@fzf.ukim.edu.mk

Duska Matevska

e-mail: dmatevska@hotmail.com

Abstract

The citizens in R. Macedonia and Balkan region use more mechanisms through which they try to find and keep their identity. Certainly, religion and nation are two powerful forms for belonging and identifying. According to number of sociologists for creating one nation very important is common and long lasting life of different ethnic communities on same geographic place such as Balkan. But, this fact does not have sentence role for weakening or loosing of national interests and feelings. Besides long, mutual experience, usually national specifics are kept in certain ethnic communities. According to it, nation doesn't live only from memories about its past, but also from its determination about future that collects the will of all its members and make it more unified. Conscience for their common past usually is completed with the desire for common future. Past cannot be changed, but can be learnt. Future cannot be learnt, but can be changed. Therefore when determining ethnic identity we must take into consideration volunteer act of mutual life that is based on historical and social conditions. Basically, the countries in Balkan region carries the burden of its past and history. That's the destiny of small countries which want to be big, at least in the history. In these two heavenly kingdoms meet and mix: Christian and Muslims. Also it is place of crashing two big civilizations: Christian culture and Byzantium civilization, from one side, and Muslims culture and Islamic civilization, on the other side.

Key words: *ethnic identity, religious identity, religious dialogue, globalization*

РЕЛИГИСКИОТ ДИЈАЛОГ И "ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА НА РАЗБИРАЊЕ" ВО Р. МАКЕДОНИЈА И БАЛКАНСКИОТ РЕГИОН

Зоран Матевски, Раководител на Институтот за Социологија при Филозофскиот факултет во Скопје,

e-mail: zmatevski@fzf.ukim.edu.mk

Душка Матевска

e-mail: dmatevska@hotmail.com

Апстракт

Граѓаните на Р. Македонија и на Балканскиот регион користат различни механизми преку кои се обидуваат да го најдат и да го задржат својот идентитет. Секако дека религијата и нацијата преставуваат моќни форми за припадност и идентификација. Според одреден број на социолози, за создавањето на една нација, особено е значаен долготрајниот живот на различните етнички заедници на ист географски простор како што е Балканот. Но, овој факт нема одличувачка улога за слабеење или губење на националните интереси и чувства на поедините етнички групи во регионот. Наспроти долгото и взаемно искуство, обично националните специфичности се чуваат во рамките на одредени етнички заедници. Според тоа, народот не живее само од сеќавање на своето минато, туку и од неговата одлучност за иднината која ја обединува волјата на сите свои членови и ја прави единствена. Свеста за нивното заедничко минато обично се завршува со желбата за заедничка иднина. Минатото не може да се промени, но може да се научи. Иднината не може да се научи но може да се менува. Затоа при обидот за

утврдување на етничкиот идентитет мораме да да го земеме предвид доброволниот чин на меѓусебниот живот кој се темели на историските и социјалните услови. Во суштина. државите во Балканскиот регион го носат бремето на своето минато и историја. Во овие две небески царства кои егзистираат во Р. Македонија и на Балканот се сретнуваат и се мешаат христијаните и муслиманите. Исто така ова е место каде што се судираат две големи цивилизации: христијанската култура и Византиската цивилизација, од една страна, и муслиманската култура и Исламската цивилизација од друга страна.

Клични зборови: *етнички идентитет, религиски идентитет, религиски дијалог, глобализација*

RELIGIOUS DIALOGE AND "GLOBALIZATION OF UNDERSTANDING" IN R. MACEDONIA AND BALKAN REGION

RELIGIOUS SITUATION IN BALKAN REGION AFTER THE FALL OF COMMUNISM

With the fall of communism the social-political and the religious situation of the countries in the Balkan region were changed. The main characteristics of this new period in Balkan region are processes of revitalization of religion, the crisis of secularization, the extreme close relations between the religious and politic elite, religious tolerance, the role of religion in peace and conflict etc. As a result of this the challenges of modern Macedonian and Balkan sociology of religion appeared.

The first challenge is the explanation of the process of revitalization of the religion in Macedonia and West Balkan region. If in the course of the crises a renewing of a religion appears, than usually the national feelings and interests are also renewed. This is pretty understandable if we know that

religion and nationality are involved in Macedonia and also in the wider region. In these circumstances the believers accommodate their behavior to the norms of its own faith and also accommodate themselves towards their needs and interests. On this point appears the key issue, whether the religious changes that happened on the social scene, by the end of 80's and beginning of the 90's lead towards scenario that above all notes that religious renewing and returning of the saint as dominant process.

The second challenge that Macedonian and Balkan sociology of religion is faced with is the question of religious dialogue. The citizens in Balkan region use more mechanisms through which they try to find and keep their identity. Certainly, religion and nation are two powerful forms for belonging and identifying. According to number of sociologists for creating one nation very important is common and long lasting life of different ethnic communities on same geographic place such as Balkan. But, this fact does not have sentence role for weakening or loosing of national interests and feelings. Besides long, mutual experience, usually national specifics are kept in certain ethnic communities.

Thirdly, there is the question about the implementing of religious education in the state schools. The question about introduction of religious education in educational systems in the countries of the Balkan region is especially relevant after the establishment of these countries as independent states after the desolation of second Yugoslavia. Now the crucial question is been asked: Does the introduction of religious education in the state schools in the countries from Western Balkan leads to religious pluralism or religious exclusiveness in education?

The religious tolerance among the believers from different confessions, the mutual understanding, the respect of the differences, the mutual dialog and the non-discrimination of the people on a religious basis and affiliation are the essential components of the religious pluralism. The religious pluralism should be considered as a mosaic of our cultural wealth, of the civilization achievements, the customs, traditions and all this should be a basis for a progress rather than a motivation for non-tolerance, discrimination, mutual conflict and mutual destroying. It is very peculiar how can so many people today, in the contemporary society, be prepared to lose their lives for the cause of their religion and on the other hand they are not prepared to live in accordance to the principles and the values of the religions. Basically, the

principles implicated by the different religions, even by those which at the first glance seem to be in contradiction, are not contradicted ones at that extant. According to the aspect of the development of the civil society there is an absolute necessity for an institutionalization of the pastor care for the peace, the human values as well as for the interreligious and intercultural respect. The civil society can find an answer for those issues by means of a dialogue between the different religions and cultures.

There are numerous nations that are fatefully related and almost always live a "common life". The Balkan people used to have mutual victories and defeats at very important moments of their history. The cult for common descendents also exists with more nations on the Balkan. At the same time, they have numerous same religious saints to who they pray together. This for sure works as a kind of spiritual power in the moments of social crises with these different ethnical identities. The common political fate (sometimes the common fights for life or death) creates communities with common memories that have a strong influence on the strengthening of the feeling for the common origin. As Max Weber points out, it sometimes gives the national awareness the last and crucial thread of affiliation (Weber, 1930).

However, despite all this, both of these ethnical communities, as in many other similar cases, retained their own national identity. In the later history they were united in their fight against the fascistic regime. Consequently, some of them used to live for a long period of time in one same political system (the state with the name Social Federative Republic of Yugoslavia). They had been creating and living together in one communist totalitarian regime for long 50 years. However, after the fall of communism, they finally understood that they have different ethnical characteristics (different history, different language, different culture etc.). When the Republic of Macedonia was constituted (1991) the political élite and the common citizens had mutual considerations that they finally managed to create a state of the Macedonian people which has its own characteristics and differences from all of the rest of the Balkan's peoples (among which, from the Serbian, Montenegro, Bulgarian, Croatian etc.).

RELIGIOUS AND NATIONAL IDENTITY IN BALKAN REGION

Although both the religion and the nation are powerful forms of affiliation and identification, the religious feeling must become weaker in

favor of strengthening the national one. No one ever more answers the question: 'Who are you?' with 'I am an Orthodox / a Catholic / a Moslem / a Protestant'. Almost everyone gives the answer: 'I am a Macedonian / Serb / Croatian / Bulgarian / Albanian'. This leads us to the fact that during the past two centuries the situation about the personal identification has been changing thoroughly (Šušnjić, 1998).

In order to understand all this better, it might be interesting to present some features of the cultural characteristics on the Balkan region. Historically, the Balkan region where independent countries have been constituted has been still burdened by an authoritarian political culture. This marks all of the political and religious events and relations (probably because of the powerful and long-lasting domination of the foreign powers and empires, as the Turkish one for instance). After the fall of the communism, the people in these regions began to live in a time when there was a collision between the authoritarian political culture, on the one hand, and the democratic political culture on the other. The result of this epochal collision highly influenced, and still does, the way of how the religious and political collisions are going to run on. Pointing out the parallel existence of the elements of both the authoritative and the democratic political culture is of an exclusive importance for the genesis of these collisions. The regions of the former Yugoslav republics are very heterogeneous ones in ethical, religious and cultural sense (Ćebić, 1988). In all this variety, the religious element should not be underestimated since it has been deep-rooted and has its tradition and it divides the population in different groups. Namely, according to the tradition of all three religions from the former Yugoslav regions including the orthodoxy, as well, they should be based on the elements of the authoritative activity. All this has its influence upon the society in general. Considering the religious pluralism, I would refer to the definition of Ajlin Barker from the London Faculty of Economics. She invites us to pay attention to the differences between the religious varieties which testifies the existence of many different religions, as well as the pluralism which means: a relatively peaceful coexistence and cooperation of different religions (Barker, 2004).

The goal of this horizontal line on the cross in the Christianity, i.e. the religious dialogue is neither the creation of a certain single world religion as a syncretism of the various religions nor it is a simple endurance of one next to the others (in accordance to the principle 'separate but equal') which was a way for an excuse and "covering" of the racial segregation in USA until the

50's in the last century. And, nowadays, this is practiced in the Balkan countries where the religious freedom is interpreted as a simple existence of one next to the others, without a mutual dialogue and meetings, the excuse being most often that a meeting here has been most often a military one.

The church should not boast with the fact that nowadays statistically there are more people in the churches and the rest of the sacral buildings, that the rituals are more practiced, that scripture lessons have been implemented in the schools etc. We should always ask ourselves what kind of religiosity has been revived with the people since if once we used to have a seeming atheist nowadays we mainly have a seeming believer. Bogomilova points out the so called phenomenon "believing without belonging" and "belonging without believing", which is especially important for the past communist and statics societies. The phenomenon "belonging without believing" is especially present in our society because for many Orthodox Macedonians the religiosity is equal to practicing of the ritual without an essential knowledge of the Christianity. It often has some outer meaning without any broader inner sense (Bogomilova, 2005).

The clerical official persons on the Balkan should stand up for a real original religion and religiosity and to prevent it from its ideologization and befouling it with earthly interests. On the other hand, the scientists who deal with the religion should point out the mechanisms that enable such an ideologization as well as an ideologization of the social environment and the structures that have been cherished. It should be especially insisted on those religion features that are in a positive correlation to the principles of tolerance, pluralism and multiculturalism.

If, as a starting point, we take into consideration the conclusion that the tolerance is such a model of behavior that allows the validity of another principle, then we can list the below theses referring to the above mentioned topic. The tolerance means patience, bearing, allowed stepping back from the usual rule. Interpreted in a sociological manner, the tolerance is patience, bearing of the beliefs of the others, allowing for other principles to be valid, which are not our own and which still must be respected in the spirit of the civil freedom and the public opinion. In short, the tolerance means allowed stepping back from one's own beliefs. The attitude of the Orthodox religious organizations regarding this issue is as follows.

RELIGIOUS TOLERANCE IN R. MACEDONIA

At this point the key question arises: what is the religious tolerance like in the R. Macedonia after its independence? Aware that exists in a multicultural society the MOC (Macedonian Orthodox Church) has been always expressing a certain degree of practical tolerance. However, it is undisputable that MOC has been established as a national church (a church of the Macedonian people) and as such it has remained within its national frameworks. This, in some way, restricts its tolerance, but still it cannot be said that MOC does not manifest a practical religious tolerance. MOC has been as much tolerant as it was necessary in compliance with the time and the space within which it has existed and acted. As for the Islamic religious community, its tolerance has been restricted due to the enormous connection with the Albanian political parties no matter whether they are participants in the government or not. Because of its direct connection with the political elite there are lower or higher oscillations in the tolerance towards the Orthodox Christians. Consequently, the tolerance of the IRC (Islamic Religious Community) varies depending on the socio-political circumstances in the Macedonian society.

At this point, it should be very interesting to point out the role of the MOC and IRC during the conflict in R. Macedonia in the year of 2001. It is undisputable that both the religious and the political circles do not have enough courage for a thorough analysis of the causes, motivations and the consequences of that conflict. This can be done only by the scientific circles. The scientific analyses show that the 2001 year conflict does not have typical characteristics of a religious conflict. As in many other cases and circumstances the religious feelings were abused for political goals. The future analyses will show whether, at what extant and in what way have the religious feelings of the citizens of both the Christian and Islamic religion been abused.

Finally, we can conclude that the religious tolerance as a model of religious dialogue in R. Macedonia has the following characteristics:

- There is a practical tolerance
- There is no any dogmatic tolerance

- There is a dosing tolerance

- There is a declarative tolerance

- The religious tolerance is a condition for an expected entrance of R. Macedonia within the structures of EU and NATO.

- The religious tolerance has been directly related to the democratization of the Macedonian society (Matevski, 2005).

In this context, it will be interesting to answer the question whether MOC and IRC by means of their practical actions do settle down or, on the contrary, do they stir even more the ethnic issues and misunderstandings. Since they are separated from the government, they cannot be direct culprits for all of the interethnic problems in R. Macedonia. The government and the political parties that act in it are responsible for these issues. If it had been a matter of the structures of both the MOC and IRC then there would not have been ethnic conflicts in R. Macedonia. These conflicts are present because the religious communities have never been consulted. However, this does not make them free from any responsibility: if not for what they have said then, at least, for the things that they have never mentioned but which they should have. One can get an impression that the largest religious organizations in R. Macedonia do not have enough strength to begin to talk on their own religious language but, rather at the given socio-political moment they use the collective language of their own environment where the ethnocentrism becomes an ideology of the new time.

Best soil for introducing religious and ethnic tolerance is civic society. It is supra-national society in which basic measure is the citizenship. In the frames of this type of society basic human values become more general. Generalization of the values and norms goes towards the level of creation of universal human rights and values. With this, inherited ethnic rights and linked habits, moral and legal norms fall. Universal values and norms followed by human rights and freedoms are wider than the values of the special ethnic community. However, the system of norms and values has to be risen on universal level. As well as there is separation of the state from the church, also it is possible to separate citizenship from national feature.

„GLOBALIZATION OF UNDERSTANDING" IN BALKAN REGION

Now, we can discuss about the question: is national interests stronger then ecumenical consciousness? If we want to answer this question we should find some kind of balance between the views that Balkan region is flowery garden in which peace and good will of young people from different religions reign and next view that in our country reins the law of opposite and sometimes sharpened relations.

Basically, the countries in Balkan region carries the burden of its past and history. That's the destiny of small countries which want to be big, at least in the history. In these two heavenly kingdoms meet and mix: Christian and Muslims. Also it is place of crashing two big civilizations (Christian culture and Byzantium civilization, from one side, and Muslim culture and Islam civilization, on the other side). Shall we expect conflict of the civilizations, on this piece of ground, or multiculturalism, multiethnic living and the treasure of the differences will reign in the future (Huntington, 1996). Speaking about this we shouldn't forget that R. Macedonia carries the burden of previously mentioned issues. Macedonia is an area of religious, cultural, ethnic, social and ideological difference between Orthodox and Muslim believers and therefore it is not strange if misunderstandings, disputes and accidental conflicts are not only of religious character, but also from political ethnic, cultural, historical, ideological and psychological character.

Islam and Christianity are part of the Eastern faiths, but they do not exclude each other. Judaism, Christianity and Islam use different names for same God. Probably, that's because they want to show and proof their difference. But, also they allow believers of different religious to pray and confess in same Holly Temple. Believe it or not, problems appear when internal misunderstandings and conflicts occur inside these religious and ethnic communities. Due to economic, political, social and cultural reasons, problems and difficulties that cannot be solved inside the community do appear. In that moment as a kind of rule, they seek for the scapegoat. Who would that be? Certainly, in these cases, they are searching for the victim in someone from the members of ethnic community that is near them. In that way real reasons for social crises are successfully hidden and also dislocates the attention of its members who are really guilty and should be expelled and punished. Therefore, highly accepted maxim is the one that says that one, who

cannot converse, humanly with the believer of its own religion, would be even less able to do it with the member of another faith.

On this point, Durkheim's sociological thesis is pretty actual. Paraphrased it would be as follows: if inside certain social community there is negative, demolishing energy that can disintegrate this community, then, this negative energy is directed towards neighboring social community. In that case "my" community is free of disintegration and internal conflicts. In order to save own tribe, the best thing to do is to attack the neighboring one (Durkheim, 1995).

REFERENCES

Barker, A. (2004). *Novi Religiozni Pokreti*. Niš, Punta

Bogomilova, N. (2005). *Religion, Law and Politics in the Balkans in the End of 20th and the Beginning of 21st Century*. Sofia, Iztok-Zapad Publishing House

Durkheim, E. (1995). *The Elementary Forms of the Religious life.* New York, Free Press

Hamilton, M. (2001). *The Sociology of Religion.* Rutledge, an in print of the Taylor 7 Francis Group

Huntington, S. (1996). T*he Clash of Civilizations.* USA, Simon and Schuster

Ćebić, P. (1998). *Ecumenizam i verska tolerancija u Jugoslaviji.* Beograd, NIRO Mladost

McGuire, M. (2002). *Religion-The Social Context.* USA, Wadsworth Group

Matevski, Z. (2007). Religious dialogue and tolerance-theoretical and practical experiences of differences and similarities. *Religion and Politics,* Volume I (No.1), 43-57. Beograd: Centre for study of religion and religious tolerance

_____. 2005. Religiska tolerancija u multietnickoj i multikonfesionalnoj R. Makedoniji. Vo Zbornik: *Religija u multikulturnom drustvu.* Novi Sad: Filozofski fakultet

Solovjev, V. (1989). *Nation and Religion in Central Europe and the Western Balkans.* USA, University of Wisconsin

Stanovćić, P. (2003). *Politicke ideje i religija 1 i 2.* Beograd, Cigoja

Šusnjić, Đ. (1998). *Religija I i II*, Beograd, Čigoja

Weber, M. (1930). *The protestant ethic and the spirit of Capitalism.* London, Allen and Unwin

316.356.2-027.511

СЕМЕЈСТВОТО И СЕМЕЈНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

Крсте Илиев, асс. м-р, Универзитет Гоце Делчев,

